УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“-
СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ПО ИСТОРИЈА

Тема:

# “МИГРАЦИТЕ ВО КИЧЕВСКО - БРОДСКИОТ РЕГИОН ОД 1912 ДО 1958 ГОДИНА - ПРИЧИНИ И ПОСЛЕДИЦИ“

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА




Студент:
м-р **Лимко Бејзароски**

Ментор:
проф. д-р ВИОЛЕТА АЧКОСКА


Скопје, 2018

## СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ........................................................................................................9
ВОВЕД..................................................................................................................13
I ГЛАВА...............................................................................................................16
1.КИЧЕВСКО- БРОДСКИОТ РЕГИОН- ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА РЕГИОНОТ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ.........................16
1.1.Кичевија ........................................................................................................16
Слика бр.1 Кичево..............................................................................................16
1.2. Поречие (Бродски регион) ..........................................................................26
Слика бр. 2 Македонски Брод............................................................................26
1.3. Четнички движења на територијата на Бродскиот регион ......................29
1.4. Османската држава во втората половина на XIX .....................................36
1.5. Кичевската каза на почетокот на XX век ....................................................38
1.6. Муслиманските заедници во илинденскиот период..................................40
1.7. Балканските војни и воспоставувањето на српска власт ..........................42
1.8. Воспоставување на српска власт – 1912 година .........................................45
1.9. Притисоците врз населението за време на балканските војни како причини за иселување..........................................................................................................49
II ГЛАВА ..............................................................................................................60
МИГРАЦИИТЕ И ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРИЛИКИ ВО КИЧЕВСКО-БРОДСКИОТ РЕГИОН ВО ТЕКОТ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ...............................................60
2.1. Причини за првата светкска војна...............................................................60
2.2. В оспоставување бугарска власт ..................................................................63
2.3. Мобилизација во бугарска војска.................................................................71
2.4. Масакрот кај Дервишка нива.......................................................................74
2.5. Територијално – административна поделба на Кичевско – Бродскиот регион 1915 – 1918 година.....................................................................................................79
Битолски округ ...................................................................................................79
Бродска околија ...................................................................................................80
Попис 1916 ..........................................................................................................80

МИГРАЦИОНИТЕ И ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО КИЧЕВСКО- БРОДСКАТА ОБЛАСТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕСТСКИ ВОЈНИ....................81
3.1. Воспоставување власт на Кралство СХС ....................81
3.2. Политичките прилики во Кралството СХС / Југославија и нивното влијание во Кичевско – Бродкста област....................85
3.3. Појава на парламентаризам во Кралството СХС....................87
3.4. Први парламентарни избори во Кралството СХС....................88
3.5. Општински и парламентарни избори во Кралството СХС 1920....................89
3.6. Парламентарни избори 1923 година ....................91
3.7. Парламентарни избори 1925 год. ....................93
3.8. Парламентарни избори во 1927 год. ....................95
3.9. Шестојануарска диктатура и избори 1935....................96
3.10 Локали избори во Вардарскиот дел на Македонија ....................99
3.11. Парлаентарни избори 1938 година....................101
3.12. Миграциони движења предизвикани од аграрната реформа и коонизација....................103
3.13. Миграциите и демографските прилики во Кичевско – Бродскиот регион во периодот меѓу двете светски војни ....................113
3.13.1. Националната структура....................114
IV ГЛАВА....................121
КИЧЕВСКО – БРОДСКАТА ОБЛАСТ ВО ВРЕМЕТО НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ....................121
4.1. Кичевскиот регион во текот на окупацијата ....................122
4.2. Учество на муслиманите во НОБ ....................128
4.3. Бродскиот регион во текот на окупацијата ....................130
4.4. Развојот на партиската организација во Бродско ....................135
4.5. Четнички формации во Бродско....................136
КИЧЕВСКО-БРОДСКАТА ОБЛАСТ ВО НРМ....................141
5.1. Административно уредување ....................141
5.2. Околиска власт – НОО Брод....................142
5.3. Структурата на општинските - НОО....................145
5.4. Општествените промени по 1945 година како причина за....................147
миграционите процеси ....................147

5.5. Мигративни движења предизвикани од колективизацијата и СРЗ ....149
5.6. Отпор кон СРЗ во Кичевско ....155
5.7. Мигративни процеси предизвикани од образовната политика ....156
Демографските амплитуди на населението во Кичевско ....158
5.8. Настаните со организацијата "ЈУЦЕЛ" ....159
5.9. Мигративни движења предизвикани од СНЈ ....164
5.10. Зарот и фереџето ....165
Преглед на одбулени жени до 09.11.1951 г. ....171
6.1. Иселувањето на турското и муслиманското население во педесетите ....172
години на XX век ....172
6.2. Ставот на владата за иселувањето ....189
6.3. Потребни документи за иселување според ЦК СКЈ ....191
6.4. Постапка и давачки при отпуст ....194
6.5. Иницијатива на ЦК на СКМ за скратување на постапката при отпуст ....196
6.6. Повреди во сопственички права при отпуст ....198
ПОДАТОЦИ ЗА МИГРАЦИИТЕ И ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРИЛИИКИ ВО ДЕЛ ОДНАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВОКИЧЕВСКО- БРОДСКИОТ ....201
7.1. Записи за Пласница ....201
ПОПИСНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПЛАСНИЦА ....208
7.2. Записи за Ижиште ....208
7.4. Преглово ....209
7.4. Дреново ....210
7.5. Лисичани ....211
7.6. Староец ....215
7.7. Србица ....216
7.8. Србјани ....217
7.9. Јагол ....218
7.10. Јагол - Доленци ....219
7.11. Трапчин дол ....219
7.12. Бериково ....220
7.13. Поповјани ....220

7.14. Аранѓел ....................................................................................................221
7.15. Бачишта.........................................................................................................222
7.16. Букојчани .....................................................................................................223
7.17. Колари..........................................................................................................223
7.18. Миокази........................................................................................................224
7.19. Челопеци ......................................................................................................225
7.20. Горно Строгомиште....................................................................................226
7.21. Црвевци........................................................................................................227
7.22. Гарани ..........................................................................................................228
7.23. Еринвци (Махмудовци)...............................................................................229
7.24. Лешница.......................................................................................................230
7.25. Премка..........................................................................................................231
7.26. Стрелци ........................................................................................................232
7.27. Шутово.........................................................................................................232
7.28. Грешница .....................................................................................................233
7.29. Длапкин дол.................................................................................................234
7.30. Речани (Зајашко) .........................................................................................234
7.31. Жубрино.......................................................................................................235

З А К Л У Ч  О К.................................................................................................237

ПРИЛОЗИ..............................................................................................................246

ПОДАТОЦИ ЗА НАСЕЛЕНИЕ КИЧЕВСКО - БРОДСКИОТ РЕГИОН ЗА ПЕРИОДОТ 1913 - 1961 КИЧЕВСКИ РЕГИОН...........................................................................246

БИТОЛСКИ ОКРУГ ..........................................................................................250

2.3.1. Кичевска околија :.....................................................................................250
Бродска околија.....................................................................................................251
Преглед на одбулени жени до 09.11.1951 г. .......................................................251
Иселени граѓани од Кичевско 1953 год. ..............................................................252
Иселени граѓани од Кичевско во 1954 г. .............................................................252
Иселени граѓани од Кичевско во 1955 г во Р.Турција........................................255
Иселени граѓани од Кичевско во 1956 г во Р.Турција........................................262
Иселени граѓани во Р. Турција од Кичевско – Бродскиот регион во 1957 г. ...................267

Иселени 1954-57 г. од Кичевско, Бродско и Долненско во Турција ................................270
ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА ..........................................................................................271
Архив на ИНИ .........................................................................................................271
СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ и службени весници ....................................................273
УСТАВИ ...................................................................................................................273
ИНТЕРНЕТ ДОКУМЕНТИ ..........................................................................................279
НЕОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ .......................................................................................279
ДАРМ .......................................................................................................................279
АИНИ ........................................................................................................................280
ОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ ...........................................................................................280
СТАТИСТИЧКИ ДОКУМЕНТИ ......................................................................................281
ПЕЧАТ ......................................................................................................................281

**ПРЕДГОВОР**

Миграциите претставуваат историска појава која е присутна во сите историски периоди од човековото долго минато. Низ вековите се преселувале цели народи во потрага за подобри услови за живот. Но, кога станува збор за новата и најновата историја, Балканскиот полуостров и особено Македонија во неговиот централен дел претставуваат место на изразити миграциони движења, кои пак од своја страна предизвикувале низа демографски и други промени. Денешната слика на Балканот е резултат на тие миграции кои се одвивале или со организирана државна политика или пак спонтано.

Миграциите како проблем во македонската историографија се обработувани низ различни трудови, како дел од историските случувања, почнувајќи од Карпошовото востание, Големата источна криза, анексијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија, Илинденското востание, Балканските војни, Првата и Втората светска војна и периодот од 50-те години кога имаме помасовно иселување на Турците и во помал дел други народности со муслиманска вероисповед од тогашна Народна Република Македонија. Турбулентните времиња на комунистичката транзиција на македонското општество во кои се случувале иселувањата биле проследени со истовремен прилив и населување на друго население, во најголем број Албанци од Косово и Јужна Србија, како и муслиманско население од Санџак.

Во овие рамки, почетоците на присилните миграции и етничките промени во Македонија кои започнале од Големата источна криза[1] ги обработува проф. д-р

---

[1] Во текот на оваа криза, по поразот на Османската Империја против Царска Русија, по диктат на рускиот гроф Игнатиев, бил потпишан Санстефанскиот прелиминарен договор (3 март 1878) со кој се предвидувало создавање на голема бугарска држава во чии граници требало да влезе Македонија без Солун и Халкидичкиот полуостров. Преку создавање на голема Бугарија, Русија сметала дека ќе го зголеми своето влијание на Балканот и ќе обезбеди излез на топлите мориња. Против Санстефанскиот договор остро се спротивставиле европските сили, а особено Англија. Поради тоа бил свикан Берлинскиот конгрес (13 јуни- 13 јули 1878) на кој била извршена целосна ревизија на одредбите од Санстефано.

Марија Пандевска во трудот *Присилни миграции во Македонија 1875 – 1881* (Скопје, 1993). Понатаму демографските промени во 20 век низ повеќе трудови ги истражува д-р Јован Трифуновски[2], кој меѓу другото дава интересни податоци за населението со муслиманска вероисповед, неговото потекло во различни региони на Македонија. Особено се значајни неговите трудови за потеклото на албанските родови и нивното населување во Македонија[3].

Со проблемот на исламизацијата и потеклото на Македонците со исламска вероисповед, меѓу другите се занимава Јован Хаџи Васиљевиќ (Муслимани наше крви у Јужној Србији, "*Братство,* књига 32, Београд, 1925). Се разбира, овој српски автор тргнува од ставот дека се тоа јужносрбијанци кои во одреден период го примиле исламот. Инаку, со проблемот на исламизацијата во Македонија поисрпно се занимаваше д-р Нијази Лимаоски.[4] Истовремено тука треба да го споменеме зборникот посветен на проблемот на потеклото, животот и обичаите на Македонците со исламска вероисповед[5].

Особено значајни за проблемот што го обработуваме се двете монографии на д-р Глигор Тодоровски - *Демографските процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата балканска војна до осамостојувањето на Македонија*

---

[2] Меѓу трудовите на Јован Трифуновски ќе ги наведеме: *Кичевска котлина српска насеља и становништво,* Скопје 1968; *Скопски Дервен,* Београд, 1955; *Слив Маркове реке – антропогеографска проматрања,* Скопје, 1958; *Полог (антропогеографска проучавања),* Београд, 1976; „Oblast Babune i Topolke", *Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena,* Zagreb, 1977; "Tursko stanovništvo u SR. Makedoniji", *Novopazarski zbornik, 10,* 1986; *Битољско - прилепска котлина, антропогеографска проучавања,* Београд, 1998; Трифуноски Ј, Нетков В, „Села и население во долниот слив на Брегалница", *Зборник на штипскиот народен музеј, III,* 1962 -1963, Штип, 1964; Трифуновиќ, Ф, Јован, *Наша насеља, Антропогеографска проучавања,* Скопје, 1971; "Народносна структура кичевске котлине", *Гласник Српског географског друштва,* Београд, 1966. и други.

[3] Труфуноски, Јован. Албанско становништво у Социјалистичкој Републици Македонији. Београд: Књижевне новине, 1988.

[4] Нијази Лимаоски, Исламизација и етничките промени во Македонија, Скопје,1993; Лимаоски Нијази, Исламската религија и исламизираните Македонци, Скопје, 1985.

[5] *Македонците муслимани.* Зборник на материјали од првиот научен симпозиум одржан на 3 и 4 Октомври 1981 година во Кичево и од другите културно – научни средби на Македонците муслимани. Скопје , 1984.

(Скопје, 2001) и *Македонија по распарчувањето 1912/13-1915- општествено-политички, економски и просветни прилики во Вардарскиот дел на Македонија,* (Скопје,1995). Тодоровски

Со проблемот на демографските промени како последица на економскиот развој се занимава и еден од асномските дејци кој во својот животен век го поминал како научен соработник во Економскиот институт во Скопје – Лазар Соколов[6]. Во овој контекст е извонредно значајна неговата студија која се однесува за период од 1921 до 1953 година и во која го анализира економскиот развој на Македонија поврзано со состојбите на демографските промени предизвикани од овој развој.

Демографијата поврзана со етничките проблеми поврзано со политичките потреби во периодот меѓу двете светски војни била предмет на занимавање на повеќе автори. Овде за нас се значајни авторите кои даваат податоци за Кичевијата и Поречието. Меѓу нив, покрај Јован Трифуновски е Смиљаниќ Тома. Смиљаниќ ни дава податоци за Кичевскиот крај[7], а исто така и за Поречието (Јовановиќ. Петар и Смиљаниќ Тома, Порече 1926), додека пак Ристески Милан ни дава драгоцени податоци за Поречието[8]. Посебна монографија за селата Пласница и Ижишта напишал Решат Фадил[9]. Од современите српски автори значаен е авторот Јовановиќ Владан, кој посветил повеќе трудови на вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни, односно на тогашна Вардарска бановина[10].

Проф. д-р Борче Илиевски спаѓа во групата малубројни македонски историчари кои го истражуваат проблемот на демографските промени во периодот на 20 век од аспект на анализа на постојните извори и статистички податоци. Со проблемот

---

6 Sokolov Lazar, *Promena u strukturi stanovništva na teritoriji NR. Makedonije 1921 – 1953 kao odraz ekonomskog razvoja*, Skopje, 1962.

7 Тома Смиљанић, *Кичевија, Насеља и порекло становништва*, књига Београд, 1935.

8 Милан Ристески, *Порече низ історијата*, НИО „Студенски Збор", Скопје, 1982.

9 Фадил Решат, *Пласница и Ижишта како составен дел на Кичевија*, Истанбул, 1995.

10 Vladan Jovanović "Iseljavanje muslimana iz Vardarske banovine – između stihije i državne akcije", *Zbornik Pisati istoriju Jugoslavije: Viđenje srpskog faktora*, Beograd, 2007; Јовановић Владан, *Вардарска бановина 1929-1941*, Београд, 2011.

на српската колонизација во Македонија се занимава проф. д-р Александар Апостолов[11], додека проф. д-р Виолета Ачкоска[12] низ неколку монографии и повеќе објавени статии ги елаборира проблемите на ревизијата на аграрната реформа, колонизацијата по Втората светска војна и миграциите село – град како резултат на промашувањата на аграрната политика. Посебни студии за руралниот развој и податоци за селата во Македонија се среќаваат низ трудовите на проф д-р Митко Панов[13], како и кај проф. д-р Христо Карталов.

Демографските движења, не секогаш ама често носеле етнички промени. Македонија, а особено Кичевијата и Поречието се региони со мешан етнички состав и таа состојба настанала токму заради иселување и вселување на население со различна етничка припадност. Ова население живеело во одделни периоди еден до друг без поголеми потреси, но за време на изразени политички промени или војни доаѓало до нарушување на односите кои понекогаш ескалирале со насилство и крвопролевање.

Со проблемот на меѓуетничките односи се занимаваат неколку македонски истражувачи (Владимир Ортаковски, Марија Ташева итн.), меѓу кои за нас релевантен беше трудот на проф. д-р Ачкоска Виолета - *Братството и единството 1944 – 1974 меѓу хармонија и дисхармонија* (INI, Скопје, 2003).

Предмет на проучување во овој труд се последиците од промените на политичката карта на Македонија и Балканот настанати во бурниот временски период од 1912 до 1958 година пренесени на теренот на Кичевско - Бродскиот регион. За да се дојде до поопстојно и пореално согледување на состојбите, моравме да консултираме изворна граѓа од Државниот архив на Република Македонија, објавени документи и статистички показатели, како и поширока историографска литература која се занимава со одредениот период од македонската историја на 20 век.

---

[11] Александар Апостолов, *Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија,* Скопје: Мисла, 1990; „Колонизацијата во составот на аграрната реформа во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни со посебен осврт на Гевгелиско", сп. *Историја, XIV/1*, Скопје, 1978; „Колонизацијата на Кочанско меѓу двете светски војни", *Кочани и Кочанско во НОВ 1941 – 1945,* Кочани 1985.

[12] Виолета Ачкоска, *Егзодусот на македонското селанство во социјализмот,* Макавеј, Скопје 2007; *Agrarno-sopstveni~kite односи, промени и процеси во Македонија, 1944-1953,* ИНИ, Скопје, 1999; *Agrarna reforma i kolonizacija,* dokumenti, izbor i komentari V. A~koska, INI, Skopje 1998; Violeta A~koska, *Agrarno-sopstveni~kite odnosi, promeni i procesi 1944-1953,* INI, Skopje 1999; Violeta A~koska, *Zadrugarstvoto i agrarnata politika 1945-1955,* INI, Skopje 1994.

[13] Панов Митко, Селата во Република Македонија, книга 1-2, Скопје, 1993.

## ВОВЕД

Во текот на балканските војни, кои претставуваат вододелница во македонската историја, наместо османската беше воспоставена српска власт. Промената на власта беше проследена со страдања, злосторства и други несакани случувања што ги доживеа муслиманското и христијанското македонско население. Средствата, методите и начините на кој е практикувана српската власт во Вардарскиот дел на Македонија е дополнително истражувана и елаборирана со цел да се обезбеди попрецизна и по објективна слика за настаните и случувањата во овој исклучително тежок период од македонската историја. Главна хипотеза од која се тргна при истражувачкиот поход е ставот дека: суровите, непотребни и злосторнички однесувања на освојувачките војски предизвикале индивидуални и колективни трагедии на невино население, кое бара спас во миграциите, напуштајќи ги своите вековни огништа. Окупаторот или агресорот на македонскиот простор („новоосвоените земји“), се обидувал на секој начин да го принуди домородното македонско и останато население да го прифати српскиот елемент за свој. Во спротивно бил изложен на невиден терор и репресија - физичко малтретирање, убиства, изнасилувања, ограбувања и опожарувања.

Во истражувањето на темата беа користени општите научни методи и методски постапки специфични за истражувања на историјата - историско компаративниот метод, методот на анализа и синтеза, генерализација и наративниот метод. Притоа, се пристапи кон обработка и внатрешна критичка анализа на повеќе историски извори и архивската документација: материјали од конзули и други дипломатски претставници, законски акти и други акти и документите донесени од званични органи и други пишувани извори. Од проучувањето на оваа проблематика произлегоа следниве заклучоци: Српското освојување на туѓи простори и територии проследено со големи аспирации за асимилација на друго население и присуство на паравоени формации, чети и единици доведоа до неконтролирани убиства, страдања, психолошки трауми и присилни мигративни процеси на просторот на Македонија, што останало длабоко врежана во колективната меморија на секој поединец и група.

Кичевско – Бродскиот регион е сместен во централниот дел на југо-западна Македонија, препознатлив по географски важната поставеност и историски вредната улога која се одвивала во овој регион во сите негови периоди и времиња.

Геостратешката поставеност на Кичевско – Бродскиот регион е од непроценлива вредност и го прави толку многу интересен за сите страни кои имаат некаква врска со овој крај, во сите времиња почнувајќи од византискиот, средновековниот, османскиот па се до најновиот век поради големиот интерес во поновата историја од Балканските војни, Првата и Втората светска војна па вклучувајќи ги и турбуленциите околу повоените реформски закони на државата и миграторивните движења на населението кој се одвивале во целиот период од заминување на турската власт 1912 па се до 1958 година кога овој регион стана актуелен и интересен за многу страни, сакајќи на еден или друг начин да се запознае со причините и последиците, од таквите насилни и доброволни миграторивни движења. Регионот е сместен во средиштето на: Полог, Пелагонија, Охрид, Битола и Скопје, и неговата клучна и стратешка сместеност му дава дополнителна вредност и тежина, го прави интересен и посакуван преку кој би се остварувале поголеми цели на големи политики во Македонија и Балканот.

Историската улога која се одвивала во овој регион е од непроценливо и богато значење од причини што тука се одвивале значајни историски дејствија во сите времиња, што го прават многу битен за богатата Македонска и Балканска историја.

Богатата историја во двете Балкански војни, Првата и Втората светска војна, улогите кој се одвивале во овој регион во сите времиња, доприносот и жртвуваноста на жителите за Македонска држава, нивните страдања, нивниот примерен соживот во поголем дел од историјата, меѓусебното почитување и респект од минати времиња до денес му дава една специфика и посебност, националната и социјалната структура, измешаноста, поврзаноста по сите релации дополнително му дава колорид и убавина и го прави примерен за останати делови од Македонија и пошироко. Соживотот и меѓусебната почит се од непроценлива вредност и посебна приказна на која можат да завидат многу делови од земјата, па од тие и други причини овој регион ја имал среќата да биде неподелен и единствен во сите административни и територијални поделби на Македонија.

Жителите од Кичевско– Бродскиот регион заслужуваат да бидат почитувани, на тоа имаат право.

Историските реткости во Кичевскиот регион како што е Китино Кале, црквите и манастирите, печатницата на Лопушник, заслугата на познатите војводи

од Кичевско, првата слободна територија во текот на втората светска војна, на овој регион му дава дополнителна тежина и вредност за да биде повеќе сакан и длабоко истражуван.

Во првата глава ќе бидат разгледувани причините што довеле до Балкански војни, пропаѓањето на неколку-вековното владеење на османската власт, нејзината неспособност да се носи со проблемите и потребите кои се јавувале во Македонија, нивно непотребно одлагање проследено истовремено со подигањето на интересот за формирање на сопствена држава на македонскиот народ и аспирациите на соседите за освојување на Македонија. По поделбата на Македонија, санкционирана со Букурешкиот договор од август 1913 година се воспоставува српскиот воено- полициски режим во вардарскиот дел од Македонија. Новата српска власт пројавува апетити не само за владеење со земјата туку спроведува планска асимилаторска и денационализаторска политика. Притоа се појавува отпор од страна на локалното население, изложено на невидена репресија, страдање и малтретирање, така што е принудено да мигрира во места со основни услови за живот. Суровоста на окупаторите во текот на балканските војни е опишана низ многу документи, а особено во сведоштвата на Карнигиевата комисија и извештаите од Англиското конзуларно одделение во Битола. Овој период е исполнет со бурни процеси кои предизвикувале големи етнички и демографски промени и од корен ја измениле етничката и демографската слика на Македонија а посебно во Кичевско– Бродскиот регион. Злосторствата, уцените и притисоците се главната тема во овој труд, нечовечкото однесување и примена на насилни методи од страна на посилниот врз послабиот е каркатеристика во овие времиња. Иселувањето на турското и другото муслиманско насление, како и насилните средства применето врз македонското христијанско население кое за задоволување на верските потреби ја користело Бугарската црква е многу значајно и претставува тема од посебна природа. Овој процес покрај политички и економски, исполнет е и со лични и психолошки последици бидејќи дел од преселниците во Турција носеле болка во душата и тага во срцето заминувајќи од родните огништа.

**I ГЛАВА**

# 1.КИЧЕВСКО- БРОДСКИОТ РЕГИОН- ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА РЕГИОНОТ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

Природните убавини со кој располага Кичевско - Бродскиот регион се од непроценлива вредност, како што на пример: богатите наслаги на јаглен во Осломеј, шумските резерви, манганот во Цер, убавата планина Бистра со нејзиното чуено сирење и други убавини се од голема историска и природна вредност, во Бродскиот регион го имаме патот за Солун, по кој се движеле караваните на чуените Дубровнички и Византиски трговци што го поврзувал Полог со Пелагонија, градовите на познатите и опеани од народот сестри на Крали Марко, чуената пештера Пешна која е редок уникат во Македонија, Девини Кули, квалитетната вода за пиење, бараниот челик во Самоковско и други делови на Поречието, чуениот камен (доломит), чуената речна риба – пастрмка, природните шумски појаси и други природни реткости кој го прават регионот и Македонија препознатливи и привлечни за голем дел од блиското и далечното опкружување.

За да ги согледаме миграτивните процеси, секако најпрво да тргнеме од определувањето на двата географски поими кои го сочинуваат регионот – Кичевија и Поречие. Покрај нивните специфичности од географско – етнографски аспект, тие имаат богата историја која овде накусо ќе ја изнесиме. Притоа посебен акцент ќе биде даден на прашањето за миграциите како централен проблем на ова истражување.

## 1.1.Кичевија



Слика бр.1 Кичево

„**Кичевија**“ лежи во пространата Кичевска Котлина сместена во централниот дел на Западна Македонија, се наоѓа и градот Кичево како најголем административен, политички, културен и трговски центар во регионот, со површина од околу 854 км 2, со

надморска висина од околу 620 м во градот, до 2.080 м во Стогово. Котлината ја опкружуваат планинските масиви: Бистра, Стогово, Пресека, Љубен и Илинска Планина од запад и југ, на исток се издига планинскиот превој Песјак, а од северната страна ја ограничуваат планините: Челојца, Туинска Планина, Буковик и Стража. Низ поголемиот дел на котлината тече бистрата река Треска која извира во непосредна близина на селото Извор. На подрачјето на Кичевскиот регион постојат 80 населени места сместени во регионот на општина Кичево. Кичевскиот регион и неговиот главен културен, административен и трговски центар, градот Кичево претставува главен сообраќаен крстопад во западна Македонија со пет сообраќајни насоки: Кичево – Гостивар, Кичево – Охрид, Кичево- Демир Хисар, Кичево – Македонски Брод и Кичево – Дебар. Кичево е поврзано и со железничка линија со нормален колосек каде во перспектива е продолжување и поврзување на главниот центар на Македонија- Скопје со западниот дел на државата Охрид, Струга и Албанија. Најстарите траги од постоењето на населби водат во далечното минато. Според историските податоци античкиот град Ускана бил лоциран во близината на денешното Кичево.

По доселување на словенските племиња на Балканот, Кичево за прв пат се спомнува во 1018 година во повелбата на византискиот владетел Василие II и тоа под името Кицавис. Овој регион бил познат центар на македонското племе Брсјаци кои претежно се занимавало со сточарство и земјоделство. Албанците во оваа област во помал број се сретнуваат уште во периодот пред Османската власт.

Османлиите го покориле градот Кичево и го ставиле под своја власт кон крајот на XIV-век. Во документите од XV– век се споменува дека Кичевската нахија зафаќала 144 села, што значи дека и тогаш овој дел на Македонија бил доста населен. Познатиот географ Хаџи Калфа, населбата ја спомнува како Фирџова и Кирчова. Оттука, можеби потекнува и второто име на градот - Крчово, кое така е прифатено од дел на населението.

Со доаѓање на Османлиите, отпочнува помасовно населување на албанско население во Кичевско. Во XV- век нив ги имало по селата но и во градот. Во градот Кичево едно маало го носело името „**Арнаут маало**“. Најмасовен продор албанското население има направено во XVIII век, доаѓајќи од Горна Река и Полог, запоседнувајќи ја Бистра Планина до реката Зајас. Новите етнички промени на тој простор предизвикале

мигративно движење со иселување на старото население и тоа: с. Стрелци се смета дека во 1830 г. има миграτивни движења, потоа во село Црвевци и во село Жубрино во периодот 1854-1855 г. има мигративни движења, потоа во село Србица, а од село Бериково во 1898 г. се иселило население во правец на Битола, Бугарија и Србија[14].

Така, Кичево во последните децении на XVIII– век и почеток на XIX- век ја менува својата етничка физиономија. Под притисок на зачестениот терор, селското население ја губи својата сигурност и бара егзистенција во новата градска средина. Придојдените селани брзо се приспособуваат на новите прилики и од сточари и земјоделци стануваат вешти занаетчии и претприемчиви трговци. Во почетокот на XIX- век Кичево почнува да се издига како поразвиено занаетчиско и трговско градче со формирана чаршија, со зголемен број дуќани и нови градски маала.

Како и во другите региони во втората половина на 19 век се јавува отпор против османлиската власт и против самоволијата на одредени моќници во феудалниот систем што се распаѓаше. И тука првите знаци на незадоволство и отпор кон разните форми на неправдите во Османскиот период се манифестираат низ зачестените акции на ајдучките дружини кои делуваат на овој терен. Една од познатите од таков тип е чуената Брсјачка буна во 1880 година во западна Македонија која се одвивала во Кичевско[15].

Поорганизиран карактер борбата за национално ослободување добива по формирањето на Македонската револуционерна организација (23 октомври 1893) и особено по формирањето на организационите чети кои го штителе народот од различни насилнички банди. Пред да се формираат организационите чети и да се организира населението за самоодбрана, во тие краишта имало арнаутски разбојнички чети како најпознатиот Биљал од село Баланза, Харамдук, Таир-Толо, Исљам Онбаши, Тафо и други кои го тероризирале и ограбувале народот. Овие разбојнички чети имале обичај да одат во својот реон секоја година пролетта. Така, Тафо крстарел во Поречието - Кичевско, Исљам

[14] АИНИ, Фонд, Спомени, Сл. IV.248, Миграциони двиежења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски. Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр. 29

[15] Брсјачка буна во 1880 година

Онбаши по целото Кичевско, Таир -Толо во Струшко, Биљал ги држеше селата во Бигла итн.[16]

Во Кичево МРО зела замав благодарение на ѓаконот Јосиф и други кичевчани, но и со помош на учителите како Лука Џеров, Славејко Арсов и други. Лука Џеров бил назначен за учител во Кичево во учебната 1897/8 година. Во исто време, тој ја вршел секретарската должност кај новоназначениот егзархиски владика Козма. Во Кичево, Џеров затекнал формиран Комитет од ѓаконот Јосиф и учителите. Ѓаконот Јосиф со помош на игуменот Софронија од с. Вранештица и поп Стојан од с. Подвис, го претвориле кичевскиот манастир Пречиста, во вистинско организационо светилиште. Во врска со тоа Лука Џеров истакнува: „Манастирот Пречиста имаше првостепено значење за да успее нашето дело. На ѓакончето Јосиф населението гледаше како на светец и многу му веруваше. Тој агитираше врз база на евангелието. Таму често одев, таму се даваа клетви, таму го изградивме првиот склад со оружје, оттаму тоа од почетокот се разделуваше“[17].

При крајот на 1899 или почетокот на 1900 година во Кичево се настанува Славејко Арсов[18] и со голем самопрегор и посветеност го развива револуционерното дело во Кичевската околија. Тоа е период кога во Кичевско се води борба помеѓу различните пропаганди и забележливо е јакнењето на српската пропаганда. Истовремено владее безредие и беззаконие заради упадите и грабежите на оружени арнаутски банди, се случуваат убиства, грабнувања, потурчувања на девојки и жени итн. Таква нестабилна ситуација доминирала во Вилаетот во предвечерието на разгранувањето на четничкиот институт на ТМОРО во Битолскиот револуционерен округ.

Бугарската пропаганда во овој период (1898-1900) во Битолскиот вилает се експонирала преку егзархискиот апарат, врховизираните елементи околу

---

[16] Покрај светскиот печат и многу странски конзуларни претставници во Македонија зборуваат за насилствата и грабежите на албанските и турските банди врз христијанското население. (*Британските конзули во Македонија 1797-1915, документи,* док. 131, док. 132, ред. Д. Ѓоргиев, ДАРМ, Скопје 2002, 284-287).

[17] Violeta A~koska, *Slavejko Arsov,* Filozofski fakultet, Skopje 2015, str. 64.

[18] Slavejko Arsov ([tip 187 - 1904], makedonski revolucioner, u~itel I resenski vojvoda

Револуционерното братство[19] и Бугарското трговско агенство во Битола. Овие инструменти на големобугарската пропаганда се стремеле да ги елиминираат своите конкуренти, во прв ред грчката и српската пропаганда. Сепак, најголемата бариера на денационализаторската бугарска политика во Македонија било самородното македонско национално - ослободително движење во лицето на ТМОРО.

Егзархијата како најпродорен спроводник на големобугарските идеи во Македонија била добро финасирана од бугарската државна благајна.[20] Оваа бугарска институција на различни начини ги шиканирала прогресивните македонски просветни кадри, а особено оние учители кои се пројавиле како активни членови на ТМОРО. Нејзина најдрастична мерка била отпуштање од служба, покрај назначување на кадрите на несоодветни места, ниската материјална надополна, уцени итн. Па дури и османлиските власти во одделни случаи и помагале на Егзархијата да се ослободи од непожелните просветни кадри. Но, и покрај ваквата егзархиска политика, бројни учители активно работеле и пропагирале за ослободителната борба на македонскиот народ проширувајќи ја Организацијата во секое катче од Македонија. Заради појавата на отпор од страна на локалното население, претставниците на Егзархијата понекогаш морале да водат поеластична политика[21].

Борбата во Кичевијата се засилила за време на судбоносниот период на Илинденското востание (август 1903) кога населението од Кичевско зело масовно учество во повеќето битки. Борбата со власта во Османскиот период ја започнуваат прославените

---

[19] Револуционерното „Братство“ било создадено во 1897 година во Солун на чело со Иван Гарванов, а кон кое се приклучил и Димитар Мирчев. Главен принцип на „Братството, според спомените на Даме Груев, бил „да не се брза со револуцијата, туку постепено да се освестува народот – да се оди по еволуционен пат“ (Pavel Шатев, *Борис Сарафов, биографија,* том 2, ДАРМ, Македоника-литера, Скопје 2013, str. 66).

[20] Така, само во учебната 1899/1900 година бугарската влада определила во буџетот огромна сума од 45.266 турски лири за покривање на егзархиските расходи во поглед на учебното дело во Македонија и Одринско. (Violeta A~koska, isto).

[21] Така, на пример, митрополитот Григориј кој бил бојкотиран од битолското граѓанство, одржал беседа на тукашното наречје. Ова секако оставило впечаток кај граѓаните, но, набрзо се покажало дека таквиот настап бил само демагошка маска.

чуени војводи од овој регион: Наќе од Лавчани[22], Арсо од Подвис, Јордан Пиперката[23], Крсте од Кичево, Ванчо Србакот[24] од Вранешница, Анѓеле од Цер и други.

Според спогодбата на војводите во Битолскиот револуционерен округ судирот со османлиските сили почнал едновремено во повеќе населени места. Најдраматична борба се водела во месноста Ѓурѓејца крај селото Карбуница, каде е убиен познатиот и многу опеан од народот Сефер - ага. Овие настани како и подвизите на војводите нашле одгласи во многубројните народни комитски песни кои се пеат се уште.

Кичевскиот регион од османлиското владеење се ослободи есента 1912 година со почнување на Првата Балканска војна. Во оваа војна, која започна на 18 октомври 1912 година Македонскиот народ со христијанска вероисповед учествувал на страната на балканските држави со надеж дека ќе биде ослободен од "браќата" христијани.[25]

---

[22] Јанев Наќе или Јанаки Јанев-Лавчанчето (Лавчани, Кичевско), револуционер и кичевски војвода. Во **1891** година, заедно со Јордан Пиперката и Стефан Чедо, дошол како печалбар во Софија. Подоцна се вратил во родното село да води српска чета, но бил привлечен од Никола Петров Русински, во кичевското село Белица, кој го обучил за војвода во Копачка. Заедно со Пиперката и Дуко Тасев ја обиколувале Копачка, заштитувајќи го народот од зулуми. Имал неколку битки со турскиот аскер. Учествувал во Илинденското востание, а по востанието останал во родниот крај (**Јован** Велјановски, *Кичевијата пред и во илинденскиот период,* Студентски збор, Скопје 1993, 39, 42, 44, 50-52, 55, 57, 60-62, 70-71, 76, 80, 82, 89-94, 96, 100-103, 114).

[23] Јордан Пиперката (Ј. Ангелов Силјанов) (23.06.1870, Козица, Кичевско – 10.08.1903, с. Цер, Кичевско) учесник во македонското револуционерно движење, член и војвода на МРО. **Рано заминал на печалба во Софија.** По повеќегодишното ајдукување низ Бугарија во 1897 година, Јордан Пиперката пристигнал во Кичевско, станувајќи четник во првата организациона чета на војводата Дуко Тасев во Кичевско. Убиството на Муарем-бег во кое учествувал и Јордан Пиперката, го принудило да ја напушти Македонија и повторно да замине во Бугарија. Одличен стратег, природно надарен и вооружен со умствени способности, иако неук, Јордан станал страв и трепет за турските власти. Во 1901 година бил комита во четата на Никола Петров Русински, а истата година бил наименуван за војвода на Демирхисарскиот реон. Дејствувал и во Кичевско и Крушевско. Учествувал на Смилевскиот конгрес и се борел во Илинденското востание. Na 10.08.1903 godina, ranet vo borba so турскиот аскер, se samoubil. (Здravko Ѓоршески, *Јордан Пиперката,* Скопје 1982, 120-128)

[24] Ванчо Србакот

[25] Ѓорѓи Абациев, Балканските војни и Македонија, Скопје, 1958, str. 117-121.

Здружените во сојуз Балкански држави - Србија, Грција, Бугарија, Црна Гора и Романија се обиделе со војна да освојат делови од Европска Турција, во која живееле: Македонци, Турци, Бугари, Срби, Грци, Албанци, Власи, Роми и др. Повеќе како изговор, пред својата и пред европската јавност, тие го обнародиле принципот за „национално“ обединување како нивна неодложна и историска задача[26]. Со силата на оружјето, пак, Србија, Грција и Бугарија сакале да ги реализираат големодржавните националистички програми. Така Србија сакала проширување на југ заради обновување на некогашното средновековно царство на цар Душан. Грција сакала проширување на север, присвојувајќи ја македонска античка историја и историјата на Византија како грчка, додека Бугарија тргнала да го реализира сонот за Сан – Стефанска Бугарија. Само македонскиот народ во почетокот имал илузија дека ќе биде ослободен од петвековното османлиско владеење.

Со самиот почеток на војната со здружените балкански сили, се покажала сета гнилост и неподготвеност за војна на Османлиската власт со младите Балкански држави. Притоа уште повеќе се покажала најочигледно и неодржливоста на полуфеудалниот османлиски систем. Српската војска, со првиот енергичен и организиран налет ја преминала српско - османската гранична линија во близината кај Куманово, потоа и во другите борби кај Прилеп и Битола. Во судирот со Османските воени сили на територијата на Вардарскиот дел на Македонија, српската војска покажала максимална воена подготвеност и желба за победа. Бугарските сили што се наоѓале на Тракискиот фронт, според договорот за настапување на здружените војски во војната, го нанеле својот најголем удар на Османската војска. Грчката војска, пак, во текот на Првата балканска војна немала такви слични борби, како српската и бугарската. Но, сепак, координираните дејства на трите сојузени држави го сториле своето. Со воената победа над Османската држава, таа тогаш понудила мир и сите нејзини завладеани територии во европскиот дел преминале во рацете на сојузените Балкански држави. Тоа била голема победа што имала големо историско значење бидејќи му бил зададен смртоносен удар на еден систем што веќе бил надживеан и се наоѓал на распаѓање[27].

---

[26] Ѓорѓи Абациев, isto, str. 12

[27] Тодороски, Глигор Демографски процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата балканска војна до осамостојувањето на Македонија: со посебен осврт врз исламизираните Македонци, Скопје, ИНИ: Матица Македонска, 2001. Стр.9

Кичевскиот регион беше важен стратегиски центар за Османската власт поради географската поставеност на градот и високата концентрација на муслиманска популација во Кичево и околијата. Во текот на самото заминување се водеа жестоки борби од страна на припадниците на дотогашната власт и српските војски кои го заземаа градот и околијата. Етничката и верската различност на населението придонесе, народот на Кичевскиот регион, да биде длабоко поделен во тие клучни времиња од македонската историја. Македонскиот народ со христијанска вероисповед застана на страната на српските војски кои се претставувале како ослободители, додека поголемиот дел на муслиманското население ги поддржуваше војските на османската држава, поради општествената положба и привилегиите кои ги уживаше од дотогашната власт. Тоа ќе биде една од основните причини понатаму да бидат извршени големи злодела врз муслиманското, а покасно и врз христијанското население во текот на Балканските војни.

Особени жестокости во текот на Првата балканска војна, но и потоа, беа извршени во селата: Зајас, Соп, Староец, Пласница, Дреново, Браќам, Лажани, Десово и самото Кичево, во текот на воениот пожар кога се воделе жестоки борби во текот на самото заминување на османлиските трупи.[28] По заминување на Османлиите од овие простори во октомври 1912 година, покрај муслиманското население, не беше поштедено и македонското христијанско население кое за своите верски потреби ја користело егзархиската (бугарска) црква од овој регион. Така Македонците – егзархисти беа подложени под ново и потешко владеење во рамките на Кралството Србија, што ќе продолжи и по Првата светска војна во рамките на Кралстовото на Србите, Хрватите и Словенците (1918-1929) односно Кралство Југославија (1929-1941). Новата српска власт ова население го третирала како непријателско и така кон него се однесувала. Овие новонастанати состојби предизвикале силен миграциски процес на насилно или доброволно преселување.

Под миграции подразбираме секоја промена односно движење на населението од едно на друго место на живеење. Притоа миграциите можат да бидат: надворешни и

[28] Според Карнигиевата балканска комисија ...221 ; Според извештаите во Кичевско имало голем број на убиства како што се селата Пласница убиено 46 жители, Лисичани опожарени 6-куќи, во 1913 во Зајас се убиени 200 жители, во самиот град имало убиени жители .

внатрешни, привремени и трајни, доброволни и присилни, економски, политички и воени. Сите овие миграТивни процеси можат да бидат предизвикани од разни причини, но според науката главно се предизвикани од: репулсивни или (одбивни) причини од местото на живеење и од атрактивни или (привлечни) причини поради поволните услови што ги нуди новото место на живеење. МиграТивните процеси во Македонија биле релативно активни во целиот минат период. Во минатиот период од македонската историја се јавува движење на населението на релација: село- село, село- град, град- град, држава- држава поради разни причини. Со миграТивните движења на релација село - град, се јавува тренд на зголемување на градското население и тука почнува да се јавуваат зачетоците на граѓанската класа. Побогатите трговци и занаетчии низ разни контакти со население од повеќе средини го зголемиле интересот за: економско, политичко, културно и духовно издигање на индивидуален и колективен план што претставувало моторна сила за многу настанати појави во текот на разни активности.

Етничките и демографски движења во Кичевијата се многу изразени низ вековите и годините. Тоа го гледаме од демографското и етничко потекло на населението во Кичевијата. Бидејќи постои доселено и иселено население од просторот на Кичевскиот регион. Како доселено население го сметаме она население на кое потеклото му е надвор од кичевскиот простор а такво население кое е дојдено во кичевскиот регион има од неколку региони, според местото на доаѓање. Во литературата спомнати места од каде има доселено население во кичевскиот регион се: Заткаменска или Дваkаменска струја, Дебарско - Охридска, Арбанашка струја - (муслиманска), Коџациска струја- муслиманска, доселени во Кичево од с. Коџацик- Центар Жупа[29], во времето на војните помеѓу војските на Ѓерѓ Кастриот (Скендер– бег) и Османлиската војска, има доселено население од Скопје, Тетово и Гостивар, има доселени од Северна Србија и Црна Гора, Поречка струја (христијанска и муслиманска) од Прилеп, Битола и Демир Хисар, од Велес, Бабуна и Мариово, има дојдено Власи од Крушево, од Колоња, Валона- Јужна Албанија, роми и др. Постои голем број на население кое е иселено или мигрирано во разни делови на Македонија, Балканот, Европа и Америка. Војните во текот на османлиското владеење значително придонесле за внатрешни и надворешни миграТивни процеси. Така, на пример,

---

[29] Смиљаниќ, Тома, Кичевија, Београд, 1926, стр.411

со одметнување на големиот воен чиновник Али-паша Јанински[30] од султанската власт настанале крупни етнички и демографски промени. До воспоставување на неговата власт во Кичево, во тој период за одговорен во градот бил Амди- бег. Со промената на власта и потпаѓање на градот под новиот феудален владател Али- паша, дотогашниот одговорен за градот Амди- бег бил убиен и со градот завладеал Амза- паша од Скопје поставен од Али- паша Јанински, додека неговата сопруга Амди- бежица (Бедри- ханума) била протерана од градот во далечниот Дебар и потоа во Косово. Во тој период со градот завладеала голема правда, немало кражба, затоа што казните биле големи - со бесење на плоштади или мостови.[31] Со погубувањето на Али паша, наидел Ајрадин - паша да ги порази војските на Амза - паша во Кичевско. Неговите војски иделе од Битолско, а жестоки војни се воделе кај месноста Турла и Суво Поле. Амза- паша е уапсен, неговата глава е пресечена и однесена кај султанот. Во Кичево повторно се враќа Амди- бежица од Дебар и почнува да го продава имотот, се иселува, а нејзини наследници се Ризабегови од Пеќ.

Во Кичевско во старо време, населението било: македонско - словенско, но со процесот на конверзија етничката слика е изменета во корист на исламот. Ваквиот конвертит во народот се нарекува со разни имиња. Во кичевската околија населението е составено од повеќе групи и родови. Така, с. Ехловец е населено со мијачко население, потоа во с.Тајмиште се население од групата Шопки. Доселените албански популации се од племето Фанди[32].

Од усната и народната историја во регионот се пренесува легенда за судбината на Кнежинскиот манастир. Според кажувањата на извесен Даут Чауш од с. Бичинци- Кичевско манастирот го уништил Шаќир - бег. Манастирот имал и своја одбрана на која одговорен бил Мијо Челебија, кој погинал во текот на борбата. Сите овие настани предизвикале миграторни процеси, што ја потврдува тезата дека, миграторниот процес во кичевскиот регион е постојано непрекинат и активен со различни амплитуди на

---

[30] Али-паша Јанински ……

[31]Јовановиќ. Петар и Смиљаниќ Тома, *Порече* 1926 г. стр.379. Одметникот Али- паша Тепелина воспоставил власт која го зафаќала и Кичево, во тоа вареме било вистинска правда па народот ја пеел песната:„ Али - паша / Тепелен бил а во Јанина кули правил, Тогаш многу арно било, и за турско и за рисјанско“

[32]Јовановиќ. Петар и Смиљаниќ Тома, isto, стр. 373-379.

емигрирано или имигрирано население. Според пописни документи по години за Кичево, се добиваат податоци кои тешко се споредуваат бидејќи некогаш пописот се вршел по домаќинства, а некогаш по број на жители. Така Кичево во 1889 година брои 2.143 куќи. Во 1900 година има вкупно 4.844 жители чив број паднал на 4.500 во 1913 година, што е последица од балканските војни. Во 1921 година се евидентирани 1.093 домаќинства чив број во 1926 година паднал на 1.056 домаќинства кое исто така зборува за миграгивните процеси кои постојано се одвивале во овој крај[33].

**1.2. Поречие (Бродски регион)**



Слика бр. 2 Македонски Брод

**Бродскиот регион** е област позната во историјата па и од географската карта под името Порече, Тоа име го добило од зборовите *„По река"*, бидејќи со целата своја должина од околу 72 км, почнувајќи од селото Ижиште и општина Пласница па се до селото Здуње сместено на падините на езерото „Козјак" општина Македонски Брод, Поречието се протега по течението на убавата и бистра река „Треска". Од сите страни е опкружено со планински венци. Од исток и североисток кон Титов Велес и Скопје со планините: Даутица, Караџица и Јакупица, од север кон Тетово со Поречкиот планински венец и врвовите: Песјак, Коњарник и Добра Вода, од јужната и југозападната страна кон Крушево и Прилеп со планините: Баба Сач, Бушова Чешма и Дебрешка Планина со превојот Барбарас. Со асфалтен пат е поврзано со Прилеп преку превојот Барбарас, а со Кичево по течението на река Треска низводно и асвалтен пат. Патните правци кон

[33] АИНИ, Фонд, Спомени, Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.30

Гостивар и Скопје се уште не се отворени за сообраќај, а планираните и започнати градежни зафати за изградба на патот се во тек.

Бродскиот регион зафаќа површина од околу 924 км2.[34] Главен административен, културен и трговски центар во регионот е малото и убаво градче Македонски Брод сместено од двете страни на реката Треска по кое и општината го носи истото име. Кога се патува од Прилеп за Кичево или обратно на ова место треба да се мине реката Треска, а преминот на реката народот го викал *Брод*. По течението на река Треска има повеќе мостови со името Брод. За време на Османлиската власт местото се викало - *Текија*, за време стара Југославија - *Јужни Брод* а по ослободувањето - Брод и со Законот за административно - територијалната поделба на Република Македонија од 1996 г. градчето и општината се нарекува со името Македонски Брод.

Минатото на овој крај е слично со минатото на другите краишта на нашата држава. Тука се забележани различни остатоци и случувања од римскиот и византискиот период, османскиот период, периодот меѓу двете светски војни, периодот од НОБ и по него. Подрачјето на Бродскиот регион во најстариот период било населено според преданието во народот, со Латини и Грци (Елини). Оваа претпоставка се поткрепува со имињата на места: Гркови Куќишта кај Томино Село и Елински Град кај селото Локвица. Од овој период пронајдени се и остатоци како што е надгробниот римски споменик кај село Крапа, стари пари „костадинчиња" златници со ликот на Јустинијан II во атарот на селата Белица и Црешнево и грчките натписи на старата црква Св. Никола во село Црешнево и Св. Илија во село Тажево. Во средниот век Бродскиот регион претежно е населен со словенското племе Брсјаци, а под византиската власт било се до 1283 г. кога српскиот крал Милутин го освоил и го присоединил кон српската држава. Во тоа време подигнат е манастирот Св. Богородица кај селото Манастирец кој се до 1912 година бил значаен културен центар за овој крај. После Маричката битка во 1371 година со овој крај владеал Крали Марко, а по неговото загинување во битката кај Ровиња, 1394 година Османлиите завладеале со овој крај и под османлиска власт останал се до есента 1912 година.

Споменици од средновековниот период се остатоци на старите градови кои се распоредени во насоката што води од Полог кон Пелагонија преку планинските превои

---

[34] Јовановиќ, Петар, Кичевија, 1926 г стр. 310

Пеклиште од кај Гостивар и Барбарас од кај Прилеп. Веројатно тогаш низ Порече минувал многу важен пат што го поврзувал Полог со Пелагонија. По овој пат минувале караваните на Дубровничките трговци кои се движеле кон Солун. Најдобро се сочувани ѕидините на градот кај селото Девич, спроти новиот мотел „Пешна" наречени Девини Кули. Од него се зачувани градските платоа и деловите на кулите. Под градот е старата црква соѕидана во византиски стил. На спротивната страна од Девините Кули е пештерата Пешна со остатоци од ѕидини. Слични остатоци од градови, само помалку зачувани, има кај село Грешница, Томино Село, Модриште, Самоков и кај селото Растеш. Градот кај селото Девич веројатно бил центар, а останатите служеле како истурени пунктови за обезбедување на преминот преку ова шумовито планинско подрачје. Народното предание овие градови ги поврзува со владеењето на Крали Марко. Според тоа предание, овие градови ги граделе сестрите на Крали Марко, и тоа: Дева кулите кај селото Девич, Пеша во пештерата Пешна, Модра градот кај селото Модриште, Тома градот кај Томино Село и Зорка градот кај селото Растеш. Многу места и денес народот ги поврзува со името на Крали Марко: Маркова Стапалка, Маркова Карпа, Марков Камен и др.

За време на османското владеење, како и во другите краишта така и овде народот живеел со истата судбина како и во останатиот дел на Македонија. Во минатите времиња од разни војни уништени се градови, села и други културни знаменитости: цркви, џамии, текиња и др. Почифлигарени биле селата: Брод, Девич, Модриште, Црешнево, Белица, Близанско и други. Остатоци од османлискиот период се и топилницата на манганова руда во селото Самоков и меловите кај селата: Грешница, Слатина, Тополница, Зркле и Лупште од каде се вадела рудата површински, по пат на испирање. Според кажувањата на постарите луѓе топилницата во село Самоков работела се до 1903 година. Народот топилницата ја викал Самоков. Рудата се топела со дрвен јаглен па затоа шумите на планините биле опустошени. Кога работела топилницата чукањето на чеканите се слушале дури до Барбарас - 30 км оддалечено од Самоков. Прочуено било самоковското железо кое се пренесувало со 100 мазги за Скопје, од некогашната топилница. Денес во селото Самоков има купишта легури и големи железни чекани.

Народот во Поречието доживеал разни тешкотии, но на таквите маки и страдања не се гледало со скрстени раце, тука како и во другите краишта на Македонија, се јавувал организиран отпор, во прво време преку ајдутството а подоцна и комитлакот. Во

средината на XVIII век Стојан Сугаре од село Требовље со побратимот Караца од село Звечан водел дружина која со своите јунаштва станале легенда за овој крај. Во втората половина на XIX век кога зулумите зачестиле, се јавува и дружината на Стеван од село Лупште со другарите Спасе и Пејо Мартиноски од истото село, Брајан од Томино Село, Миле од село Требовље а подоцна и војводата Мицко од село Латово.

### 1.3. Четнички движења на територијата на Бродскиот регион

Во текот на Османскиот период појавата на четничките движења во овој регион ги поврзуваме со имињата на Василије Трбиќ, Мицко Крстески, Михајло Јосифоски, Јован Долгач, Данаил од Крапа, Арсо Јовев од Локвица и други имиња кој важат за почеток на појавата на четнички движења во овој централен дел на Македеонија и ќе играт важна улога во најновиот век на македонските простори за ширење на пропагандите врз населението, за вградување и формирање на надворешна туѓа национална и етничка свест. Македонскиот народ до неговото дефинитивно државотворно конституирање на Првото заседание на АСНОМ (02.08.1944) во манастирот Прохор Пчињски е народ кој бил изложен на силни пропаганди од соседните држави кои го спречувале неговото национално определување и делувале на неговата асимилација. Оваа агресивна денационализаторска политика на туѓите пропаганди особено се засилила по поразот на Илинденското востание. Така во овој период во Поречието се јавува Василије Трбиќ, како експонент на големосрпската политика. Василије Трбиќ е роден во Бела Црква - Банат од татко Јефто кој во османскиот период живеел на поширокиот простор на Македонија, Солун и на други места. После У*риетот* 1908 г. се населува во с. Теово - Велешко, тука се жени со Софија и има три деца, синови: Војче, Љубо и ќерка – Вида. Поради неговото четничко дејствување го добил името „Васил - Велешки“. Во текот на Првата светска војна се наоѓал заедно со српската војска во Солун како директор на српскиот весник „Велика Србија“. Графичките материјали за потребите на весникот ги добивал од Италија, но трговската размена ја проширил со текстил за потребите на пазарот со што се стекнал со големи имоти. Во 1916 година со авион се префрла од Солун на планината Стровија (Солуница) со задача да се сретне со некој бугарски официр, русофил, да го придобие да премине на сојузничката страна. Во тој временски период, со неговиот престој во Браилово и пошироко, успеал да формира своја чета, која била забележана од страна на

бугарската власт и предизвикала масовни етнички и демографски мигративни промени во регионот на Прилепско со мерки на интернација на население од поширокиот простор кое давало поддршка на неговата чета. Под притисок на бугарската власт успева да избега повторно во Грција и поради заслугите за српството во Солун е одликуван со „Караѓорѓева звезда“. Учесник и сведок е во повеќе афери, заговори и убиства од пошироки размери, поради што е одликуван лично од кралот Александар. После Балканските војни се населува во с. Браилово, го иселува турското население, се стекнува со голем имот и станува големопоседник. На парламентарните избори во 1923 г. се наоѓа на листа на Јован Ќирковиќ и станува пратеник во парламентот на кралството СХС се до 1929 г. Во Браилово останува до 1941 г. како висок чиновник во тогашната српска власт. Имал можност да посредува во разни спорови помеѓу села и граѓани поради кое се богател со крупен имот. Истиот се занимавал со производство на Индиско конопље „*Хашиш*“, посредувал на службеници во нивното хоризонтално и вертикално движење за што и добро наплатувал. Во текот на Втората светска војна, заедно со кралската власт успева да избега во Анкара како полномоштен министер на кралската влада. Во тоа време извршен е атентат на германскиот полномоштен министер во Анкара, Фон - Папен. После овој атентат, во весникот во Бугарија „Зора“ се појави статија со текст напишан од редакторот Данаил Крапчев „Две мрачни фигури на балканите“ со тенденција и предпоставка дека Василије Трбиќ е вмешан во ова мрачно убиство 1943 г. во Анкара. После негово сменување од министер во Анкара, оди во Каиро - Египет, станува близок со извесен Бугарин по име Георги Димитров кој во тоа време се наоѓа во Каиро и заедно стекнуваат голем имот. Важно е да се наведе дека, Василије Трбиќ е личен пријател со председателот на Грчката влада- Пластерис, бидејќи го има чувано кај него во Прилеп 40-50 дена, кога тој бил пребеган во Југославија поради заканите кои доаѓале од неговата земја. Василије Трбиќ бил главен Јужно - Бановински функционер во Југословенската мерка на Аграрна реформа и Колонизација во Македонија, кога е носено голем број на „*српско и друго*“ население од југосовенските простори, четници, солунци, оптанти и лица заслужни за српството и населувано во просторот на Македонија, одземан е имот на граѓани од Македонија и доделуван е на колонизираното донесено српско и друго население, со тенденција и намера да се зголеми и зацврсти српскиот етнички елемент на овие простори. Со неговата постапка значајно придонесол за масовна појава на

мигративни движења на македонско и муслиманско население од овие простори, со што придонесол за промена на етничката и демографската слика на Македонија[35].

Друга една интересна личност од Поречието е **Мицко војвода.** Роден е околу 1855 година во Бродското село Латово, а неговите претци биле од Требино, село во Порече. Во младоста бил мирно момче, а неговиот татко Крсто го испратил во Скопје каде требало да стане самарџија. Пред Велигден 1875 година Мицко се вратил во своето село и дошло до случка која го сменила неговиот живот. Џемаил Ага, синот на бегот Мула Фазлија, на чиј имот Мицковиот татко Крсто работел, штом слушнал дека младиот самарџија дошол од Скопје го посетил Крсто и побарал подарок за себе. Почитувајќи ја обврската на чифлигарот кон својот господар, Мицко заминувајќи од Скопје купил јатаган, а неговиот татко го предал на турчинот. Џемаил Ага му наредил на Мицковиот татко да седне и потоа сакајќи да провери дали поклонот е добар со дршката од јатаганот го удрил пет пати, но од силината на ударот тој се скршил. Џемаил Ага сега за возврат побарал 20 златни лира, бидејќи подарокот не бил добар но Крсто немал толку, па му однел 5 златника кој ги чувал уште од неговиот татко, женска низа од 500 грошеви и 5 овци со јагниња. По оваа случка кај Мицко се појавила желба за одмазда но тој повторно се вратил во Скопје каде го чекал вистинскиот момент[36]. Во 1876 година слушнал за војната помеѓу Србија и Отоманската империја и решил да замине како доброволец во српската војска. За да стигне во Србија тој решил да помине преку Бугарија и Романија бидејќи граничниот дел бил запоседнат од турската војска. Стигнал до Турн-Северин и таму го преминал Дунав со чамец кој бил полн со Руси и негови сонародници кој од печалба заминале како доброволци. Во Кладово со останатите се запишал како доброволец и отаму бил испратен на моравското боиште под команда на Јунгиќ. Мицко потоа војувал во Суповци, Дудулајиќ и Крајковец, а посебно се истакнал во Биљеговец. После овие борби тој бил поставен за командир на чета, а војната стигнала и до Македонија. Во Турн-Северин наишол на една група составена од луѓе од Порече кои биле групирани околу Стефан Петревски. Тие решиле да

[35] Во текот на владеењето на Кралството Србија и Кралството СХС, многу чиновници во Македонија имале потекло од српските краеви, еден од видните личности е Василие Трбиќ кој бил на значајни фунции во Велешко, Прилепско, покасно и пратеник во собранието на Кралстлвото СХС, неговото однесување придонесувало за зголемена загриженост на дел од македонското и муслиманското население кое излезот за својата безбедност ја гледало во миграцијата во и надвор од Македонија.

[36] Административно- територијалните промена во Кичевско-Вродскиот регион во период 1944-2006 г., магистерски труд на Лимко Бејзароски, 2012, УКИМ, Скопје, стр.59

се вратаат во Македонија и да започнаат со четување. Поречани се поделиле во неколку групи, за неколку месеци се вратиле во својот роден крај и ја започнале својата акција. Мицко веднаш решил да се одмазди и во заседа го ликвидирал Џемаил Ага. Осветата и песната која го опеала тој настан почнала да создава легенда од Мицко: „*Седнал ми Џемо, слободен Џемо, под таа круша водница, на таа нива орница, во лева рака килибар во десна рака мартинка. Мајка му вели, говори: Не седи синко слободен, каури глава кренале, Мицко војвода излегол*“[37]

Малку подоцна доаѓа до Демихисарскиот заговор и до кординирана акција на четите за ликвидирањето на разните муслимански зулумџии. Во оваа акција Мицко веднаш се приклучил и влегол во четата на војводата Ристо Костадинов. Борбите биле чести и немилосрдни, а едно утро во турска заседа загинал војводата Ристо и Мицко ја презел неговата чета и пушка ишарана со сребро и седеф. Меѓутоа заговорот наскоро бил уништен, во есента 1881 година Мицко ја распуштил својата чета и ги испратил своите луѓе по дома, а самиот одбил да се предаде на османлиските власти. Мицко се засолнил во една длабока пештера во близината на селото Белица недалеку од Кичево. На дното од пештерата Мицко поминал неколку месеци, а селаните преку јаже му симнувале храна. Меѓутоа во јануари 1882 година тој бил откриен од Турците кои побарале од него да се предаде. Откако тој одбил тие собрале гранки и слама која ја запалиле по што Мицко се предал откако му било ветено дека нема да биде убиен. Потоа бил спроведен во Битола каде бил осуден на 101 година затвор. Најпрво лежел во Солун, а подоцна бил преместен во Битола каде се сретнал со својот стар пријател Симјан Ристевски. Мицко најпрво својата казна ја издржувал во солунскиот затвор, а потоа бил преместен во битолскиот вилаетски затвор. Во меѓувреме во Македонија доаѓа до засилување на странските пропаганди кои започнале меѓусебен натпревар за што поголем број на приврзаници со што започнале да го зголемуваат антагонизмот меѓу населението во Македонија и да го делат населението на бугараши и србомани. Од ова не биле поштедени ниту затворениците коі почнале да се делат меѓу себе, а Мицко подпаднал под влијание на српската пропаганда. Во затворот учителот од Крапа, Спиро Јовчевски (иќ), го научил Мицко да чита и пишува на српски јазик, а Мицко од своја страна започнал да му пишува

[37] Административно…, стр.60

писма на српскиот конзул Милојко Веселиновиќ. Во нив му пишувал за својот живот не спомнувајќи ги воените подвизи и ајдутувањето. Во меѓувреме во самиот затвор дошло до расправија и борба помеѓу србоманите и бугарашите во која Мицко четири пати бил прободен со нож од Јордан Гавазов, Стојан Лазов и Дончо Штипјанчето, а неговиот пријател Симјан кој сакал да му помогне бил прободен во срце и на место починал. Во 1897 година во врска со Грчко-турската војна, Бугарската власт од Софија, успеала да издејствува политичка амнестија за сите политички бугарски (македонски - егзархисти) затвореници. Сите затворени христијани сакале да ја искористат оваа амнестија и затоа почнале да се изјаснуват како Бугари, меѓутоа кога Мицко бил изнесен од занданата и турскиот стражар извикал: Мицко Крстев, бугар-милет, сакајќи да му ги симне синџирите, Мицко одговорил: "Јас не сум Мицко Крстев, ниту сум бугар – милет не сакам да бидам слободен". Потоа излегол од редот и се вратил во ќелијата.

Во 1901 година во битолскиот затвор се нашол и Дамјан Груев поради Поп Ставревата провала. Во затворот Мицко и Груев станале пријатели, а од своја страна Даме Груев направил обид за придобивање на Мицко на страната на ТМОРО. Оваа агитација завршила со ветување на Мицко дека ќе се приклони кон Организацијата но тој бил премислен од страна на српските конзули и учители. Мицко бил ослободен во 1901 година со интервенција на српскиот конзул Чедомир Чеде Мијатовиќ, кој во Цариград цврсто се зазел за него. После 20 години на заточеништво, Мицко бил на слобода, меѓутоа му било ограничено движењето, не смеел да ја напушта Битола и морал секоја вечер да се пријавува кај властите. Мицко од 1901 година до 1904 година живеел во Битола и бил издржуван од српскиот конзулат. Во Самоков се собрале српски свештеници, учители и претставници на србоманските села, по договорот кој бил склучен двајца селани однеле писмо на српскиот конзул Станојевиќ во Битола, барајќи од него оружје, пари и тајно испраќање на Мицко како нивни водач. Конзулот ги одбил, не сакал да слушне ниту за четите ниту за оружјето. Но, на излегување од конзулатот тие биле пресретнати од конзуларниот службеник Саватие Милошевиќ (подоцна српски четнички војвода), тој им дал 60 наполеона и им ветил дека ќе го организира бегството на Мицко. На 18 април Мицко ја напуштил Битола и преку Прилеп заминал за Поречието. Сето бегство било организирано од страна на Саватие кој и ветил дека тоа ќе го стори. На раскрсницата на крушевскиот и прилепскиот пат, Мицко бил пречекан од Вељо Шоповски кој го однел во

селото Крапа и го сместил во куќата на српскиот учител Дукиќ. Таму Мицко го соблекол оделото и облекол бела поречка народна носија. Неколку дена подоцна му се придружиле 6 четници со што била создадена првата вооружена српска четничка чета на територијата на Македонија, а Мицко се ставил во служба на српската пропаганда. Мицко како искусен војвода во почетокот избегнувал поголеми судири бидејќи од една страна српската вооружена пропаганда во Македонија била во својот зародиж, а од друга страна тука биле четите на ТМОРО од кој можел да настрада. Четата на Мицко веднаш била забележана од ТМОРО и таа побарала образложение од страна на Белград. Српските владејачки кругови сметале дека во тој момент е најдобро да се избегне судирот со Организација и затоа преку Георги Герџиковиќ била организирана средба помеѓу Ѓорѓи Сугарев[38] и Мицко. Истовремено му била пренесена од Белград наредбата на Мицко дека тој треба да се покори на Организација или да ја распушти четата. Меѓутоа по оваа средба Мицко ја засилил својата дејност и неговата чета нараснала на 30 души. Нетрпениeто кое постоело постепено се претворило во отворен судир со што започнала борбата за Порече. Во август 1904 година војводата Ѓорѓи Сугарев почнал да го гони Мицко и неговата просрпска чета, а српскиот одбор од Битола му препорачал на Мицко да внимава и му биле испратени дополнителни нови луѓе. ТМОРО пак од своја страна подготвил план за опколување на Мицко, а како засилување бил испратен војводата Петар Ацев[39] кој во селото Долно

[38] Ѓорѓи Сугарев (Битола, 1879 – с. Паралово, Мариовско, 23.3.1906, ст. Стил) македонски револуционер, се школувал во Битола и Солун. Учителувал во Битолските села Радобор, Стрежево, Дедебелци и во Кичевското село Ехловец, а потоа и во Битола. Од 1901 година бил член, а потоа и секретар и војвода на Битолскиот окружен комитет. Учествувал како делегат на Смилевскиот конгрес на ТМОРО (мај 1903) каде што бил избран за горски началник на пелистерскиот реон. Учествувал активно во Илинденското востание и на Прилепскиот подвижен конгрес (јуни 1904). Тој зема учество и о походот против големосрпските кралски чети во Поречието и Азот, кои што дошле по силата на еден договор за сфери на влијание помеѓу Софија и Белград. Убиен е од властите во 1906 година. (***Македонски возрожденци и револуционери*, Скопје 1950, стр. 45; *Енциклопедија ВМРО 1893-1934*, ред. Никола Жежов, Мирјана Нинчовска, Теон Џинго, Матица Македонска, Скопје 2015, стр. 291).**

[39] Петар Ацев (П. А. Симоновски) (7.06.1877, с. Ореовец, Прилепско – 20.04.1939, Пловдив), бил македонски револуционер, член и војвода на МРО. Завршил VI клас во Софија. Од 1897 до 1901 година бил учител во Прилеп, Крушево и други места. Заедно со браќата Мирче и Ѓорѓи Ацеви се вклучува во револуционерната дејност на МРО. Во 1901 година негов четник е Крсто Гермов, подоцна познат како *Шаќир војвода.* На

Дивјаци ги здружил своите сили со Ѓорѓи Сугарев. Меѓутоа, кај Црешнево - Белица, Мицко му поставил заседа на Сугарев во која тој успеал да се извлече без загуби по што го возвратил ударот, а според признанието на еден четник во Мицковата чета имало 7 души ранети и еден загинат. Мицко успеал да се извлече од селото Белица и преминал на левата страна на Треска по што бил проследуван од четата на ТМОРО на чело со Сугарев. Оваа чета престојувала во селото Слатино, а набргу таму се нашол и Даме Груев[40], Јордан Пиперка и Ѓурчин Наумов од с. Сланско, кој дошол во Бродскиот регион да се спротивстави на српските четнички движења низ поречкиот крај бидејќи биле доста присутни, неговиот пад во заседа, ранет во с. Слатина во престрелки со оружени сили на власта, биле информирани од Мицко Крстевски за престојот на војводите во с. Локвица а потоа во с. Слатино. Во престрелките Даме Груев се здобил со повреди во пределот на ногата, не бил во можност да се движи, бил принуден да се смести во најблиската куќа за да се заштити од понатамошни влошувања. Кога разбрал Мицко – војвода за настаните се заинтересирал за Даме Груев и после кратките преговори со Даме Груев се одлучил да му помогни, да го лекува и да го заштити од евентуални понатамошни непријатности што можат да настанат, за ваквата одлука на Мицко, придонесол и фактот што пред извесен период биле двајцата во затворот во Битола, од каде и се познавале. Од тие и други причини Мицко – војвода презел акција да го заштити Даме Груев, да го лекува и да го пренесе на безбедно место за Даме. Сето тоа траело еден месец а лекувањето се одвивало кај пештерата Петрова Река во Зркле. Лекувањето го превзел познатиот учител Славе Врчакоски од с. Зркле познат како **„Еким Славе“.** Во текот на овие престрелки во с.

---

почетокот на 1902 година станува нелегален, а од мај бил околиски војвода за Прилепско. Учествувал на Смилевскиот конгрес и бил против одлуката за кревање востание. Учествува во Илинеденското востание и ја продолжува борбата и по востанието. Учествува во битката кај Ножот во 1907 година. По Младотурската револуција излегол од илегала и се населил во Прилеп. Две години подоцна е уапсен и 15 месеци е носен низ разни затвори (во Битола, Солун, Цариград и Родос). Бил ослободен во средината на 1911 година по што се населил во Пловдив, Бугарија. Бил доброволец во Балканските и Првата светска војна. Петар Ацев учествувал во Привременото претставништво на поранешната ВМРО, а подоцна е член на Илинденската организација. Ранет е во текот на Горноџумајските пресметки во септември 1924 година. (Б. Й. Николов, *Вътрешна македоно- одринска революционна организация. Войводи и ръководители (1893-1934)*. ..., 14).

[40] Административно…, стр.63

Слатино убиен е легендарниот војвода од с. Сланско - Бродскиот регион Ѓурчин Наумов додека Јордан Пиперка со тешки загуби се извлекол од тешката стапица на која наседнале.

Ваквите појави на Бродскиот регион предизвикувале миграциони движења и народот поради настанатите немири се одлучувал на миграгивни процеси со појавата на иселувањето во внатрешноста на земјата и надворешно мигрирање со иселување надвор од границите на Македонија.

## 1.4. Османската држава во втората половина на XIX

Кризите и слабостите кои дошле до израз во Османлиската држава во 19 век произлегуваат од застарениот, несоодветен и нефункционален систем на владеење, феудалната анархија, појава на масовни злоупотреби на власта, застарените и нарушени односи, корумпираност, економска заостанатост и нараснат стремеж на младите балкански држави за проширување врз териториите под Османлиската држава. Државата била свесна за ваквата неповолна состојба во која се наоѓала, во време кога многу нејзини непријатели се подготвувале за освојувачки војни, така што, според своите можности, превземала мерки за ублажување, смирување и решавање на нараснатите антагонизми и нетрпеливости кои можеле да се видат насекаде, во секој сегмент од општествениот живот. Во текот на 19 век, Османлиската власт, се обидела да направи одделни реформи во државата преку носење на неколку реформски закони, како што се: Ѓулхански Хатишериф од 1839 г, Хати– хумајун- 1856 г, Уставот, реформите по Берлинскиот конгрес (1878) - 1895-1896, и најновата Ирада за реформи од 1893 г.[41]

Најновиот законски акт „*Ирада*" бил донесен со цел да го олесни животот на не - муслиманскиот дел од населението чија положба била особено тешка. Од овие и вакви реформи најзасегната и незадоволна страна биле Муслиманите, заради стеснување на нивните права и привилегии кој ги користеле во империјата. Но, без разлика на таквиот однос, Портата поради околностите во кој се наоѓала - од притисокот на големите сили и стремежот на етничките и национални елементи на балканските простори за автономија, се обидувала на ваков начин да ги пресретне и спречи многу немили настани кој ги очекувала. Христијанското население на Балканот, гледало со недоверба на реформите и сметало дека Портата нема намера да изврши сериозни и коренити реформи во

[41] *Историја на македонскиот народ*, ИНИ, Скопје, 2008, 165 - 167

општеството да го задоволи не -муслиманскиот свет, дека обидите се само обична фарса. Главната причина за таквиот став лежел во тоа што во османлиското општество „Коранот“ бил извор на правото и на останатите правни акти, што во таа империја бил воспоставен милет - системот. Незадоволството од реформите произлегувало и од фактот што согласно одлуките на Берлинскиот конгрес во 1878 г. во чл.23, со особено незадоволство гледале српските, грчките и бугарските елементи на Балканот кои започнале со засилени пропаганди за нејзиното присвојување. Реформите биле носени во време кога од балканските народи биле признати Грците, Бугарите, Евреите, Власите и Србите, додека Албанците и Македонците биле во напредна фаза од нивното етничко и државно признавање. Србите превземале сериозни обиди да наметнат влијание за нивно признавање како посебен народ, додека Македонците веќе се организирале низ револуционерна борба да се претстават и легитимират пред власта и пред поширокata меѓународна јавност дека се посебен етнички елемент и дека не може никој да ги третират како Бугари, Срби или Грци. Настан од поголемо значење во тој период е **Илинденското востание** (2 август 1903) во Крушево и други делови од Битолскиот револуционерен округ и пошироко во Македонија, во време кога народите на Балканот биле толку многу етнички спротивставени до степен на меѓусебно истребување[42]. Покрај таквите етнички разлики се јавува и верски антагонизам, поделба, нетрпеливост и спротивставување по верска линија на: „муслимани и не - муслимани“. Муслиманите се обидувале да ја задржат својата положба и овластувања, додека христијаните се борат за целосна слобода и независност од османската власт и општество. Во рамките на етногеографска Македонија, биле присутни црковно - просветните пропаганди, најпрво грчката, а потоа станува особено силна бугарската која преку Егзархијата настапувала организирано докажувајќи дека христијанското население во османлиска Македонија е бугарско[43]. При крајот на 19 век корени во Македонија фатила и српската пропаганда, која

[42] Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, Љубен Лапе, Скопје 1954 ст. 43

[43] Исто стр.44. Димитар Ризов е македонец, роден од Битола, журналист, политичар и бугарски дипломат кој умрел во Рим 1917. Единствен македонец кој бил учесник на Букурешкиот конгрес 10 Август 1913.г а паролата „Македонија на Македонците“ прв пат е спомнал англиски државник Гладстон во 80-тите години на XIX век.

особено дејствувала во Кичевско - Бродскиот регион. Некаде од 1892-93 година со српската пропаганда биле опфатени околу 36 села во Кичевско и Поречието. Македонија станала поле на конкурентската борба на балканските пропаганди[44], при што жртва бил македонскиот народ кој доживувал разделување на неговото единствено етничко ткиво. Слабоста и кризите во империјата се манифестирале во посилно изразената корумпираност во чиновништвото, намалена сигурност и незаштитено достоинство на не-муслиманскиот дел од населението. Ваквите состојби кои биле следени од дипломатите на европските сили, довеле до познатиот закон „Ираде" кој регулирал многу прашања во општеството. Како прва и важна позиција предвидена со овој закон е тоа што во жандармеријата и Идаре - меџлисот се внесува етничка и верска еднаквост и застапеност на муслиманите и не-муслиманите така што односот бил 3- христијани, 3- муслимани.

### 1.5. Кичевската каза на почетокот на XX век

Последната декада од османлиското владеење била карактеристична со голем број на злоупотреби и слабости од страна на власта, што значително допринело за хаосот да биде поголем во текот на повлекувањето на османската армија. Според извештаите на српските конзули од Битола, од 1903 година, надлежни за просторот кој е предмет на наше истражување, можеме да констатираме големи злоупотреби на власта и на повластените муслимански првенци од регионот на Македонски Брод, Пласница и Кичевско во однос на немуслиманското христијанско население. Таков е случајот со Хасан бег од Текија – ( Брод), кој со помош на кајмакамот од Кичево ги принудил селаните да се откажат од откупот на спахилакот во Брод, на корумптивен начин го откупил сам за 40 турски лири што било далеку под реалната вредност. Друг случај е кога граѓаните од Поречието со дозвола на султанот добиле оружје заради лична безбедност и заштита на имотот од нараснатиот број на зулумќари кои беснееле по Поречкиот простор, надојдени банди, по предходно регулиран начин на користење и употреба од страна на османлиската власт, но корумпираните власти на своја рака одлучувале кому да се земе оружјето кому не. Ибрахим Алша (Чучук) од с. Пласница во 1902 бил пољак во с. Дворци, за жена ја зел некоја Ѓенка Мицкоска од родот Трпчевци и овај род од страв се иселил во Прилеп, а се

[44] Извештаи од 1903 година на српските консули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, Љубен Лапе, Скопје 1954 ст. 43

вратиле во 1910 г[45]. Браим Чучук во подоцнежниот период при промена на власта бил принуден да се исели во с. Лажани- Прилепско, а покасно во 50-те години на 20 век, ова семејство се иселува во Р. Турција. Ваквите примери предизвикале меѓунационални и пред се меѓурелигиски потреси и недоверба во овие мешани средини. Во првите години на 20 век, злоупотребите зачестиле, нараснал криминалот, упадите, кражбите и зулумите од ден на ден се зголемувале. Притоа, власта почнала посилно да попушта, правдата и правичноста се движеле кон тотална капитулација, чесниот и мирен народ во Македонија станувал жртва на насилството предизвикано од силеџии и насилници. Обичниот граѓанин станувал предмет на злоупотреба на бандите кој земале се покрупно место во општеството, прогонот доаѓал од многу страни, сите страни правеле свои калкулации и списоци, пропагандата на соседните држави станувала се пожестока и побезмилосна. Тој што за едни бил патриот за други бил предавник. Српската државна и црковна власт постојано преку свои јатаци ја следела ситуацијата и водела списоци за секакви државно-политички потреби. На теренот, исто така, постоеле и неколку оружани групи, односно комитски чети на Македонската револуционерна организација (МРО), и тоа: Ѓурчин Наумов од с. Сланско со група од 15-20 комити, Петар Ацев со чета од 15-30 комити, Јордан Пиперката од Кичевскиот крај и четата на поп Тома Николов. Овие чети и други групи крстареле борејќи се за слободна Македонија. Тие го повикувале христијанското население односно народот да се наоружа и да нема поделба по етничка и национална основа, туку сите да се борат против султанската апсолутистичка власт и против туѓите пропаганди. Од другата страна, постоела и соработка на муслиманско население со српската дипломатска и политичка пропаганда. Како пример на човек заслужен за српството од редот на муслиманските прваци се спомнува името на Мустафа Ибишевиќ од Кичево[46], митрополитски писар, кој во исто време важел како писар на школската управа за официјални работи кај власта. Тој до 1903 година бил и званични учител на турски јазик во српска школа, во време кога во Кичево, кајмакам е подмитливиот и корумпиран Ирфан-беј Сережанин. Немирите во Кичевската каза постојано се зголемувале, се јавувале нови групи со четници и комити, при што станувале побројни

---

[45] Јован Ф. Трифуноски, *Кичевска Котлина сеоска насеља и становништво*, 116

[46] Извештаи од 1903 година на српските консули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, Љубен Лапе, Скопје 1954 ст. 287

нападите врз лица од турската власт. Така бил нападнат и ранет Хасан бег – текијски баба, нападнати се селата Солп и Зајас каде навлегле и отвориле оган комитите. Биле убиени повеќе Албанци меѓу кои е убиен Сафер Усаф од Зајас, додека, пак, албанските групи го нападнале селото Карбуница и го вознемириле населението[47]. Биле нападнати и селата Другово, Ижишта, Требино (15 куќи) и с. Пласница со (150 куќи). Населението со жени и деца се разбегало.

**1.6. Муслиманските заедници во илинденскиот период**

Настаните што се одвивале во тој период допринеле кон радикализација на состојбите, македонскиот народ и неговите поддржувачи биле до крај решени да расчистат со сите елементи кој го прават животот неподнослив. Најорганизиран и многу силен фактор во тој период е организацијата ТМОРО. Во тоа време таа го одржала познатиот Смилевски конгрес 2-7. 05.1903 во Смилево, Демир Хисарско. На конгресот, после долги и мачни спротивставени страни, погледи и ставови за и против кревање на востание, сепак се одлучило на 02.08.1903 да се крене општо востание во Битолскиот револуционерен округ. Делегатите по нивното разидување, веднаш пристапиле кон подготовки за востанието и во своите реони засилено работеле да ја активират организацијата. Во Поречкиот крај постоеле големи тешкотии за организацијата, заради длабоко навлезената српска пропаганда на тој македонски простор. Во овој регион, за засилување на револуционерно- ослободителната идеја на македонскиот народ, обврска и товар превзеле соседните реони на ТМОРО од Кичевско. Според планот за подигање на Илинденското востание, востаничките акции во Кичевскиот револуционерен реон требало да се изразат во една акциона борбена демонстрација. Во Бродскиот реон веќе бил формиран комитет во куќата на Димо Грозданоски од с. Горно Крушје, кој соработувал со Даме Груев. Во текот на организирањето за кревање на Илинденско востание комитетот добил посебна директива и план за внесување во организацијата на истакнати и авторитетни лица од муслиманската вероисповест. Таков е случајот со внесување на Асан- бег од Брод во организацијата, бидејќи тој имал голем авторитет во управата на власта и во полицијата во Брод и Кичево. Поради тоа комитетот го свикал Асан– бег на состанок во куќата на Божин Танески. На состанокот за обезбедување бегот поставил два

---

[47] Исто стр. 316

стражари. На бегот му е поставена задача да ги снабди четниците на војводата од с. Сланско - Ѓурчин Наумов - со алишта и оружје. Тој се согласил такви да купи за пет четници и во секое време кога ќе има потреба да излегува во пресрет со храна и со оружје и да ги известува за намерите на турската власт, кога ќе одат во потера на овој терен. Реката Треска зимно време го отежнува преминот од едната и другата страна и движењето на четите и организацијата. На Треска имало еден мост во Брод, кој постојано го вардела турска стража. Преминот преку него за вооружените чети бил невозможен. Асан - бег за да го подобри преминувањето и движењето од едно во друго село на Треска направил дрвен мост кај „*Долна бавча*“, со изговор дека му е потребен за работа и премин на населението за работа. Ова е пример за соработка на МРО со Турците[48]. Друг пример на соработка и давање поддршка од страна на муслимани е во време кога е објавена „Прокламацијата“ од штабот на крушевските востаници за кревање на востание во Крушевско („Крушевскиот манифест“). Тогаш со видни симпатии е поздравена прокламацијата од страна на муслиманското население од блиското опкружување на Крушево како што е примерот со напредниот турчин Сулејман кој наполно се солидаризира со борбата на востаниците и им пишува: *„Целта ви е велика и борбата смислена.... напред*!“. Во вооружување на востаниците против власта помагале: Евреи од Солун, Ерменци, Албанци и Турци. По специјален канал се пренесувале пушките од Грција, друг канал од Костурско, мартинки се пренесувале преку организационите работници-Турците: Мето, Мале и Умер Исмаил од селото Норово- Крушевско и работниците на организацијата- Турци (Албанци) од селото Зајас- Кичевско. Специјално за вооружувањето на крушевските востаници помагал турчинот Исмаил- ефенди, кој заедно со другите работници пренесувал фишеци, куршуми и барут. Сејфедин од селото Каљари, Суљо од с. Паљора и други го олеснувале наоружувањето на македонското население, матнишките Турци работеле со поројскиот војвода Михаил Чаков, Умер-ага и неговиот син Али Чауш доставувал оружје[49]. Јордан Пиперка соработувал со видни личности од месните Турци, таков бил случајот со Усеин од Мургашево преку кого Јордан

[48] Ристески. Милан, *Порече низ историјата*,54

[49] Велиу. Илми,*Учество на албанците и власите во Илинденското востание*, Скопје 2011, 50.

обезбедувал муниција од Битола подоцна оваа соработка се проширила, Усеин му давал и жито на населението од тој крај без наплата[50].

### 1.7. Балканските војни и воспоставувањето на српска власт

Во текот на османлиското владеење Кичевско – Бродскиот регион во административно и територијална поделба припаѓал во Битолска област, а главен административен, трговски, политички и културен центар бил градот Битола. Во јули 1908 г. градот бил центар на настан од суштински историска важност - Младотурската револуција. Офицерите на османлиската армија стационирани во градот, свесни за неизбежниот крај сонувале за трансформирање на државата во модерна земја од западен тип и барале либерални и уставни реформи. Меѓу останатите барања е и обнова на Уставот од 1876. Султанот Абдул Хамид II бил принуден да попушти и организирал парламентарни избори на кои победиле младотурците која завршила со детронирање на султанот на 27 Април 1909 г[51]. Оваа револуција во последен момент добила голема поддршка ширум исцрпената империја, но сепак не ги зела предвид желбите и потребите на етничките малцинства, особено на тие од Балканот, така што репресивните мерки продолжиле. Бугарија прогласила независност во октомври 1908 г, Австро - Унгарија извршила анексија на Босна и Херцеговина, која сеуште била формално покраина на Отоманската Империја.[52] Со ваквата криза се предизвикале тензии на големите сили, особено меѓу Австро - Унгарија и Русија. Дипломатскиот пораз на Русија со анексијата на Австро - Унгарија, предизвикал стремеж за засилено проширување на своите интереси на Балканот. Поради тоа во 1909 г. Русија предлага сојуз на големите словенски држави Србија и Бугарија, кој се заокружува со формален договор во март 1912 г. кога двете земји ги соопштуваат своите намери за заштита на интегритетот и независноста, но, очите им биле вперени кон *„јаболкото на раздорот“*- Македонија. Србија осуетена во Босна и Херцеговина била сериозно заинтересирана за излез на море и проширување на своите територии освојувајќи во Косово, Македонија и Албанија. По заминување на Османската власт, со меѓусебен договор било зацртано Србија и Бугарија да ја поделат Македонија а

---

[50] Исто, 100

[51] Хаков, Ценгис, Историја на Турција во XX век, Меѓународен центар по проблемите на малцинствата и културните взаемни дејствија, Софија, 2000, стр. 37

[52] Петар Стојанов, „Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна“, Скопје, 1969, 39.

за спорните територии да посредува Русија.[53] По Српско - Бугарски договор, постигнат е договор помеѓу Бугарија и Грција а потоа се приклучила и Црна Гора која веќе имала несогласување со Отоманската Империја околу востанието во северна Албанија. На 8 Октомври 1912 г. Црногорскиот амбасадор во Истанбул, Пламенац, ја испратил следната информација до Портата: „ *Бидејќи Турција нема намера да ги задоволи желбите на Црна Гора и да ги регулира прашањата за кои се работи, Црна Гора се смета обврзана да дојде до правда преку силата на оружјето*“ и прогласил војна[54]. Така да на 17 Октомври во договор со сите останати Балкански држави воениот пожар почнал да се шири. Бугарската армија мобилизирала 30.000 македонско население во борбата со Османлиската војска, додека Србија ги мобилизирала економските емигранти од Азот и Порече ставајќи ги под команда на четничката организација, Грчката армија ги мобилизирала грчките власи, седум групи, следбеници на Јане Сандански се ставиле во служба на Бугарската војска со обезбедување мостови на река Струма. Ваквата силна мобилизација на Балканските сојузници довеле до потиснување на Османската војска према Солун, со што и Јане Сандански се наметнал како сојузник на Балканскиот сојуз, кој со свои зборови во една здравица изговорил: (*Пијам за успех на слободна и Автономна Македонија*)[55]. Како одговор на сите овие напади Отоманската Империја ги превзела сите неопходни мерки за спротивставување на пожарот, но слабоста на нејзината страна била тоа што целиот воен арсенал бил стациониран во Азија, па требало да се префрли на Балканот со бродови. Во превземените поморски дислокации на воениот арсенал биле спречени од Грчките воени флоти кој им нанеле тежок удар на Османските воени и поморски сили. Од тие причини тешко било да може Османската држава да добие засилување на воените сили во Македонија и Тракија.

До Ноември 1912 г. Османската држава била поразена во секој поглед. Бугарија стигнува до предградието на Истанбул, запирајќи кај Чаталџа и кај Дарданелите. Грчките сили преку Тесалија го заземаат Солун на 12-ти Ноември, само еден ден пред да стигнат

---

[53] Холм Зундхаусен, „*Историја Србије од 19. до 21. века*“ (превод од германски Томислав Бекиќ), Београд, 2009, 211.

[54] На истиот ден кога е објавена војна на Османската држава од страна на Црна Гора, 8 Октомври 1912 година, е ден кога престанува војната на Османската држава со Италија и почнува нова војна со Балканските држави.

[55]Vladan Jovanovic, *Jugoslovenska drzava i Juzna Srbija 1918-1929,* , INIS, Beograd, 2002, 26

Бугарските сили во Солун. Од север Српските сили ги зазеле Приштина, Призрен и цело Косово до 31- ви Октомври, вршејќи по пат грозоморен масакр врз домородното албанско, турско и друго муслиманско население. Потоа на 24 Октомври биле завземени Куманово, Скопје и Битола. Османлиските сили повлекувајќи се во безредие, ги истурале фрустрациите врз цивилното население, во Македонија и Тракија. Православното население им се одмаздувало на турските и муслиманските цивили каде и да ги сретне. Десетици илјади муслимани бегале во паника кон Истанбул, влетувајќи во бугарските офанзиви. Во опсада останале Скадар, Јанина и Едрене. На 3-ти Декември 1912 Османската држава побарала прекин на огнот и мировен договор, со предлог: ***Македонија да се организира како вазално кнежевство под султанов суверенитет (со протестански кнез од неутрална држава) и Албанија да добие статус на автономна облст.***[56] Но државниот удар во Османската држава на 03.01.1913 година, придонесе војната да продолжи уште четири месеци, десетици илјади луѓе загинале, многу заробени, на сите страни се одвивал невиден колеж. Така на Лондонскиот мировен договор на 20 Мај 1913 г. се постигнало конечно примирје од првата Балканска војна, на тој договор со концензус било решено да се создаде Албанска држава со државни граници. Резултатите од Лондонскиот мировен договор не значело и конечно решение за сите страни, напротив се створиле нови и поголеми апетити кој предизвикале организирање на нови сојузи од страна на Србија, Грција, со поддршка на Османската држава и Романија против се повеќе изолираната Бугарија. [57]. Од ваквото незадоволство била поттикната и покрената втора Балканска војна. Втората балканска војна била предизвикана од страна на Бугарија која извела напад на Србија, во која учество зеле и Грција, Романија и Османската држава која го искористила моментот и на 20-ти Јули 1913 г., успеала да си го поврати убавиот и многу значаен град Едрене. Оваа војна завршила со пораз на Бугарија на 10 Август 1913 г. во Букурешт. На овој договор Македонија во поголем дел е поделена помеѓу Србија и Грција и еден помал дел за Бугарија и Албанија. Балканските војни биле пречесто обележувани со неселективен колеж и уништување на имоти, луѓе и добра. Но оваа низа од аргументи колку и да е сама по себе разбирлива, имплицира целосна капитулација на принципите на моралната инфериорност помеѓу населението. Методите на Балканските

[56] Сретен Драшкић, *Европа и Албанско питање*, Београд, 2000, 223.

[57] Vladan Jovanovic, *Jugoslovenska drzava i Juzna Srbija 1918-1929*, 25

победници се карактеризира со крајно нехумани постапки и варварство врз локалното муслиманско и христијанско население[58].

### 1.8. Воспоставување на српска власт – 1912 година

По многуте настани кои се случиле со промената на самата власт но и промените на меѓународен план, конечно созреале условите, после долгото владеење на Османлиите да се повлечат од Балканските простори, а со тоа и од Кичевско - Бродскиот регион. Повлекувањето се одвивало од северниот правец према југот, во овој случај према Битола. Самото повлекување било следено со борбени активности помеѓу Османската армија и војските на Балканските држави членки на сојузот против портата како што биле: Србија, Бугарија, Грција, Црна Гора и Романија а во одредени места Албанските и Македонските оружени сили. Балканските држави занесени од идејата која повеќе да приграби од Македонија. Тоа според нив можело најлесно да се реализира со истерување на османската власт. Агитирајќи дека ветеното на македонскиот народ со Илинденското востание, сега ќе му биде дадено. Со таа цел тие пристапуваат кон повторно формирање на македонски чети.[59] Во Порече се формирани четите на: Михајло Јосифоски, на прота Крсте Ѓорѓиоски и на Дане од Крапа. Еве што пишува Михајло Јосифоски за ноформираните чети во Порече во своите спомени: Јас бев дома до февруари 1912 година. Кога видов дека турците ги убиваа војводите: Глигор Соколоски од Прилеп, Мицко Крстески од Порече (Латово), Наце од Ресен, Данета од Крапа го ранија, по една недела излегов во шумата. Во февруари собрав повторно чета од Поречко и Кичевско и за тоа бев наречен „*Горски војвода*“ на Поречко – Кичевскиот крај[60]. По најавата за повлекување на османската војска крајот на Октомври 1912 г., аскерот и мудурот од Самоков одма го напуштија теренот и избегаа према Кичево, од како добро се наоружавме со пушки и муниција од војската на Милан Недиќ, утрото го нападнавме Кичево, каде загинаа триесет и седум четници, во Челопеци паднаа четириесет мина, а во селото Гарани четниците многу настрадаа од арнаутите и затоа го запалив селото и убивме десет мина арнаути, го барав Асан бег од Теќе - Брод кој беше гувернер за Порече и Кичево, го најдов во

---

[58] Дестани. Бејтула и Елси. Роберт *Балканските војни:* Тирана, 2013,.17

[59] Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915)*, Београд, 2013, 115.

[60] Ристески. Милан, *Порече низ историјата*, .89

бавчите и таму го заклав - Кичево[61]. Голема борба се разви во с. Саждево и Кошино на османлиската војска и се придружија сите способни мажи од турските села, но и покрај тоа таа одстапи, при одстапување ги запали селата Брест и Крапа.

Според: Генадија Илиев - Лешко од с. Дреново, во својата книга „Мојот живот“ го опишува заминувањето на османлиите со следниве зборови: при одстапувањето аскерот не вршеше никакви зулуми. Оваа војска навистина беше изморена, цело време во борба со комити, со разни војски. По заминувањето на османлиите се растури глас дека се заминати и дека војски се водат на „Бакарно гумно“ се собраа селаните и се чудеа како наеднаш после толку долго владеење да заминат. На третиот ден по заминувањето на османлиите, во селото Сланско дојде војводата Арсо Јовев - Локвички со српски чети и еден српски официр. Испратија еден човек во соседното село Дреново, кое беше чисто албанско, да се предадат и да го предадат оружјето. Истиот ден од селото Дреново донесоа: 100 (сто) пушки, 25- пиштоли, муниција за истите. Тоа оружје се подели на селаните во селото така што секоја куќа доби по една пушка[62]. Во текот на Балканските војни војводата Арсо Локвички, заедно со Јосиф од Небрегово - Прилепско, со помош на Ѓоре Дошлак, во тоа време председател на општината, на кого пред неколку години му бил убиен таткому од Дреновчани во еден ден заклале 20 - души, со тоа Ѓоре се осветил за татко си[63]. Во реонот на Кичевско воените дејствија биле исто така крвави, се воделе тешки борби помеѓу османлиската војска и српските војски кои ја завземале територијата под своја власт.

Голем дел од муслиманското население ќе ги повлечат верските чувства и со повлекување на османлиските војски и власти од Македонија ќе ја напуштат земјата и ќе се населат на територијата на остатокот од Османлиската држава, каде што ќе се сретнат со нови премрежиња, ќе се обидат да создадат ново животно огниште, далеку од родните места. Со рушење на османлиската власт во Македонија со Балканските војни, кај муслиманите се дошло до сознание дека тоа значело крај на сите општествени привилегии за нив и дека дошол крај на османлиското општество за муслиманите, дека со тоа коренито се менувала нивната општествена и верска позиција во Македонија. Тоа било

[61] Ристески. Милан, Порече низ историјата 1982 г. стр.90

[62] Лешко. И. Генади, Мојот живот, Скопје 1970 г, стр. 30-31

[63] Лешко. И. Генади, Мојот живот, Скопје 1970 г, стр.23

многу трагично сватено, но за тоа придонесла и пропагандата на верските лица, од муслиманската религија, како и богатиот слој. Меѓутоа, ваквата состојба уште повеќе била засилена и од односот на војската, на четниците, и на другите вооружени лица, кои што настојувале да го искажат своето долго скривано незадоволство против османлиските власти, против одделни турци и други муслимани, односно за се она што православните го трпеле од нив во долгиот временски рок на нивното владеење. Појавите и изразите на реваншизам дошле до полн израз и довеле до грозни настани во текот на војните. Според некои податоци во Македонија постојат околу 400.000 муслимани кој во домашна употреба го користат македонскиот јазик.[64]. Настан од големо значење во овој турбулентен период е насилното преминување во православието на население кое примило ислам, од страна на бугарските воени, административни и црковни органи.

Процесост на насилна Бугаризација и Христијанизација на муслиманско население се вршело на следниот начин: имено биле собирани сред село и биле поделувани на групи, на секоја група било давано по едно православно име, и тоа од имиња кои што се наоѓале во номенклатурата на бугарската црква, или од бугарската историја. Потоа, еден свештеник од егзархиската црква, приоѓал кон секоја група на собраните муслимани и го извршувал чинот на покрстувањето. Со „Св. Водица“ и по каснувањето на едно парче свинско месо се вршел чинот на преминувањето во православието. „Светата“ водица го означувала крстувањето со православното име, додека парчето месо што секој морал да го изеде, значело откажување од муслиманската вера. На секој „покрстен“ му било давано по едно свидетелство во кое се содржело новото име и негова слика, по цена од 1-3 лири. Сите покрстени морале да го фрлат фесот од главите а жените да се движат откриени без никаква наметка. Овие дејствија најсилно изразени биле во Малешевијата, Пехчево и Берово. Имало и исклучоци на турци кој не сакале да преминат во христијанство, но тоа го плаќале по 2- турски златни лири. Имало случаеви на турци кој сами си го одземале животот кој не сакале да ја менат верата, така на пр. Четворица турци се обесиле во својата куќа во градот Берово. Ваквиот чин од страна на Меѓународната Карнигиева комисија било отценета како „срам за човечштвото“ а извршителите ги сметале за

---

[64] Тодороски, Глигор. *Демографските процеси и промени во Македонија од почеток на првата Балкалнска војна до осамостојувањето на Македонија: со посебен осврт врз исламизираните Македонци.* ИНИ, 2001, 15

пијаници и злосторници[65]. Бугарската јавност била згрозена од жестокостите што биле вршени по повод покрстувањето на муслиманите, што ги преземале окружните управители, околиските началници и свештениците. Имало случај кога еден турски резервен официр на османлиската армија кој самиот се пријавил на бугарските власти и побарал да биде покрстен во православието, меѓутоа разочаран од постапките на бугарските власти тој бил убиен заедно со неговите деца од своите соседи[66]. Балканската војна некои ја третирале како војна против полумесецот за ослободување на крстот.

Етничкиот и верскиот елемент бил многу значен во процесите и бил важен елемент што допринесувал за миграртивни движења. Според Глигор Тодороски во 1912. Кичево има 7.000 жители, од нив 4.500 или 2/3 биле муслиманско население, 1/3 христијанско. Територијата на која за време на Првата балканска војна била воспоставена српска власт во април 1913 година била поделена на шест окрузи.[67] Ваквата административна поделба била во сила кратко време бидејќи Втората балканска војна, и настаните по неа диктирале нова политичка и територијална реалност. До поголеми промени во административната поделба на Македонија дошло есента 1913 година. Со предлогот за привремена административна поделба од 28 октомври 1912 година бил формиран Тетовскиот округ, во чии граници биле формирани Тетовската, Гостиварската, Поречката околија со седиште во Брод и Горнополошката околија со седиште во Кичево. Српските власти направиле превид со тоа што делови од поранешната Кичевска каза

[65] *Поранешните балкански војни (1912 – 1913), Извештај на Карнигиевата балканска комисија,* Скопје, 2000.16-17

[66] *Исто*, 17-18

[67] Територијата на Македонија под српска власт во април 1913 година, административно била поделена на шест окрузи: Тетовски, Скопски, Кумановски, Кавадарски, Дебарски и Битолски. Тетовскиот округ бил поделен во четири околии: Бродска, Гостиварска, Горнополошка и Долнополошка. Властите сосема погрешно Кичевската околија ја именувале како Горнополошка. Скопскиот округ бил поделен на три околии: Скопска, Велешка и Качаничка. Кумановскиот округ бил поделен на пет околии: Кумановска, Прешевска, Кратовска, Кривопаланечка и Светиниколска. Кавадарскиот округ бил поделен на три околии: Неготинска, Гевгелиска и Валандовска. Дебарскиот округ исто така бил поделен на три околии: Горнодебарска, Долнодебарска и Реканска. Битолскиот округ бил најголем во однос на останатите окрузи и бил поделен на шест околии. Битолска, Леринска, Охридска, Преспанска, Прилепска и Крушевска. (*Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914,* Избор, редакција и коментар д-р Глигор Тодоровски, Скопје, 1979, 9 – 10).

административно ги нарекле Горнополошка околија, што не соодветствува со географската поставеност. Поделбата на окрузите и околиите во неколку наврати се менувала. На почетокот на декември 1913 година Горнополошката околија со седиште во Кичево била одделена од Тетовскиот округ и припоена кон Битолскиот округ. При новата административна поделба исправена е грешката, така што називот Горнополошка околија (срез) е даден на дотогашната Гостиварска околија.[68]

На почетокот на 1913 година Врховната команда на српската војска издала наредба за попис на населението во областите во кои воспоставила власт во текот на Првата балканска војна. Полициските власти во текот на февруари и март го извршиле попишувањето на населението. Податоците добиени од пописот се особено значајни за историско демографските проучувања заради можноста за нивна споредба со демографските податоци од пред балканските војни.

Податоците добиени од пописот во 1913 година, од властите понекогаш биле погрешно интерпретирани. Така во извештајот на Тетовскиот округ од април 1913 година (по завршувањето на пописот) се наведува дека во Горнополошката околија, односно Кичевската околија (која по грешка при првата територијална поделба е наречена Горнополошка) живееле 6.978 Турци, а во соседната Бродската околија 2.747 Турци.[69] Несомнено муслиманското население во градот Кичево и неколку околни села, а веројатно и помал дел од албанското население од околината на Кичево, како и муслиманите во Бродската (Поречката) околија во извештајот биле означени како Турци. Вакви и слични примери има во другите околии. Во пописот во 1921 година ваквите статистички *превиди* значително ќе бидат намалени.

### 1.9. Притисоците врз населението за време на балканските војни како причини за иселување

Српската држава, откако ја превзела власта пристапила според рецептот кој веќе бил подготвен уште пред да завладеат со македонскиот простор, нивната пропаганда од порано е подготвувана, таа се реализирала преку: формираните четнички движења, црковно - просветните лица и преку дипломатските конзуларни власти во Македонија.

---

[68] *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914*, 54-55; Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915)*, 109

[69] *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914,* 110 – 111.

Српската пропаганда имала свои јатаци, поддржувачи и соработници од разни етнички популации: Албанци, Турци, Македонци, Власи, Грци, Бугари, Евреи и др. За случувањата, настаните и однесувањето на српската власт пишувано е во поголем број литература, постојат документи од Карнигиевата комисија, но во овој случај ќе се послужиме со архивската граѓа на Англиското Конзуларно Представништво во Битола, во извештаите на вицеконзулот евидентиран во архивската дипломатска граѓа. Како сведок во тоа време на настаните при промена на власта со повлекување на османлиската и воспоставување на српска власт на просторот на Македонија. Во извештаите посветени за Конзуларната област на Битола и неговата околија, според еден документ од 8-ми Јануари 1913 во еден цитат стои: во Битола има вкупно 80- бегалски фамилии[70], тие се од Соп, населба во Кичево, од разговорот со муслиманските бегалци се добило информација: се бара од муслиман да потпише дека му должи извесна сума на пари, откако ќе го потпише таквото признание, тогаш тој е гонет се додека не ги плати парите.[71] Или пак муслиманот го потсетувааат дека неговиот дедо должел извесна сума на пари и под закана се бара сега тој да му го врати долгот на некој од наследниците на наводниот оригинален христијански позајмувач[72]. Во многу случаеви на нечовечно однесување, жртви биле и македонско - егзархиско население, исто така и тие се жалат дека биле прогонувани на ситничав начин доколку одат во бугарска црква со поплака дека се лишени од нивното место за богослужба. Од ваквите постапки и однесувања Петар Чаулев налутено се повлекол од српската позиција- командант на жандармеријата во Охрид и сакал со 400 комити да замине за Чаталча (Турција ), но од српските власти нему е дозволено да одат со него и комитите. Друг случај: Протеран е егзархискиот домар и станар во манастирот во Кичево и заземен од српските црковни власти, има насилно завземање и затворање на егзархиски цркви, протерување на егзархиски свештеници, насилно потчинување на егзархиско население под српска хиерархија, потиснување на бугарскиот (македонскиот) јазик, општ прогон и злоупотреби, насилно казнување, камшикување и барање поткуп,

[70] Дестани. Бејтула и Елси. Роберт , *Балканските војни,* .98

[71] *Поранешните балкански војни (1912 – 1913), Извештај на Карнигиевата балканска комисија,* 186.

[72] Дестани. Бејтула и Елси. Роберт , *Балканските војни,*.118

брутално спроведено пребарување за скриено оружје, апсење, бил уапсен и Јаки Чаулев татко на Петар Чаулев[73].

Во Кичевско забележани и евидентирани злоупотреби на српските четнички комити, врз мирното и недолжно македонско население со следните злодела[74]:

Во Мраморец околу 12-ти Август: следните жени биле злоставувани од српска банда на чело со водач по име Мирковиќ: Цвета Цветанова, Криста Спасова (злоставувана од 7 војници или комити во присуство на нејзиниот сопруг, кој бил врзан), Грозда Петрова, Параскева Тренкова, Вељана Гаврилова, Христејца Гаврилова (која е тешко повредена). Во с. Белица: српски комити до смрт претепале еден свештеник по име Борис и селанец по име Јованче, злоставувале жени. Во с. Сливово: српската чета на Мирковиќ ја уништила куќата на Дутче Белчев и Наум Пsecurvezov. Неколку мажи се измачувани и тепани[75]. Во с. Горно Дивјаци: Ѓорче Чакере претепан и сериозно повреден затоа што неговиот син дезертирал од српската жандармерија. Во с. Слоештица: поранешен бугарски војвода Бале и Даниел се убиени од српската банда. Сиљан Иванов со бајонет е ранет во главата по рацете и стапалата, седум селани се тешко претепани, во с. Жван: селскиот кмет измачуван и влечен по улица со јаже на вратот. с. Брешани: претепани мажи и жени, злоставувани жени. Во с. Радово: Никола Тајков, Јован Богданов и Крсте Здравов претепани со многу повреди, грабање и обесчестување жени, во с. Цер Костадин Сорамов е убиен со бајонети од српската банда, Наум Беличков претепан до смрт, многумина други се повредени[76]. Муслиманите како и сите други заедници, секојдневно стануваат се понезадоволни од српската управа. Селаните огорчено се поплакуваат на општинските работници кои бараат даноци без оглед на безнадежната сиромаштија во која ги втурна војната, во многу од муслиманските села нема останато ниту една куќа со покрив, а целата стока е украдена или одземена. Многу истакнати луѓе од муслиманската заедница велат дека ги откриле трагите од нивната украдена стока - обично во соседните христијански села. Но кога им се обратиле на властите за да им ги врати, наоружени со сите неопходни докази тие со сета сериозност им одговориле дека не можат да им ја

[73] *исто*164

[74] *Исто*, .221

[75] *Поранешните балкански војни (1912 – 1913), Извештај на Карнигиевата балкан. Комис, 184* -186.

[76] Дестани. Бејтула и Елси. Роберт , *Балканските војни*,.222

вратат стоката се додека не платат за крмата што животните ја има изедено откако биле украдени[77]. Изворот информира: Во Кичевско - Крушевскиот регион, деветнаесет од триесет и шест села, населени целосно или делумно се муслимани, се верува дека биле ограбени, целосно или делумно уништени за време на неодамнешните случувања, во многу случаи со нечовечки масакри врз мажи, жени и деца од страна на официјално организирани банди од српски комити[78]. Од уништените куќи се смета дека има од 3.000 – 4.000 преживеани луѓе. Некои од нив побегнале во Кичево, додека за другите се вели дека се меѓу урнатините, полу - изгладнети. За жал, тие се веројатно само дел од вкупниот број луѓе на кои им е потребна помош, затоа што куќите кои не се целосно уништени се ограбени, а залихите од жито и семе за во зима и за земјоделски потреби, се однесени, во некои села. Поголемиот дел од мажите се притворени, а обично се вели дека се држат во притвор за од нив да се исцеди се што се смета дека и натаму го поседуваат. Страшната положба во која се наоѓа муслиманското население само се влошува со постојаните изнудувања вршени од српските банди и општински службеници, притоа што муслиманите не можат да се пожалат ниту да се заштитат Во с. Другово, муслиманско село од 60 куќи, принудено да плати 1.000 лири, под закана со масакр од српските чети. Во с. Соп муслиманско село во Кичевската област, со 50 - тина куќи, тоа е целосно уништено, а многу мажи, жени и деца се искасапени и живи запалени. Од преживеаните сведоци: пет жени и еден маж по име Осман Мустафа кажува: „Бандата која го нападна селото Соп се состоела од христијани од соседните села, предводени од српски војводи од Крушево по име Ѓорѓи, како и од општинските претставници од Црско, Белица и Цер.[79] Важна улога играл и поранешен Бугарски поп од Цер по име Јован, тие прво почнале да камшикуваат осум мажи од селото, а откако им ги извлекле сите преостанати пари, во замена за ветеното изземање од натамошни казни, ги ставиле во една кола, премногу осакатени за да одат, и ги однеле во џамијата каде што ги врзале и ги заклучиле. Потоа ги уапсиле сите присутни мажи во селото, околу 50 на број, и исто така ги врзале и заклучиле во џамијата. Подоцна 20 деца биле затворени во една од горните соби во џамијата. Потоа било рафално стрелано низ прозорците од џамијата, убивајќи и ранувајќи многу од

[77] *Исто,* 225

[78] *Исто,*.237-238

[79] *Поранешните балкански војни (1912 – 1913), Извештај на Карнигиевата балканска комисија, 184* -186.

затворените, потоа било истурено гориво околу зградата, направено главно од дрво, па таа била запалена, некои од мажите се обиделе да побегнат низ вратата, но биле застрелани или прободени со бајонет. Многу живи изгореле, вклучувајќи ги и сите деца, кои бидејќи биле на горниот кат не настрадале предходно од рафалните стрелби, нивниот плач се слушал половина час. Додека ова се случувало, седум жени биле усмртени во други делови од селото. Јас бев внесен во џамијата заедно со други мажи, но бев спасен од поп Јован, со кого добро стоев. Кога христијаните се повлекоа, собрав неколку преживеани селани и тргнавне заедно кон Кичево. По пат сретнавме друг српски војвода по име Богоја, родум од Крушино, со чета од 60- комити тие ни собраа се што имавне преостанато и го убија син ми, Адам Осман" така „ *за кеф*" му ја отсекоа главата. Во овие сведоштва се наброени само дел од убиените лица, што е во полза на потврдување дека масакрот бил извршен од локални христијани и комити предводени од српски функционери и војводи дека е извршен на најварварски начин и дека меѓу одбраните жртви намерно се избрани жени и деца. Од добиените извори на официјалната српска документација, знаеме дека поради ваквото злосторство српската власт превзела мерки за смена на под - префектот на Кичево, отпуштен од државна служба под-префектот во Крушево и протерани се од српска Македонија војводите вмешани во овие настани. Според пописните документи од Српската држава во март 1913 во с. Соп имало 213 жители, додека според Административно и Територијалната поделба припаѓало во Церската Општина, Кичевскиот срез, Битолски округ. Во наредните пописи 1916 година ова село имало 244 жители, додека во 1921 година во ова село нее евидентиран ниту еден жител бидејќи е целосно уништено а по некој жител кој успеал да преживее се преселени во околните села. На поплака од Исламската Заедница за понижувањата на кои редовно се изложени муслиманските жени, вршени од српски службеници и од христијанското население, особено во регионот на Кичево, Крушево, Брод и Прилеп. Посебен е случајот со една жена со име Фехиме од с. Дебреште, во Бродска околија, која според нивната информација била злоставувана од државни функционери. На 2- Април, 1914 г. дојде во конзулот и ми приложи извештај под заклетва за нејзините страдања.

Резиме од нејзината изјава: „Пред повеќе од два месеци одев од Дебреште кон Брод (седиште на под- префектурата) за да поднесам жалба до властите поради убиството на мојот сопруг Рифат, кој беше искасапен на делови од српските комити. Ми ветија дека ќе

го испитаат случајот и јас се вратив во Дебреште. Неколку дена подоцна, дојде секретарот на околијата Брод три пати бев повикувана да му одговорам на прашања поврзани со истрагата. Вториот пат кога бев викната, тој ми нареди да го тргнам фереџето, тврдејќи дека според српскиот закон тоа е забрането, тогаш изговори некои непристојни зборови, третиот пат, отидов со брат ми, кој ме чекаше пред вратата. Заедно со секретарот беше и градоначалникот на општината, но секретарот му рече на брат ми да си оди, зашто сака да се види со мене на само. Го испрати брат ми, потоа ме нападна, во тоа време бев во деликатна здравствена состојба. По два дена кај мене дома дојде градоначалникот, бидејќи одбив да му отворам врата, тој ја скрши и влезе. Во присуство на мојата 16- годишна ќерка- Вехибе тој ме нападна. Ова го повторуваше два дена по ред. Ќерка ми која беше прилично здраво дете, толку многу се преплаши, што од тогаш постојано е болна, не може да ја вари храната, и често повраќа. По овие настани јас побегнав во Прилеп со ќерка ми и трите помали деца. Во Прилеп (седиште на подпрефектурата), поднесов жалба до властите, кои не сторија ништо. Вехибе по два и пол месеци починала. А злоставуваното семејство поради зверското однесување на двајца функционери продолжило да живее под страв, надвор од својот напуштен дом, што и на овој начин се потврдува една од причините за насилни миграτивни движење на населението со трагични последици. Во Кичево- седиште на околијата. 150 муслимани префрлени на седло и тепани со пиралка, во присуство на под- префектот, командантот и градоначалникот. Целта на властите се чини дека била едноставно да изнудат пари. Жртвите кои се согласиле да платат биле ослободени, но околу 15-30 луѓе, бројка која варира во зависност од изворот починале од повредите, а телата им биле изгорени, многу од преживеаните трајно осакатени, лежат во нивните колиби, на некои им се гледаат коски низ расеченото месо, без медицинска помош, ниту пак доволно храна или облека. Еден муслиман од Кичево, кој по овој настан успеа да стигне до Битола, бил ставен во затвор и камшикуван само затоа што ја обзнанил веста[80].

Во Ново Село- муслиманско село со 50 куќи, нападнато од група српски „бегџии“(селски стражари) кои претепуваат до смрт петмина мажи.

Во с. Папрадиште муслиманско село од 300 куќи од кои многу беа уништени во 1912 г. било посетено од српска патрола која по неуспешниот претрес во потрага по

[80] Дестани. Бејтула и Елси. Роберт , *Балканските војни,*257

оружје, претепала шест лица а седмиот го застрелале. Во поранешен извештај за ова село стои дека српска банда уништила пет куќи, искасапила 40 мажи и изнудила 200 лири. Ова село во 1889 г има 105 куќи муслиманско население, во 1900 има 220 албанци муслимани, во 1926 г ова село има 38 куќи муслимански, во 1953 г ова село има вкупно 237 жители[81].

Во с. Тухин муслиманско село со 150 куќи, посетено од српска чета која однела 180 овци, и најголемиот дел од преостанатата покуќнина, членови на бандата го кинеле накитот на жените, обетките им биле тргани со парчиња месо. А во поранешен извештај за ова село српска група која запали 7 куќи, уби 22 мажи и изнуди 200 лири со уцена. Во 1889 година ова село има 157 куќи, во 1900 г.селото има вкупно 795 жители, во 1926 г ова село има 184 куќи, во 1953 г ова село вкупно имало 1.270 жители[82].

Во с. Зајас муслиманско село со 344 куќи, од кои најголемиот број уништени, нападнато од српска чета, која претепала до смрт 40 мажи а нивните тела биле фрлени во бунар. А во поранешен извештај за ова село во октомври било нападнато од српска чета при што биле убиени 200 мажи и одземени 800 лири, во други наврати српските чети со уцена изнудиле 2000 лири[83]. Ова село во 1889 г имало 508 куќи албанци, 1900 имало 2.150 албанци муслимани, во 1926 г имало 316 куќи албанци, етничката и религиозната промена извршена е во 1740 г. албанското население главно дојдено е од Дебар и Мат, во 1953 г ова село вкупно брои 2.109 жители[84].

Во с. Дреново - Брод, муслиманско село со Албанско етничко население со 30-куќи, една чета српски комити предводени од секретарот на под- префектурата во Брод, камшикувале до смрт дваесет мажи обвинети за поседување скриено оружје. Селото е

[81] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.32

[82] Архивско одделение на Институтот за национална историја (во понатамошниот текст АИНИ) Фонд, Спомени, , Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.37

[83] Балканските војни: Дестани. Бејтула и Елси. Роберт 2013 Тирана, стр.257-259

[84] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движења на шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.37

посетено од српска банда која истепала неколку муслимани и убила двајца по име Сулејман и Хасан, затоа што тие не биле во можност да платат откуп од 200 лири[85].

| Кич. околија | 1913 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Население | 31.784 | 28.228 | 32.101 | 29.970 | 33.226 | 31.692 |

*Табела број 9*

Во Кичевско забележани и евидентирани злоупотреби на српските четнички комити, врз население со следните злодела[86]

| | Села | Уништени | Убиени | Изнудени | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бериковци( 40 куќи | Сите | 20 | 100 | |
| 2 | Ериновци | Сите | 7 | Непозн. | |
| 3 | Гарани (50 куќи) | Повеќето | | Непозн. | |
| 4 | Грешница (40 куќи) | Повеќето | 12 | 150 | |
| 5 | Ќафа (20 куќи) | Сите | 50 | | |
| 6 | Кочишта | | 5 | | |
| 7 | Лисичани | | | 260 | Да |
| 8 | Крушица ( 40 куќи) | Сите | 7 | | |
| 9 | Пласница(300 куќи) | 5 | 49 | 200 | Да |
| 10 | Поповјани (40 куќи) | Скоро сите | 2 | 50 | |
| 11 | Премка (50 куќи) | 7 | 10 | | |
| 12 | Сербиче ( Србица) | | | 300 | |
| 13 | Шутово (70 куќи) | 18 | 30 | 300 | |
| 14 | Соп (50 куќи) | Сите | 80 | 1.000 | |
| 15 | Староец (25 куќи) | Сите | 39 | 300 | |
| 16 | Црвевци 120 куќи | 5 | 22 | 200 | |
| 17 | Тухин (130 куќи) | 7 | 22 | 200 | |
| 18 | Трапчин дол | 1 | 12 | | |
| 19 | Зајас ( 400 куќи) | 310 | 200 | 800 | |
| 20 | Браилово -40 куќи | | 30 | | |
| 21 | Дреново- 30 куќи | | 17 | | |
| 22 | Лажани-100 куќи | | 27 | 370 | Септември 1913 |
| 23 | Житоше 100 куќи | | 4 | | |

*Табела бр. 10*

Од Табелата број 10, видно се гледа селективниот однос на власта бидејќи, во текот на немилите настани со промената на власта, постојат села во Кичевско - Бродскиот регион во кои нема уништено куќи, има села во кои има делумно уништено куќи и има села во кои сите куќи се уништени. Има села во кои се изнудени пари во лири и има села во кои не се изнудувало парични средства изразени во лири. Има села во кои се извршени злодела но се жалеле пред воспоставената власт и има села кои воопшто од страв или други причини не се пожалиле до надлежните власти од страв да не им се случи полошо.

[85] Дестани. Бејтула и Елси. Роберт , *Балканските војни,*..271

[86] Исто, 221

Ваквиот страв од настаните повеќе од сигурно е дека влијаел за подигање на интересот на миграциите и промена на местото на живеење во рамките на земјата и надвор од неа.

Во Лажани- муслиманско село од 100 куќи, 27 ( шест мина од Прилеп, а тројца од Соп) мажи биле претепани до смрт од српска банда под водство на општински службеник со локално бугарско потекло, организирани од српски четници по име: Јован Долгач с. Кошино и Данаил од Крапа во Септември 1913 г.[87].

Во с. Прибилци муслиманско село со 80 куќи во Ноември 1912, посетени од српска банда врзала 17 мажи и ги однела во Крушево.

Во с. Борино Крушевско, српските комити од четата предводена од војводите Данаил од Крапа и Јован Долгач од Кошино ја запалиле куќата на муслиман по име Зејнел, затоа што не ја платил сумата со која го уценувале. Тој се пожалил за злосторството во соседната општина Дебреште, од каде што како знак за заштита го уапсиле синот на Јован, но на вистинските виновници ништо не им било сторено, муслиманите од ова село според извештаите сведени се на ниво на робови, биле принудени за христијаните да сечат дрва и да ги разнесуваат без да добија надомест за тоа[88].

Во с. Алданци село со муслиманско население од 50- куќи, нападнато е од чета српски комити од Порече, предводени од војводите Богоја од Кошино и Јанко од Крушево. Тие однеле извесно количество жито и брутално ги камшикувале, очигледно од забава, на муслиманот по име Умр Ахмед, членот на четата по име Војно Лоѓе живее во Крушево, му ја грабнал жената, ја злоставувал, па ја убил.

Во с. Долно Дивјаци: двајца христијани од ова село маж по име Христо Танаско и неговиот син се најдени мртви во близина на Св.Недела.

| Округ Тетовски 1913 г. Срез – Поречки | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Општини: | 1. Брестовачка- 1059 | 2. Бродска-1461 | 3. Дебрешка – | 4. Д. Рбетинска - |
| 5. Локвичка – | 6.Манастиричка–1750 | 7. Растешка -2218 | 8. Самоковска - | 9. Слатинска -1139 |
| | | Вкупно: | | 19.033 |

*Табела бр. 11*

[87] Балканските војни: Дестани. Бејтула и Елси. Роберт 2013 Тирана, стр246

[88] Балканските војни: Дестани. Бејтула и Елси. Роберт 2013 Тирана, стр.269

Последната деценија од владеењето на Османлиската власт во Македонија се карактеризира со појава на огромни слабости, несигурност на населението, корупција на локалната власт и иселувања на населението заради феудалната анархија и насилства. Османлиската власт ја изгубила контролата врз населението и делувала како полуколонијална држава, економски и политички зависна од големите и развиени Европски држави. Таа, меѓу другото, веќе не била способна, ниту била желна или подготвена да спроведе реформи кои биле неопходни за средување на состојбите. Незадоволството на населението постојано растело, чести и бројни биле дирекните судири на организираните комитски чети со власта. Корупцијата на административната, судската и воената власт постојано земала се поголем замав. На крајот, сето тоа резултирало со повлекување на долгогодишното пет вековно Османлиско владеење по поразот во крвавите балкански војни (1912/13). Промената на власта во Вардарскиот дел на Македонија и во Кичевско - Бродскиот регион, односно воспоставувањето на српската власт е проследена со многу трауми, нечовечко, злосторничко и вандалско однесување на новите окупатори и нивниот административен и воено - полициски апарат. Особен терор спроведувале и нивните организирани паравоени формации, четници и доброволци чие дејствување се памети по масовните колежи и убиства на муслиманско и христијанско население кое имало различна верска, црковна или етничка определба за разлика од српската. Со ваквите појави се предпоставува дека дошло до миграtivни движења на население од просторот на Македонија со бројка од 100.000 лица од различни националности. Дополнително ја влошило ситуацијата во Македонија, активностите на Македонскиот покрет на Тодор Александров во 1913 кога се воспоставиле контакти во Истанбул а потоа во Елбасан со Албанскиот комитет за кревање востание против Српската власт познато под името Охридско востание[89]. Во овие рамки Кичевско - Бродскиот регион е карактеристичен со појавите на масовно убивање, тортури и разни злодела на нехумано однесување на новите српски власти. Сето тоа е аргумент кој потврдува дека во времето на српското владеење дошло до тотална капитулација на правото и правдата, за сметка на насилието и злоупотребите по достоинството, честа и

[89] Зоран Тодоровски, „Охридско-дебарското востание од 1913 година“ Зб. *Охридско-дебарското септемвриско востание од 1913 година*, Скопје, 2014, 268 – 269. Jovanovic, Vladan , *Jugoslovenska drzava i Juzna Srbija 1918-1929*,.27;

животот на граѓаните. Заради низот на убиства и злоупотреби во селата на Кичевско и Бродскиот регион кои доживеале грозоморна и трагична судбина поради етничката или верската нееднаквост, дошло до масовни миграции на дел од населението, особено на она со муслиманска вероисповед. Сето тоа го потврдуваат податоците содржани во објавените и необјавените архивски документи кои ги имав на увид при изработката на трудот.

# II ГЛАВА

## МИГРАЦИИТЕ И ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРИЛИКИ ВО КИЧЕВСКО-БРОДСКИОТ РЕГИОН ВО ТЕКОТ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

### 2.1. Причини за првата светксска војна

Нерешените прашања произлезени од Балканските војни и наметнатите решенија од Букурешкиот мировен договор беа причина за нова прераспределба на етногеографскиот простор на Македонија. Бугарија, како оштетена од решенијата на Букурешкиот мировен договор што се одржа на 10.08. 1913 година под меѓународно посредништво во Букурешт за ставање крај на крвопролевањата од Првата и од Втората Балканска војна, беше силно заинтересирана за нова прераспределба со цел да добие повеќе територија од Македонија, на која полагаше некое историско право кое ѝ било ветено со Сан - Стефанскиот договор помеѓу: Османска Турција и Русија во 1878 г. Србија беше земја учесничка во Балканските војни и исто така не ги оствари своите одамна поставени цели за излез на море, а таа беше заинтересирана да го оствари тој сон. Наведените причини и поводот за убиството на престолонаследникот Франц Фердинанд од страна на Гаврило Принцип во Сараево во 1914 г., член на српската организација за ослободување на Босна и Херцеговина од Австро - Унгарија. Сето ова ја предизвика новата прераспределба на светот на сфери на влијанија, кој доведе до нова дотогаш невидена војна во историјата на човештвото - (Прва светска војна).[90]

Избувнувањето на Првата светска војна во Европа од 1914 до 1918 година помеѓу двата империјалистички блока, Централните сили на чело со Германија, Австро - Унгарија и силите на Антантата на чело со Франција, Русија и Англија, повторно го актуелизирало прашањето за Македонија. И двата блока настојувале да привлечат во својот табор што поголем број држави. Двата империјалистички блока познавајќи ги геостратегиските прилики, интереси и потреби на Балканот, главниот акцент го ставиле и се сконцентрирале врз царска Бугарија како многу сериозна и стратегиски потребна да се најде во нивниот табор. Бидејќи главниот проблем во односите меѓу балканските држави

[90] Аника Момбауер, *Узроци Првог светског рата,* Београд, 2013, 14 – 19.

било *јаболкото на раздорот*, односно кому да му припадне Македонија, тоа прашање повторно избило на прво место во дипломатските комбинации. Силите на Централниот сојуз за приклучување на Бугарија кон сојузот ѝ ја нуделе цела Македонија, како и делови од Србија. Од своја страна, силите од Антантата, без оглед на тешките односи меѓу Бугарија и Србија по Букурешкиот договор, исто така оперирале со прашањето за Македонија.[91] Бугарската влада на чело со Васил Радославов со согласност на цар Фердинанд Кобуршки обезбедил место во Централните сили со исполнување на барања на кои неговата земја има етничко и историско право. Со таен договор од 06. Септември 1915 на Бугарија и е гарантирана територијата на Македонија и делови од Србија, во овие калкулации сигурно не останале на страна ни активистите на ВМРО кои помогнале на Бугарија да ја прифати страната на Централните сили[92]. Во почетокот на преговарање и наддавање за Македонија од двата блока, Бугарија играла *неутралност*, но била во тесни врски со Централните сили поради Австриската наклонетост на бугарскиот цар - Фердинанд, ставајќи на услуга врховистичките чети за притисок и диверзии врз Србија како што бил случајот на 02 април 1915 година кај Удово и Валандово[93]. Со ова Бугарија ја прекинала својата неутралност и раководејќи се од незадоволството од поделбата на Македонија со Букурешкиот договор, го искористила овој момент и пристапила на страната на Централните сили заедно со Австро - Унгарија и Германија. Во есента на 1915 година, потпомогнати од војските на сојузниците на Бугарија, бргу го зафатиле делот

---

[91] Мира Радојевић, Љубодраг Димић, *Србија у Великом рату 1914 - 1918*, Београд, 2014, 68.

[92] Jugoslovenska drzava i Juzna Srbija 1918-1929, Jovanovic, Vladan, INIS, Beograd, 2002, str.30

[93] Динев, Ангел, Политички Убиства во Бугарија, НИП „Илинден" Скопје, 1951 г. стр. 60-61

Нападот кај Удово беше организиран од Тодор Александров преку неговиот зет Константин Ципушев, нападот беше подготвуван во гр. Струмица на бугарска територија, Ципушев беше председател на Струмичката постојана окружна комисија и пунктов началник на Александар Протуѓеров и Тодор Александров кој заедно со еден бег го организраа пограничното турско население од Дојранските и Валандовските села, како и дел од македонското населенеие од Струмичкиот крај. Оружјето по заповед на Тодор Александров се делело на врховисти и турско население со цел да се дигне востание против српските општински кметови, благајници и учители и скоро сите ги убија. За да не се открие оружјето и материјалот за Валандовските настани привзрзаниците на Александров го запалиле седиштето на постојаната окружна комисија и експлозивните средства, кој се наоѓале кај свештеникот на Валандовското село Сидовица, Тодор Александров го натерал четникот Наќе од с. Фурка, Дојранско, тајно да ја потпали поповата куќа, во која поради експлозијата загинал и свештеникот заедно со својата челад.

на Македонија и ги принудиле српските војски да отстапат од територијата, така што во Македонија речиси целосно дошле бугарската и германската војска. Во овој период се водени многу битки, со истиснувањето на српските сили на југ, формиран е Солунскиот (Македонски) фронт на етничка и географска македонска територија. Откако се формира тој фронт, српските сили беа на јужната страна заедно со силите на Антантата. Од двете страни на фронтот концентрирани се по 600 илјади војска, со ова Македонија во трите години на војната била претворена во арена на уништување и пустошење на националните богатства и на нејзиниот народ[94]. Со отпочнување на Првата светска војна, веднаш се пристапило кон мобилизација на воените обврзници на територијата на тогашна Србија и Бугарија во сите нивни окупирани и неокупирани делови. Таквата мобилизација довела до силни мигративни движења на македонското население кое масовно бегало на сите страни, независно во која територија се наоѓа. Ставот на македонската младина во врска со новата српска мобилизацијата во текот на почнување на Првата светска војна, делимично бил искажан во Крагујевац, Април 1914 кога регрутите од Македонија одбиле да положат заклетва. Според српските воени анализи била планирана мобилизација на македонско население од 80.000 обврзници, од кои 27.789 воени обврзници одбиле да се јават на воен повик. Само во Јануари 1915 година, 10.761 воен обврзник пребегале во Бугарија, барајќи спас од српска мобилизација, во Велес постоел и *„одбор за дезертирање"* кој понатамо ги пренесувал во Бугарија во групи од по 50,100 и 150 лица. Сепак до средина на 1915 година од Македонија мобилизирано е население со бројка од 58.798 војници, во позадина биле ангажирани 9.464 обврзници од кои 42 % биле муслимани[95]. Со навлегување на бугарската војска на просторот на Македонија во Повардарието спроведена е комплетна мобилизација на машкото население и формирана е Единаесета пешадиска македонска дивизија. Дезертерството и во оваа армија не се

---

[94] Д-р Апостолски, Михајло, Историја на Македонскиот народ, Македонска книга, Култура, Мисла, Наша книга, Скопје, 1988 г., стр. 207-208

[95]Aleksandar Apostolov, *Vardarska Makedonija od Prvata svetska vojna do izborite za konstituata*-28. Noemvri 1920. Godisen zbornik, tom 13, Filozoffski fakultet Skopje, 1962,28-29,30; IMN/4, 88-90. За потребите на српската војска одземено е: 12.848 коњи, 5.851 волови и крави, 1.175 биволи, 377 мазги, 1994 магариња, 153 коњски и 2629 воловски коли, (Архив Воено историски институт, Пописник 4/3, кутија 73, gsdvol;s 2, Izvestaj Komande trupa nove oblasti upucen Vrhovnoj komandi D.O.br.8530, sept. 1915). Jovanovic, Vladan, Jugoslovenska, drzava I juzna Srbija 1918-1929 g, INIS, Beograd, 2002. Str,31

исклучило поради тоа што од повикани 45.000 воени обврзници се одзвале 35.5% население. Ова е податок за инертниот однос на македонското население во мобилизацијата на српската и бугарската армија. По пробивот на Солунскиот фронт од страна на Јужната страна на фронтот, Битола е ослободен Ноември 1916 година, српското воено министерство почнало со масовна мобилизација со цел да ги пополни изгубените воени потенцијали во текот на фронтот од 18-50 годишна возраст, но одзивот бил слаб, од страна на власта биле превземени најстроги репресии врз нивните семејства, и во овој период се појавиле силните миграТивни движења предизвикани од насилната мобилизација на српската војска, со сите напори се успеало до април 1917 година да се мобилизира 2.781 војник од територијата на Битолскиот новоосвоен регион од страна на српската власт, со што се констатирала некаква општа одвратност према ратовите кои долго време го измачувале овај народ.

## 2.2. В оспоставување бугарска власт

Првата светска војна и воспоставувањето на бугарската власт народот ги памети по голема мизерија за населението, голем глад што тешко можел народот да го издржи, покрај овие неподносливи услови на владеење, во тоа време се појавиле: болести, интернации, принудно ангажирање во воените активности на Солунскиот и на други фронтови, одземање стока и други намирници за потребите на фронтот, колежи и други малтретирања на населението[96]. Бугарската власт изврши окупација на Македонија во есента 1915 година, со нејзиното доаѓање на територијата на Македонија и на Јужна Србија со Косово била формирана Македонска воено-инспекциска област и Моравска воено - инспекциска област.[97] Еден од челните луѓе бил назначен генерал Александар Протоѓеров, неговото владеење во народот е запаметено по теророт и суровото однесување спрема население што во времето на предходното владеење било на странaта на српската власт и спрема оние што во изминатиот период се поставиле на различна страна во политиката. Поради ваквиот однос, паднале многу жртви и голем дел од населението било **интернирано** и иселено од вековните родни огништа. Со ваквото

[96] Лешко Генадија, *Мојот живот*, Скопје, 1970, 38.

[97] Петар Стојанов: *Македонија во времето на Балканските и на Првата светска војна 1912-1918,* 114.

однесување македонскиот народ сватил дека состојбата му е влошена повеќе отколку во османското и во српското владеење.[98]

Откако се воспоставила власта и почнала да фунционира, ги определила главните стратегиски и воено-политички цели за потребите на бугарската власт и држава. Таа на најорганизиран и систематски начин пристапила кон добивање податоци за населението во Македонија и тоа поконкретно на муслиманското население со цел да ја испита неговата култура, дијалект, демографска и етничка состојба и да ја осигура лојалноста на власта од муслиманскиот дел на населението. Поради утврдените потреби, власта превзела конкретна активност и преку разузнавачките органи организирала научно-истражувачка мисија за извршување попис на населението од муслиманска религиозна припадност, но и за добивање генерални статистички податоци за христијанското население.

Потеклото на *Помаците,* според известувачот, се од балканските етнички простори, додека Албанците се од албанско-италијанска етничка база, а Турците се од турско-уралско потекло. Ваквата истражувачка мисија има цел да послужи за подобар преглед на власта со цел да обезбеди поголема лојалност на населението кон развојот на новата, голема бугарска држава, која имала планови да ги зголеми позициите на балканско и на европско ниво. Според авторот, епитетот „*Помак*" потекнува од зборот „*помагач*", помагале на турската војска и на турската власт во воените планови, останатите епитети за исламизираното население се сретнуваат во други делови на северна и од западна Македонија, во Скопско се нарекуваат „*Торбеши*", на Шар Планина се нарекуваат „*Македонци-муслимани*", додека во: Кичевско, Пласничко, Дебарско, Прилепско и Кавадаречко се нарекуваат „*Турци*".[99] Од историски аспект, во почетокот на османско-турската власт не е забележан некој посебен интерес за преминување во ислам, но подоцна поради геостратегиските политички, воено и безбедносни промени во глобалниот свет, се менуваат етничката и религиозната политика и потребата на османската власт. Според извештаите на истражувачката мисија, ставот кон населението кое примило ислам

---

[98] Лешко Генадија, *Мојот живот,* 38.

[99] Димитър Гаджанов, „Мюсюлманското население в новоосвободените земи", *Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г.*, 249.

има балкански корени е дека ова население треба да се интегрира во балканските општества. Бидејќи во претходните години 1914-1915, бугарската држава презеде широка активност во Источна Македонија и во Западна Бугарија за преминување на муслиманското население во христијанско-бугарски елемент со процесите на христијанизација и бугаризација на муслиманското население, истражувачот се уверил дека ваквите чекори на бугарската држава се непотребни и негативни за бугарското општество и држава и предизвикуваат силни миграциски движења, етнички и демографски промени и лоша меѓународна репутација на бугарската држава пред сопствената и пред меѓународната јавност. Покрај наведениот истражувач и неговите оценки за ваквите појави и постапки, во бугарското општество и држава постојат и други официјални и авторитетни личности (на пр., А. Страшимиров), кои оценуваат дека со тој немил процес на христијанизација и бугаризација на Турците и на другите муслимани од источниот дел на Македонија е направена објективна штета за бугарската држава поради тоа црковните мисиии и акции што ги преземала Бугарската црква била за секаква критика, свештениците биле со големи плати, учествувале во акцијата за покрстување на муслиманите во тој дел на Македонија, односно во селата каде што живеело исламизирано население. Тие луѓе што учествувале во оваа акција за покрстување на исламизираното население биле пијаници и злосторници, кои не можеле да бидат толерирани во Бугарија, бугарската полиција се покажала чудовишна[100] и бескрупулозна, со ваквите методи и постапки се поттикнувало населението на миграциски движења со последица на иселување од вековните огништа од каде што се родени. Од научно-идеолошки и од теоретски аспект поголемо значење во тој период му се дава на фунционирањето на нациите со би-конфесионални компоненти, така што во бугарската нација би имало место и за население кое примило ислам со бугарско потекло, задржувајќи ја религиозната определба со која живееле со векови, но ваквата идеја никогаш не наишла на практична примена во бугарското општество поради тоа што сето не-бугарско население било третирано како инородно. Интелектуалниот и научен свет во Бугарија во тоа време ја дава својата негативна оценка за иселувањето на турското и на останатото муслиманско население: „*Насилното иселување на турското население би*

---

[100] Тодоровски Глигор, *Демографски процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата балканска војна до осамостојувањето на Македонија: со посебен осврт врз исламизираните Македонци*,. 17

*било оправдано ако тоа претставува некаква опасност за државата, а бидејќи такво нешто нема, Турците ги оценуваат како верни послушници и редовни плаќачи на данок. Освен тоа, Турците ќе се иселат кога и да е, само не е добро тоа да биде масовно, ами постепено, без врева, бидејќи може да предизвика политички компликаци во односите помеѓу Бугарија и Турција".*

На територијата на Македонија постоеше силна револуционерна дејност што беше значителен и важен фактор во регионот до октомври 1912 година. По претходно направените договори за заеднички сојуз на Балканските држави: Србија, Црна Гора, Бугарија и Грција, се приклучи и Романија. Османската војска беше наполно поразена од Балканските држави и просторот што се викаше Македонија беше окупиран од балканските држави. На ослободителните акции на балканските држави им се приклучи значителен дел од македонското христијанско население со ветување дека новата власт има намера да ги ослободи од долговековното османлиско владеење на овие простори и дека ќе ги уживаат сите човекови, религиозни, граѓански, политички и демократски права, како и останатите граѓани во нивните земји, дека ќе бидат наполно рамноправни и суверени на својата земја и дека ќе решаваат за економската и политичката иднина на сопствениот простор. Правата што ги уживаше македонскиот народ во текот на османската власт наполно ги изгуби бидејќи нејзината територија е распарчена, а потоа фрлена во уште поголемо ропство.

Трите соседни држави: Србија, Грција и Бугарија сите свои сили ги впрегнуваа за ликвидирање на македонското национално чувство. Еден Македонец од тоа време за „*Македонски голос*" под наслов „*Бел терор во Македонија*" пишува: *Словенското население во Македонија што падна под власта на нови поробувачи преживува дни на ужаси, досега невидени и нечуени. За сето време на турското господство, Турците уриваа, палеа, убиваа, но само тогаш и само оние што поединечно истапуваа против одделни претставители на турската власт или кога се разгоруваше масовно востание, во цела област или во некои окрузи. Поради тоа што ова словенско население ја исповедуваше својата прататковска вера, што одеше во свои цркви и се молеше на Бога на својот мајчин јазик и ги праќаше своите деца да учат писменост кај свои учители - поради сето тоа и најжестоките Турци не го обеспокојуваа. Меѓутоа, сегашните*

*окупациони власти токму поради тоа и само поради тоа ги казнуваа македонските Словени најжестоко, кое понекогаш ги надминува мачењата и на „инквизацијата.“*[101]

Со цел да ја зајакнат својата окупациска власт во Македонија, новите полициско и административно- управни органи на власта на Србија, Бугарија и Грција беа создавани од луѓе од нивните стари предели, само поедини Македонци порано врбувани во служба на туѓите пропаганди, беа вклучени во апаратот на власта. Во државно- правна смисла, македонскиот народ е подложен на многубројни екстремни закони и прописи кои важат само за време на војна бидејќи просторот на Македонија беше прогласен за воено подрачје и тука важеа само воените закони, додека граѓанските закони беа суспендирани, немаа значење или важеа закони наменети за војна[102]. Новите освојувачи на Македонија ја постигнаа својата завојувачка цел, но не беа задоволни со заземените делови од новоокупираната Македонија. Секој гледаше да заземе што повеќе од нејзината територија бидејќи гледаше некакво историско право, наследено од минатото. Постигнатите меѓусебни договори помеѓу сојузниците не беа објективни и искрени, туку беа подложни на меѓусебни измами и добивање време за постигнување на својата цел, од што можеше да се заклучи дека таквите договори не нудеа стабилност и мир за Македонија и за Балканот во целина. Букурешкиот мировен договор беше принудно решение за мир, но не ги задоволи сите страни засегнати со договорот. Напротив, незадоволните страни се надеваа на нова можност да ги отстранат неправдите сторени во текот на Балканските војни. За таа цел го подготвуваа своето население и го мобилизираа населението во Македонија да се бори во туѓи војски, за туѓи интереси да гине на фронтовите, без никаква цел и интерес од тоа. Во Српско- Австро унгарската војна на 29.7. 1914 г. Србија испрати исвесен број Македонци и ги однесе на фронтот против непријателот на Дрина, на Црн Врв, на Гучево и на други места да се борат и да ги оставаат своите животи за да може да продолжи големосрпската власт во Македонија да добие време за конечно ликвидирање на дел од Македонците и за посрбување на останатиот дел на населението, односно да ја реализира својата негаторска, денационализаторска и асимилаторска политика. Есента на 1915 година македонскиот народ повторно се најде во војна.

---

[101] Македонце: Бел терор во Македонија, „ Македонскии голас“. 1913 год., 1968 год., Скопје, стр. 77

[102] Петар Стојанов: *Македонија во времето на Балканските и на Првата светска војна 1912-1918,*. 147

На подрачјето на *Порече,* пред да почне Првата светска војна, почнаа да дејствуваат српската и бугарската партија организирајќи чети со поголем број четници. Балканските држави почнувајќи меѓусебна војна, ги тераа македонските доброволни чети да одат напред. Пред бугарските војски во Порече дејстуваа војводата Петар Чаулев со стотина четници, а четниците на Дане (Данаил) од Крапа и Михајло Јосифовиќ од Брод пред српската војска. На овој начин Македонците се доведувани до братоубиствена војна учествувајќи на туѓи страни и за туѓи интереси. Во с. Борино, Петар Чаулев се судрува со војводата Дане, започнала голема војна, Чаулев загубил над четириесет четници. Српската и бугарската војска продолжиле да се борат. Турското население од селата Борино, Лажани, Јакреново, Дреново, Дебреште, Саждево и др. се спротивставувале на српската власт и најверојатно ја поддржувале спротивната страна[103]. Српската војска притисната од Австро-унгарските и од бугарските единици отстапувала од кај Скопје по текот на Треска, пред нив одел војводата Алексо Демирхисарецот. Членовите на околиското началство од Брод следејќи ја борбата меѓу српската и бугарската армија, си ги собрале фамилиите и го напуштиле Брод, преку Кичево и Охрид за Албанија, заедно со војската и војводите. Со нив се повлекле и неколку фамилии од Порече, меѓу кои фамилијата на војводата Михајло, учителот Данило од Слатино, Марифен Муратоски[104] од Пласница и др. Општинската власт престанала да работи, српската војска двапати го отстапувала Брод, и го заземала бугарската војска, тогаш војводата Михајло го изгорел селото Лажани[105]. Бугарската војска во Порече влегла преку Кичево. Во првите зимски денови, Порече потпаѓа под бугарска власт, која во Брод формира околија со околиско началство. Српската власт се сменила со бугарската. За поставување на организацијата на власта во Македонската воено- инспекциска област, од царскиот двор за втор човек бил овластен Александар Протоѓеров. За околиски началник во Брод бил поставен Стојан Блажев од Долно Водно – Скопско. За кметови на општината и за полицајци се поставени поранешни

[103] Ристески, Милан, Порече низ Историјата, 99

[104] Марифен Муратоски од Пласница е учесник на Солунскиот фронт, по заслуга за српството е поставен за претседател на општина Долна `Рбетина, во која влегувале селата: Пласница, Преглово и други села со вкупно 2419 жители од кои: Срби - 2412, Албанци - 1 и Турци - 6, поради нечовечко и насилничко однесување, народот не можел да го издржи неговиот терор, убиен е во заседа 1924 година кај местото *Бели Мостови* враќајќи се од Кичево.

[105] Ристески, Милан, *Порече низ Историјата,*. 99

приврзаници на бугарската пропаганда. За раководен кадар за потребите на администрацијата и власта донесле лојални кадри од Бугарија. Од почетокот, бугарската власт се зафатила да прибира податоци за луѓето што ѝ служеле на српската власт, како и за оние што порано работеле во организација на српкиот комитет, почнала да прави таканаречени **„црни списоци"** со имиња на сите свештеници, учители, претседатели на општини, началници на комитетите, војводи и нивни четници, кој на најразличен начин и со разни методи биле повикувани, залажувани и убивани. Поп Димитрија од с. Црешнево во 1915 година се повлекувал со српската војска за Солун, од патот го вратил поп Мицко гарантирајќи му дека која власт и да дојде, нема да даде да биде убиен. Откако се откажал од бегањето за Солун и останал тука, заедно со други двајца свештеници ѕверски е убиен и фрлен во бунар во Брод. Од с. Крапа во Прилеп се убиени Јован Зенговски, Никола Дуроски, Петре Маркоски, а во Брод се убиени поп Цветко Поповски и Нове Тодоровски[106]. Бугарската власт, исто како и српската, почна да ги преправа сите евиденциски книги, на родените и на венчаните, воведува свои обрасци, оставени на општините, извршува препис на презимињата од „***-иќ***" и ги прави со „***-ов***", во графата за националната припадност на местото „Србин" се внесува „Бугарин", така за тригодишен период од заминување на Османлиите во 1912 година населението два пати ја менувало својата етничка припадност, еднаш *Срби* потоа *Бугари*, во периодот кога владееле Србите 1912-1915 година, Србите немале графа за етничките разлики на населението и сето население го попишувале во една графа како српско, додека во периодот 1915-1918, кога Бугарите биле на власт, населението го попишувале по етничката припадност и постоеле графи за населението: Албанци, Турци, Помаци, Цигани, Евреи и Власи, додека христијанското население го третирале за бугарско и друго население не признавале.[107] Бугарите, според новозаведените книги, почнуваат да собираат регрути, голем број од запишаните војници пред тоа биле во српската армија, голем дел Македонци не сакале да одат по втор пат во војска, да гинат во војна и затоа се криеле. Со доаѓањето на бугарската власт веднаш се почувствувала криза на пазарот. Во *Порече* биле стационирани неколку воени единици кои одржувале ред и се подготвувале за фронтот, но ја зголемиле

[106]*Исто.* 100

[107] Димитър Гаджанов, „Мюсюлманското население в новоослободените земи", *Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г.*, 241 – 249.

сиромаштијата и гладот кои и така владееле со векови. Од власта била воведена нова економска мерка. Бил воведен купонски систем на исхрана и реквизиција на сите земјоделски и сточни производи, во селата останале жените, старците и децата кои не биле способни да произведуваат и да ги намируваат давачките. За да преживее, населението бидејќи немало леб, почнало да го надоместува со други производи од природата: коприви, штавеј, зеље, костени, желади и др. Во последните години од војната сточниот фонд е наполно уништен. Неколкуте десетини илјади војници, кои постојано се наоѓале на подрачјето на Порече, изеле сè. Во овој крај за тоа време се уништени над 150.000 глави овци и кози. Затоа настапил глад посилен од сè. Слабата исхрана на луѓето и гладот во последните години донесле многу жртви, особено на старци и деца. Жените се собирале по неколку во група и оделе по селата на Тиквеш, Велешко, Скопско, од каде што купувале по дваесетина килограми пченка. Меѓутоа, многу од нив умирале по патот, Јованка Синадиноска од с. Локвица, откако еден месец не каснала леб, зела леб в раце, се прекрстила, каснала неколку залаци и умрела. Бугарската власт ги мобилизирала сите способни мажи и ги праќала на фронт, а од останатото население формирала работни единици. На секоја група ставале по еден-два војници и со стража ги терале да копаат ровови, да прават патишта и железничка пруга Кичево-Тетово, Работеле од утро до доцна навечер, за по 200 грама царев леб и една лажица топла вода, чај, чорба или грав. Во таа работа многу младинци го загубиле здравјето. Во случај кога се јавувал отпор, бугарската власт организирала казнена експедиција под водство на потполковникот Панов[108], за да внесе страв кај населението, пропишувале специјални мерки. Бугарската власт водела ***црни списоци***, во 1916 година сите 205 евидентирани лица во црна книга, без да бидат виновни и изведени пред суд, едни собрани и донесени во околиското началство, други отерани за Прилеп, трети отепани на Бадник спроти Божиќ и фрлени во еденископ во месноста „***Дервишка Нива***“[109]- Петре Дамјаноски - кмет на селото Локвица е отепан кај село Вир. Грабежите од претставниците на бугарската власт се невидени во Порече. Поради долгогодишното туѓо владеење на овие простори, народот барал излез за својата

---

[108] Д-р Петар Стојанов: Македонија во времето на Балканските и на Првата светска војна 1912-1918, Скопје 1969 год., стр. 368

[109] Фонд на манастирот „Рождество на Пресвета Богородица“ - с. Манастирец, Список во ракопис, Види список на убиени, стр. 260.

егзистенција со одењето на печалба. Така, во 1915 година власта се заинатересирала за донесените пари од печалба на граѓаните. За да го одземе спечаленото шест оки злато од Романија, ги фатила Трпе и Максим Стојаноски и им закачила етикета *„србомани"*, ги затвора, на Трпе му ја пресекле едната рака до лактот и му ја дале во другата за да каже каде е златото. Болките не се издржувале и Трпе го пратил својот брат да ги донесе парите. Максим златото му го дал на кметот Спирко Стојчески, по предавањето на златото, Максим е пуштен, а Трпе убиен во Дервишка Нива[110].

## 2.3. Мобилизација во бугарска војска

Положбата на македонскиот народ и на другите националности во Македонија сè повеќе и повеќе се влошуваше под бугарска окупација. Во тоа време се појави една активност за мобилизација и регрутација на сите граѓани без разлика на нивната етничка или верска припадност беа мобилизирани и регрутирани Македонци, Албанци, Турци и др. граѓани во Македонија од 18 до 60 годишна возраст. Бугарската буржоазија успеа уште во почетокот на Балканската војна да мобилизира во Бугарија 33.046 македонски емигранти и да ја формира единствената македонска дивизија и неколку илјади од нив испраќа во други единици на бугарската армија во 1914/15 година со окупирањето и на другиот дел од Македонија (Вардарска) пристапува кон ново регрутирање на населението иако ваквиот чин е спротивен на Хашката конвенција, со која се забранува секакво регрутирање на население од окупирана територија. Уште во почетокот на мај 1916 година, Врховната команда на бугарската армија направи регрутни *„наборни списоци"*, според кои регрутните комисии регрутирале во Македонија. Во списоците биле внесени родените во 1897 година ( 41 набор)[111]. Мажите се криеле, бегале, не сакале да одат војници, не само од Порече, туку и од другите воени подрачја. Во 1917 година, во Куманово пред регрутната комисија не се јавиле 776, а во Кавадарци 970 младинци[112]. Бугарската власт настојувала да ги мобилизира сите способни мажи од Порече и да ги

---

[110]Фонд на манастирот „Рождество на Пресвета Богородица" - с. Манастирец, Список во ракопис, Види список на убиени стр. 260.

[111] Ристески, Милан, *Порече низ Историјата*,.102

[112] Д-р Петар Стојанов: *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна 1912-1918*,.369-370.

испрати на фронтот. Бидејќи населението не сакало да оди во војна, Бугарите со постојана потера по селата каде што ќе сретнеле способни мажи, ги земале и со спровод ги испраќале на фронтот. Војната, тешкиот живот во рововите, мизерната храна, недостигот на облека и обувки, неизвесноста во животот и иднината, постојаните артилериски и авионски бомбардирања, митралеските престрелки, секојдневното присуство на смртта придонесувале за помасовно дезертирање на војниците од фронтот и од резервните единици во внатрешноста на Македонија[113]. Друга причина за дезертирање се и информациите за Октомвриската револуција во Русија во 1917 година. Од Битола дезертирале 200 војници, кои не можеле да ги пронајдат со неколку воени единици ангажирани во потера во Порече, Зимата на 1916 година, откриле една група бегалци во Кале, Присој во Грујчица, Крапа. Групата се обидела да се пробие од блокадата и да продолжи да бега, некои се ранети, други избегале, а нивните домашни се подложени на судни маки. На пример, жената на Ване Дамчевски од Црешнево ја ставиле под вжештен вршник, изгорела, но не го кажала мажот.

Масовното бегство на војниците од селата на Порече предизвикувало политички проблем. За да го спречат тоа, Бугарите почнале со големи интернации на селата од Порече во Бугарија[114]. Интернацијата имала определена цел: да ги заплаши селаните за да престанат да бегаат од армијата. Ги интернирале прво старците и младината, со цел да ги подвојат и целосно да ги онеспособат семејствата. Во Прилеп селаните се состанале со Прилепскиот комитет, откако ја образложиле состојбата за нивните трагедии во Поречието, истиот комитет поднесол барање до Воената команда и до Началството во Прилеп да се ослободат луѓето и да се вратат во Порече затоа што со нивното интернирање бугарската власт ќе го изгуби угледот кај народот. Под голем притисок на Комитетот, бугарската власт ја враќа групата, привидно, од Прилеп луѓето ги вратиле преку Кичево, Тетово и Скопје и ги отерале во Бугарија. Како реакција на сè поголемиот отпор кај населението, формираат втора група од 150 мажи, старци и младинци, од која формира трудови единици за работа на џадето во Плетвар. Таму ги става под воена стража. Дење работеле, а ноќе биле затворени во ѕидините на плетварските плевни.

---

[113]Д-р Петар Стојанов: *Македонија во времето на балканските и Првата светска војна 1912-1918,*.319 -369.

[114] Во оваа група само од село Ковач имало 6 лица: Оливер Дамјаноски, Лале Дукадиноски, Најдо Костадиноски, Дукадин Маџоски, Јованче Деспотоски и Зафир Јовески.

Гладот брзо ги совладувал, зимата паднал голем снег. Од големиот студ наутро не можеле да одат, па морале прво да лазат на раце за да им се отпуштат вкочанетите нозе. Неспособните за работа биле подложувани на судни маки. На пример, Даме Кралески бидејќи не можел да оди, бугарските војници го боделе со ножеви по што подлегнал на раните. Така, од ден на ден се намалувал бројот на принудните работници што работеле на џадето во Плетвар. Потресите, насилствата и убиствата во селата продолжиле. И интернирањето на старо и младо зачестува. Во сеќавањата стои[115]: Луѓето со бол се оддалечуваа од татковината. Се наведнуваа старците да ја бакнат својата родна земја и да се опростуваат од неа, со страв дека повеќе нема да се вратат. Се разви силен екот на тажачки гласови во селото Тажево, го тажеа селото, се тажеа себеси, ги кршеа прстите, ги корнеа косите и ја повикуваа земјата да се отвори и да ги прибере каде што ги прибрала нивните родители. Група од 400 луѓе од Тажево се иселени во Бугарија. По две години, од 400 души појдени се вратија 120. Другите ги изгубија животите од глад, од болест и од студ. Насилствата, колежот и палењето во Порече продолжува. Сечењето глави на селаните и обесувањето на видливи места беше посебно уживање и закана на туѓинците. Свештениците од бугарската власт беа третирани како нејзини приврзаници.

Во тоа време на територијата на Порече се спушти со авион Василије Трбиќ со цел да ја обнови српската организацијата, но тоа беше без успех бидејќи многу од старите четници веќе беа умрени и остарени. Бугарските власти преку Ордан од Белица успеале да ги откријат јатаците на Трбиќ, кои биле фатени и осудени, Трбиќ по неуспехот се вратил во Солун но Бугарите ги интернирале селаните од: Белица, Крапа, Локвица, Брезница и дел од Црешнево. Владиката болен по телефон барал да му се јави на царот, кога се јавил царот Фердинанд, овој му кажал дека бугарската власт нема кому да биде власт кога целиот народ од Македонија го интернира и го испотепа, така што тој барал протераните селани од Порече да се вратат назад. Така, селаните од Црешнево, Брезница и Локвица се вратени назад. Селаните собрани за интернација често се откупувале со злато. Сето ова траеше до есента на 1918 година, кога бугарската власт беше заменета со српска во која имаа учество и француски и англиски војски. При промената на власта во Поречието, главно, на власт повторно дојдоа старите српски првенци како што беа Михајло

[115] Ристески, Милан, *Порече низ Историјата*,.104

Јосифовиќ - (солунец) М. Брод, Мефаил Мефаилоски (солунец) – Дебреште и Марифен Муратоски во Долно Рбетинската општина -Пласница.

## 2.4. Масакрот кај Дервишка нива

Колеж извршен од бугарската војска врз 103 жители на Поречието на 6 јануари1916 година на Бадник. Масакрираните луѓе биле фрлени во ископ кај месноста Дервишка Нива.

Во списите на манастирот „Пресвета Богородица" крај Манастирец се чува списокот на убиените. Сите жртви се од Поречието, најмногу - 22 се од с. Здуње, 11 од Лупште, 9 од Томино Село, по 8 од Долни Манастирец и Зркле. Поречани подоцна им подигнале костурница во близина на манастирот.[116]Список на ликвидирани во колежот: с. Белица: Трајко Тримчески – кмет на селото, Раде Михајлоски – Претседател на селскиот одбор, Анаќија Тркалески – виден човек од селото, Тренко Велкоски – виден човек од селото, Алексо Велкоски. с. Бенче: Грујо Димитриески – учител, Темо Цанески, Драгомир Манески, Јован Манески и Кочо Богатиноски. с. Битово: Спасе (?) – учител, Неофит Манески, Илија Змејкоски и Јордан Стојаноски. с. Брезница: Ристо Стојаноски. с. Близанск: Димче Котески, с. Брест: Јован Ѓуроски и Марко Крстески., с. Волче: Бошко Митрески – војвода, Михајло Јованоски, Радивој Миланоски, Раде Атески, Цветан Филипоски, Јордан Стојаноски и Павле Митрески., с. Грешница: Трајан Стојкоски – угледен политичар, Стојан Спасески, Стојан Стојаноски и Богатин Смаќоски., с. Горно Ботушје: Злате Златески, Неделко Срезоски, Тренко Златески, Војче Тренески и Наумче Василески, с. Горно Крушје: Атанас Дамчески – кмет на селото, Спирко Состоски – учител, Мате Симоноски – поранешен кмет на селото, Анѓеле Ѓорѓиески–стар селски коџобашија, Герасим Пејоски и Арсо Стефаноски., с. Горно Манастирец: Милорад Стојкоски., с. Долно Ботушје: Ристе Србиноски, 2. Глигор Новески и 3. Дане Маркоски., с. Долно Манастирец: Нове Цветаноски – учител, Радомир Стојкоски – познат политичар, Илија Бојаноски – угледен политичар, Максим Стојкоски, Живко Гинески, Стојко Вртаноски, Вукашин Пралески и Здравко Видески., с. Долно Крушје: Андон Велјаноски –

---

[116] Фонд на манастирот „Успение на Пресвета Богородица" - с. Манастирец, Список во ракопис, види список на убиени.

кмет на селото, Станко Арлампиоски – селски коџобашија, Мицко Михајлоски – поранешен кмет., с. Заград: Китан Илиоски и Костадин Симоноски, с. Здуње: Стеван Ѓорѓиоски, Перо Цветаноски, Цветко Тодороски, Наум Трајкоски, Радомир Аралашкоски, Блаже Цветаноски, Трпе Неделкоски, Тримче Јованоски, Ване Гинески, Спасе Станкоски, Станко Костадиноски, Јордан Ковилоски, Најдо Лазароски, Бошко Ѓорѓиоски, Насте Неделкоски, Стале Петрески – кмет на селото, Андреја Здравески – комита, Ставре Каравилоски – комита, Мијајле Ангелески – комита, Александар Синадиноски, Трендафил Лазарески и Трајко Синадиноски., с. Звечан: Димко Јованоски, Климе Јаковлески, Трпко Кузманоски, Костадин Стојаноски, Војче Михајлоски и Михајло Дукоски. с. Зркле: Крсте Гелкоски – учител, Зафир Врчакоски – учител, Андон Михајлоски – Претседател на одбор, Злате Михајлоски – политичар, Филип Витески, Миладин Саркоски, Стојко Трајкоски, Бранко Врчакоски. с. Косово: Милан Богоески, Никола Спасески, Стане Јованоски, Аритон Трпески, Димитрија Маркоски. с. Ковач: Неделко Илиески, Ратко Дукоски, Тоде Стојков Русески, Станислав Стојкоски, Михаил Трајкоски, Јордан Златески, Јордан Михајлоски и Томе Стојкоски – угледен политичар. с. Крапа: Тасе Конески – свештеник. с. Калуѓерец: Светозар Трајкоски, Воислав Стојчески, Драган Нанкоски и Васил Груески.с. Кошино: Митре Јорданоски, Стеван Димоски и Тодор Стојкоски. с. Латово: 1. Ристе Костадиноски – познат политичар. с. Локвица: Глигор Пејчиноски и Ристе Андоноски. с. Лупште: Герасим Тренчески, Коне Алексоски, Стане Милошески, Бранко Врчакоски, Лубе Спасески, Михаил Драганоски, Илија Сталески, Миладин Димоски, Ристе Ѓорѓиоски, Јане Стојоски и Павле Јовески. Македонски Брод: Душан Митрески, Најдо Трпчески, Арсо Митрески, Крсте Јосифоски, Михајло (?) Велко (?) и Стојмир (?). с. Модришта: Михаил Мандароски. с. Могилец: Стеван Каравилоски, Стојан Синадиноски и Миливој Синадиноски. с. Рамне: Боге Миленкоски, Миладин Стеваноски и Герасим Стојкоски. с. Растеш: Јаким Кочоски, Митре Митрески, Михаил Велкоски, Санде Ристески, Радомир Јанески и Нове Атанасоски. с. Ореовец: Катин Катиноски, Велко Велкоски и Митре Стојкоски. с. Сланско: Трпко Србиноски – кмет на селото, Јордан Дојчиноски, Стојо Цветаноски, Стеван Максимоски, Благоја Николоски, Александар Лазески и Ефтимиј Крстески. с. Слатина: 1. Миладин Павлоски – кмет на селото. с. Сушица: Саве Тренески и 2. Деспот Цветаноски. с. Томино Село: Милорад Танкоски, Стојо Манески, Здраве Наумоски,

Велимир Трајкоски, Слободан Николоски, Данило Миланоски, Петре Наумоски, Аце Миленкоски и Јован Стојкоски – учител. с. Тажево: Васил Груески, Евалија Николоски и Ѓорѓи Николоски. с. Тополница: Стојко Андрески – угледен политичар, Милан Богатиноски – угледен политичар, Спирко Каравилоски - угледен политичар и Кочо Костоски. с. Црешево: Симон Савески – кмет на селото, Јордан Поп Цветкоски, Тане Данчески, Атанасија Данкоски, Јордан Дамчески, Крсте Секулоски и Радивој Ѓорѓиоски с. Ропотово: Богољуб Николоски, Велјан Примчески и Милован Огненоски. с. Дебреште: Раде Зафироски, Лубе Димитриоски, Тодор Ангелески, Танас Ј. Танаскоски и Темелко Блажески[117].

Во своите сеќавања напишани во „*Мемоарите на Василије Трбиќ*" вели: дека во слободната српска држава престана нашата дисциплина и одговорност за српството за кое се гинеше по фронтовите, се случија многу работи на кој не се надевавме, почнаа да ги убиват моите другари четници, во еден летен и топол ден 1915 г убиен е Јован Долгач одејќи да го премести својот коњ во полето каде што го имал врзано да го напасе во с. Кошино, 11-мина го чекале, група од с. Вранче во заседа и го убиле на организиран и подготвуван начин[118], почна да се слуша за доаѓање на бугарска војска преку Бабуна, Богомила и Прилепско Поле. Населението беше доста исплашено, пред бугарската војска одеа 10 луѓе од Црнилиште, најпрво влегле во селото Гостиражни[119] и побарале да се собере народот, откако се собрале сите на број 87 мажи, жени и деца сите ги убиле, потоа влегле во с. Стровја, пред нив излегол поп Димитрија со егзархиски документ дека е запопен од бугарската егзархија, но и тоа не му помогнало да биде изземен, со бајонет го убиле на лице место и во неговата куќа убиле девет души, во истото село сите жени ги обесчестиле, ограбиле и убиле вкупно 120 души, во с. Костинци 25 души се убиени, потоа во с. Долгаец убиле 250 селани, поп Трајко од истото село жив го запалиле во оган,

---

[117] Фонд на манастирот „Успение на Пресвета Богородица" - с. Манастирец, Список во ракопис, види список на убиени стр. 260.

[118] Трбиќ, Василие, Мемоари војводе велешког, Каиро, 1944 сл.IV. 164/IV-V, ИНИ, Скопје. стр. 693

[119] Сите села во Македонија што ги поддржувале Србите ги сметале за српски, а населението за *Срби*, сите села што ја поддржувале бугарската страна ги сметале за бугарски а населението за *Бугари*, Гостиражни е село во Прилепско кое се сметало за српско поради поддршката што ја давало во тоа време на српската страна.

исплашените селани отишле во Прилеп и го информирале генерал Тошев за злоделата на бугарската војска и побарале заштита од бугарскиот генерал Тошев. Генерал Тошев напишал телеграма за да престанат со ѕверските однесувања неговите бригади по селата. По притисокот на бугарската војска, Трбиќ ја сменил локацијата и од с. Браилово преминал во с. Вашарејца: По 22.11. 1915 година преку Битола - Ѓавато и заедно со војската заминал за Грција. Наредната година на 27 јули во 05:40 часот утрото со авион се спуштил на планината *Солуница*. Патот го продолжил преку *Даутица,* на тие планини *вели*: имаше многу овци, кози и друга стока, еден од поголемите сопственици на овци беше познатиот Диме Дике од Крушево, повеќето од сопствениците за овчари чуваа Албанци не само затоа што се *верни на своите газди*, туку се *верни на стоката што ја чуваат,* патот го продолжив преку *Борополе,* се спуштив во близина на с. Белица, до изворот *Орлова вода*, преку еден од селаните порачав да се видам со Крсте Тримчески од с. Г. Белица, фамилијата Тримчески беше позната во цело Порече како една од првите ставени во служба на Српска револуционерна организација и најверни членови и курири на српскиот горски штаб за пренесување писма во Скопје или во Битола. На средбата дошол Пројко Тримчески, Трбиќ бил информиран за случувањата во поречкиот крај во врска со и за нивната судбина под власта на бугарската држава. Пројко Тримчевиќ продолжува да му раскажува на Василије Трбиќ, што е запишано во неговите мемоари: Бугарите дојдоа во ноември месец 1915 г. Со една чета командуваше бугарски професор, резервен офицер на бугарската војска, зборуваше дека е гимназиски учител, но беше крволок и неморален. На своите војници им дозволуваше да грабаат и да силуваат, откако ја воспоставија власта во Поречкиот срез, за началник го поставија некој бивш бугарски учител по име **Сребрен**, 40-годишен, роден од с. Долно Водно во близина на Скопје. Сместен во поранешното теќе, уште во српско време е претворено во среско началство, бугарскиот началник Сребрен, преку бугарскиот поп Мицко од с. Сланско, Јован и **Арсо Јовев- Локвички**[120]– бугарски војводи од с. Локвица, сите овие тројца ги искористил на

---

[120] Трбиќ, Василие, *Мемоари војводе велешког*, Каиро, 1944 АИНИ сл.IV. 164/IV-V, стр.789, **Арсо Јовев - Локвички** е организатор, помагач и извршител на голем број масовни убиства: во Порече, (Дервишка Нива), Пласница, Преглово, Дреново. Соработник на бугарската и српската нелегална власт. Неговиот син Димитрија е исто така соработник на бугарската власт во текот на втората светска војна кога овој регион потпаѓа под бугарска власт.

подмолен начин да ги повикаат и да ги прелажат српските прваци и видни лица од Порече да дојдат во теќето, така овие тројца му направиле услуга на началникот Сребрен, собрале 105 видни и способни луѓе, сите ги затвориле во подрумите на теќето, откако ги претресле, им одзеле сè вредно што имале во нив, им порачувал преку своите повереници дека треба да се плати откуп за ослободување на затворените во теќето. На овој начин началникот собрал над 2.000 наполеони, меѓу затворените бил и поп Риста Андрески, игумен во манастирот „Пресвета Богородица" во Порече - роден во с. Локвица, поп Јован Поповиќ, роден во с. Црешнево, поп Тасе Конески - с. Крапа, Јанаќие и Пројко Тримчески, Тренко Вељкоски и Алекса Вељкоски - Белица, Иван Богески, српски учител од Рамне, поп Мицко на поп Тасе Конески - Крапа му зел 70 наполеони за да го спаси, но сето тоа било измама, откако биле земани пари за сите 105 затворени од нивните семејства, почнало убиство со колење. Пројко Тримчески по кратка расправија со убиецот успеал да го совлада, му ја зел пушката, го убил и избегал од подрумите, почнал да раскажува надвор на народот дека сите затворени селани биле убивани во подрумите на теќето, сето ова се расчуло насекаде. Од сите затворени останал жив само Иван Богески, учител од с. Рамне, откако разбрал неговиот татко дека неговиот син е таму и ќе биде убиен, се јавил кај началникот Сребрен, кому му дал уште 50 наполеони со цел да направи замена да биде убиен таткото, а синот да биде ослободен. Тоа началникот го прифатил, таткото се согласил да биде жртва за својот син и бил убиен а синот бил ослободен. Сите овие убиени 104 се пренесени на повеќе гробници во местото ***Дервишка Нива***, а потоа е направена една костурница и изработен е убав споменик во знак на сеќавање на невините лица од поречкиот крај поради етничките и политичките разлики што постоеле во регионот на Бродско и во поширокиот дел на Поречието. Пројко Тримчевиќ откако избегал од смртта, се приклучил на групата на Василије Трбиќ со уште 11-мина други од тој регион и го продолжил своето четникување.

## 2.5. Територијално – административна поделба на Кичевско – Бродскиот регион 1915 – 1918 година

Кичевско-бродскиот регион во периодот на Балканските војни, односно во времето на српската власт се наоѓа на територијата на Тетовскиот и Битолскиот округ, додека со доаѓањето на бугарската власт во времето на Првата светска војна, во **Македонската воено - инспекциска област,** поделбата е следната:

1. Штипски округ (околии: Штипска, Беровска, Царевоселска (Делчевска), Св. Николска, Качаничка, Радовишка);
2. Струмички округ (околии: Горноџумајска, Неврокопска, Мехомијска, Петричка, Мелничка);
3. Кавадарски округ (околии: Гевгелиска, Дојранска, Неготинска, Кавадарска);
4. Скопски округ (околии: Велешка, Скопска, Качаничка);
5. Кумановски округ (околии: Кумановска, Прешовска, Криворечко-Паланечка, Кратовска);
6. Тетовски округ (околии: Тетовска, Гостиварска, Галишка**, Бродска**);
7. Охридски округ (околии: Дебарска, Струшка, Охридска, Поградешка);
8. Битолски округ (околии: **Кичевска**, Ресенска, Битолска, Крушовска, Прилепска).

Предмет на нашето научно истражување е Кичевско-бродскиот регион и тој во административната и во територијалната поделба влегува во Тетовскиот округ со **Бродската** околија и во Битолскиот округ со **Кичевската** околија. [121]

**Битолски округ**

**Кичевска околија** :

| | | Македонци | Помаци | Албанци | Роми | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1913 | - | - | - | - | 31.784 |
| 2 | 1916 | 15.904 | 5.233 | 8.712 | 769 | 30.618 |

*Табела бр.12* Пописни документи од 1913 и 1916 изработен од страна на власт во Македонија од страна на Србија и Бугарија.

[121] Јагодић Милош, „Административна подела нових крајева Србије 1912 – 1914“, *Косовско-метохиски зборник,* 5, Београд, 2013, 211.

Од табелата видно се гледа дека според пописните документи во 1913 година не се попишувало населението според неговата етничка или религиозна припадност, пописите се изведувале со запишување на бројот на жители и сето население е запишано како српско. Додека во пописните документи од 1916 година водени за Битолскиот округ во кој влегувала и Кичевската Околија која е предмет на нашето истражување видно се гледа дека пописните активности се изведувале на тој начин што се попишувало сето население по верска и етничка припадност, со тоа што сето христијанско население го третирале за бугарско а муслиманското население кое зборувало македонски а се чувствувало за турско го сметале за помачко. Забележително е намалувањето на бројот на население поради веќе спомнатите причини.

**Бродска околија**

**Попис 1916**

| | Помаци | Албанци | Македонци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1913 г | | | | 19.033 |
| 1916 г | 4.505 | 454 | 9.824 | 15.129 |

*Табела број 35*

1. Според Пописот од 1913 година –**19.033;**
2. Според Пописот од 1916 година –**15.129;**
3. Населението е намалено за **3.904** жители, наполно се иселени 4 села а во едно село има останато сосема мал број на население

Бродската околија со мешан верски и етнички состав и ги опфаќа следните села: Требино, Дреново, Житоше, Лажани, Дебреште, Саждево, Јакреново, Борино, Белушино, Пласница, Преглово, Раштани, Корито. Останатите села се со македонско православно население со **9.824** лица. Населението во селата со муслиманска вера е намалено за **797** жители во однос на Пописот од 1913 година, додека во целиот Кичевско-Бродски регион е намалено за 1.767 жители во однос на Пописот од 1913 година.[122]

[122] Мил. Ант. Вујовић, Речник места у ослобођеној области Старе Србије. По службеним податцима, Београд, 1914, 29.

# III- ГЛАВА

## МИГРАЦИОНИТЕ И ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО КИЧЕВСКО-БРОДСКАТА ОБЛАСТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕСТСКИ ВОЈНИ

### 3.1. Воспоставување власт на Кралство СХС

По обидот за пробивање на Солунскиот фронт на 01. Септември 1918 г. , на 21 Септември Вторага Армија стигнала до Демир- Капија, Неготино, Криволак и Штип. Бугарската војска одстапувала од Кавадарци према Штип во 1918 г. Германците и Австро Унгарците се повлекувале во правец на Морава.[123] Влегувањето на Англичаните во Струмица предизвикало масовни дезертерства на муслиманското население, сите овие настани го предизвикале брзото капитулирање на Бугарија на 29 Септември 1918 г. потпишана во Солун, во очекување на Антантата дека таков чекор ќе повлечи и Турција со надеж дека за скоро ќе излезат до нафтените полиња на Кавказ. Француските војски го ослободиле Скопје, а сојузничките војски не дозволувале на српските војски да влезат на Бугарска територија поради историски причини. Како последица на предходните војни Македонија доживеала страшни разарања и пустошења, кое се потврдува од Репарационата комисија на Мировната Конференција 1919 г. во Франција. На таа конференција констатирани се големи штети во милијарди француски франци. Во делот под Бугарска окупација забележано е материјално и човечко уништување како што е на пример: рушење на српските гробишта во Кратово, скврнавења на фрески и икони во црквата во св. Никола- Кратово, осакатување на селани во Штипскиот срес, убивање на 118 српски војници во Љуботен, кои биле затекнати во Штипската болница и др. Се претпоставува дека на просторот на Македонија убиени се околу 35.000 лица во текот на Првата светска војна. Комуникацијата е тотално уништена, мостови, пруги, патишта, тунели и други сообраќајници се во колапс како последица на војната, во близина на Зелениково уништен е челичен мост во должина од 60 м. Во Демир Капија и Гевгелиско уништен е мост на Вардар во должина од 54 метри, бомбардирањето на Битола предизвикало иселување на 20.000 лица, со гранатирање од страна на Французи, Германци и Бугари со испалување на 13.415 проектили, од што настрадале 508 лица, 755 ранети и

[123] Мира Радојевић, Љубодраг Димић, *Србија у Великом рату 1914 - 1918*, 211.

уништени 3.198 куќи. Сојузничките војски потполно го уништиле Дојран со што предизвикале миграгивни процеси на населението во Струмица и Валандово. Болести, епидемија, сиромаштија, глад, шпански грип го десеткувале населението. Да би се намалила лошата состојба на населението српската војска превзела обврска и се обврзала 1922 година дека материјално ќе го обештети населението кое претрпело штети во текот на војните, но српските судови досудувале штета исклучиво на лица од српска националност[124], итоа за недвижности (куќи, земјиште, овоштарник, ливади, виногради) и подвижни работи (украдена стока, книги, пари, накит, земјоделски производи, суровини, граѓа, прибор, покуќнина и др. ) на ваков начин се покажала дискриминаторска политика на Српската власт поради тоа што средствата за обештетување редовно ја заобиколувале Македонија, секогаш наоѓајќи по некое оправдување. Доделените 60.000 овци, 17.500 говеда, за обештетување од страна на Германија не завршиле кај оштетеното население во Македонија. Друга неправда причинета на населението во Македонија е тоа што, учесниците во воените активности на страната на Србија, прогласени како воени инвалиди и нивната породица како и породиците на погинати учесници во текот на војната на српска страна, оствариле право на надомест од државата вкупно 5%. Статистиката покажува дека во текот на воените дејствија од населението на Македонија кое се борело на српска страна има: 15.703 инвалиди, додека погинати: 137.663 лица[125]. Понатамошните истражувања потврдуваат дека за неколку години голем дел од ова инвалидизирано население од предходните воени дејствија борејќи се на српска страна во голем процент е изумрено, што го потврдува лекарската комисија во текот на 1922[126]. Во Порече се воспоставува српска, државна и локална власт, прво е формирана повисокото ниво на локална власт - срез каков што бил Поречкиот срез, потоа се спуштиле да ја формираат пониската општинска локална власт со назначување. За началник на срезот поставен е

---

[124]Aleksandar Apostolov, *Vardarska Makedonija od Prvata svetska vojna do izborite za konstituata*-28. Noemvri 1920. Godisen zbornik, tom 13, Filozoffski fakultet Skopje, 1962,28-29,30; IMN/4, 88-90. За потребите на српската војска одземено е: 12.848 коњи, 5.851 волови и крави, 1.175 биволи, 377 мазги, 1994 магарињa, 153 коњски и 2629 воловски коли, (Архив Воено историски институт, Пописник 4/3, кутија 73, gsdvol;s 2, Izvestaj Komande trupa nove oblasti upucen Vrhovnoj komandi D.O.br.8530, sept. 1915).Jovanovic, Vladan, Jugoslovenska drzava I Juzna Srbija 1918-1929 g INIS Beograd 2002, str.37

[125]Jovanovic, Vladan, Jugoslovenska drzava I Juzna Srbija 1918-1929 g INIS Beograd 2002, str.38

[126]исто, str.38

Боро Марковиќ. Срезот формира општини во истите места каде што биле и во 1912 година. Председателите на општините се поставувани со декрет. Тоа се луѓе кои се истакнуваат во борбата на Солунскиот фронт, таканаречени „*солунци*". Во Дебреште поставен е Мефаил Мефаилоски – солунец, во Брод председател на општината е назначен Михајло Јосифовиќ (Димоски) како учесник во мисијата на Трбиќ во Порече, а во Долно-Р'бетинската оштина е поставен Марифен Муратоски од с. Пласница – *солунец.*

Општинските избори се спроведени на 28. Август 1920 година. На овие избори во Поречието доста активност покажал социјалистот и учител Љубомир Терзиоски од Брод, одел по селата и агитирал по своите пријатели и роднини да гласаат за кандидатот на црвената листа на Живко Топаловиќ. Поради ова бил малтретиран од српската власт и од полицијата. Изборите за пратеници се спроведени на 28.11.1920 година, на овие избори „*Поречани*" немале свои кандидати на листата за пратеници, бидејќи немале доволен број на гласови и избирале од Тетовскиот срез од листата меѓу радикалот Милорад Зебиќ-србин, демократот - Лазар Јанкулоски и Живко Топаловиќ. Покрај огромните попрекувања од страна на власта во тој период сепак поголеми резултати добиваат демократите и комунистичката партија. Поради слабиот интерес за радикалите тие на припомош ја повикале и полицијата. Во текот на изборите се појавиле и разни судири, незадоволства и притисоци така да поразот Радикалите не можеле да го прифатат па превзеле чекор да го поништат гласањето и на присилен начин да ги принудат гласачите да гласат за кандидатот на Радикалната партија. По завршување на Првата светска војна, во 1919 година е формирана Комисија за репарација од воени штети, составот на комисијата е составен од службеници на Срескиот суд. Исплатата во Поречието е следена со огромен број на неправилности и шпекуланти кој имале цел да го осиромашува населението кое било изложено на разни давачки. Заслугите на македонскиот народ во текот на Балканските војни и првата светска војна како да биле недоволни, со тоа што од новата големо-српска власт, во кралството на СХС, се избришани од народностите како народ кој се борел и гинел на фронтот за ослободување од Османската власт и се наречени Јужносрбијанци. Македонците за неполни 6-7 години морало да учат: српски, бугарски и повторно српски јазик но во никој случај- македонски. Се што ќе се пронајдеше вредно на ова подрачје се носеше во Србија или Бугарија така да од Македонија во тоа време се изнесени голем број национални и културни богатства. Македонската емиграција беше

добро запозната во тоа време со состојбата во Русија, со новиот поредок во таа земја, со нивните граѓански и политички права, тоа имаше одраз во состојбите во Македонија. Бугарија со своето заминување од овие простори, вниманието го немаше тргнато и целта за бугаризација на македонското население продолжи да опстојува но со изменети начини и постапки. Бугарите се обидоа во 1921 година, во овој крај да го уфрли **Арсо Јовев – Локвички** (убиец) со неколку четници за да ја почне Бугарската пропаганда, но од како е откриен кај селото Драчево и го осудува на смрт, во 1923 година бугарската власт го уфрла неговиот син Димитрија со неколку четници, со истата цел но од како видел дека нема поддршка за таква пропаганда, незадоволен повторно се враќа во Бугарија. Повторното доаѓање на србите 1918 година беше карактеризиран со голем терор од страна на власта беа повторно вратени (околиски началници, писари, општински кметови и др.), со изговор дека Македонија била со Бугарија, дека соработувала со бугарите и дека пукале во српските војски и други исмислени работи со цел да го тероризират македонскиот народ, таквите изговори беа причина за да ги уценува за пари и да го заплашува населението во спротивно ќе го дадат на суд. Појавата на корупција и уцени биле секојдневие, поготово во средини каде револуцијата била поизразена, добар пример е с. Дреново, председателот на општината, побарал 50 наполеони со изговор дека во 1915 година кога српската војска одстапувала, селаните (поголем дел-албанци) од Дреново пукале по војската и затоа војската решила да го изгори Дреново, меѓутоа тој бил причина да не се изгори селото, сега селото требало да му се оддолжи[127], Никола Петрески од с. Дреново бил задолжен да плати 25 наполеони затоа што бил кмет во бугарската власт, Цветан од с. Дреново задолжен да плати 15 наполеони затоа што 1916 година, го бркал Василие Трбиќ, Ѓорѓија Вацко платил 8 наполеони во злато затоа што син му бил пандур во Дебрешката општина, Димитрија Толески бил задолжен да плати 3 наполеони затоа што бил полјак, вкупно од с. Дреново собрано е 111 наполеони во злато преку Усеин Зегорски побратим на војводата- Горски уште од детство. За да ја постигнат целта применувале и затворски казни од по 5-6 месеци со цел да се издејствува пари[128]. Со текот на времето притисокот полека попуштал, но најмногу се осетил кога почнале изборни активности во 1925 г. со појавата на Радикали, демократи, републиканци и

---

[127]Генади Лешко, *Мојот Живот*,.41.

[128] Лешко, Генади, Мојот Живот, Универзитетска Печатница- Скопје, 1970 г, стр.41.

Работничка партија. Поради евидентните неправди и лошото владеење на радикалите многу од населението се изјаснувало за демократите или за Работничката партија која била (болшевичка), но биле применувани разни притисоци, фалсификати со цел повторно да добијат на избори Радикалите.

### 3.2. Политичките прилики во Кралството СХС / Југославија и нивното влијание во Кичевско – Бродкста област

Научното објаснувањето за политичка партија е: Политичка организација што опфаќа луѓе со иста политичка идеологија, со стремеж за нејзино проширување и со основна цел за целосно или делумно вршење на државна власт до која тие сакат да дојдат по легален, демократски пат, со добивање мнозинство на изборите, партиите во принцип обединуваат а не спротивно. Генезата на политичките партии во Македонија водат потекло од победата на Младотурската револуција во 1908. Почнатиот буржоаски – демократски развој, кој највидно се манифестирал низ изнесените патриотско- политички групирања, во многу нешта извирал од дотогашната Илинденска ситуација во Македонија. Така, новонастанатите политички партии представуваат континуирано продолжение на дотогашните струења во македонското национално ослободително движење во Македонија. Во почетокот нивната работа била илегална и конспиративна но постепено се пристапувало кон легално дејствување на политичкиот и партискиот живот. Прва политичка партија во тој период била Младотурската партија „***Обединение и напредок***“ таа била режимска политичка организација од експлоататорските класи на владејачката (турска) нација во Македонија и траела до есента 1912.[129] Најзначајна партија која ги застапувала инересите на македонските маси и народот во целина, била Народната Федеративна партија организирана и раководена од Димитар Влахов и Јане Сандански, значајно место завзема и социјалистичката партија на Васил Главинов и др. Бугарската, српската и грчката пропаганда формирале партии во облик на клубови со цел да обезбедат присуство на политичкиот живот во Македонија. Новоформираната држава кралство СХС, била формирана од земји кои до тогаш живееле во различни културни, економски и политички услови, поради што и општествените сили кои се затекнале во новата држава

---

[129] Цветкоска Надежда, *Граѓанските партии во вардарскот дел на Македонија ( 1935-1941).* Скопје 1996. 9

биле различни по националните обележја, степенот на економски развој и по политичката зрелост. Кралството СХС представувало национален, социјален и верски конгломерат. Според поедини аналитичари од светско ниво, кралството СХС, се формира по иницијатива на запад со цел да представува тампон зона и заштита од новите комунистички влијанија од тогашниот СССР. Политичкиот живот во кралство СХС го карактеризира многуте појавени политички партии како израз на големите различности кои биле присутни на тој простор. Политичкиот живот во Македонија во тоа време бил крајно сложен поради новата реалност која влијаела врз политичките процеси за преориентирање и приспособување на дел од социјално- политичките сили кон нив притиснати од болшевизмот и политиката за големодржавност на кралството СХС. Во Македонија главно дејствувале режимските партии на кралството СХС, партиите на движењето на социјалистите, комунистите и ВМРО на Тодор Александров. Од режимските партии главно биле присутни: Радикалната партија, Демократската партија, Републиканската партија и Земјоделската партија.

1. Радикалната партија е прва политичка партија во Србија и е формирана во 8. Јануари 1881 г.
2. Демократската партија е создадена во Сараево во 1919 г, со спојување на националистички и унитаристичко ориентирани граѓански политички партии и групи во ново-создадената држава.
3. Републиканската партија е формирана во Србија од либерали во 1920 година.
4. Земјоделската партија е формирана во 1919 година во Србија. Важно е тоа што сите српски партии не го признаваат постоењето на македонскиот национален елемент и според своите партиски и идеолошки становишта веруваат дека постепено животот ќе доведе до негово исчезнување и асимилирање со српскиот национален организам.[130]

Но значајно е тоа што и двете партии имале информации за македонските интереси и барања, знаеле за барањата на емиграцијата изнесени на мировната конференција во Парис 1919. Во однос на македонските прашања во делот на државноправниот статус на

---

[130] Јован Јанев, *КПЈ во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија ( 1919-1921)*, Скопје 1992, 208.

Македонија, имале исти гледишта и нивниот одговор бил дека „*обласна Македонија*“ како посебен автономен елемент во рамките на државата е единствено решение. На политичката сцена во Македонија покрај наведените партии, дејствувале и Социјалистичката и Комунистичката партија која набрго е забранета. По Првата светска војна, одредено политичко влијание во политичкиот живот имала и муслиманската организација „*Џемиет*“ и влијанието на ВМРО на Тодор Александров.

5. „*Џемиет*“ како политичка организација постоела и пред балканските војни во Турција. Тој го собира муслиманското население во Македонија под раководство на агите, беговите и оџите. Во Кралството на СХС, „*Џемиет*“ како радикална творба имала улога да и парира на револуционерната активност на незадоволните македонски маси и да го држи во покорност муслиманското население. Собира доста пратенички мандати за радикалите. Штом ја одигрува наменетата улога, радикалите го распуштаат во 1925 година и оттогаш оваа партија не се појавува како значајна политичка сила.[131]

6. *ВМРО* е револуционерна организација формирана кон крајот на 1893 година во Солун од страна на: Даме Груев, Петар Поп Арсов, д-р Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов, Андон Димитров, и Христо Батанџиев. Со цел по пат на револуција да постигнат политичка автономија на Македонија. 1919 г организацијата е обновена на чело со Тодор Александров, Петар Чаулев и Александар Протогеров, по убиството на Тодор Александров 1924 г првата водечка позиција ја превзема Иван Михајлов. По убиството на Александар Протоѓеров 1928 година оваа организација се поделува на: *михајловисти* и *протоѓеровисти*. Во 1934 година организацијата е забранета.

### 3.3. Појава на парламентаризам во Кралството СХС

Парламентарниот систем се јавува многу одамна во робовладетелско и феудално општество, неговото значење се објаснува со: воспоставување на политичката поддршка на владејачката класа односно проширување на политичката основа на личната, апсолутистичка власт. Парламентарниот систем бил воведен најпрво во Англија XVII век, кога буржоазијата низ политичките партии и Парламентот ја ограничувала моќта на владетелот. Во Југославенските земји парламентаризмот се јавил во XIX век, неговиот развој е продолжен во формирањето на кралството СХС претставен преку: Привремено

[131] Надежда Цветковска, *Граѓанските партии во вардарскот дел на Македонија ( 1935-1941).* 12

народно претставништво, Уставотворното и Народно собрание, идејата за народна сувереност и демократски облик на владеење највидно се манифестирала преку институцијата избори односно остварување на избирачко право.[132] Во кралството на СХС, според изборниот систем заснован на изборните закони, односно според начинот на спроведување на изборите за Парламентот (Собранието), изборите минувале низ неколку фази.

1. Избори за пратеници во Привремено народно представништво 1919 г.
2. Избори за пратеници во Уставотворното собрание 1920 г.
3. Избори за пратеници во Народното собрание во Кралството на СХС, ( 1923, 1925, 1927) г.

Првиот парламент во кралството СХС настанал и се развивал како преоден стадиум во изградба на нова држава, во услови на државно-правен провизориум, на неговото функционирање влијаеле неколку главни фактори:

- Достигнатиот степен на развој на граѓанска демократија
- Искуството од дотогашното живеење со Парламентаризам и
- Моменталната политичко- партиска констелација создадена при формирање на заедничка држава.

### 3.4. Први парламентарни избори во Кралството СХС

**Привремено народно представништво** е име за првиот парламент во Кралството на СХС, поради вонредните прилики имало потреба од негово формирање, било октроисано или подарено тело, не било избрано по пат на избори, неговиот состав бил одреден со Указ од Владата. Привременото народно представништво било составено од договорен број представници на Народниот совет и српското Народно собрание. Вкупниот број на пратеници бил 296.[133] Привременото народно представништво се состанало на 1. Март 1919 година, без представник од Македонија, Косово и Санџак, изборите за овие краеви

---

[132] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije (1918 – 1978),* Beograd, 1978, 114.

[133] Србија- 84, Хрватска, Славонија со Меѓумурје и Риека- 62, Словенија -32, Истра- 4, Далмација- 12, Црна Гора -12, Бачка и Барања- 24, Босна и Херцеговина -42, пропорционално на еден пратеник му доаѓало по 42.000 жители. Д-р Надежда Цветкоска , *Граѓанските партии во вардарскот дел на Македонија ( 1935-1941).*, 50

биле спроведени на 30. Март врз основа на владин декрет од 8. Март кој имал карактер на изборен уред, изборите не биле непосредни и општи туку се избирало преку повереници каде голема улога имала полициската власт. Во овие краеви: Македонија, Косово и Санџак бил воведен Воено- полициски режим во кој била оневозможена секаква политичка активност, 12- изборни окрузи избирале по 2- пратеника, во Вардарскиот дел на Македонија потпаѓале 7- окрузи со 14- пратеници, при изборот на пратениците македонскиот народ и другите националности во Македонија биле лишени од секакви демократски права да учествуват во изборот, тоа незадоволство го искажал во парламентот пратеникот Михајло Шушкаловиќ од Скопскиот округ. Привременото народно представништво дејствувало во период од март 1919 г до октомври 1920 г во траење од 20- месеци.

### 3.5. Општински и парламентарни избори во Кралството СХС 1920

Во 1920 година се одвивале општинските и парламентарните избори, важноста на овие избори била по тоа што новиот парламентарен состав требало да го донесе Уставот на новата држава и да го утврди обликот на државното општествено – економско уредување на новата држава.[134] Присуството на гладот, скапотијата и експлоатацијата над широките народни маси предизвикале масовни штрајкови што од темел го разнишале буржоаското владеење во Кралството на СХС. Вардарскиот дел на Македонија се нашол во уште поспецифична положба поради нерешеното национално прашање. Државните комитски чети вршеле силно влијание да го денационализираат македонскиот народ, мнозинското селско население, нерешеното аграрно прашање, лошата јавна безбедност, разните струи и влијанија, корумпираноста на државните органи и колонизацијата го зголемиле гневот и разочарувањето од буржоазијата. Еден политичар по име Стојан Протиќ јавно искажал дека: власта во Јужна Србија е со најмалку народна контрола, а со најмногу безочност, притисок и самоволије.[135] Во тој период премиер на кралството на СХС бил Љуба Давидовиќ кој ги распишал изборите во почетокот на 1920 г, поради неусогласеност со кралскиот двор, владата била симната од власт и на чело на новата влада дошол Миленко Весниќ кој во согласност со кралскиот двор ги распишал општинските избори како пробен

---

[134] Жанин Мари Чалић, *Историја Југославије у 20 веку,* Београд, 2013, 110.

[135] Цветкоска, Надежда, *Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија( 1919-1929),* ИНИ, Скопје, 2004, 44

балон за да се види односот на силите пред да се одржат парламентарните избори, по завршување на општинските избори биле организирани и парламентарни избори распишани на ден 28. Ноември. 1920 година согласно законот за избори од 3. Октомври. 1920 г. за избор на 419 народни пратеници со пропорционален модел, според овој закон било воведено општо, еднакво, непосредно и тајно право на глас со наврешени 21 година старост, гласањето било предвидено да се изведува со топчиња, со исклучок жените и војската немале право на глас. Од вкупната бројка на пратеници на Вардарскиот дел на Македонија со 7- избирачки окрузи требало да се изберат 33- пратеници, во ваквата изборна поделба Кичевскиот регион влегувал во Битолскиот изборен округ, додека Бродскиот регион влегувал во Тетовскиот изборен округ. Во својата предизборна и изборна активност учествувале скоро сите партии но најизразени биле партиите на радикалите и демократите. Радикалната партија на Никола Пашиќ водела тајни преговори со организацијата ВМРО ветувајќи им *„автономија на Македонија“* со цел да ги придобие на своја страна како гласачко тело. Јавно, Радикалната партија главната потпора ја основала на поддршката на муслиманската партија ***„Џемиет“*** од како се согласиле за заедничко настапување на изборите двете партии: Радикалната Партија и Џемиет формирале заеднички кандидатски листи за народни пратеници. Во текот на изборната активност од страна на режимската Радикална партија биле превземани разни суровости од типот: заплашувања, насилби, ќотек од стрна на полициските и општинските органи што значително влијаело на политичкото определување на македонскиот народ и останатите националности. За кандидати од редот на политичките партии се:

1. Избрани пратеници од КПЈ во собранието на Кралство СХС биле следните: 1. Војислав Ѓ. Стојановиќ- судија од Приштина; 2. Драгутин Буквиќ- секретар на Сојузот на работничките прехранбени производи од Белград; 3. Драгутин Тасиќ- кмет правник од Скопје; 4. Душан Цекиќ- трговец од Скопје; 5. Ѓорѓе Ступаревиќ- адвокат од Куманово; 6. Коста Даљевиќ- кројач од Куманово; 7. Коста Новаковиќ- новинар од Белград; 8. Ловро Клеменчич- секретар на КП од Љубљана; 9. Милорад Пантиќ- судија од Гнилање; 10. Петар Ѓорѓевиќ столарски работник од Битола; 11. Танасије Илиќ- судски писар од Прилеп и 12. Ратко Жуниќ.

2. **Демократската** партија на овие парламентарни избори обезбеди 11 пратенички места за пратеници во собранието на Кралството СХС итоа: 1. Глигорије С. Анастасијевиќ- адвокат

од Кавадарци; 2. Димитрије Чичевиќ- председател на општина Прилеп; 3. Ѓорѓе Денковиќ- трговец од Куманово; 4. Илија Шуменковиќ- советник на Посланство во Лондон; 5. Јања Константиновиќ- судија од Тетово; 6. Д-р Коста Кумануди- професор од Белград; 7. Коста Стојановиќ- министер за финансии од Белград; 8. Лазар Јанкуловиќ- директор на гимназија од Тетово; 9. Д-р Михајло Шушкаловиќ- лекар од Скопје; 10. Серафим Крстиќ- протоереј од Охрид и 11. Ќамил Јашарбеговиќ- рентиер од Скопје.

3. **Радикалната** партија од Кичево го предложила: Станко Димитријевиќ трговец од Кичево. На парламентарните избори за пратеници во собранието на кралството СХС од Радикалната партија биле избрани следните кандидати:
4. 1. Јован Ќирковиќ- пензионер од Битола и 2. Марко Трифковиќ - министер од Белград.
5. Партијата **Џемиет**- имала кандидат од регионот на Кичевската околија по име: Беќир Абдуловиќ - оџа од Кичево, во Вардарскиот дел на Македонија партијата освила 5 пратенички мандати итоа: Али Шефик Хаџи Муртеза - економ од Штип, Емин Јашар – земјоделец од Скопје, Махмуд Јумеровиќ - трговец од Прешево, Ѓенан Зија – рентиер од Битола и Хусеин Али Ризабеговиќ –поседник од Кавадарци.
6. Македонското население во Македонија по препорака на ЦК ВМРО и Тодор Александров, поголемиот дел гласало за КПЈ. Додека муслиманското население гласало за партијата на Џемиет во сорботка со Радикалната пртија. Според резултатите од изборите, од вкупно запишани 197.689 избирачи гласале 109.490 глсачи или 56.33%.
7. КПЈ – 15 - пратеници, ДП 11 - пратеници, Радикалната партија 2 - пратеници, Џемиет- 5

### 3.6. Парламентарни избори 1923 година

Кризата во радикално-демократската коалиција, која ја обележувала политичката реалност на Кралството на СХС од вторта половина на 1921 година, се завршила со нејзиното растројство кон крајот на 1922 година по прашањето на односите кон Хрватскиот Блок и со формирање на хомогениот изборен кабинет на Никола Пашиќ со одобрение од кралскиот дворец на 16 Декември 1922 година.[136] На ден 21. Декември 1922 година Собранието било распуштено и биле распишани изборите за 18. Март 1923 г.

[136] Branislav Gligorijevic,*Demokratska stranka i politicki onosi u Kraljevini Srba, Hrvata I Slovenaca,* Beograd,1970,312-334

Настан кој предизвикал голема огорченост кај опозицијата. За овие избори бил донесен нов закон на 27. Јуни 1922 г. со кој бил намален број на пратеници од 419 на 313 пратеници а 1- пратеник немало услови да биде избрани па биле 312. Во изборните закони се појавиле поголеми повреди во поглед на правата на граѓаните затоа што за државјани се сметале сите: кој по племе и јазик се Словени, што овозможило да се вклучат и многу руски емигранти во изборните активности кој биле од интерес за Радикалната Партија. Пратеникот морал да има 30- години, морал да знае да зборува, пишува и чита на службен јазик, но ако се работи за природени државјани кои не се: Срби, Хрвати или Словенци, постоел услов најмалку 10- години да се населени во Кралството на СХС. Врз основа на „Законот за заштита на државата неможеле да се кандидират ни лица припадници на КПЈ.[137] Во Вардарска Македонија бројот на пратеници требало да изнесува 24 пратеници, од Кичевско- Бродскиот регион биле предложени:

1. Радикалната партија за Кичевската околија бил предложен кандидатот: Антон Ахторовиќ- земјоделец, избрани пратеници од Вардарскиот дел на Македонија биле следните: 1. Ајдар Асановиќ- земјоделец; 2. Антоније Р. Бешировиќ- трговец; 3. Ѓорѓе Хаџи Алексиќ- банкар; 4. Јован Ќирковиќ-пензионер; 5. Марко Петровиќ- учител; 6. Петар Робевиќ- земјоделец; 7. Угрин Јоксимовиќ- председател на општина; 8. Влада Д. Пуздерлијевиќ- трговец и 9. Мита Димитријевиќ- советник на посланство за надворешни работи.
2. Демократската Партија за Кичевската околија бил предложен: Љубомир М Трандафиловиќ, - адвокат и народен пратеник од Белград, од Вардарскиот дел на Македонија од Демократската партија биле избрани следните: 1. Димитрије Чичевиќ- поранешен народен пратеник; 2. Димитрије Трајковиќ- свештеник; 3. Глигорије Анастасијевиќ- адвокат; 4. Д-р Илија А. Шуменковиќ- поранешен народен пратеник; 5. Коста Кумануди – министер за надворешни работи; 6. Михајло Кујунџиќ- учител; 7. Младен Д. Николиќ- поранешен народен пратеник; 8. Риста Ст. Настовиќ- поранешен народен пратеник и 9. Поп Трајко Арсиќ- учител во пензија
3. За Бродската околија од Демократска партија бил предложен Милисав П. Блажевиќ- учител од Брод,

---

[137] Жанин Мари Чалић, *Историја Југославије у 20 веку,* 109.

4. Од партијата Џемиет предложен кандидат за пратеник од Кичевската околија бил Абдул Амид- оџа од Кичево, заменик пратеник, бил предложен Алил Мемед- рентиер од Кичево

Партијата „Џемиет“ на овие избори учествувала самостојно, така одлучила на конгресот одржан на 20-29 Јануари 1923 Скопје. Од изборните резултати оваа партија добила 6- пратенички места итоа:

1. Ќамил Јашар бег- земјоделец од Скопје, 2. Ќамил Осман – земјоделец од Скопје, 3. Ѓенан Зија- рентиер и поранешен пратеник од Битола, 4. Халим Бег Дерала- рентиер од Тетово, 5. Хасан Шукри Хаџи Мустафа трговец од Скопје и 6. Садедин Рушид, - рентиер од Битола

### 3.7. Парламентарни избори 1925 год.

Според овие избори требало да се изберат 315 пратеници, од тој број во Вардарскиот дел на Македонија требало да се изберат 25 народни пратеници. На овие избори од Кичевско- Бродскиот регион предложени се следните кандидати од редот на:

1. **Радикалната партија**- предлага за народен пратени од Кичевската околија: Ставре Трпковиќ рентиер од Кичево, Заменик пратеник за Бродската околија предложен е Расим Исовиќ земјоделец од с. Дреново
2. **Демократската партија** за Кичевската околија, кандидат за пратеник го предлага В. Поповиќ учител од Кичево а за негов заменик е предложен Идриз Алијевиќ, За Бродската околија од ДП пратеник 1. Милисав П. Блажевиќ- учител од Брод, 2. Замен.- М. Терзиќ.
3. Партијата **Џемиет** на овие избори за околија Кичевска го предложиле: Абдурахман- Ефендија, додека за Бродско- Поречка околија го предложил:1. Хусеин Хусни- новинар, 2. Зам.- пратеник- Ахмед бег.

Карактеристично е што партијата „**Џемиет**“ на овие избори излегува во својство на опозиција и била изложена на жесток притисок од страна на партиите на власта, поради таквата нејзина позиција била попрекувана во нејзините предизборни активности, жестоко напаѓана и оневозможувана да се етаблира пред гласачкото тело, нејзиното членство се повикувало од страна на режимските партии да се откажет и да премине на нивна страна, пример на 26. Јануари 1925 година во Скопје, по излегувањето на првиот број на новиот турски лист „Хак Јоли“ (патот на правото) орган на Џемиет веднаш е забранет, и сите

негови броеви се запленети поради што е апсен Акиф Аметовиќ, со изговор дека ова е продолжение на стариот забранет лист Хак. Сопственик на листот бил Настас Петровиќ - поранешен министер за внатрешни работи, иако реагирал но сето тоа останало без успех. Оружени четници на самите избори вршеле силен притисок со тепање и малтретирање на кандидатите и гласачите за Џемиет. Резултатите од овие избори биле следните. Радикалната партија добила 17- пратенички места додека Демократската партја- 8, сите други партии биле надвор од парламентарниот дом. **Џемиет** не добил ниту едно пратеничко место, после овие резултати **Џемиет** доживува голем расцеп во раководството поради спротивностите на албанскиот и турскиот дел на раководството во очи на изборите партијата скапо платила од овие избори потоа исчезнала од политичката карта на тогашната држава. Како лица кои се забележани дека работеле против успехот на партијата се: Ѓенан Зија, Халил бег Дерала и Саладин Гушај. Џемиет згаснала од политичката сцена во кралството СХС.[138]

Избрани 17 пратеници од редот на Радикалната партија се следните: 1.Александар Аксентијевиќ- чиновник; 2. Антоније Beширевиќ- трговец; 3. Василије Трбиќ- пензионер; 4. Владо Пуздерлијевиќ- поранешен народен пратеник; 5. Илија Вукотиќ- аптекар; 6. Јован Алексиќ- директор на гимназија; 7. Јован Алтипармаковиќ- адвокат; 8. Јован Ќирковиќ- поранешен пратеник; 9. Марко Петровиќ- учител; 10. Милан Апостоловиќ- инженер;11. Никола Бесарабиќ-трговец; 12. Осман Асановиќ- трговец; 13. Ранко Трифуновиќ-државен подсекретар; 14. Ставра Трпковиќ- општински кмет; 15. Угрин Јоксимовиќ- трговец; 16. Бора Миловановиќ- адвокат и 17. Давид Димитријевиќ- книжар.

Избрани 8 пратеници од Вардарскиот дел на Македонија од Демократската партија биле избрани:1. Игњат Стефановиќ- адвокат; 2. д-р Илија Шуменковиќ- министер за надворешни работи; 3. д-р Коста Кумануди-министер; 4. Михајло Кујунџиќ- учител; 5. Младен Николиќ- поранешен народен пратеник; 6.Арса Лазиќ- трговец; 7. *Аџо Трајковиќ-трговец од Пласница* и 8. Глигорије Дракаловиќ- училишен надзорник.

---

[138] Branislav Gligorijevic,*Demokratska stranka i politicki onosi u Kraljevini Srba, Hrvata I Slovenaca*, ,312-334

### 3.8. Парламентарни избори во 1927 год.

Лошите односи во владата на кралството СХС довело до нужни парламентарни избори кој се одржале на ден 11. Септември 1927 г. според овие избори требало да се изберат 315 пратеници во Собранието на Кралството СХС, За Македонија биле одредени 25 пратенички места. Радикалната партија за пратеник во собранието на кралството на СХС за Кичевската околија го предлагала: Халил Хамза земјоделец од Битола, за заменик-пратеник бил предложен Станко Димитријевиќ- трговец од Кичево, Кандидат за пратеник од Поречката околија предложен е Јевтимије Поповиќ, адвокат од Битола, негов заменик Ќиро Мојсиќ меанџија од Гостивар за Тетовски изборен округ предложен кандидат за Поречка околија е Милан Апостоловиќ инжинер, директор на Државната железница од Суботица, заменик Даут Суљемановиќ земјоделец од Прилеп. Од Демократската партија биле предложени следните кандидати за пратеник: Бенедикт Поповиќ- учител од Кичево, за заменик Џемаил Зеќировиќ земјоделец од с. Шутово. Кандидат за пратеник од редовите на Демократската партија за Поречко- Бродската околија бил предложен Данило Лазиќ – столар од с. Слатино, а за негов заменик Димитрије Јосифовиќ земјоделец од с. Русјаци. Од овие избори резултатите се следни:

1. Радикалната партија освоила 12- пратенички места итоа: д-р Богдан Марковиќ- министер, Василије Трбиќ- пензионер; д-р Драгољуб Јевремовиќ- лекар; Илија Вукотиќ- аптекар; Јован Алтипармаковиќ- адвокат; Јован Протиќ- училишен надзорник; Марко Петровиќ-учител; Панта Јовановиќ- професор; Светислав Милосављевиќ- министер; Угрин Јоксимовиќ- трговец; д-р Џафер Сулејмановиќ- лекар и Шани Идриз- трговец.

2. Демократската партија освоила 13- пратенички места: *Аџко Трајковиќ- поранешен народен пратеник од с. Пласница*; Божидар Влајиќ- адвокат; Бенедикт Поповиќ- професор; Димитрије Бојаџиевиќ- трговец; Ѓорѓе Манолевиќ- кафеџија; Игњат Стефановиќ- адвокат; д-р Илија Шуменковиќ- министер; Јеремија Павловиќ- учител; д-р Коста Кумануди- министер; Милан Поп Димитријевиќ- трговец; Михајло Г. Кујунџиќ- учител; Младен Николиќ- поранешен народен пратеник и Ќамил бег Јашарбеговиќ- земјоделец.

На овие парламентарни избори имаме избран пратеник од Кичевската околија итоа: Бенедикт Поповиќ учител од Кичево од редовите на Демократската партија, турците во

Македонија иако немале своја партија сепак биле застапени во останатите парти со бројка 2- пратеника додека албанците со бројка од 1- пратеник.

| Партијата „*Џемиет*“ на изборните циклуси во Кралството Југославија за избор на пратеници во Парламентот | |
|---|---|
| Избори 1920 | 1. Али Шефик Хаџи Муртеза, 2. Емин Јашар, 3. Махмуд Јумеровиќ, 4. Ѓенан Зија, 5. Хусеин Али Ризбеговиќ ( Џемиет- на избори во коалиција со Радикалите) |
| Избори 1923 | 1. Ќамил Јашар бег, 2. Ќамил Осман, 3. Ѓенан Зија, 4. Халим бег Дерала, 5. Хасан Шукри Хаџи Мустафа, 6. Садедин Рушит **„Џемиет“** излегла на избори самостојно. |
| Избори 1925 | Излегла на избори сама и не добила ниту еден пратеник. |
| Избори 1927 | „*Џемиет*“ како политички субјект, се растурила поради нетрпеливост на албанските и турските фактори и силниот притисок на власта, најголем дел од гласачите гласале за Радикалите и Демократите. |
| 06.01.1929.г | Шестојануарска диктатура, забранети се секакви политичко- партиски активности |

*Табела број 40*

### 3.9. Шестојануарска диктатура и избори 1935

На 06.01.1929 година од страна на тогашното раководство на Кралство СХС, воведено е апсолутистичко диктаторски режим, а со тоа се засили теророт против револуционерните движења, бидејќи не постоеше друга режимска партија која потекнуваше од просторите на Македонија, со ова диктатура беа забранети сите политички активности во државата. Со престанок на диктатурата се донесе таканаречен „Октроисан“ Септемвриски или Подарен устав од страна на Кралот на 03.09.1931 г. со што се оживува политичко- партискиот живот во државата. Во новите услови на дејствување се јавува главен политичко –партиски субјект на политичката сцена **„Југословенска радикално- селска демократија“** – ЈРСД која во периодот на 1932/33 година развива интензивна активност во Вардарскиот дел на Македонија, за одговорна личност на подрачјето на Вардарска бановина беше поставен четничкиот војвода Василије Трбиќ, долгогодишен пратеник од редот на Радикалната страна и главен организатор и водач на четничките движења на просторот на Македонија од 1903 г. беше одговорен за Аграрната Реформа и Колонизација во Јужните краеви на тогашната држава Кралство на СХС почнувајќи од 1919 г. до нејзиниот крај. Председател на Привремениот Бановински одбор на ЈРСД. На 20.07.1933.[139] Во Белград на Земска конференција името ЈРСД беше

[139] Жанин Мари Чалић, *Историја Југославије у 20 веку,* 211.

сменето во Југословенска Национална Странка ЈНС, по убиството на кралот Александар на 09.11.1934 г. почнува нов период во оппштествено политичкиот и економскиот живот во Кралство Југославија и Вардарскиот дел на Македонија. Владата на тогашна Југославија беше водена од Богољуб Јевтиќ во период од 20.12.1934 до 24.06.1935 г. главните атрибути кој ги застапуваше во текот на изборните активности беа: помирувањето, смирување на страстите и продолжување на кралската политика и лојална примена на Уставот од 1931 г. што не кореспондираше со новонастанатите потреби и интереси на граѓаните поради високо изразените централистички ставови со примена на закани и притисоци. Владата на Богољуб Јефтиќ покажа слабости во надворешно политичките односи, на 06.02.1935 беше распуштено Народното Собрание на Кралството Југославија и беа распишани парламентани избори за 370 народни пратеници. На овие парламентарни избори Кичевско- Бродскиот регион е опфатен со изборниот круг бр. 34 со околиите: Кичевска и Поречка. За кандидати од ЈНС од Кичевската околија: 1. Ставре К.Трпковиќ, рентиер од Белград, Поречка околија: 1. Данило Ѓуровиќ- претприемач од с. Слатино, 2. Јефтимие Поповиќ. Предложени кандидати од здружената опозиција беа: Кичевска и Поречка околија беа предложени: 1. Љубомир Трендафиловиќ- адвокат од Белград и 2. Таса Стојановиќ- адвокат од Кичево. Од други листи биле предложени: Кичевска околија: д-р Сотир Каранфиловиќ- лекар од Кичево и Поречка околија: Ибраим А. Камлаговиќ-кафеџија од Кичево. Според изборните резултати од Вардарскиот дел на Македонија добиени се 30- пратенички места, 29 се од ЈНС, 1- пратеничко место од редот на здружена опозиција.

1. **Кичевската** околија за народен пратеник избран е: **Ставре К.Трпковиќ**, рентиер од Белград,
2. **Поречка** околија: 1. **Данило Ѓуровиќ**- претприемач од с. Слатино.

Поради низа слабости во владата на[140] Богољуб Јевтиќ на 24.06.1935 година дојде до нејзин пад и на чело на владата застана дотогашниот министер за финансии д-р **Милан Стојадиновиќ**. Новата влада беше составена од партиите на: Босанско- Херцеговските муслимани на д-р **Мехмед Спахо**, Словенечките клерикалци на **Антон Корошец** и поранешните дисиденти на ХСС на **Никола Прека, Марко Кожуљ** и др. Новата влада

[140] Цветкоска, Надежда, *Граѓанските партии во Вардарскиот дел на Македонија (1935-1941),* 36 .

пристапи кон формирање на нова партија: Југословенска радикална заедница (ЈРЗ) составена од Радикалната партија, Словенечката људска странка, Југословенската муслиманска организација, според законот за здруженија, ЈРЗ на 19.08.1935 г. поднесе пријава до Министерството за внатрешни работи за добивање дозвола за работа, програма и статут за работа. Дозволата за работа на ЈРЗ е добиена на 17.10.1935 г. според статутот на партијата главни органи на ЈРЗ беа: месниот (Општинскиот ) одбор, Околискиот одбор и Бановинското собрание. Во почетниот период за партиски представник што ја ширел програмата и политиката на новата ЈРЗ за (Македонија) односно Вардарска Бановина бил министерот за народно здравје и социјална политика Драгиша Цветковиќ. Со ваквите посети се пристапи кон формирање на Околиски одбори за сите околии во Вардарскиот дел на Македонија итоа: Горнополошка, Дебарска, Кратовска, Кичевска, Долнополошка, Галичка, Кочанска, Битолска, Преспанска, Крушевска, Прилепска, Струмичка, Овчеполска, Мариовска и Велешка.

**Околискиот одбор на ЈРЗ за околијата КИЧЕВО:** председател: Ставре Трпковиќ- народен избраник, потпредседатели: Владо Милетиќ - прв, Реџеп Рушетовиќ- втор, Живко Ѓорѓевиќ- трет, и Шабан Салиевиќ Бајрамовиќ- четврт од с. Лисичани. Секретари: Васо Пејановиќ и Никола Новаковиќ; членови на Одборот: Цветан Милошевиќ, Ахмед Садиковиќ, д-р Душан Милоевиќ, Милосим Аврамовиќ, Асан Ахмедовиќ, Светозар Лазиќ, Мислим Алиевиќ, Ахмед Кемановиќ, Рамадан Кадриевиќ, Богдан Костиќ, Јован Ѓорѓевиќ, Елаз (Елез) Феральновиќ, Антоније Најдаревиќ, Ѓорѓе Спасиќ, Ѓорѓе Бардовиќ, Коста Матевиќ, Трајко Србиновиќ, Благое Димовиќ, Асан Рамитовиќ, Салија Садиковиќ, Лазар Петровиќ, Милетије Коруновиќ, Ѓемаил (Џемаил) Мустафовиќ, Блажо Никодиновиќ, Ташко Вењановиќ, Вељко Спасеновиќ, Славко Трпковиќ, Јордан Стојановиќ, Мустафа Арбуловиќ[141],

**Околиски одбор на ЈРЗ за околија ПОРЕЧКА:** Председател: Данило Ѓуровиќ- народен пратеник, потпредседател: Новак Србиновиќ; секретар: Ванче Терзиќ; благајник: Александар (Ацко) Теофиловиќ- од Пласница. Членови на одборот: Максим Матовиќ,

[141] „Смоуправа" LVI, br.80, Београд, 26.V.1936, 2.

Рифат (Рефат) Јајовиќ- Пласница, А. Тавшеви, Симеун Симеуновиќ, Расим Поповиќ, Серафим Божиновиќ и Димитрие Мациќ[142].

На 26.07.1936 г. на Основачкото собрание во Кичево беше формиран Местен одбор на младината на ЈРЗ во состав: *председател*: Шабан Салиевиќ- трговец од с.Лисичани; потпредседател: Стојан Настиќ, - златар, секретар: Круме Крстиќ, благајник: Коста Наумовиќ- трговец; другите 20 Членови на одборот избрани од видните граѓани во градот и околијата на Кичево.

На парламентарните избори во 05.05.1935 год. од Вардарскиот дел на Македонија избрани се следните пратеници:

1. Бранислав А. Тодоровиќ; 2. Угрин Јоксимовиќ; 3. Стојадин Столе- Димитријевиќ; 4. Стаменко Стошиќ; 5. Радмило Стоилковиќ; 6. Стеван Симиќ; 7. Петар Р. Косовиќ; 8. Радосав М. Димиќ; 9. Ставре К. Трпковиќ; 10. Василије Трбиќ; 11. Милан Блажиќ; 12. Д-р Михајло Р. Поповиќ; 13. Стојан Ст. Крстиќ; 14. Душан Антонијевиќ; 15. Светозар С.Тасиќ; 16. Данило Ѓуровиќ; 17. Мита Димитријевиќ; 18. Дамјан П. Арнаудовиќ; 19. Танасије Ѓ. Диниќ; 20. Д-р.Часлав Никитовиќ; 21. Јован Б. Ненадовиќ; 22. Михајло Р. Каламатијевиќ; 23. Тодор М. Живковиќ; 24. Радивоје Нановиќ; 25. Димитрије Беширевиќ; 26. Душан Перовиќ; 27. Игнат Б. Стефановиќ; 28. Д-р Јордан Л. Аќимовиќ; 29. Д-р Драгутин Јанковиќ и 30. Д-р Драгутин С. Којиќ.

Од списокот се гледа дека сите 30- пратеници се од српско, нема ниту еден избран пратеник од муслиманските популации.

### 3.10 Локали избори во Вардарскиот дел на Македонија

Локалните избори во Вардарскиот дел на Македонија беа распишани: 09.10.1936.г по реализираните општински и локални избори резултатот за Кичевско - Бродскиот регион е следниот:

Избрани председатели на општини за **Поречка Околија**

1. Општина **Дебрешка**: Петровиќ Илија, ЈРЗ, 567, гласа,

[142] Исто

2. Општина **Јужно-Бродска**: Димовиќ Михајло, ЈРЗ, 420, гласа

3. Општина **Локвичка**: Митановиќ Цветан, ЈРЗ, 243, гласа

4. Општина **Манастиречка**: Ѓорѓевиќ Ѓорѓе, ЈРЗ, 243, гласа

5. Општина **Растешка**: Трајановиќ Софроније, ЈРЗ, 206, гласа

6. Општина **Самоковска**: Јовиќ С. Бранко, ЈРЗ, 280, гласа

Избрани председатели на општини за **Кичевска Околија**

1. Општина **Брждanska**: Костиќ Богдан, ЈРЗ, 301, глас
2. Општина **Доленечка**: Аврамовиќ Милосим, ЈРЗ, 399, гласа
3. Општина **Карабуничка**: Спасеновиќ Вељко, ЈРЗ, 226, гласа
4. Општина **Кичевска**: Милошевиќ Цветан, ЈРЗ, 879, гласа
5. Општина **Кленовачка**: Аврамовиќ Иван, ЈРЗ, 200, гласа
6. Општина **Малоцрска**: Спасиќ Ѓорѓе, ЈРЗ, 284, гласа
7. Општина **Мидинечка**: Рашитовиќ Реџеп, ЈРЗ, 540, гласа
8. Општина **Орланечка**: Ѓорѓевиќ Живко, ЈРЗ, 461, гласа
9. Општина **Премљанска**: Лазиќ Светомир, ЈРЗ, 332, гласа
10. Општина **Раштанска**: Коруновиќ Милетије, ЈРЗ, 324, гласа
11. Општина **Тајмишка**: Грујиќ Грујо, ЈРЗ, 39, гласа.

Првата влада на Милан Стојадиновиќ требаше да претставува концентрација на политичари кој требаше да ја смируваат и решаваат политиката и лошата економска состојба во Кралството Југославија, како главен правец во кој ќе делува беше: неповредливост на приватната сопственост, буржоаски општествен систем, интегрален југословенски унитаризам, монархизам, централизам, формален буржоаско- демократски институционализам како изборно претставничко тело, без желба за никаква реформа.[143] Во текот на владеењето на Милан Стојадиновиќ, се формира Сенат составен од два вида на членови:

[143] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije (1918 – 1978),* 212.

1. Едната половина се избираше по бановините итоа на секои 300.000 жители се избираше по 1- сенатор, а изборот го вршеа:

- Народните пратеници од сите околии на односната бановина
- Сите бански советници на односната бановина
- Сите председатели (началници) на општини на таа бановина

2. Втората половина на членовите на Сенатот (ист број), ги именуваше кралот. Мандатот на избраните сенатори траеше 6- години, секои 3- години сенатот се обновуваше со избори за нови членови за една половина од избраните сенатори, мандатот на сенаторите именувани од кралот траеше 6- години. Од вардарскиот дел на Македонија за сенатори беа избрани следните: **Угрин Јоксимовиќ**- народен пратеник, **Михајло Лукаревиќ**- народен пратеник, **Мухамед Златку**- председател на општина Дебар.

### 3.11. Парлаентарни избори 1938 година

Владата предводена од Милан Стојадиновиќ, формирана на последните избори одржани на 05.05.1935 г. со поддршка на кнезот Павле се одлучи да ја растури владата неколку месеци пред истекот на мандатот и да оди на нови парламентарни избори кој ги закажа да се одржат на ден 11.12.1938 г. за 371 пратеници, од Вардарскиот дел на Македонија требало да се изберат 30 –пратенички места. Владејачката партија ЈРЗ разви широка политичка предизборна активност и ги посетуваше сите населени места и градови преку своите политички и партиски представници, посетено беше и Кичево на ден 26.11.1938 г. на тој собир зборува: Угрин Јоксимовиќ, Бранко Тодоровиќ, Зејнел- бег Страцимировиќ, Панта Јовановиќ, Мухамед Златко, Кадри Салиевиќ и Ќира Мојсиќ. На овие парламентарни избори во околијата Кичевска од ЈРЗ беа предложени следните кандидати за пратеници и заменици пратеници.

1. Пратеник- Живко Ѓорѓевиќ (Кижески), земјоделец од Светорача, заменик- Шабан Салифов Бајрамовиќ.- бакал од с.Лисичани- Кичево.
2. Пратеник- Владо А Стојановиќ- трговец од Кичево, зам. Алија А Абазовиќ- земјоделец од с. Србица.
3. Пратеник- Анастас Бунгуровиќ- дир. „Галеб“ Кичево, **зам**. Илјаз В Имеровиќ, зејод. од с. Стрелци.

На овие парламентарни избори за народен пратеник од Кичевската околија избран е: **Живко Ѓорѓевиќ (Кижески)**

Предложени кандидати за **Поречка** Околија беа следните лица:

1. Пратеник- Данило Ѓуровиќ претприемач од с. Слатино; зам. Алија Бајрамовиќ- земј. од Пласница.
2. Пратеник- Милан Апостоловиќ инж. Од Белград; зам. Данило П Блажевиќ земјоделец од Јужен Брод.
3. Пратеник- Цветко М. Кузмановиќ учител во пензија Ј. Брод; зам. Иса К. Ибраимовиќ земј. Дебреште.

На овие парламентарни избори за народен пратеник од Поречката околија избран е: **Данило Ѓуровиќ**а за заменик е избран Алија Бајрамовиќ (Мустафоски) од с. Пласница.

На 03.02.1939 г. на Милан Стојадиновиќ му поднесоа оставки министрите на неговата влада: д-р Мехмед Спахо, Драгиша Цветковиќ, д-р Михо Крек, Франц Сној и д-р Џафер Куленовиќ. На 05.02.1939 г. се формира нова влада предводена од Драгиша Цветковиќ оваа влада траеше до 27.03.1941 г. заедно со Влатко Мачек. Истата вечер кога е потпишан пактот на Југославија кон силите на Оската, воведен е државен удар, на чело на владата застана генерал- Душан Симовиќ до потпишување на капитулација 17.04.1941 г.

На парламентарните избори 1938 г од Вардарскиот дел на Македонија беа избрани следните пратеници:

1. Бранислав А. Тодоровиќ; 2. Угрин Јоксимовиќ; 3. Стојадин Димитријевиќ; 4. Милан Симоновиќ; 5. Мина Станковиќ; 6. Стаменко Стошиќ; 7. Јован Алтипармаковиќ; 8. Радослав М. Димиќ; 9. Живко Ѓорѓевиќ ( Кижески); 10. Д-р Јован Шајкаревиќ; 11. Анастас Чорбевиќ; 12. Стојан Крстиќ; 13. Душан Антонијевиќ; 14. Светозар Тасиќ; 15. Данило Ѓуровиќ; 16. Велимир Анѓелковиќ; 17. Воислав Ѓорѓевиќ; 18. Мита Димитријевиќ; 19. Симо Андоновиќ; 20. Михајло Крстиќ; 21. Методија Ципушевиќ; 22. Петар Чипевиќ; 23. Михајло Каламатијевиќ; 24. Тодор Живковиќ; 25. Дионисије Продановиќ; 26. Димитрије Беширевиќ; 27. Душан Перовиќ; 28. д-р Михајло Стојановиќ; 29. Драгутин Матовиќ; 30. Панта Јовановиќ и 31. Илија Чулевиќ.

Од овие изборни резултати се гледа дека нема ниту еден пратеник од националностите. Незастапеноста на етничкиот состав на населението од Македонија било една од повеќето причини кое предизвикале миграттивни движења на населението, поради тоа што немале свој претставник во највисокиот орган на државата и нивните интереси не биле во доволна мера застапувани што довело до несигурност, апатија и разочарување на муслиманскиот дел од населението.

## 3.12. Миграциони движења предизвикани од аграрната реформа и коонизација

Добрата геостратешка, политичка и економската важност на нашата земја от секогаш привлекуваше разни завојувачи. За да ја осигурат земјата за себе, завојувачите во неколку периоди колонизираа свои етнички и национални елементи на кои се потпираа во текот на своето владеење. Можеби токму на таквата колонизација, што турските завојувачи ја вршеа во Македонија, уште од своето доаѓање, се должеше и нивното долго владеење.

Едно од најважните прашања што зад себе ги остави Османлиската империја, по распаѓањето во првата деценија на 20 век, во Македонија и насекаде на Балканот беше прашањето за земјата, односно аграрното прашање и неговото решавање преку спроведување на аграрната реформа, што ќе биде повод за нова колонизација на новите освојувачки власти. Првите почетоци на Колонизацијата од страна на Кнежевството Србија конципирани се со проектот на „*Начартанието*" на Гарашанин, како прва програма за политички акции во овие

области што се уште се наоѓале под Османска власт, полагајќи некакво историско право на овие простори. За да ја релизира својата политичка програма, уште во 1845 г. Кнежевството Србија има упатено агенти „*за тајни работи*", во почетокот како просветителска дејност во рамките на „*панславизмот*" со отворање на извесен број цркви и училишта во Македонија. Таа фаза траеше некаде до Берлинскиот конгрес 1878 г. Во подоцнежниот период Србија доставила до портата и територијални барања за проширување на своите територии до устието на реките: Бистрица и Струма на Егејското Море. Во интерес на програмата, министерот на просвета на Србија предлага да се

создадат Српски населби во Скопје, населени со агенти, одбрани луѓе: занаетчии, гостилничар, книжар, свештеник, лекар, аптекар и бабица по можност луѓе во брак. „*Од овој мал квасец набргу би нараснал и за кусо време голем српски леб*“.

Вардарскиот дел на Македонија официјално е анектиран од Кралството Србија на 25. Септември 1913 г. Со воведување на колонијална управа во Македонија се воведува српскиот јазик во училиштата и администрацијата; се носат чиновници од Србија, истовремено масовно се иселува турското население и други муслимански популации, во Вардарскиот дел на Македонија, се појавија „*пусти и ненаселени површини земја*“ со што беа создадени поволни услови за колонизација на Македонија. Првата мерка која водеше кон колонизација на население во Македонија регулирана е со донесување „Уредба за Населување од 20.02.1914 г.“ Бидејќи во дотогашниот период иселувањето на население од Македонија беше активно од многу причини: Аграно – правниот чифчиски систем што преовладуваше во Османската власт, населувањето на мухаџири во Македонија, појавата на бунтови и востанија, поделбата на Македонија и други причини доведуваа до иселување на население од Македонија, според некои статистики во тоа време имало 33% необработена површина земја во Вардарскиот дел на Македонија[144]. Во периодот кога заминала Османската власт од овие простори во сопственост на Турци биле 2.029 сопственици со површина од 25-50 ха. Додека христијани 159 сопственици со толку површини земја, вакавски 7, цркви и манастири 15, вкупно 2.209 имало сопственици со имот од 25-500 ха земја во Вардарскиот дел на Македонија, што претставувало атрактивна причина за разни движења на население од други делови на тогашната нова држава Кралство Србија. Турците земјата ја продавале од повеќе причини и во периодот од 1913 до 1918 година тој број се свел на 501 чифлик[145]. Покрај продадени огромни површини земја од страна на сопствениците кој ги напуштиле имотите, голем дел од земјата е заграбена од страна на видни личности како што е случајот со големиот имот во Демир Капија, што го присвои кралот Александар, потоа имотот на Милан Стојадиновиќ кој беше премиер на Кралството Југославија 1936-1938 г. и други шпекуланти кои ја купувале земјата по ниски цени а потоа ја продаваа по високи цени на аграрните задруги, поради намалување на земјишниот фондот на земја, за реализација на проектот за Колонизација

---

[144] Александар Апостолов, *Колонизација на Македонија во стара Југославија*, 35 .

[145] Исто. 51.

на население од Српските краеви во Вардарскиот дел на Македонија. Во тој период постоеле и големи комплекси на земја како што бил имотот на Ќазим-бег во с. Бардовци- председател на Касациониот суд во Цариград со површина од 1.400 ха земја. Имот во с. Ропотово- Прилепско во сопственост на Џелал- паша од Мат Албанија, татко на Албанскиот крал Ахмед-зогу, командант на Султановата жандармерија во Цариград и неговиот брат Садула имале 300 ха квалитетна земја, од ова земја со процесот на Аграрна реформа за сопствениците оставена е 30 ха земја, останатиот дел од имотот е поделен на население од Порече, друг случај, има напуштена земја во с. Дебреште и Брод одземена и поделена на население од блиското опкружување на Поречието кое се истакнало како заслужно за српскиот елемент. На одземена и поделена земја во с. Ропотово населено е население од Порече 250 куќи, додека со одземената и поделена земја во с. Дебреште населени се 12-15 семејства, (куќи). На Михајло Јосифовиќ[146] српски војвода од Брод дадена му е 10 ха квалитетна земја покрај река Треска во знак на благодарност за храбриот јунак во служба за српството. Одземена е земја од богат Албанец од с. Десово и на негово место донесено е население од Велешко: с. Габровник и с. Ореовдол 30 куќи[147]. По завршувањето на Првата светска војна се формира новата држава Кралство на СХС, по неколкугодишното затајување на процесот за реализација на Аграрната реформа и Колонизација на старите краеви како што ги викаше власта, на 25.02.1919 г се пристапи кон изработка на нацртот на аграрната реформи и го објави на 27.02.1919 под наслов „*Предходни одредби за подготовка на аграрната реформа*“. Овие одредби представуваат законска основа за спроведување на аграрната реформа во стара Југославија, како и за колонизацијата во Вардарска Македонија. Во Уредбата за населување на новоослободените и присоединети области на Кралството Србија од 20.02.1914 г. со измени и дополнувања од 09.05.1914 г. се предвидуваше само колонизација, без аграрна реформа, во Предходните одредби во чл. 1 се предвидува укинување на чифчиските односи а се забранува воспоставување на нови такви. Чифчиите се прогласуваат за слободни сопственици на чифчиската земја, значи со Уредбата од 1914 г. колонизацијата и предходеше на аграрната реформа, а во стара Југославија, теоретски, колонизацијата започна врз принципите на аграрната реформа и зависеше од неа. Со оглед дека за објект

[146] Ракопис на Трбиќ, Василије, мемоари, ИНИ,Сн.IV.164/ IV-V стр. 909

[147] Исто, 909.

на колонизација меѓу другите категории земја, е користена и земјата од чифлизите. Од миграотивен аспект во овој проект имаме промена на местото на живеење на население поради процесите на Колонизацијата и Аграрната реформа. Во Кичевско- Бродскиот регион таквата промена ја забележуваме со преселување на население од пасивните краеви на Поречието, Пласница и Преглово во рамничарските и високо приносни простори на Дебреште, Ропотово, Зрзе, Црнилиште, Лажани, Саждево, Јакреново, Борино и другите места на Пелагониско- Долненски простор. Во историјата на Македонија во 20 век беа спроведени три аграрни реформи со мерки на колонизација и тоа:

Прва во период од 1913 до 1915 во рамките на Кралство Србија,

Втора Во период од 1919 до 6 април 1941 година, во рамките на Кралството на СХС, односно Кралството Југославија и Бугарското "оземјување" од 1941 до 1944 година за време на Втората светска војна, преземено од фашистичка Бугарија.

Третата, аграрна реформа и колонизација, спроведена по Втората светска војна, во рамките на новата Југославија во периодот после ослободување од 1945 до 1948 односно со цел да покаже дека новата народна и демократска власт е посветена во интерес на народот и дека ќе ги исправи направените историски неправди во минатото. Во двете балкански војни, Србија доби и окупира дел од Македонскиот простор, со површина од 25.774 км2. За новиот освојувач прашањето за сопственоста на земјата беше од егзистенцијално значење. Преку него тој гледаше ефикасно остварување на политичка цел во Македонија- брза денационализација и асимилација на македонскиот народ но и другите популации од словенско и балканско потекло.[148] Поради тоа и првата грижа на српската власт беше да се спречи самоволно зафаќање на чифличиската земја од страна селаните-чифчии, кои ја обработуваа земјата за сметка на сопствениците на чифлиците. Промената на аграрните земјопоседнички односи во Вардарска Македонија за српската власт беше добра можност за измена на етничката и национална структура на населението, со што таа си обезбедуваше и постабилно и подолготрајно владеење. Таквата цел можеше да се постигне со процесот на колонизација на население од Српските краеви во Македонија.." Инаку, во уште несредената состојба на општеството во однос на

148 Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија...,146

сопственоста на земјата, може да се истакне дека се јавува голема заинтересираност на поединци и групи за преселување во ново освоената Македонија. Во периодот од 1912 до 1914 година се пријавиле приличен број Срби од разни делови на Кралството Србија за населување во територијата на Вардарскиот дел на Македонија. Според “Уредбата за населување” беше предвидено населувањето да се изврши прво кон бугарската погранична област, потоа населувањето да се врши во внатрешноста на стратегиските места од ново освоената земја, но во почетокот беше мал бројот на колонизирани семејствата кои беа населени.[149] Преку процесот на колонизирање, српската влада имаше за цел што поскоро да ги србизира и асимилира “новите освоени македонски области”. Положбата во чифличиските земјоделски односи остана речиси иста и во време на војната. Кога кон крајот на 1915 година во Вардарска Македонија беше воспоставена бугарската окупациска власт и таа не презема ништо за разрешување на тие сопственички односи во корист на македонскиот селанец. Напуштените чифлици од нивните сопственици бугарските општински власти ги даваа под наем преку јавни наддавања или пак го тераа македонското население да ги обработува со ангарија. Производите добиени на овој начин одеа првенствено за потребите на Солунскиот фронт и неговата логистика. По завршувањето на Првата светска војна, Вардарска Македонија како дел од кралство Србија влезе во составот на новоформираното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, а од 1929 година Кралство Југославија. За српските државни власти Македонија беше српска територија, односно дел од „Јужна Србија“, а по 1929 година дел од „Вардарска Бановина“. Македонскиот народ се третирал како дел од српскиот народ, односно како Јужни Срби (Јужносрбијанци). Бидејќи не биле признати како посебен народ, Македонците немале политички, национални, јазични и културно-просветни права. Српскиот јазик бил службен и единствен задолжителен јазик во администрацијата и образованието. По воспоставувањето на српската кралска власт, на крајот 1918 година, по втор пат беа активирани напорите за српската колонизација и населување во Македонија. Оваа т.н. втора фаза од српската колонизација во Вардарска Македонија го опфаќа периодот од 1919 до 6 април 1941 година и истата се спроведуваше врз основа на: Уредбата наречена “Претходни одредби за подготовка на аграрната реформа” донесена на

[149] Милош Јагодић, *Уређење ослобођених области Србије 1912 – 1914: Правни оквир*, Београд, 2010, 15.

27 февруари 1919 година; “Уредбата за населување на јужните нови краишта” од 24 септември 1920 година, што беше и прв званичен акт што се однесуваше конкретно за процесот на колонизацијата во Вардарска Македонија, и “Законот за колонизација на јужните краишта” од 11 јуни 1931 со измени и дополнувања од 24 јуни 1933 година.[150] Со овие законски акти беше создадена правна рамка за спроведување на мерката за аграрната реформа во Вардарска Македонија која се спроведуваше во функција на политиката за денационализација, србизација и асимилација на македонскиот народ и останатото население.

Во втора етапа, од 1924 до 1928 година, започнува стабилизирање на процесот на колонизацијата. Во трета етапа, од 1929 до 6 април 1941 година, колонизацијата беше намалена, од повеќе причини: економската криза, воведувањето на Шестојануарската диктатура (1929-1931) и немањето на слободна земја за колонизација. Затоа државата, со цел да ја продолжи колонизацијата, пристапува кон откупување на земја од Турците што се селеа, од автоколонистите кои ја продаваа купената земја или пак од колонисти кои по 10-годишно користење на добиената земја добиле право да ја продадат. Непосредно пред Втората светска војна колонизацијата беше сведена на најмала мера, а сосема запрена со воениот напад на Германија на Кралството Југославија, на 6 април 1941 година. Во

---

150 Владан Јовановић, *Вардарска бановина 1929-1941.*, Београд, 2011, 114. Субјекти на српската колонизација беа: “национално заслужни и докажани елементи”, административни службеници, доброволци во војните, четници, пониски државни службеници (жандари, граничари), финансиски чиновници, оптанти и бегалци, автоколонисти т.н. приватна и државна колонизација, а се инсталираа и државни, административни, културно-просветни,судски, стопански и други установи како субјекти на колонизацијата т.н. административна колонизација. За да го зголеми интересот за колонизирање на “југот” државата водеше силна пропаганда и пропишувала стимулативни мерки: превоз, граѓежен материјал, ослободување од даноци, локални давачки и царина, право за користење на утрините и пасишта. Средствата беа покривани од буџетот на државата. Објекти на колонизацијата беа: слободната државна земја, општинските и селските земјишта и утрини, имотите на бегалците од војни и земјишта што можеа да се издвојат од поголемите имоти на аги и бегови и друга напуштена земја по разни причини. За спроведување на процесот на колонизацијата во Вардарска Македонија беа формирани и посебни органи на власта.

периодот од 1919 до октомври 1940 година во Вардарска Македонија беа создадени 280 колонистички населби со 4.167 семејства. Покрај денационализацијата и асимилацијата, колонизацијата во Вардарска Македонија имаше и стратегиски политичка цели. При водењето на колонистичката политика се настојуваше колонистичките населби да бидат лоцирани, пред се, на важни стратегиски места, за обезбедување на границата од надворешни напади, односно како превенција од можни поголеми отпори во некои делови од земјата. Државните потреби бараа да бидат колонизирани, не само областите покрај границата, туку и покрај главните патишта што ги поврзуваа главните политички и економски културни центри, покрај проектираните патни и железнички линии, на опасните места каде што беа вршени разбојништва. Последиците од небрежноста при избирањето на објектите за колонизацијата ќе ги почувствуваат колонизираните семејства уште веднаш по населувањето. Особено ако се случеле природни непогоди, како суша или јака зима, исто така, колонистите не можеа да се прилагодат на различните природни и климатски услови во Вардарска Македонија. Така, биле забележани поголем број смртни случаи од болеста маларија, особено на нивните деца. При населувањето, аграрните власти не водеа доволно сметка од кои краишта се населениците, па според условите да ги распоредуваат во слични краишта во Вардарска Македонија, кои што барем приближно одговараа на нивните услови.

Во текот на процесот на колонизацијата во Вардарска Македонија, колонистите, а и друго население беа изложени на терор што го вршеа разните чети, како и комитските чети организирани од организацијата ВМРО кои навлегуваа од делови на Бугарија. Така на пример, Јован Бабунски, српски четнички војвода од македонско потекло, со своите четници врешел крвав и масовен терор во разни делови на земјата. [151]

Во некои делови на Македонија колонистите многу страдаа од комитските чети и нивните акции. Најголеми злосторства над колонистите и над македонското население беа извршени во 1922 и 1923 година и од комитите и од власта. Една од познатите четнички акции на четите на ВМРО против српското колонизирано население во Вардарска Македонија се случува на 16 јануари 1923 година во Селото Кадрифаково, Штипско, каде од страна на четата на Јован Брло беа убиени 23 колонисти со нивните семејства. По овој

[151] Апостолов Александар, *Колонизацијата на Македонија*, 165-195.

настан, многу колонисти од селото во паника се разбегале, односно го промениле местото на живеење од страв и од 52 семејства останале само 19. Во Македонија, во периодот меѓу двете светски војни, постоел глад за парче земја, бидејќи 50% од земјоделците биле без земја. Начинот на спроведување на колонизацијата предизвика омразата на месното население и спрема аграрните српски власти и спрема доведените колонисти. Без да имаат увид во расположивите површини земја и без да водат сметка за потребите на месното население, аграрните српски власти ограничуваа цели синори, единствено раководејќи се што повеќе колонисти од српските краеви да привлечат во Македонија. Некои дојдени колонисти, користејќи ја привилегирана положба во однос на месното население, вршеа самоволија со заграбување земја на своите комшии, од што произлегуваа чести поплаки, спорови па дури и физички судири меѓу колонистите и месното население во Македонија. Многубројни беа и таквите колонисти коишто беа во тесна врска со властите, коишто им дозволуваа приви-легирана положба со носење на оружје, со цел да влеат страв кај месното население преку застрашувања или денунцирање за “противдржавна дејност” кај властите.

Спроведувањето на аграрната реформа кое во Вардарска Македонија беше поврзано со колонизацијата, уште од почеток, па се до постоењето на Кралството Југославија, беше предмет на жестоки критики и осуди. Се чини дека најдобра синтеза на тие критики е онаа на еден од столбовите на режимот, Мехмед Спахо. Тој во своето писмо од 27 јули 1938 година, упатено до владата на Милан Стојадиновиќ, остро го критикува Врховното повереноство за спроведување на аграрната реформа, чие седиште беше во Скопје. Според него, “Повереноството ги кршело одредбите од Законот за населување во јужните краишта и на место негово спроведување, владеело самоволие и насилство”. Тој наведува дека земјата се одземала и од лица што во 1919 година неа ја поседувале. “Тоа било земја што се пренесувала од колено на колено и за која луѓето имале тапии.”

Методија Шаторов- Шарло, политички секретар ја критикувал колонизацијата во Вардарска Македонија, меѓу другото истакнувал: “... Не можеме да отидеме кај македонскиот селанец и да му кажеме дека колонистите му се браќа. Бидејќи генералите, жандармите и шпионите не се браќа. Доколку би оделе во сојуз со колонистите тие би одговориле со лопати, мотики и секири. На колонистите им е дадена најдобрата и најплодна земја. Таа им е одземена од селаните. Пасиштата и шумите им се одземени од

селаните... Во Македонија има малку земја, затоа бараме колонистите да се иселат во Србија. Земјата да им се даде на селаните, доколку има повеќе, тогаш да им се даде на другите нации.” Во економски поглед, колонистичката политика беше потполно неуспешна. Но, покрај т.н. аграрна колонизација, во Вардарска Македонија се спроведуваше и една друга видлива и постојана колонизација т.н. административна колонизација за организиран административен, судски, полициски и воен апарат. Според пописот на населението од 31 март 1931 година во Вардарска Македонија бројот на вработените лица од српска националност, заедно со членови изнесувал 90.475.[152]

Ова јасно покажува дека со т.н административна политичка колонизација беше зголемен бројот на српското население во Вардарскиот дел на Македонија, што дирекно го поттикнува и го принудува домородното население на иселување и барање спас во миграгивните процеси надвор од своите вековни огништа. Може да се каже дека српската власт во Вардарска Македонија, преку колонизацијата, работеше непрекинато на денационализацијата на македонскиот народ, со цел, сосема да го асимилира во составот на српската нација. Но, со започнувањето на Втората светска војна овој процес беше прекинат. Муслиманското население во Вардарскиот дел на Македонија беше третирано за српско, некогаш за турцизирани срби, муслимани од наша крв и сл. Во овој пасус го цитирам видувањето на високиот српски чиновник задолжен за спроведување на Аграрна реформа и колонизација, истакнатиот српски четник во Македонија: Василије Трбиќ, еве што вели:

**Порече** требало да се сочува и да остане во целина, за да можат србите во Тетовскиот округ каде што припаѓаше и Порече се одржи онај потребниот процент и да не се дозволи да поремети тој процент на штета на србите од овој крај. Али бег – Дерала од Тетово и Ќамил бег од Гостивар беа дигнале висока албанска застава во тие краеви и затоа секое слабеење на србите значи национални губиток, поради ваквите причини побарав да бидам чиновник за аграрната реформа во Скопје набрзо бев поставен за секретар I класа во Главното повереништво за аграрна реформа во Скопје, поради тоа ги познавав приликите во земјоделието, во такво својство прво појдов во с. Ропотово, кое припаѓаше на Ахмед Зогу и неговиот брат Џемаил, како и на наследниците на Садулах-

[152] Стојан Киселиновски, *Етничките промени во Македонија (1913 – 1995)*, Скопје, 2000, 55.

ефендија кои живееја во Турција. Тоа прашање го решив на тој начин што се договорив со стариот брат на Ахмед Зогу- Џемаил, му оставив за него 30- хектари земја и една кула во с. Ропотово на негово слободно располагање, на неговите дотогашни чивчии им дадов на секоја куќа по 10- хектари земја која тие ја обработувале до тогаш, во с. Дебреште одзедов земја на некои избеглици во Турција, во Брод, покрај река Треска оставив 10- хектари земја на породицата на Али-бег, другата земја ја поделив на чивчиите на Али-беговата земја. Така во тие две општини: Бродска и Дебрешка створив земјишен комплекс од 2.500 хектари, потоа им јавив на сите Поречани кој сака да земи земја, да се јави во Скопје во седиштето за Аграрна Реформа и пак да се насели во Поречкиот срез. Во Ропотово се населиле 250 куќи, 12-15 семејства се населија во с. Дебреште, некои селани од Брод добија земја во Брод, Михајло Јосифовиќ, српски војвода од Порече, роден од с. Брод доби 10- хектари најплодна земја покрај река Треска во неговото село Брод[153]. За да се оддолжам на овој храбар србин од Порече за све што стори за Србија. Со цел да ги задоволам некои селани од Велешко, тамо каде немаше можност за експропријација на земјиштето, одзедов еден голем дел на утрина од Албанското село Десово и тука населив 30 куќи срби (Македонци) од Велешкото село Габровник и Ораовдол. Во с. Браилово ја одзедов сета напуштена земја од некој поранешни бегови, кои имаа потомци што живееја во Прилеп, од мојата земја одвоив комплекс од 50 хектари и тука населив 12 семејства од с. Богомила, во с. Големо Коњаре одзедов утрини од напуштени турци, во с. Кадино Село и с. Лагово населивне 250 семејства од Далмација, во Прилеп ја одзедов сета напуштена земја од заминати турци на патот Прилеп- Битола 1000 хектари земја и ја поделив на интернирано српско население во времето на Бугарската власт околу 300 семејства, за ваквите мои постапки сум оптужуван во Белград преку носителот на демократската пратеничка листа за Битолскиот округ д-р Коста Кумануди- министер за финансии во владата на кралството СХС. За снабдување со земја на четниците створив земјоделски комплекс во с. Маџари покасно викано Душановац кај Скопје покрај Вардар до Идризово им поделив земја, друг комплекс створив во с. Сарај, ова село е познато по тоа што тука е

[153] Трбиќ, Василие, *Мемоари Војвода Велешког*, Каиро, 1944 АИНИ сл.IV. 164/IV-V .908-909.

изградена првата џамија после Косовската битка 1389 г од султан Бејазит I, тука одседнал и затоа местото го добило името „*Сарај*"[154].

### 3.13. Миграциите и демографските прилики во Кичевско – Бродскиот регион во периодот меѓу двете светски војни

Пописот од 1921 година е првиот сеопфатен попис на територијата на денешна Р. Македонија спроведен со употреба на современета статистичка методологија. Пописот во 1921 година е спроведен во границите на тн. „историски покраини" односно во границите кои ги наследило новоформираното Кралство на СХС. Податоците од пописот од 1921 година претставуваат значаен извор за споредба на демографските состојби на населението пред Балканските и Првата светска војна и последиците што војните ги оставиле врз бројноста и структурата на жителите во Вардарска Македонија. Пописот во 1931 година, како што претходно истакнавме, и во административна и во политичка смисла се одвивал во различни околности во однос на пописот од пред една деценија. До промени дошло во октомври 1929 година кога наместо дотогашните 33 области биле оформени 9 бановини и посебната управа на градот Белград. Вардарска Македонија влегла во новоформираната Вардарска Бановина, која била составена од 44 околии (срезови) од кои 29 биле на територијата на Вардарска Македонија[155]. Во границите на околиите Вардарска Македонија немала некои позначајни територијални поместувања. Вардарската Бановина ја сочинувале и околии од Косово и Јужна Србија. Во бановината во 1931 година имало вкупно 1. 574 243 жители[156]. Според овие податоци на територијата на вардарскиот дел на Македонија во 1931 година живееле 938 628 жители[157]

---

[154] Трбиќ, Василие, *Мемоари Војвода Велешког*,АИНИ сл.IV. 164/IV-V .911.

[155] Надежда Цветковска, „Локалната управа во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни 1919 – 1941)", 62–63.

[156] *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 98–107; Владан Јовановиќ, Вардарска Бановина, 1929–1941., Београд, 2011, 42.

[157] Од вкупниот број на население одземен е бројот на жителите од општините Трговиште, Стајевце и Радовница во Кривопаланечката Околија, кои по 1945 биле приспоени кон НР Србија. Во наведените општини во 1931 година живееле 11 333 жители (*Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 101).

### 3.13.1. Националната структура

Во периодот на Балканските и Првата светска војна во областите на Македонија каде по Букурешкиот договор била воспоставена српска власт се бележи намалување за над 100.000 жители. Најголемо било намалувањето на жителите во областите долж фронтовата линија.

Намалување на бројот на македонското православно население се бележи и во одредени околии во внатрешноста кои не биле директно изложени на фронтовата активност. Како пример ќе ја наведеме Кичевската околија, каде во општините населени исклучиво со православно македонско население демографскиот пад во периодот 1913 - 1921 година изнесува 11.7%.[158] Стабилизирањето во приликите во дваесетите години допринело да се зголеми бројот на православното македонско население во Кичевската околија. Во 1931 година во околијата живееле 15.957 православни жители *Срби или Хрвати по мајчин јазик,* речиси без исклучок православното македонско население, кое во однос на 1921 година се зголемило за 10%. Македонското православно и албанското население во Кичевската околија во периодот 1921 – 1931 година имаат речиси идентичен процентуален пораст. Кај албанското население порастот е 9.35%.

Поголем пораст од просечниот кај македонското православно население во Кичевската околија се бележи во пооделни селски општини. На пример во општината Кленоец во периодот 1921 -1931 македонското православно население се зголемило за 14.2%.[159] Има и спротивни примери, како што е селото Цер, кое било засебна општина, каде од 1913 до 1931 година се бележи постојан пад во бројот на жителите.[160] Бројот на

---

[158] Во општините Белица, Кленоец, Мало Црско и Цер во кои живеело исклучиво македонско православно население во 1913 година имало 6.929 жители. Во 1921 година нивниот број опаднал на 6.118 жители. (спореди: Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у Ослобођеној области Старе Србије,* 17 – 19; *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године, 88 – 89* Има и спротивни примери, како што е селото Цер, кое било засебна општина каде од 1913 до 1931 година се бележи постојан пад во бројот на жителите.

[159] *Definitivni rezultai popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti,* 101.

[160] Селото Цер е исклучиво населено со македонско православно население.Кон крајот на XIX век во Цер се проценува дека имало 1.560 жители. (Васил Кънчов, *Македония,* 240*).* Веќе во 1913 година бројот на жители опаднал на 1.169, во 1921 во селото имало 953 жители, а во 1931 година, 887. Ова е пример за една рана миграција од селата и населување на нивните жители во поголемите градски центри.

жителите во Кичевската околија продолжил да расте и во следниот период вклучувајќи го и бројот на Македонците.[161]

Намалување на бројот на македонското православно население за време на Балканските и Првата светска војна и демографски раст во меѓувоениот период се бележи и во Поречката околија. До балканските војни областа Порече административно била дел од Кичевската каза.[162] Со административната поделба од 1913 година кон Поречката околија биле придодададени и неколку села од северозападните делови на Прилепско поле. Во 1913 година во околијата која била дел од Тетовскиот округ биле евидентирани 19.033 жители.[163] До балканските војни поголемиот дел од православното македонско население во Порече било просрпски ориентирано, под јурисдикација на Цариградската патријаршија.[164] Според одредени проценки во 1908 година околу 7.500 православни жители во 35 села во Порече биле приврзаници на српското влијание.[165]

Во 1921 година во Поречката околија биле евидентирани 11.548 православни жители (71.9%),[166] речиси без исклучок православно македонско население. Во околијата имало 16.054 жители, односно 15.6% помалку во однос на 1913 година. Во меѓупописниот период 1913 - 1921 година дошло до намалување на населението и во православните и во муслиманските села.[167]

За разлика од нестабилните години на балканските и Првата светска војна, во текот на дваесетите години дође до стабилизација на состојбите и до пораст на бројот на

---

[161] *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 441 – 442.

[162] Васил Кънчов *Македония,* 257 – 258;

[163] Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у Ослобођеној области Старе Србије,* 142 – 144.

[164] D.M Brancoff, *La Macédoine et sa Population Chrétiennen,* Paris, 1905, 154 – 156.

[165] Урош Шешум, „О броју Срба у Јужној Старој Србији", *Вардарски зборник* (2015), бр. 10, 163 – 164. Дел од поречките села д како Крапа, Црешнево, Белица до 1912 година бил едел од Прилепската каза.

[166] *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 118 – 119.

[167] И покрај тоа што за време на Првата светска војна областа била настрана од директните фронтовски воени дејствија се бележи прилично големо намалување на бројот на жителите. Демографски пад се бележи во повеќе големи македонски села. Селото Локвица во 1913 година имало 751 жител а во 1921, 653 жители. Селото Крапа во 1913 година, имало 673 жители, а во 1921 година, 515 жители. ( спореди: Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у Ослобођеној области Старе Србије,* 142 – 144; *Речник места,* 289). Слично е и во останатите македонски села. Демографски пад се бележи и во општината Дебреште каде во мнозинство било муслиманското население.

жителите. Во 1931 година во Поречката околија живееле 18.740 жители[168] и безмалку бројот на жители го достигнал нивото од 1913 година. Официјалната статистика во 1931 година во Поречката околија евидентирала 13.603 православни жители *Срби или Хрвати* по мајчин јазик. [169] Всушност македонското православно население во 1931 година во околијата претставувало 72.6% од вкупниот број на жители, а во однос на 1921 година бележи демографски раст од 17.8%.

Во текот на дваесетите и триесетите години неколку десетици македонски домаќинства од поречките села се преселиле во Дебреште и Лажани во Поречката околија и во Десово и Браилово во Прилепската околија од каде се иселувало муслиманското население.[170] Во 1931 година просечно едно македонско православно семејство имало пет до седум членови.[171] Бројот на македонското население во Поречката околија продолжил да расте и во текот на триесетите и четириесетите години. Во 1948 година во тогашната Бродска околија биле евидентирани 17.377 Македонци.[172] За разлика од меѓувоениот период кога се бележи постојан демографски раст, во периодот по Втората светска војна областа Порече е опфатена од силен процес на депопулација.

Значаен дел од вкупниот број на жители во Кичевската и Поречката околија сочинувало муслиманското население. Муслиманите се покажале како исклучително мигрантно во периодот после балканските војни и особено во меѓувоениот период. Ова население живеело во компактни заедници во скопско, Реканскиот крај, Жупа, Дримкол, Тиквеш, Пијанец, во неколку села во Пелагонија и во шарпланинските села Јеловјане и Урвич. Во градовите Кичево[173] и Кавадарци,[174] до балканските војни мнозинство било токму муслиманското население.

---

[168] *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća I domaćinstva,* 104.

[169] *Die Glederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 339.

[170] Јован Ф. Трифуноски, *Битољско - прилепска котлина, антропогеографска проучавања,* Београд, 1998, 281 – 288, 384 – 389.

[171] Просекот се однесува на општините Локвица, Манаститец, Растеш и Самоков. (*Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća I domaćinstva,* 104).

[172] *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 438.

[173] Според В. К`нчов кон крајот на XIX век во Кичево живееле 3.560 „Бугари мухамедани“, односно 73.5% од населението во градот. (види: Васил Кънчов, *Македония етнография и статистика,* 255). Јован Хаџи

Во Поречката околија во 1921 година муслиманите биле сконцентрирани во општините Долно Работино и Дебреште.[175] Во 1921 во двете општини живееле речиси 3.000 муслимани. Како и во другите околии еден дел од ова население (во Дебреште) се евидентирани како Турци по мајчин јазик.[176] Во 1931 година во Поречката околија живееле 3.403 *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со муслимаска вероисповед.[177]

Иселување на муслиманското население имало и од Кичевската област. Тоа започнало во 1913 година, а помасовно продолжило во периодот 1924 - 1927 година. Според проценката на Ј.Трифуноски во наведениот период од областа во Турција се иселиле околу 200 домаќинства со 1.200 жители.[178]

Значајно присуство на албанско населенеие во 1921 година се бележи во Кичевската околија, каде се евидентирани 9.203 *Арнаути* по мајчин јазик, односно 32.6% од вкупното население во околијата. Во 1921 година 8.3% од албанското население во Вардарска Македонија живеело во Кичевската околија. Оваа околија „предничи" во однос на останатите административни единици во Вардарска Македонија по застапеноста на албанското население во селските средини. Дури 99.6% од Албанците во околијата живееле надвор од административниот центар на Кичево. Во градот во 1921 година само 35 жители се евидентирани како *Арнаути*. Според пописот од 1921 година во градот живееле 4.792 жители, од кои 3.547, (74.0%) биле со муслиманска вероисповед и 1.245, (25.9%) биле православни.[179]

---

Васиљевиќ наведува дека во 1912 година во Кичево живееле околу 4.500 жители од кои 2/3 „потурчењаци".(Јован Хаџи Васиљевиќ, *Муслимани наше крви у Јужној Србији, Братство,* књига 32, Београд, 1925, 21-95.).

[174] К`нчов наведува дека на крајот на XIX век во Кавадарци живееле 5.092 жители од кои 3.000 „Бугари мухамедани". (Васил Кънчов, *Македония етнография и статистика,* 153). Според податоците на бугарските власти од 1916 година во градот биле регистрирани 3.223 „Помаци". (Димитар Г. Гаджанов, *Мюсюманското население в новоосвободените земи, Научна експедиција Македонија и Поморавието, 1916 г.* съст. Петър Хр. Петров, София, 1993, 248).

[175] Во селата Пласница, Преглово, Дебреште и Лажани.

[176] *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године*, 118 – 119.

[177] *Die Glederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 339.

[178] Jovan F. Trifunoski, Kičevska oblast, *Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena*, Zagreb, 1975, 357.

[179] *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 116 – 117.

Една од спецификите на Кичево е дека муслиманските жители во најголем број по мајчин јазик се евидентирани како *Срби или Хрвати*. Всушност во градот најбројно било муслиманското население чии мајчин јазик бил македонскиот.[180] Меѓу градското муслиманско население имало и примеси на албанско и во помал број турско население кое во новата средина релативно брзо се асимилирало во мнозинското муслиманско население, прифаќајќи го македонскиот јазик.[181] Албанското население било мнозинско во општините во северниот дел на околијата, Доленци, Мидинци, Осломеј, Премка и Раштани. Споредувајќи ги статистичките податоци од 1921 година со пописот од 1913 забележливо е опаѓање на бројот на албанското население. Најголемото село во околијата, и едно од најголемите села во Вардарска Македонија, Зајас населено со албанско население во 1913 година имало 2.157 жители,[182] во 1916 година бугарските власти во селото регистрирале 1.992 жители,[183] додека во 1925 година во селото имало 297 домаќинства со 1.847 жители.[184]

Намалувањето на бројот на албанското население се должи на настаните од септември 1913 година кога албанското население од Кичевската околија активно се вклучило во „Албанската буна". Селата: Бериково, Ериновци, Гарани, Грешница, Поповјани, Премка, Србица, Шутово, С`лп, Староец, Црвивци, Туин, Трапчин дол и Зајас биле целосно или делумно запалени, од страна на српската војска. Имало и неколку стотини човечки жртви. Најголем број на човечки загуби имало во селото Зајас, каде во текот на 1913 година околу 240 жители биле убиени. Во споменатите настани особено

---

[180] Тома Смиљаниќ, кој ја проучувал Кичевската област во средината на дваесетите години за муслиманското население во Кичево вели. „Староседелците кои го примиле исламот ја зачувале својата земја и сталешките редови. Тие го сочувале и српскиот јазик, со брсјачко наречје. Тоа најверојатно бил единствениот град во Јужна Србија каде за време на Турците се зборувало само на српски јазик. Него го научиле и доселените Арбанаси од Дебар и Зајас. Турскиот јазик се слушал само во турскката управа." (Тома Смиљанић, Кичевија, Насеља и порекло становништва, Београд, 1935, 413).

[181] Јован Трифуноски, *Наша насеља*, 1971, 22. Според теренските проучувања на Тома Смиљаниќ, во Кичево во средината на дваесетите години на XX век имало 829 муслимански и 227 православни домаќинства. Во рамките на муслиманската заедница 42 домаќинства се наведени како Арбанаси по потекло од Дебар и Зајас, а меѓу муслиманите имало и Турци од Коџаџик. (Тома Смиљанић, Кичевија, 390 – 391).

[182] Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у Ослобођеној области Старе Србије.* 18.

[183] *Списъкъ на населените места въ Македония, Моравско и Одринско,*6.

[184] *Речник места,* 20.

настрадало селото С`лп, кое било запалено, преживеаните жители се раселиле, селото повеќе не било обновено, денес има само мал остаток од минарето на џамијата.[185]

Во текот на третата деценија на XX век доаѓа до стабилизирање и пораст на бројот на албанското население во Кичевската околија. Пописот од 1931 година покажува дека во Кичевската околија живееле 10.062 Албанци, односно 31.3% од вкупното население во околијата.[186] Во 1931 година 7.8% од албанското население во Вардарска Македонија живеело во Кичевската околија. За разлика од македонското, муслиманско население кое помасовно се иселувало од Кичевската околија мигрирајќи во Турција,[187] иселувањето на албанското население било поумерено, заради што и се бележи негов пораст помеѓу двата пописи. Зголемување на населението има во сите општини каде живеело албанско население, Мидинци, Осломеј, Раштани, Премка и Доленци.[188] Зголемувањето на бројот на албанското население ќе продолжи и во следните години за што сведочат и податоците од првиот попис на населението одржан по Втората светска војна во 1948 година, кога во Кичевската околија живееле 12.402 Албанци (33%).[189]

Број на жители во Кичевската и Поречката околија евидентирани како Арнаути по мајчин јазик.

| Околија | 1921 | Алб | % | 1931 | Алб | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Кичевски | 28.288 | 9.203 | 32.5 | 32.101 | 10.064 | 31.3 |
| Поречки | 16.054 | 1.740 | 10.8 | 18.740 | 1.581 | 8.4 |

[185] *Поранешните балкански војни (1912 – 1913) извештај на Карнегиевата балканска комисија*, Скопје, 2000, 222 – 223; *Балканските војни британските конзуларни извештаи од Македонија во последните години на отоманската империја*, Скопје, 2013, 237 – 240, 307 – 311. Податлива е забелешката на В. К`нчов од почетокот на XX век во која зборувајќи за албанското население во Кичевско, споменувајќи го селото **С`лп**, наведува дека: „селото го држи во страв и трепет сето околно бугарско население". (Васил Кънчов, *Македония*, 94). Слична констатација за селото **С`лп** наведува и Ѓорче Петров неколку години порано: ...големо и силно арнаутско село кое претставува страшилиште за околните села од областа Краста, особено за Цер и Церско. С`лпчани многу се имат обогатено за сметка на околните бугарски села".
Всушност, одмаздата заради сторените злодела во минатото е пропратна појава на секоја војна.

[186] *Die Glederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 323.

[187] Jovan F. Trifunoski, „Kičevska oblast", *Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena*, Zagreb, 1975, 357.

[188] *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 101.

[189] *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine*, 441 – 442.

- Извор: Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године, Сарајево, 1932; Stanovništvo predratne Jugoslavije po veroispopvesti i maternjem jeziku po popisu od 31.III.1931 godine – pregled po srezovima, Državni statistički ured, Serija II, sveska 3, Beograd, 1945.

Верска структура на жителите на Кичевската и Поречката околија во 1921 и 1931 година.

| Околија | 1921 | Прав. | % | Мус. | % | 1931 | Прав. | % | Мус. | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кичевска | 28.288 | 14.454 | 51.1 | 13.774 | 48.7 | 32.101 | 16.096 | 50.1 | 15.853 | 49.4 |
| Поречка | 16.054 | 11.548 | 71.9 | 4.506 | 28.0 | 18.740 | 13.610 | 72.6 | 5.119 | 27.3 |

Извор: Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године, Сарајево, 1932; Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, Prisutno stanovništvo po veroispovesti, Beograd, 1938.

# IV ГЛАВА

## КИЧЕВСКО – БРОДСКАТА ОБЛАСТ ВО ВРЕМЕТО НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Војната помеѓу Грција и Албанија предизвика страв кај населението дека на овај простор од Балканот ќе има војна од пошироки размери во која ќе биде вклучена и Југославија, од таа причина државата почна да го подготвува населението за одбрана од евентуална војна на овој дел од Балканот. Воените власти почнале да вршат преглед на товарниот и запрежниот добиток. Товарниот добиток почна да добива буквица со воен распоред и во декември 1940 година го мобилизира.

Поголем дел од населението почна да страда уште не почната војната бидејќи секое семејство имаше мобилизирано по некој член во војската. Југословенската власт на чело со владата на Цветковиќ- Мачек во Виена на 25. Март 1941 година, потпиша договор за пристапување на Југославија кон тројниот пакт: Рим- Берлин – Токио.[190] КПЈ за овој чин со проглас се обрати до народот и го прогласи за предавнички чин од страна на Југословенската власт, на 25-26 Март 1941 година организира масовен штрајк низ цела Југославија со барање: *„Подобро гроб од колку роб, подобро војна од колку пакт"*. Ваквото незадоволство, решеност и решителност од страна на народот, ја потресе предавничката власт што резултира со преврат во власта и е формирана нова влада под председателство на генерал Душан Симовиќ. Хитлер брзо реагира на ваквите појави и промени од 27 Март 1941 г, во власта на Југославија и идниот ден на: „Советувањето за Југославија" одржано во Берлин, во присуство на највисоки воени раководители, донесе одлука за напад на Југославија, XII и II- германска армија ја нападна Југославија под шифра **„Потфат 25 "** истовремено изврши напад на Грција под шифра **„Мирита"**.

Југословенската Врховна команда во тоа време располагаше со војска од околу 600.000 војници и уште толку можеше да мобилизира, поделена на 6- армиски и 16- дивизиски области. Седиштето на третата армиска област е во Скопје, а седиште на Брегалничката и Вардарската дивизиска област е во Штип и Битола, секоја дивизиска

---

[190] Барбара Јелавиќ, *Историја на Балканот*, том. 2, Скопје, 1998, 254.

област е поделена на три воени окрузи, територијата на Македонија е поделена на шест воени окрузи итоа: Кичево, Скопје, Битола, Штип, Куманово и Велес. Веста за настаните, појавите и промените во земјата, на просторот на Бродскиот регион беа пренесени од страна на дотогашните донесени учители во времето на периодот помеѓу двете светски војни во кралството Југославија, кога голем број на администрација, учители и друг офицерски кадар се носеле од останатите Југословенски простори, нарасна стравот на повозрасното население на Поречието кој се потсети на старите Бугарски планови за Сан-Стефанска Бугарија, која живее со вековниот сон за голема Бугарија. Раскинување на тројниот пакт, значеше дека ќе има војна во Југославија, власта поставена на територијата на Кичево и Бродскиот регион од страна на Југословенската држава, донесени од српските и други краеви, почнале да си одат и да го напуштат овај регион со изговор дека ќе одат на годишен одмор и на 06. Април се пренесе веста дека Југославија е нападната од страна на Германија и нејзините сојузници. Нападот на Југославија е извршен концентрично од сите страни со исклучок од јужната страна и бомбардирани се нејзините воени аеродроми: Куманово, Скопје, Ниш, Љубљана, Загреб, бомбардиран е Белград и други градови на Југославија, XII- тата Германска армија ја нападна Македонија од страна на Бугарија.

### 4.1. Кичевскиот регион во текот на окупацијата

Југославија е нападната на 06.04.1941 г. од страна на Германија и Тројниот сојуз предводен од неа. Германците во Кичевскиот регион пристигнати се после седум-осум дена од почнување на војната во Југославија. Со окупација на Македонија во април 1941 на територијата на Кичевскиот регион се воспоставила власт на италијанските и бугарските окупаторски сили. Градот Кичево и поголемиот дел од регионот подпаднал под италијанска власт, а во другиот дел со неколку села во правец према Македонски Брод е воспоставена воена и цивилна власт на Бугарите. Италијанскиот фашистички окупатор заедно со албанските квислинзи ја организирале цивилната власт. Во почетокот се пристапи кон укинување на сите дотогашни административни и културно – просветни установи, албанскиот јазик беше воведен како службен јазик, го обновија подзаборавениот средновековен данок, ***десеток***, познат под името **„*спаилак*“**, започна со

масовно собирање на оружје од граѓаните. [191] Во првите денови постоело едно мирно безвластие кое било резултат на преговарање за одредување на границите од страна на Германската и Италијанската страна и нивните квислинзи. Интересен е тој период на безвластие кога нараснала раздвиженоста и апетитите на две значајни струи во кичевско, а тоа се бугарофилите и големоалбанците. Во перодот од 12-24 април во Виена, Италијанската и Бугарската влада се договориле за поделба на Македонија која подпадна под нивна окупација. Шест дена по влегувањето на германската војска во Скопје, пробугарските елементи формираа Бугарски централен акционен комитет за Македонија на чело со Стефан Стефанов и Васил Хаџи- Ќимов, во кој дојдоа до израз тенденциите за создавање на независна Македонија.[192] Овие челници во понатамошниот период со поврзување на истомисленици од внатрешноста пристапиле кон формирање на месни акциони комитети по градовите, таков комитет е формиран во Кичево со цел Кичево да се спои со окупираниот дел под бугарска окупација. Во почетниот период на војната, не постои организирана сила во овој крај на земјата со цел да го покрене населението за ослободување од ваквиот наметнат непријател, не е́ формирана ни партиската организација во кичевскиот регион, но постоел спонтан организиран отпор кон новата власт проследен со пропаганда и неприфаќање на режимот. Бугарофилите биле од редот на побогатите во градот, за таков во градот бил означен: Ѓорѓија Кутле, сопственик на кафеана и многу земја која сам не ја обработувал, туку други земјоделски работници и аргати. Такви како него, покренувале барања за доаѓање на бугарска окупаторска власт во градот Кичево со што се стекнало впечаток кај Германците дека тоа население ги сака бугарите дури имало и активности за свечено пречекување на бугарите и истакнување на бугарско знаме по улиците, со цел да го зачуват сопствениот имот, материјалната положба и просперитет или да го изберат помалото зло од поголемите зла кои се надвиснале над просторот во Кичевско и пошироко. Официјално на овај простор по пат на договор е воспоставена: воена власт организирана од Италија, додека цивилната власт е организирана од страна на Албанија. Источниот дел на регионот во правец према Македонски Брод потпадна под бугарска власт, во тој правец беа поставени и гранични премини на патот Кичево - Македонски Брод, кај селото Бигор-Доленци во близина на с.

[191] Глигор Тодоровски, *Западна Македонија за време на окупацијата...*,70

[192] *Историја на македонскиот народ...*,289-290

Челопеци, а другиот граничен премин беше на патот Кичево- Битола над с. Староец. Под бугарска окупација потпадна и селата од Р,бетинска река, Патеец, Крушица, Орланци, Миокази, Челопеци, Лисичани, Вранешница, Цер, Мало Црско, Големо Црско, Велмеј и др. Луѓето од таквата наметната состојба не гледаа перспектива за својата иднина, за својата егзистенција и живот, чувствуваа: разочараност, неизвесност, бесперспективност, страв, безизлезност и збунетост. Но на ваквата состојба понапредните луѓе не гледаа така, напротив тие почнаа полека да барат патишта за излез од таквата безнадежна состојба со активно вклучување во народно ослободителното движење и борбата за ослободување на нашата земја. Новата власт од самото воспоставување почна со воведување нов режим што ќе му обезбеди полесно владеење со народот и полесно остварување на окупаторските цели. Воената власт од како ја превзеде италијанската војска, се смести во касарните на војската од бивша Југославија што остана неразрушени и неоштетени а дел од офицерскиот состав беше сместен во приватни куќи на поимотни луѓе со или без нивна волја. Воената власт имаше за задача да го контролира движењето до граничната линија и обратно и да врши контрола на цивилната власт и да обезбеди непречено комуникација за движењето на воените единици. Цивилната власт во градот беше организирана од страна на Албанската власт која ангажира свое албанско население во практикување на локалната власт. Во тоа време во градот Дебар беше организиран центар со повисок степен на локална власт– префектура, додека во градовите: Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево и Струга беше организрана локална власт со понизок степен - подпрефектура. Општините беа поделени на: градски општини и рурални општини кој што беа составени од неколку села. Во делот на безбедносниот сектор имаше: карабинерија, фашистичка милиција (црнокошуљаци) и локална полиција. Образовната политика веднаш беше ставена во служба на окупаторот, наставата беше организирана на албански јазик, поради тоа се појави отпор за испраќање на своите деца во училиште од страна на население кое не го познавало албанскиот јазик. Учители беа доведени од Албанија, тие ја спроведувале просветната и образовната политика на просторот на Кичево и неговата околина, службениот јазик во судството и другите органи и организации се изведувале исто така на албански јазик, озаконет со декрет на Мусолини од 17. Мај 1941 година, со кој се регулира цивилната и судската власт, каде се именувани комесари од Италијанската врховна команда, така во Западна Македонија со декрет на кралскиот наместник во Албанија,

Франческо Јакомини од 29 Август е назначен за главна личност, делот од западна Македонија е приклучена кон Албанија. Кичевската подпрефектура беше составена од 11-општини од кои една беше градска и 10 беа рурални или селски општини кои ја покриваа цивилната власт во регионот на Кичево и Кичевско. [193]

Окупаторот од самиот почеток сакаше да се прикаже како ослободител на овие простори на Македонија, но животот го потврди спротивното, тешко се живеело, поради многуте бариери во сите свери на живеењето, барање разни дозволи да се оди од село во село, воведени разни даноци каков што беше спаилокот (данок во натура). Имињата на фирмите, улиците, трговските дуќани, занаетчиските дуќани и други правни субјекти од јавен каракатер беа пишувани на албански јазик, поради сето ова се појави еден отпор кај муслиманското не-албанско население и кај македонското- христијанско население, кое не сакаше да ги менува додавките кој завршуваат со албански завршеток.

Преку разни пропаганди се величеше фашистичкиот окупатор, неговата сила, војска, името: Дуче, Мусолини, Фирер и кралот Емануел. Особено многу забележувана во тој крај беше фашистичката парола „**Кој нее со нас, е против нас** " тоа беше знак дека власта немала доверба во луѓето и дека постоела тотална контрола, кога морал секој за секого да знае што прави и мисли. Во финансискиот дел биле променети Југословенските пари во Албански лекови, кој се заменувале со многу намалени вредности, со што се извршило директно осиромашување на населението, поради што опаднала и куповната моќ на луѓето.[194] Тоа било причина да се појави недостаток на шеќер, леб, текстил и други намирници, работа, криза што ги опфати сите граѓани без разлика на етничката и религиозната припадност, кое понатамо ќе биде причина за постепено влегување на населението во редовите на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија и во редовите на Партиската организација како предводник на ослободителното движење во Македонија со еден збор ова беше една од големите причини за зближување на месното со дојдено население поради кризите од разни краеви на дотогашната држава Југославија, со цел да се бара решение за излез од таквата наметната нова состојба. Есента 1941 г. во Кичево е формирана Партиска организација со

[193] Глигор Тодоровски, *Западна Македонија...*,12 - 22

[194] Миранда Вик√рс, *Албанците С√времена Истори®,* Софи®, 2000, 173.

доаѓањето на **Кузман Јосифоски- Питу,** за секретар е избран Пецо Чингоски, членови: Санде Штерјоски- Беличот, Борис Груевски и Благоја Николоски, се зачленија и други членови: Пепе Јованоски, Борис Алексоски, Јанко Михајлоски, Владо Полежиноски, Асан Ѓулага, Алија Стенкоски, Абдула Топалоски, Алид Берадиноски и др. Обласниот комитет во тоа време беше во Тетово. Голема заслуга за ширење и развој на Партиската организација во Кичевско има и Боро Димов- Црниот, кој престојувал во крајот на 1941-42 г. Во текот на војната партиските активисти се ангажираа на повеќе планови, итоа: развој на печатарската активност за потребите на партиската пропаганда, културата, уметноста, спортот, од редот на албанското и другото неалбанско муслиманско население, вклучени во партиските активности ги имаме следните: Асан, учител дојден од Албанија, напреден човек, Перо- адвокат, Мерљума- командир на милицијата напреден човек, Сали Лиси- правник дојден од Гостивар, вработен во Општинскиот суд во Кичево, Васил Џика- патар, командантот на милицијата- Имер и Асан Љума, браќата Раим и Асан Лика од Туин, Реџеп Зајази од Зајаз, Исеин Акиоски- вклучен и активиран во НОБ и партијата од 1942 г., Алија Гашоски, Решит Решидоски, Далиб –бег, Назмија берберот, Алит Мустафоски од Челопеции други.

Во Кичево и неговата околија во близина на с. Кленоец на планината Лопушник израснува: Воено- политички центар на Македонија, тука е сместено седиштето на ЦК КПМ, Обласниот комитет, Главниот штаб и првата печатница „Гоце Делчев" на ГШ и на ЦК која е донесена од Битуше,[195]во печатницата беше издаван партизанскиот –Билтен чиј уредник е Кочо Рацин. По неговиот краток престој во печатницата загинува како несреќен случај со објаснување дека бил наглув, во една средба со стражарот Мино Миноски не постапил по неговиот повик да застане, бил смртно погоден и за кратко починал[196].

Во воено – политичкиот центар се формирала команда за командант е поставен Иван Дојчинов, Димче Шпанецот. На територијата на Кичевската околија формирани се неколку партизански одреди и бригади: 1. Во април 1943-формирана е бригадата „Козјак" 2. на 21.Мај 1943 г. формиран е Кичевско- Мавровскиот одред, 3. на 08 Јуни 1944 е

[195] АИНИ Фонд: спомени.. Сл.IV. 954 Трајковски. Живко. Сеќавања на Живко Трајковски за неговата революционерна дејност во Кичево и Кичевско 1941-45. Ск. 1981 г. стр. 99

[196] АИНИ Фонд: спомени.. Сл.IV. 954 Трајковски. Живко. Сеќавања на Живко Трајковски за неговата рефолуционерна дејност во Кичево и Кичевско 1941-45. Ск. 1981 г.стр. 110

формирана Првата македонска бригада и др. за сите овие партиски и воени успеси неспорна е улогата на **Кузман Јосифоски- Питу** кој неколку пати престојувал на територијата на Кичевско почнувајќи од 1941, па се до крајот на неговиот млад и бурен живот 1943 г. со цел и намера да го покрене и организира населението од овие простори за ослободување од окупаторот и непријателот. Голема е заслугата и на неговите соработници: Страхил Гигов, Перо Димо Црниот, Борис Алексоски- Карче и др. покрај ослободителните формации на овај простор, за жал дејствувале и предавнички, непријателски организации кој имале за цел да го попречат успехот на НОБ и да го вратат стариот систем на бивша Југославија, таква организација е појавата на Четничкото движење на територијата на Кичевско, организатор е поранешниот председател на општина Орланци и пратеник Живко Кижески и Стојан Марковиќ[197], пољакот Стојче од с. Осој и други кој биле во блиска соработка со четничките движења во соседните реони на Поречко, Гостиварско, Тетовско, Велешко, Скопско, Прилепско и други реони. На просторот на Кичевско дејствувале и балистичките албански водачи: Џемо, Мефаил, Шазо, Шабан и Ахмед, и други кој имале за цел да ја помагат Албанско- Италијанската и Германската власт преку нивната директна соработка со фашистичкиот окупатор, со цел стварање омраза на албанското население во однос на останатото неалбанско население на просторот на кичевско и пошироко.

На просторот на Кичевско на 13-14 Мај 1943 Албанско- Италијанската власт организирала големо апсење на истакнати партиски и револуционерни личности, како на пример: Живко Трајкоски, Данче Манески, Стефан Богоески, Владо Полежиноски, Љупче Пејоски, како политички затвореници, судени без присуство на судски процес, носени се во логорот „Порта Романо"- Тирана Албанија и на други места. Нивното враќање од затворите се случило по капитулацијата на Италија 09. Септември 1943 г, кога на нивно место власта ја превзеле Германските оружени сили. Во текот на војната од страна на бугарските погранични служби имало обиди за компромитирање на лица со цел да работат за нивните разознавачки потреби и интереси. Регионот за такви има регистрирано неколку лица, од поактивните соработници се спомнува името на Димо Брадата од с. Белица, кој формирал чета и станал нејзин војвода, неговата чета е дирекно заслужна за

---

[197] Сл.IV. 954 Фонд: спомени. АИНИ. Трајковски. Живко. Сеќавања на Живко Трајковски за неговата рефолуционерна дејност во Кичево и Кичевско 1941-45. Ск. 1981 г.стр. 117

апсењето и ликвидацијата на борците: Јанко Михајлоски и Живко Туфекциоски на 15-Октомври 1943 г, на монструозен и нечовечен начин, прво ги принудуваат сами да си го ископат гробот и на самиот гроб, лично **Димо** ги стрела.[198] Ваквите немили случувања кај народот предизвикале голема паника, страв и несигурност што предизвикало миграτивни движења со иселување од тие простори и барање можности за живеење во прекуграничните простори во селата Вранештица, с. Ижиште, Македонски Брод и др. после ослободување на градот Кичево есента 1944, голем дел од ова население повторно се враќа во своите родни огништа и градот Кичево.

## 4.2. Учество на муслиманите во НОБ

За учеството на муслиманите во НОБ и Револуцијата од 1941-1944 година, секако влијание имало и верскиот муслимански фактор, бидејќи врз таква основа, окупаторот ја градел својата пропаганда. Карактеризирајќи го НОБ како невернички, појава која во иднина ќе и забранат зар, фереџе или друга наметка, време во кое муслиманите ќе живеат во колективизација со христијаните, кое секако негативно влијаело врз одлуката и определбата на муслиманските популации на тој кичевски простор. Албанската власт во текот на нејзиното владеење во кичевскиот простор, искористувајќи го верскиот аспект, широко ги отворила вратите во сите владини органи, организации и здруженија за сите муслимански популации на тој простор, со цел да створат поголема подржувачка маса и постабилно владеење на тој простор, итоа: во партијата, полицијата и другите органи на власта. И покрај привилегиите што им биле нудени од страна на власта, сепак одреден број на муслимани не го прифатиле тој предизвик и останале доста воздржано и пасивно во тој период. Општ впечаток е дека покрај сите притисоци на власта, да го поделат населението на етничка или верска основа сепак во целиот период во поголем дел од целиот етнички простор, солидарноста постоела во најтешките моменти на воениот период[199]. Во текот на НОБ, во сите пишани и непишани документи забележана е желба на муслиманското неалбанско население кое за својата етничка определба сака да го

[198] Сл.IV. 954 Фонд: спомени. АИНИ. Трајковски. Живко. Сеќавања на Живко Трајковски за неговата рефолуционерна дејност во Кичево и Кичевско 1941-45. Ск. 1981 г. стср. 197, Димо Брадата после војната се повлекува во Софија, по исвесно време пребегнува во Турција и тамо умира.

[199] Тодоровски, Глигор *Демографски процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата балканска војна до осамостојувањето,* 25.

користи епитетот Турци- муслимани, епитет кој бара посебно научно објаснување. Според кажувањата на Јаким Синадиноски[200] дека Кузман Јосифоски –Питу, со пристигнувањето во Кичево, во мај, јуни 1942 г. пред да се сретне со било кого од комунистите во Кичево, кои што му биле познати од порано, се осмелил да се смести во станот на Мустафа Дого и покрај фактот што тој бил вработен како раководен правник во албанската власт во Кичево. Друга личност која дала значаен придонес за јакнење на партиската активност и пропаганда бил Абдула Топал дозволувајќи во својот дуќан да се собират комунистите за размена на разни информации, потоа Решид Решидоски го дал својот стан за сместување на нелегалци и партиска техника, тука, 15- дена била сместена партизанката Илка Присаѓанка, ова население својот отпор према власта го потврдило со тоа што не се согласило да ја прифати и да ја носи белата волнена капа а да го отврли фесот и црната капа, кои што им биле одземани и кинети на јавни места. Други лица кој од оваа етничка муслиманска популација станале членови на КП се: Исеин Акиоски, Алија Стенкоски кој представувал главна врска помеѓу Кузман Јосифоски- Питу и Месниот комитет на КП Кичево и главен снабдувач со прехранбени производи за илегалците што доаѓале и престојувале во градот Кичево, Асен Гулага, Рамон Туфекџиоски, Емин Канлага, Дали-бег, Алит Решидоски, Алит и Векија Ајрадиноски, Рамче Стенкоски, Шабан Реџепоски-Папунче, Ајредин Емроски, Назмија Фазлиоски, Џемо и Низа Ефатоски, Дуле Мечкароски, Беќир Топаловски, Абдула Топал, Муже Карага, од с. Трапчин Дол бил активиран Беќир Ајрети, од с. Бачишта бил опфатени: Латиф Сулејманоски, Мехмедалија Велиоски, Дерветко Фаик Зилберовски, од с. Другово значаен придонес за револуцијата дал Керим Керимоски и Шабан. Повеќе домови на определено турско население служеле за сместување и престој на нелегалци дојдени во градот со бројка од 13, од вкупно 22 куќи определни за ваква цел.

На 29. и 30 април 1956 година[201] од состанокот на учесниците во НОВ и во Револуцијата за Кичевска околија, констатирани се докази за учеството на муслиманското население во НОБ на Македонија, конкретно во стенографските белешки, од состанокот стои дека: турското население има значително учество во НОБ за ослободување на земјата во Западна Македонија. Меѓутоа било констатирано несоодветно и секташко

[200] Синадиноски Јаким, Сведоштва за непокорот, Нова Македонија, XLVII БЕ.15477, ОД 26.2.1990.7.

[201] Одделение за документација и библиографија „ Д-р Велимир Брезовски“, ИНИ, Скопје, Р-10-1

однесување на македонците спрема ова муслиманска неалбанска популација како резултат на недоверба наследена од случувањата во минатото, за кое требало да помини време за разбивање на таквата недоверба која била предизвикана од верската природа. Во еден извор од 23.07.1944 г. се вели дека муслиманските организации во Кичево и Кичевско биле прилично активни и дека со симпатии гледале на НОБ и давале определена материјална помош, било забележано вклучување на жени муслиманки за разни активности и солидарно давале несебична помош за разни потреби. Но имало и членови на оваа не-албанска муслиманска популација и турско определена популација, која во текот на НОБ соработувала со окупаторот, за таков пример го посочиле извесен Кемал Ештероски[202]. Слабата политичка свест и непросветеноста била една од основните причини за недоволната поголема соработка помеѓу македонското население од различна верска природа.

### 4.3. Бродскиот регион во текот на окупацијата

На 7-Април се приближи военото жариште кон освојување на Бродскиот регион – Порече. Воената вооружена формација XII-пешадиски полк од Скопје по течението на Треска, се доближува до Кичевско – Бродскиот регион. Воената власт во општината Јужен Брод ја превзеде познатиот некогашен четнички војвода Михајло Јосифовиќ- Горски, кој долго во минатото владееше со просторот на Брод и пошироко, познат по неговите заслуги за српството од времето на минатиот период, заслугите во текот на првата светска војна како учесник на Солунскиот фронт, познато во народот- *солунец*[203]. Командантот на срезот Михајло Јосифовиќ- *Горски* се судрил по некакви воени прашања со председателот на општина Брод поврзани за одбраната на Брод, тоа недоразбирање помеѓу председателот и командантот на срезот го предизвикало Михајло Јосифовиќ повторно да се облече во војводски бели алишта со црни гајтани, наоружан што може да носи, и да замине да се информира во Прилеп за предавството и капитулацијата на војската на Југославија и како ќе може да се префрли во Грција, како што постапил во почетокот на Првата светска војна кога на сличен начин се променила власта и тогаш успеал да се се

[202] По ослободување Кемал Ештероски е осуден на од народниот суд на 15 г. затвор.

[203] Ристески. Милан, *Порече низ историјата* 120.

префрли со своите блиски во Грција. Со мотор се враќа во Брод, потоа оди во Кичево и Охрид, насекаде видел страв, паника, бегство и воени единици. Војниците се преоблекувале во селски и цивилни алишта, го фрлале оружјето, плашејќи се да не бидат заробени. Српските војски кои бегале од Дебар за Скопје преку *Порече* ги задржал за да води војна со Германците, се развила подолга расправија помеѓу него и одговорните на војската, незадоволен од паничниот однос на војската се разочарува и патролата го открива кај Дабеската колиба, како дреми врз пушката, патролата му викала да го предаде оружјето, но тој одговарал дека: „*Со крв го спечалив на Солунски фронт и со крв ќе го предадам*"[204]. Иако им кажал дека е српски војвода Михајло Јосифовиќ, тие не му веруваат и го отеруваат во Среското началство кај командантот на воената единица, на влезот на авлијата, Михајло смртно паѓа од српска пушка за која толку многу дал од својот живот и одзел невиден број на невини животи кој застанале на спротивната страна од српството. Смртта на Михајло со огорченост е примено кај дел од официрскиот кадар кој го познавал и кој за многу прашања се консултирал со искусниот и долгогодишен српски војвода. Тоа е доказ дека туѓите пропаганди се само туѓи и никогаш не можат да бидат свои, граѓанинот на Македонија секогаш треба и мора македонски да размислува и македонски да се однесува, се друго е невредно и непотребно. Ова е добар пример дека неисплатливи и штетни се прифатените услуги за туѓи интереси и пропаганди кој носат огромен број жртви, сиромаштија и уништување на базичните и стратешки цели на својата земја Македонија. Секоја надворешна пропаганда има цел и намери да работи во интерес на нејзините големо државни интереси спротивни од интересите на Македонија и нејзините граѓани. Со почнување на војната, војниците од сите краеви на Југославија, почна да се враќат во своите домови, некои од војниците ги изгубиле своите животи во тие воени невремиња како што е случајот со: 1.Усеин М. Мамутоски од с. Пласница, роден 1912 г. , загина како војник во бившата Југословенска армија во 12-полк кај Кичево. 2. Јован С. Андреески од Долно Крушје р. 1915, умрел во германски логор на 31.12.1941 г. 3. Бошко Ј. Смилески од Локвица, р.1924 г загина во Белград, 4. Киро В. Лазарески р. 1910 г загинал на 14 Април, 1941 г во Дебар како Југословенски војник, 5. Буде Ј. Ванески од Растеш, р.1919 загинал на 6 Април 1941 г во Ниш, 6. Ванче Д. Аврамоски од с. Сушица,

[204] Исто, 121

р. 1893 г загинал на 6 Април 1941 г кај с. Речани- Гостиварско[205]. На 18 Април Германска патрола доаѓа во Брод, за неколку денови тие си заминале и 10-15 дена настанало едно безвластие во Брод, Бугарската војска е дојдена на 27-28 Април, а нивната администрација на 09.05.1941 г. во тој период во Бродско се појавува разни апетити и очекувања, населението од едни села гледале со задоволство на доаѓањето на Бугарската власт, други гледале со очај и разочарување поради нивното доаѓање, но поголем дел се прашувале што ќе биде со ново настаната неизвесна ситуација на тој простор. Дојдените бугарски власти се чувствувале дека се дојдени под казна во тој крај, затоа што тука е силно присутен српскиот елемент и народот во тој крај е познат како србомански. Стравот на новата бугарска власт бил оправдан и поради створената омраза и хипотеките што ги оставиле во текот на Првата светска војна кога има убиено 102 видни македонци православни граѓани од тој крај без никаква вина, само затоа што некогаш биле во блиски релации со пропагандата на српскиот елемент на тој простор, овој немил настан во историјата е познат по масовното убиството на „*Дервишка нива*“. Бугарската власт од самиот почеток, почнала со своите активности за собирање на оружје и други намирници за потребите на властите и војската, се формирале свои организации за потребите на бугарската пропаганда како што се: ополченици, илинденска организација, Отец Паиси и други организации организирани преку учителите во школите. По нападот на Југославија, Хитлер на 12 Април 1941 г. го дава и ориентациониот план за поделба на Југославија, со кои би се задоволиле германските империјалистички, военостратегиски и економски интереси, а потоа да се задоволат истите интереси на неговите сојузници како награда за нивното учество во агресијата. Стравот на населението од самоволие, силеџиство, убиства и грабежи беше нараснат, бугарската власт почна да ги остварува плановите од царскиот дворец во Софија. Порече според тогашната Административната и територијална поделба е поделено, селата од Р’бетинско потпаѓаа под Бугарска власт а села: Битово, Горно Ботушје и Волче под Италијанско- Албанска управа, границата се протега по планината Песјак. Бугарската војска се постави во Самоков, Тополница и Брод, и направи привремени караули за следење на граничниот промет со Италија, кој се одвиваше со посебни одобренија и дозволи. Во Бродската околија се формирани

[205] Исто, 122.

општините: Бродска, Самоковска, Модришка, Дебрешка и Челопечка.[206] На повикот од страна на бугарската власт до сите селани од ова околија да го предадат оружјето, мал број се одзваа и тоа предизвикало силни потери, блокади и претреси по селата за собирање на воен материјал и оружје, употребувајќи насилни средства и методи со цел да се заплаши населението. Сето ова го предизвика населението да почне да излегува во шумата и да се поврзува помеѓу себе со цел да се заштити од создадената безбедносна ситуација. Од мерките што ги започна новата бугарска власт позначајни се формирањето на Околискиот земјоделски одбор со изговор дека се грижи за земјоделците и пензионерите а со цел да ги придобие пензионерите и земјоделските маси на своја страна. Разочарувањата од владеењето на бугарската власт се големи поради мерките на реквизиција на волна и месо, се појавило голема оскудица на сол, луѓето оделе во Сланско и Слатино од бунарите да наполнат солена вода, оделе преку граница за маслинки и масло, се изложувале на големи ризици преминувајќи ги границите, чесните граѓани биле принудени да станат шверцери, снабдување на населението со разни намирници се вршело со домаќински книшки, врз база на купони, списоците на жива стока и присилната мобилизација во бугарската војска која била проследена со високи казни по член 213 од Законот за оружени сили на Царска Бугарија, вакви казни се има изречено на 85 лица во Поречието[207]. Во текот на владеењето се појавиле и соработници со бугарската власт во овој дел како што се: Јове од Миокази[208], и други. Во интерес на разознавачките и полициско- политички интереси биле ангажирани дополнително лица, блиски до новата бугарска власт, во историската граѓа вакви лица кој се ставиле во служба на бугарската полициска власт со документ на дирекција на Полиција бр. 3669 гр. Софија од 03.06.1943 г, заповед бр. 573 од 19.05.1943 г. МВР од Бродска околија се: Иван Григоров Савов од с. Миокази, 2. Методи Николов Наумов - с. Суви Дол, 3. Димитар Арсов Јанев- с. Локвица, 4. Љубен Николов Георгиев- с. Локвица, 5. Стефан Талев Смилов- с. Локвица, 6. Томе Цветанов Стојанов- с. Латово, 7. Никола Трајанов Сиљанов- с. Сланско, 8. Методи Јанакиев Стојанов - с. Локвица, 9. Борис Змејков Ангелов- с. Локвица, 10. Трајан Димков Змејков- с. Сланско. Однесувањето, мерките и активностите на новата бугарска власт во

[206] На Територија на Поречка околија

[207] Ристески. Милан, Порече низ историјата 1982 стр.127

[208] Ристески. Милан, Порече низ историјата 1982 стр.128

Бродскиот регион, населението го научило да се поврзе со Комунистичката партија која била единствена организирана сила на целиот простор на Југославија. Евидентно е дека оваа партија уште на 15 Април 1941 г, повикувала на револуционерна борба за национално ослободување на земјата. Населението преку врската Михајло Андреески мајстор во „Капина“ и Бранислав Шикиќ воспоставило врски со партијата. Месниот комитет на КП од Прилеп го испратиле Кире Гаврилоски- Јане бидејќи мајката му била од Слатина- Бродско, да се сретне со Трајан Стојкоски да ја разгледа политичката состојба со цел да се воспостави политичко- партиската активност на Бродскиот регион. Таквата партиска активност продолжила да се шири во длабочината на регионот во помалите населени места: преку Генадија Лешко и Марко Стариот се формирале и партиски ќелии во с. Дреново, Слатино, Грешница, Црешнево и Ореоец. Кире Гаврилоски продолжува да ја шири партиската активност во селата на Р'бетинска Река, итоа: Орланци, Миокази, Козичино, Ижиште, Дворци и во рудникот-Цер. Од теренот Гаврилоски добива информации за расположението на населението во селата: Атиште, Лисичани, Дворци, Ижиште, Пласница, Орланци, Ореовец, Миокази, Челопеци, Речани, Р'бетино, Свето Рача, Дупјани, Козичино и Патеец и се уверува во антибугарско расположение кај ова муслиманско и христијанско население.

На 02.05.1942 во куќата на Генадија Лешко-Бродски с. Дреново, беше формирана партиската организација за с. Дреново, присутни беа: Трајан Талески- Песјак, Данаил Андоноски –Ѓурчин и Драге Петрески – Барбарас. Во рудникот за манган „Цер“ работеа повеќе работници од селата: Дворци, Пласница, Пуста Река и др. тука Злате Биљаноски преку Симо Колески се поврза со Миле Микоски, Јордан Кафилоски, Зоре Генкоски кои понатамо воспоставија врски со: Миле Јанески, Рашид Ликароски и Јордан Софески од Пласница. За подобро и поконспиративно распознавање и комуницирање помеѓу себе, партијата изработила шифрарник на селата во Поречието итоа: Брод 82, Крапа 81, Козичино 80, Сланско 78, Дреново 77, Житоше 74, Лажани 73, Дебреште 72, Ропотово 71, Крушево 50, Прилеп 51 и др. Покрај партиските организации, истовремено се формираа и народно-ослободителни одбори кој постојано контактираа со народот, кој покасно прераснаа во прва македонска легална власт. Во текот на средината на јули се изврши промена во граничната линија помеѓу Италија и Бугарија така да селата: Горно Ботушје, Волче и Битово, кој до тогаш влегуваа во рамките на Италијанско- албанска власт сега

влегува во Бугарска територијална и административна област, додека селата: Патеец, Козичино, Речани, Р'бетино, Светораче, Крушица, Челопеци и Орланци под Италијанска управа.

**4.4. Развојот на партиската организација во Бродско**

1. во с. Дреново 1942 г. Генадија Лешко и Марко Ристески- Стариот формирале партиска ќелија
2. во с. Слатина 1942 г. Љубе Треневски формирал партиска ќелија во состав: Љубе Стефаноски, Драге Маркоски и др.
3. во с. Томино Село 1942 г. формирана е партиска ќелија од страна на Љубе Тренески, за секретар на ќелијата бил Стојан Јовановски.
4. Љубе Тренески во 1942 г. формирал партиска ќелија од три членови во с. Сушица за секретар била избрана Смиља
5. Во с. Лупште 1942 г. Љубе Тренески формирал партиска ќелија: Крсте Крстески-секретар, Вељо Черговски, Перо Кузевски и Никола.
6. Во с. Крапа 1942 г. формирана е партиска ќелија: Коце Ристовски и Боце Бизевски
7. Во с. Дебреште 1942 г. формирана е партиска ќелија: Спасе, Нове Змејковски и Рујан Димјановски,
8. Реонски Комитет за Брод се формира 1943 г од страна на Киро Гаврилоски: Генадија Лешко- секретар, Радова Петревски и Љубе Треневски, составот останал на функција се до ослободување.
9. Во с Дворци 1944 г. се формира партиска ќелија од страна на Симо Биљановски: Борис Атанасовски, Зоре и Миле
10. Во с. Ижиште 1944 г. формирана е партиска ќелија од страна на Симо Биљановски.
11. Партиската ќелија од рудникот „**Цер**" 1944 добила задача да продира во Поречието.
12. Кичевската партиска организација одржува врски со Брод преку учителот Трајан Стефаноски 1944 г.

13. Партиската организација во с. Пласница е формирана крајот на декември 1943 г. по иницијатива и организација на Дончо Мицкоски, за први членови се регистрирани: Ибраим ( Изејроски), Нико (Мико) Јовановски, Михо Ванчоски, Милан Цветаноски и Јордан, овие лица заедно со членовите на партиската организација на Дворци на 09. Септември 1944 г. учествувале во завземање на Бугарскиот магацин во текот на повлекување од граничниот појас со Кичево. Во Пласница на на 12-13 Септември 1944 г. формиран е Народноослободителен одбор и одбор на Народен фронт. За председател е избран Ибраим, а за секретар Дончо Мицкоски од Пласница. Одборот имал за задача да ги снабди со храна и други намирници двете партизански бригади: 4- албанска и 1- ва Македонска бригада кои веќе се најдувале во Пласница[209].

14. Партиската организација во с. Дворци е формирана во крајот на декември 1943 г по иницијатива и организација на Дончо Мицковски а за први членови биле опфатени: Славка Сиљановска, Лефче-учителот, Лале и Данил Мицковски

15. Во с. Локвица е формирана партиска организација во Октомври 1944 г. по доаѓање на Косовската бригада и доаѓањето на Коле Чашуле и Златка Стојкоска. За членови на П.О. се Димитрија Стефаноски- секретар, Менка Јорданова, Богоја Новевски, Дуко Георгиевски и Ристе Поповски, исто така во истото село е формиран и НОО со членови: Димитрија Стефановски- председател, Иван од Локвица, Киро Николајески- учител, Дуко Георгиески, Илија Војчески и Горе Пејчиноски .

### 4.5. Четнички формации во Бродско

Идејата за формирање на четничка организација во Македонија потекнува од група во состав: Војче Трбиќ- син на Василије Трбиќ, Синадин Сајковиќ, Владо Јовановиќ-чиновник, Божидар Видојевиќ – чиновник. Оваа група во текот на војната се затекнала во Србија во близина на градот Лесковац, од како ја одредиле својата идеа, стратегија и цел, се упатиле према с. Оруглица да направат средба со мајор Ѓуриќ- командант на

[209] ЦК на СКМ, Историско одделение, Белешки од состанокот со учесниците во Народна еволуција за бивша Бродска околија одржан на 14.01.1957 г. во Скопје 1957 г. ИНИ, стр. 23

„Горскиот штаб 110“ под команда на Дража Михајловиќ.[210] Со цел и намера да се борат против окупаторот, за враќање на монархијата и стариот кралски режим, независно од определбите на Народно ослободителната војска која имала за цел да се воспостави народна власт на територијата во Југославија, ослободување од окупаторот и неговите соработници, но разликата помеѓу овие две воени формации лежи во фактот за враќање на кралската власт на Петар II и општественото уредување на земјата. По стигнувањето на групата кај мајор Ѓуриќ, тука бил и Јордан Кимиќ, војвода на Коста Пеќанац со група од 60- тина четници. По добивањето на овластување од мајор- Ѓуриќ и армискиот генерал- Дража Михајловиќ групата тргнале во организирање дражиќевски чети во Македонија итоа: Прилепско, Велешко, Поречко и Кичевско[211]. Покрај овластувањата ова група добила, пари, печати со натпис „***Команда Југословенске војске у отаџбини Горски штаб***“ бр. 167,168,169,170 и 171 и упатства за понатамошната активност во наведените територии во Македонија, да собира членови, оружје, пари и да се дава точни информации за бројот и движењето на партизаните. Конечно групата во Македонија стасала во месец Август 1942 г. на идење од Србија, Божидар Видојевиќ се состанал во Скопје со Љубо Љубосављевиќ со цел да му го изложи планот на организацијата ДМ (Дража Михајловиќ) и да го вклучи во самата организација. Потоа групата во состав: Војче Трбиќ, Божидар Видоески, Војо Сајковиќ и водачот Михајло Андриќ го продолжиле патот, во с. Манастирец, Божидар Видоески го прекинал движењето, а останатите продолжиле за с. Браилово, со цел и намера да му објаснат на народот дека треба да веруваат во организацијата, дека има силна поддршка од Англија за враќање на кралот и монархијата и дека партизаните водат погрешна политика која од ден на ден има се помалку поддршка од народот, дека комунистите не веруват во бог и во никаков ред. Назначување на Војче Трбиќ (со псевдоним- Георием) за прв човек на организацијата нее случајно бидејќи е син на познат четник од 1903 г на овие простори Василије Трбиќ кој со неговото семејство имало долго живеано на просторот на с.Браилово, Бродско- Поречко и Велешко и ги познавал приликите на овој простор но го знаел и местото за дејствување.

---

[210] За движењето на Дража Михаиловиќ во текот на Втората светска војна види: *Рат и Мир Ђенерала изабрани ратни списи*, прва књига, приредили Коста Николић, Бојан Димитријевић, Београд, 1998, 9 – 87.

[211] ЦК на СКМ, Историско одделение, Белешки од состанокот со учесниците во Народна еволуција за бивша Бродска околија одржан на 14.01.1957 г. во Скопје 1957 г. ИНИ, стр.19

Василије Трбиќ во неговото време уживал голем углед во тој регион, бидејќи бил државен и општински функционер. Организацијата ДМ го искористила неговиот син Војче Трбиќ за да го постави на тој терен со цел да има поголем успех за движењето ДМ користејќи го авторитетот на неговиот татко. За командант на бригадата е предложен поранешен капетан Софронија Златиќ од с. Тополница. Во месец Ноември 1942 г. организацијата ја прекинала својата активност и Војче Трбиќ (Георгиев) заминува повторно за „Горски Штаб бр.110" да ги информира за дотогашната состојба во врска со успесите и активностите на партизаните и развојот на организацијата ДМ. Во текот на Мај 1943 г. Војче Трбиќ повторно се враќа во Македонија со конкретна задача да формира: чети, батаљони и корпуси и да се прибира оружје, за команданти биле назначени: Војче Трбиќ, Војо Сајковиќ, Марко Милановиќ, Софронија Златиќ и капетан Стефанович од Тетово, додека Стојан Марковиќ поранешен Југословенски пуковник да биде одреден за командант на Вардарска воена област. Од штабот добил: радиостаница со шифра и голема сума на пари за потребите на пропагандата, храна, оружје за војската и овластување да се поврзе со реакционерните Албански прваци (балисти). Во текот на септември 1943 г. добиено е овластување од четничкиот штаб за преговари со албанските формации помеѓу поручникот Гаицки, кој со авион е спушен на овај простор во 1943 г. и Мефаил Шеху од с. Зајас- Кичевско, друг неуспешен обид на балистите од Кичевско се прави преку Никола Крше, Крсте Маркоски од с. Крапа и Петре Маслар од с. Рилево но до средба не е дојдено, во текот на војната четничката организација на ДМ прави обиди да се поврзе со организацијата ВМРО на Ванчо Михајлов, преку Јордан Димевски од Велес, но до серозни поврзувања за заедничко дејствување нее дојдено. Во средина на летото 1944 г. по иницијатива на Партизанските единици склучен е договор со четничката организација на ДМ за заедничко дејствување со цел да се ослободи Македонија од окупираните војски. По растурањето на Дражиќевските чети во „Вардарска воена област" Војче Трбиќ по наредба на главниот штаб на Н.О требало да се јави при истиот партизански штаб, не сакајќи да се согласи со редот, дисциплината и новата положба за заедничко дејствување со партизанските редови, од Ноември 1944 повторно се одметнува, се крие повторно кај старите соработници од времето на четникувањето во текот на окупацијата, во почетокот се крие сам а потоа ја зема и својата вонбрачна жена Злата Димкова Мациќ, со која до крајот на 1946 живеат во илегалство. Од почетокот на одметништвото ја почнал новата

улога на непријателско однесување со саботажа против новата воспоставена Народна власт и нејзините реформски мерки. Како последици на четничкото делување на просторот на Поречието се евидентирани следните убиства извршени од страна на четничката организација во Поречието врз: 1. Убиство на Крсте Каљуш и Крстејца од с. Белица, 2. во с. Крапа заклани се Ѓуро и Тасе во септември 1943 г. , 3. во Февруари 1943 г со секира отепан е партизан- Ѓорѓи Сугаре од с. Долнени[212], 4. убиен е случајно залутан партизан во с. Крапа по потекло од Кичевските села[213] и др. Групата осомничена за отметништво од легитимната народна власт, според пресуда бр. 2/47 од 03.02.1947 година од Јавно Обвинителство - Битола ги спомнува следните лица соработници и организатори на четничката власт во Поречието: 1. Војче Трбиќ, 2. неговата невенчана жена Златка Димкова Маџоска с. Самоков, 3. Василко Велков Илиески од с. Степанци- Велешко, 4. Стојна Јандреева Петрова од с. Габрово живее во с. Браилово, 5. Боге Атанасов Велески с. Црнилиште живее во с. Браилово, 6. Петре Блажев Тренкоски с. Браилово, 7. Тодор Георгиев Атанасовски од с. Браилово, 8. Блаже Трајаноски Масларовски од с. Рилево, 9. Ангеле Вељанов Станкоски, 10. Темелко Тодоров Петровски, 11. Тодор Миланов Цветаноски с. Ропотово живее во с. Рилево. Според пресуда со бр. Кр.Д.190/47 од Окружен суд Скопје, покренато е обвинение на дел од одметнатите четнички соработници и организатори, за сторени кривични дела против народот и државата, според главниот судски претрес одржан на ден 11 и 12 Јуни 1947 г. донесена е судска пресуда на 12. Јуни 1947 г со следнава содржина:

1. **Миливој В.Трбиќ,** осуден на казна **смрт** со застрелување, трајно губење на политички и граѓански права и конфискација на целот имот.

---

[212] Ѓорѓи Сугаре во почетокот на војната 1943-1944 г, бил во Воената четничка организација ДМ на Војче Трбиќ, од непознати причини избегал од бригадата на Војче Трбиќ, се крије во с. Браилово и побарал помош од селаните на Браилово да се поврзе со партизаните, три лица од с. Браилово – непријатели на паризаните, од како ја разбрале намерата на Ѓорѓи Сугаре му понудиле помош да го поврзат со партизаните. Го извеле подалеку од селото и со секира го отепале и го оставиле незакопан со цел кучиња да го изедат и разнесат, од трупот на Сугаре останале само ребрата и коските, покасно е пронајден. АК-258/4. Лд 47100147, Бр. 317 прилог 2 страна 1.

[213] ЛД бр.310, Архив на РМ, Скопје.

2. **Васил Јанески,** осуден на казна **смрт** со застрелување, трајно губење на политички и граѓански права и конфискација на целот имот.
3. **Боге А Велески,** осуден на 15- години затвор и пет години губење на политички и граѓански права освен родителските и конфискација на целиот имот.
4. **Петре Б Тренкоски,** осуденна 14- години затвор и пет години губење на политички и граѓански права освен родителските и конфискација на целиот имот. Сите осудени се должни да платат со солидарно по 9.000 динари на име паушал на државата.
5. **Јован В Шоргиќ,** осуден на 6- години, лишен од слобода со присилна работа и две години губење на политички и граѓански права освен родителските.
6. **Злата Д Маџоска,** осудена на казна 5- години, лишена од слобода со присилна работа и 2- години, губење на политички и граѓански права, освен родителските и конфискација на целиот имот.[214]

Во кичевскиот регион, четничкото движење главно се има ширено преку поранешен пратеник и председател на општина Орланци- Живко Кижески (Ѓорески) од с. Света Врач - Р'бетинска Река, приврзаник на ДМ организацијата и Младен од с. Лазаровци – Кичевско командант на ДМ организацијата за Кичевско.

[214] Миливој Трбић-Војче, *Документи*, Избор Редакција и коментар Александар Симоновски, Скопје, 2016, 214-288.

# V-ГЛАВА

## КИЧЕВСКО-БРОДСКАТА ОБЛАСТ ВО НРМ

### 5.1. Административно уредување

По 1944 година Кичевската и поречката област се поделени во две околии Кичевска и Бродска.[215] Административната и територијална поделба која не е прилагодена на локалните потреби понекогаш може да биде причина за предизвикување на миграτивни процеси, како што е примерот со поделбите во Македонија после ослободување кои се вршени со силно влијание на политиката, поради фактот што во период од 1944-1965 имаме извршени 13 поделби тоа е знак на една голема нестабилност во поделбите на локалните заедници, тоа дава претпоставки дека, таквите нестабилни поделби вршени на ненаучна основа може да предизвика несигурност на населението и иселување од просторите на Македонија. Во овој период после ослободување, поголеми појави на масовно демографски движења на населението е забележано кај македонското христијанско население со иселување во Автономна Покраина Војводина со процес на Сојузната и Внатрешната (земска) колонизација поради населување во слободни места во кои живеело германско население и другите краеви на Македонија и Југославија и кај муслиманското- турско население од Кичевско Бродскиот регион со појавата на процесот за иселување во Република Турција. Научната теорија за појавата на локалните единици има сопствено гледање независно од политичките констелации во земјата. Историскиот развој на локалната власт во Македонија се гради бавно и постепено, проследувана со тешкотии и застои, поради субјективни и објективни причини кој битно влијаеле за спора и нестабилна локалната власт во Македонија и пошироко. Имајќи ги во предвид аспектите кој се битни за постоење на локалната власт тие се: 1. Постоење на централни државни организми на поголема територија, 2. Можност за стабилни и самостојни локални форми на општествена организации и 3. Постоење на доволна социјална густина.

---

[215] Бродската околија опфаќала и повеќе села од северозападните делови на пелагониската котлина.

Сите овие три услови се наоѓаат во траен меѓусебен контакт, влиаејќи едни на други и судрувајќи се во редица прашања. Бидејќи регионот и земјата се сиромашни со искуство и традиција во областа на локалната власт, пред се тоа се должи најпрвин на наездата на варварските народи а потоа на Османлиите кој во своето владеење немале некое богато искуство во организирање на локалната власт каде нејзината улога била изразито мала. Кичевско – Бродскиот регион во организирање на власта по заминување на Османлиите во многу не се измени но сепак нејзината улога се подобри со тоа што се зголеми надлежноста во областите: одржување на патишта, подигање и чување на мостови, засадување на млади шуми, учествување во ѕидање на јавни градби и останат стопански развој. Во минатото главно локалната власт била ангажирана за следното:

1. За најсиромашните и дојдените семејства се одвојувало храна;
2. Не се дозволувало да се продаде некој имот како должнички;
3. Отворање и финансирање на училишта;
4. Калемење против сипаници;
5. Организирано лечење на оболени од сифилис, тифус и други болести;

Ненаучниот и насилен политички пристап кон формирање на административната и територијална поделба како и практикување на локалната власт со силно влијание на политиката во одсуство на науката доведува до миграгивни процеси и иселување на населението. Со вакви слабости Кичевско Бродскиост регион е следен во целиот период и во сите административни и територијални поделби кое е една од причините за миграција на населението со силни последици по етничките и демографски промени.

### 5.2. Околиска власт – НОО Брод

Околискиот НОО– Брод формиран уште во текот на НОБ. Со работи започнал од 3 Ноември 1944 година. Согласно решението и напатствијата за организација и работа на околиски НОО како највисок степен на повеќестепената локална власт во Македонија, во Брод избран е Околиски НОО. Во исто време се организирани и општинските НОО за петте општини и за сите села, селски НОО – ри. Во состав на Околиските НОО – Брод, влегуваат петте општини со следните села:

1. Бродска општина со селата: Брод, Девич, Грешница, Г. Крушје, Д. Крушје, Суводол, Требино, Сланско, Дреново, Латово, Ореоец, Русјаци.

-Ижишка општина со селата : Ижишта, Дворци, Пласница и Преглово.

-Дебрешка општина со селата: Дебреште, Ропотово, Лажани, Житоше, Борино, Јакреново, Саждево, Кошино и Крапа.

-Модришка општина со селата: Белица, Тополница, Манастирец, Слатина, Инче, Калуѓерец, Могилец, Драгодол, Модришта, Вир, Локвица, Црешнево, Тажево и Брезница.

-Самоковска општина: Здуње, Растеж, Г. Ботушје, Д. Ботушје, Бенче, Волче, Зркле, Рамне, Косово, Сушица, Брест, Требовље, Заград, Звечан, Томино село, Битово, Ковач и Лупште.

Првото заседание Околискиот НОО – Брод го одржал на 08.12.1944 година.

За председател на Околискиот НОО - Брод избран бил **Стојко Трајкоски**, потпредседатели: Аритон Костоски, Невзат Амитоски, секретар – Петре Белички. За водење на администрацијата е назначен стручен кадар, како помошници на одборот. Организациската структура на Околискиот НОО - Брод опфаќа: Пленум, Извршен одбор и оддели како посебни организациони форми за правилна поделба на работата на Извршниот одбор. Освен одделите постои и секретаријат кој е засебно организиран како оддел и има свои одредени работи. Одделите биле: Управен, Судски, Стопански, Финансиски, Технички, Соопштителен, Пропаганден, Оддел исхрана, Просветен, Социјален и Здравствен. На седницата одржана на 23.12.1944 година, за председател на Околискиот НОО - Брод избран е Иван Стојкоски, потпредседател- Ибраим Џемоски, секретар - Коле Арсоски

**Управниот оддел** ги врши следните работи: Борба против народните непријатели и кривични дела против војската, помага на военото судство и ОЗНА, собира материјали и податоци за воени злочинци, води грижа за јавниот ред и мир, борба против криминалот, организација на селските и градските стражи (милиција), соработува со позадинските воени власти, издава дозволи за минување и престој на туѓинци, ги води изборните списоци на бирачите, раководи со мобилизацијата и ги контролира мобилизираните лица во јавната служба. **Судскиот оддел**: Раководи со организацијата и работата од областа на судењето, во негова надлежност е склопувањето на цивилните бракови и судењето по

брачните спорови. **Стопанскиот оддел**: Раководи со сите гранки на стопанството на подрачјето на Околискиот НОО - Брод, земјоделие, сточарство, ветеринарство, индустрија, занаетчиство, трговија и рударство. **Финансовиот оддел**: Раководи со собирање на еднократниот данок, врши исплата на одредени суми на бедните и настраданите од војната, врши редовна исплата на работниците и службениците во одборот. **Технички оддел:** Раководи со регулирање на реките и полињата, одбраната од елементарните непогоди ја контролира изградбата и поправките на патиштата изрушени од војната. **Саопштителниот оддел**: Се грижи за впрегнатата стока и другите возила, за одржување на патиштата и го организира превозот во Бродската околија. **Просветниот оддел**: Раководи со сите основни училишта во околијата и курсевите за општо образование, отворен е курс за учители. **Пропагандниот оддел**: Се грижи за пропагандната линија на Народноослободителната борба, организира забави, собранија, вечеринки. Соработува со масовните организации, посебно со НОФ. **Здравствениот оддел**: Раководи со здравствената служба, води надзор над болниците, санитетските екипи, амбулантите и хигиенските служби, организира здравствена пропаганда за едукација на населението за заштита од заразните болести, издава наредби за одржување на хигиената на населението во населените места во околијата. **Социјалниот оддел**: Ја регулира службата во врска со регулирање на работниот однос, изградбата на работнички и хигиенски станови, организира склоништа за старци, за напуштени деца, деца без родители, организира помош на настраданите и бедните семејства во околијата, формира комисии во општините кои ќе ги решаваат молбите за давање парична помош на онеспособените лица од НОБ. **Одделот исхрана**: се грижи за снабдувањето и исхраната на војската и населението во околијата, организира размена на продукти од разни краеви, раководи и ја организира реквизицијата од населението.

Во околијата се формираат шест општини со следното население: Бродска општина со 3.800 македонци и 60 муслимани, - Модришка општина со 4.391 жители, Пласничка општина со 2.429 жители, - Самоковска општина со 3.882 жители,- Растешка општина со 2.776 жители. Во сите општини вкупниот број на жители бил 24.348 од кои 17.732. жители биле со православна припадност а 6.616. со муслиманска припадност. На пленарната седница на Околискиот народен одбор - Брод одржана на 15. 07. 1945 година, формиран е Околиски суд, на таа седница избрани се двајца судии и 36 судски заседатели. За судии

избрани се следните лица: Миливој Крстев Стојкоски од Брод и Љубе Тренев Синадиноски– народен претставник за Поречка околија.[216]

### 5.3. Структурата на општинските - НОО

Општинските НОО се формирани во 1944 година врз основа на Решението на Президиумот на АСНОМ за организација на работата на НОО во Федерална Македонија с. Рамно, 20.10.1944 година. Општинските народноослободителни одбори дејствуваат и работат согласно законите и прописите за работа на околиските народнослободителни одбори, при што нивните надлежности се протегаат на територијата на општините. Организациската структура на општинските народноослободителни одбори била следната: Пленум, Извршен одбор, Председателство и началници на одделите. Председателството го сочинуваат председателот, потпредседателот и секретарот. Со формирање на Новата власт во составот на Бродската општина припаѓале единаесет села со вкупно 3.524 жители: 1. Брод со 404 жители, 2. Грешница со 304 жители, 3. Девич со 231 жител, 4. Дреново со 199 жители, 5. Латово со 378 жители, 6. Ореоец со 188 жители, 7. Русјаци со 365 жители, 8. Сланско со 602 жители, 9. Суводол со 93 жители, 10. Требино со 129 жители, 11. Крушје со 632 жители. МНО во Бродска околија: Бродска, Ижишка, Дебрешка, Модришка и Самоковска општина. Според законот од 13 Јануари 1947 година има измени во Бродската околија направено само во укинување на Дебрешката општина и нејзино спојување со Прилепската околија а нејзини делови како на пример: с.Саждево, с. Борино и с. Јакреново остануваат и натамо во Бродската Административна околија со седиште во Брод се до следната измена кога повторно влегуваат во составот на Бродскиот околија на 18 Сепември 1950 година. МНО во Кичевско се следните: Кичевски, Иванчишки, Иванчишта, Кленоечки, Подвишки, Брждански, Козички, Мало – Црски, Велмевски, Церски, Србјански, Староејски, Долно – Бигордоленски, Челопечки, Орлански,

[216]1. Решение и напатствија за организацијата и работата на НОО во Македонија -1944,

2.Уредба на Народната влада на Федерална Македонија од 21.11.1945 година

3. („Службени весници на Федерална Македонија бр.2 од 23.02.1945.година и бр. 4 од 9.04.1945.г.)

4. Фонд: Околиски НОО - Брод ( 1944-1945 ) година .

Списоци за организациската и територијална поставеност. Записници од седници на: Пленумот, Извршниот одбор, Околиската конференција, извештаи за работата на ОНОО-Брод, материјали од Секретаријатот , / извештаи, наредби, списоци , општа преписка,/ материјали од одделите
(извештаи за работа, списоци на персоналот, податоци , циркуларни писма).

Св.Рачански, Стрелски, Премшки, Осломејски, Србишки, Јагол-Доленски, Туински, Горно- Стругомишки, Зајаски, Мидински, Длапкин-долски, Грешнички, Осојски, Горно – Добренојски. Седиште на Кичевската околија е во гр. Кичево. По основ на законот од 13. Јануари 1947 година промени во административно – територијална смисла нема. Според овој закон Кичевската околија е една од 27–те Административни околии во Народна Република Македонија, ваквата поделба ќе трае до 1949 година кога со законот се укинуваат административните околии и повторно Кичевската околија заедно со Бродската околија влегуваат во составот на Битолската област. Според законот на територијата на НРМ на области од 18 Април 1949 година. Кичевската и Бродската околија влегуваат во Битолската област. Според законот од 26 Октомври 1949 година: Територијата на НРМ административно е поделена на: области, околии, градови вон од составот на околии, градови во составот на околии и на места (градчиња, села и слично). Подрачјата на областите, околиите, градовите надвор од составот на околии, градови во составот на околии и места се посебни административно – територијални единици. Според законот од 2 Февруари 1950 година Кичевско – Бродскиот регион во административната и територијална поделба влегува во составот на Гостиварската област итоа: Гостиварската област ги сочинува следните подрачја: Околиите: Бродска, Гостиварска, Дебарска, Кичевска, Тетовска и градот Тетово. Според законот од 18 Септември 1950 Околии во Македонија се 27, Бродската и Кичевската околија влегуваат во рангот на околии. Според новиот закон од 11 Април 1952 година НР Македонија административно е поделена: Околии, градови, градски општини и општини, Бродскиот регион според оваа поделба влегува во составот на Кичевската околија која е една од 18-те околии во НР Македонија и ги превзема сите надлежности за овој регион кој му се дозволени со постоечкиот закон. Според постоечкиот закон од 11 Април 1952 година Кичевската околија организирана е во 16 општини во кој влегуваат и територијалните единици на укинатата Бродска околија тоа се Општините: Брждани, Брод, Долноманастирска, Другово, Зајас, Ижиште, Извор, Јаголдоленци, Малоцрско, Модришта, Орланци, Осломеј, Растеш, Раштани, Самоков, Староец. Карактеристично за Бродскиот регион според овој закон на поделба во НР Македонија од административно и територијална смисла е тоа што Дебрешката општина влегува во Прилепската околија и за втор пат се исклучува од Бродскиот регион во која влегуваше од првата поделба 1944 г.-1947 и 1950-1952 година. Според законот за околии и

општини во НР Македонија од 26 Јуни 1955 година, влегува во составот на Охридската околија која е една од 7-те во НР Македонија и тоа: Според овој закон Кичевско – Бродскиот регион влегува во составот на Охридската околија организиран на ниво на општини кој имаат зголемени ингеренции со второстепена улога и распоредена во 6-општини и тоа: Општина – Кичево, општина- Осломеј, општина- Зајас, општина- Брод, општина -Челопеци и општина – Манастирец. Вкупниот број на жители изнесува 57.651 жител распореден по националности изгледа: Македонци – 35.483, Албанци- 13.329, Турци -8171, Роми 666 според податоци добиени од Општинските народни одборо во Кичевската околија 1952 година .[217]Кичевско – Бродскиот регион со овој закон од 26 Јуни 1955 година е оранизиран во шест општини со зголемени овластувања и споени кон Охридската околија.[218] Во овој период Кичевско – Бродскиот регион се сретна со примена на многу реформски закони: Законот за ѕарот и фереџето, колективизација во селото, аграрната реформа, законот за уништување на козите, Селските Работни Задруги (СРЗ), законот за Национализација на неподвижен имот на лица отпуштени од државјанството на ФНРЈ

## 5.4. Општествените промени по 1945 година како причина за миграционите процеси

Законите што беа донесени како реформски во повоена Македонија, во секој случај го опфати и овој регион, но поради неговиот мешан етнички состав, примената на одредени закони одеше тешко и со опструкции и поделеност на граѓаните, секој од своја позиција и од свој интерес, такви закони кој имаа крупно реформско значење во државата, а кој опфате поголем дел на население и кој дирекно влијаеа на населението во Кичевско- Бродскиот регион беа законите: **Законот за козите** - Поради осетните штети што ги причинувале козите на нашите шуми, беше причина да се донесе Закон за забранување, држење на сански кози Сл.весник на НРМ бр.31/32/. По овие прописи е забрането држење на домашни диви кози и мелези и со обавезен откуп или на друг начин

[217] Историски архив на РМ – одделение Охрид 4-112.4.27/342-344 писмо 4488 од 12.06.1952 г.според податоците за бројниот и националниот состав на општинските народни одбори во Кичевската околија.

[218] Државен архив на РМ – Охрид 4.113.6.2/33-53 Околиски Народен Одбор – Охрид

е наложена нивна ликвидација, а козите кои при прегледот се констатира дека се чистокрвно сански, се евидентираат при Народниот одбор и под нарочит режим е дозволено нивното држење. Законот за колонизација и аграрна реформа- Беше доста непопуларен кај селанецот од Кичевско– Бродскиот регион поради специфичностите кој го карактеризираат овој регион а пред се поради неговата несоодветност со потребите и желбите на самиот граѓанин. Законот за задругарството-[219] Донесе големи болки во семејствата на македонскиот селанец од Кичевско – Бродскиот регион кој скоро и да не заживеа беше доста непопуларен, и народот го одбиваше и покрај притисокот на властите кој беа во почеток силно заинтересирани за успех следејќи ги Советските примери. Законот за ѕарот и ферецето 1951 – 12.02.1951 г, забрана на носење на зар и фереџе, во спротивно беа превземани парични казни и казни затвор, како и пресуди со смрт. Законот за национализација - Предизвика големи проблеми, незадоволства и разочараност кај добар дел на побогатиот слој на семејства. Овој закон нанесе големи штети, трауми и страдања и нее мал бројот на лица кој се оставени на милост и немилост поради овој закон. Со овој и другите закони за аграрна реформа во Македонија и Кичевско – Бродскиот регион се извршил т.н.„рурален егзодус'' кој допринесол во Поречкиот крај да се изврши депопулација на населението кое што во средниот тек на реката Треска, областа околу Самоков за само четири децении населението се намалило за речиси четири пати, од 7.895 во 1953 година, сведено е на 2.057 жители во 1994 година [220]

Преглед на градско население по попис во Р. Македонија низ години[221]

| | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 87.654 | 119.134 | 165.529 | 321.980 | 423.742 | 444.760 |
| Брод | 567 | 628 | 947 | 1.219 | 1.961 | 3.358 |
| Кичево | 7.280 | 9.567 | 10.324 | 15.396 | 22.479 | 25.129 |
| Вкупно во Р.М | **324.385** | **397.707** | **521.719** | **821.919** | **1.078.686** | **1.145.308** |
| **Самоков со околија** | | **7.895** | | | | **2.057** |

*Табела број 42 Демографско движење на населението на релација село – град*

[219] Виолета Ачкоска, *Егзодусот на македонското селанство во социјализмот,* Макавеј, Скопје 2007; *Agrarno-sopostveni~kite односи, промени и процеси во Македонија, 1944-1953,* 77-94.

[220] Борче Илиевски, Етнички и демографски промени на територијата на денешна Р. М. 1912- 1994 г. Скопје 2008, (необјавена докторска дисертација), 330.

[221] Исто,. 340

Од табелата може да се види дека градското население е во постојан тренд на штета на селското население кое постојано опаѓа од мерките кој се превземени како што е индустријализација, аграрна реформа и други реформски мерки во тогашна Југославија и Македонија.

### 5.5. Миграtivни движења предизвикани од колективизацијата и СРЗ

**Колективизацијата** на селото во Македонија, спроведувана според советскиот модел врз аграрот и со видените сталинистички методи, била една од мерките на југословенската аграрна политика која предизвикала далекусежни негативни последици во целокупниот развој на Република Македонија. Селанецот во Македонија, по остварувањето на неговите национални и социјални права, се соочи со суровоста на новопечените народни претставници за кои исполнувањето на партиската директива беше услов за напредувањето во државно - партиската хиерархија. Овие новопечени народни претставници газеа врз честа и достоинството на селанецот и со примена на психолошка и физичка тортура го принудуваа да се откаже од своето – парче сопствена земја. Засилената колективизација се спроведуваше во периодот 1949–1951, односно 1953 година, а нејзиниот биланс беше бегство на селанството и од селото и од земјоделството и негово населување во приградските и градски населби, на градилиштата на првиот петогодишен план. Селата остануваа празни а градовите се поселанчуваа. Македонија го дочекува крајот на војната како типично селанска земја, со три четвртини селско население, со екстензивно земјоделство и неразвиена индустрија кои, во текот на војната претрпеа огромни штети. Проектираната комунистичка визија на социјализмот требаше да се изградува врз недовршената капиталистичка индустријализација, врз неразвиени производни сили, т.е. како еден примитивен комунизам, оскуден во сите животни потенцијали. Ваквата објективна состојба, како и влијанието на општо прифатената тактика и стратегија на комунистичкото движење, го наметнувале прифаќањето на сталиновата шема на идентификација на социјализмот со индустријализацијата. Притоа, индивидуалните земјоделци биле ставени во арсеналот на класните остатоци кои, партиската држава на моменти селективно, а на моменти фронтално бара начини да ги надмине или во краен случај да изврши нивно економско осреднување и осиромашување во рамките на постоечката комунистичка филозофија на егалитаризмот и тврдата уравниловка. Во ситуација кога обновата на земјата и проектираната индустријализација

директно зависеа од масовната подршка на селанството и од способноста на земјоделството, во недостаток на друга акумулација, да ги алиментира овие зафати, државно-партиското раководство покажува доза на реалност определувајќи се за аграрна реформа во која земјата се доделува во сопственост на земјоделците, т.е. на оние кои ја обработуваат. Со тоа, државата која се прогласи за народна излезе во пресрет на барањата на најшироките слоеви на селанството и ја обезбеди во неопходниот момент нејзината подршка. Притоа, во ниеден момент, КПЈ не се откажала од планираната социјалистичка преобразба на селото во чии рамки, основни клетки на преобразбата беа Селските работни задруги.[222]

Заостанатоста на селото, длабоко вкоренетиот ситно - сопственички менталитет на селаните, конзервативизмот и недовербата кон секој нов начин на обработка на земјата, тешкотиите во обезбедувањето со посовремени средства за производство, отпорите и тоа не само на побогатите селани како што официјално се оценувало, биле само дел од причините кои наметнувале постепеност во мерките на планираната социјалистичка преобразба на земјоделството. Таа постепеност била конкретизирана во постоењето на разни типови на задруги кои, секоја на свој начин, требало да делуваат во правец на унапредување на земјоделството и да им овозможат на селаните да се запознаат со предностите на заедничката работа и на крупните земјоделски стопанства. Основна задача на Комисијата за село при ЦК КПМ била да го контролира правилното спроведување на линијата на партијата на село и да им помага на надлежните државни и задружни органи во нивното извршување на задачите во социјалистичката реконструкција на земјоделието

[222] Виолета Ачкоска, *Егзодусот на македонското селанство во социјализмот,* 49 – 64. Селските работни задруги, веднаш по војната, биле самоникната појава. Во Македонија, тие се формирале на иницијатива на самите селани, помогнати од поедини активисти на Партијата, под името колективи. Првите СРЗ во Македонија се формирале претежно на селанската ситносопственичка земја, а не на аграрно доделената според Законот за аграрна реформа и внатрешна колонизација на НРМ. Затоа, во почетокот СРЗ во Македонија се претежно мали, задруги на сиромашни, малоимотни селани. Формирањето на колективите било една од главните задачи на Партијата и успехот во таа работа се идентификувал со изведување на револуцијата до крај на село, во периодот од ослободувањето до судирот со ИБ, КПЈ настапува мошне претпазливо, сообразувајќи ја својата тактика според дадените објективни општествено-економски услови и според расположението на селанството кое не било подготвено да се откажува од својот приватен посед во интерес на колективите.

по пат на земјоделско задругарство. Меѓу другото, таа добила задача да се грижи и за чување на принципот на доброволност при создавањето на СРЗ, да внимава и да не секташи при изборот на типот на задругата и будно да го следи држењето на партиските организации и членови на Партијата во однос на селските работни задруги. Притоа, не можеле да останат во редовите на Партијата, и биле на удар на власта, не само оние што го спречувале создавањето и омасовувањето на СРЗ, туку и оние кои не влегле во задругата во своето село.[223] Влегувањето на комунистите во СРЗ било задолжително и во спротивно таквите луѓе треба да се исклучуват од Партијата[224]. Силната, сестрана кампања и притисок врз селаните за влегување во колективите е општата рамка во која можат да се стават сите настани на селото во текот на 1949 година. Со крајна необјективност и неточност се даваат оценки за успесите на социјалистичката преобразба, која во тој момент, во созреани услови ќе го преведе селанецот во комунизмот.[225]

Ненаучниот метод за квантитативен растеж на бројот на задругите и бројот на членството е основниот критериум со кој се поткрепуваат големите успеси во реализирањето на партиската линија на партиските пленуми. Една од специфичностите во спроведувањето на колективизацијата на македонското село, неоспорно беше различниот однос на властите кон македонското селанство и кон селанството на малцинствата со муслиманска вероисповед. Податоците зборуваат дека учеството на малцинствата во СРЗ било доста слабо, заради што во малцинските средини најтешко продирале мерките на новата власт поради нивната културно-просветна заостанатост и верската изразеност. Новиот дух на егалитаризмот, рамноправноста помеѓу половите, ослободувањето од религиската свест итн., не можел да го сруши тој традиционален свет во муслиманската

---

[223] Новица Велјановски, *Македонија 1945-1991 државност и независност*, Скопје, 2002, 74; Виолета Ачкоска, *Задругарството и аграрната политика*...,129

[224] Испраќањето на Раде Генадија Лешко од с. Дреново- Македонски Брод, на превоспитување според Комисијата за прекршоци во МВР, на „Голи Оток" во траење од 18 месеци, е условена со оптужувањата за неправилниот став на Раде спрема СРЗ, бидејќи, повеќе пати и на повеќе места кажувал дека во с. Дреново-М.Брод, нема услови за СР..Задруга, што во понатамошниот период се потврдило како точно.

[225] Во 1945 година во НРМ биле формирани само 6 СРЗ, во 1946 година 31, во 1947 година 79 СРЗ. До нагло зголемување на бројорт на СРЗ дошло дури во втората половина на 1948 година, а на крајот од годината во Македонија имало 238 СРЗ. (Виолета Ачкоска, *Аграрно-сопсртвеничките односи*..., 265)

средина така брзо, како што го рушел во селата со македонско христијанско население. Прва причина е што пораките кои ги носела НОБ и Револуцијата, биле поприфатени во македонската средина, со кое се рушело старото и стариот затворен рурален начин на живот.

**Второ,** улогата на религијата и нејзината инкорпорираност во животот и опстојувањето на одредени етноси бил различен во муслиманската и христијанска средина. Вклученоста на христијанската религијата во НОБ и Револуцијата и еманципаторските процеси кои произлегувале од тука, дотогаш муслиманството се наметнувало како арбитер над целокупниот живот со силна тенденција на конзервирање на односите. Низ сето ова, сепак ни се наметнува и заклучокот дека малубројното учество на малцинствата во редовите на НОД 1941-1944 г, не ги идентификува своите политички цели со ослободителната борба, борејќи се против сеопштата еманципација, а посебно еманципацијата на жената. Срекавајќи се со силниот отпор при формирањето на СРЗ во муслиманските средини. Покрај тоа, бројни биле случаите на несогласици помеѓу селаните во мешаните села и заострувањето на нивните меѓусебни односи. Борејќи се против постојните меѓунационални нетрпеливости и шовинизмот, ЦК на КПМ настојува да ги амортизира заострените меѓунационални тензии, барајќи од своите членови идеолошко-политичката работа да доминира над сите други мерки. Тоа значело воспоставување на курс на попустлива политика и потолерантен однос кон малцинствата со цел да не се заоструваат и понатаму меѓунационалните односи. Со пропаѓањето на СРЗ, пропаднаа и имотите на македонските селани коишто беа принудени да бараат егзистенција надвор од земјоделството и надвор од селото. Истовремено, во почетокот на педесеттите години, турското национално малцинство во НРМ и друго муслиманско население, погодено од мерките на експропријација и национализација, од колективизацијата и Законот за забрана носење зар и фереџе, почнаа процес на помасовно иселување од Македонија во Турција. Општа е оценката дека постоела тенденција сите задруги да се претворат во трет и четврт тип додека за прв и втор тип воопшто не се исплатувале закуп и камата на внесената земја или се исплатувале сосема мали симболични износи. Во НРМ воопшто не бил почитуван принципот на доброволност при изборот на типовите по кои ќе работат овие задруги и очигледна е тенденцијата за создавање на поголем број СРЗ од трет тип и нешто од четврт тип, како повисоки,

социјалистички облици на задруги, зашто се верувало дека првиот и вториот тип, набрзо ќе прераснат во повисоки типови. Со тоа селанецот наеднаш не бил принуден да се откаже од сопственоста на земјата, а повисокиот тип на здружување бил оставен да се развива со самиот општествено-економски развој, без форсирање на тој план. Најголемиот број селани во првиот момент, ниту ја сфаќале, ниту сакале да ја прифатат оваа мерка на народната држава која во името на нивната посреќна иднина ги принудувала да се откажат од нивниот вековен сон – парчето сопствена земја. Бројни се сведочењата за терањето на селаните да стапат во колективите, со најразлични средства и примена на насилство. Низ документацијата мошне нагласено се зборува за појавата на непријателски елементи со кои УДБ-а и другите органи бескомпромисно се пресметувале. Со оглед на тоа што новата власт во селанството имаше дотогаш голем и лојален сојузник, врз чии плеќи лежеше целокупниот развој, мошне е индикативна појавата на толку многу непријатели на социјализмот на село. Во прилог кон сето горе кажано, зборуваат и ригорозните казни во многубројните судски процеси против земјоделците за нивното истапување против задругите. Така, во една анализа на судските процеси се вели дека не ретка појава е да се изрекуваат казни во размер од 10-20 години лишување од слобода и конфискација на имотот, покрај низата претходни малтретирања – психички и физички изживувања на кои биле изложени поединци затоа што одбивале да влезат во колективите. Со употреба на оружје и сила, биле загушени и организираните масовни бунтови во повеќе села во Кичевско и други места, додека пак селаните од своја страна барале најразлични други начини да се извлечат од влегувањето во колективите и при тоа да ги избегнат казнените санкции. Создавањето на нови СРЗ и проширувањето на веќе постојните, според партиските информации се одвивало напоредно со борбата против непријателските елементи кои настојувале да ги разбијат постојните задруги и да го оневозможат формирањето на нови.[226] Најчесто непријателската дејност во СРЗ се поврзувала со делувањето на Информбирото, балистите и ВМРО, кои ширеле пропаганда против колективите користејќи наводно некои мали несредености во СРЗ. Вака формулиран – како дејност на непријателски елементи, отпорот на селанството кон колективизацијата бил полесно кршен, без да се сфати неговата суштина и да се утврди за какви непријатели се работи. Земјоделците кои давале отпор за стапување во СРЗ, како непријатели на

[226] Виолета Ачкоска, *Аграрно-сопственичките односи...*, 281.

социјалистичката преобразба на селото биле одведувани во бројните тогашни логори, најчесто без судски процес, изложени на милост и немилост на самоволието на народните власти. Прогласувањето на непријатели на СРЗ, било само повод да се врши репресија над посмелите и повлијателни селани чиј отпор се кршел со различни методи и претставувал пример за другите селани, кај кои, се сакало да се сосече во корен идејата за спротивстатавување на официјалната партиска, политичка линија. Поединечното повикување ноќно време, заплашување, држење во притвор без објаснување, тепање, понижување и газење врз човечкото достоинство и чест, држење вперено оружје и најразлични други начини на убедување со кои се кршел отпорот на селанството, создале во периодот 1949-1951 година заострена ситуација на село, а успехот од колективизацијата изостанал, посебно нејзините економски предности. Излегувањето на партиското упатство за пореално приоѓање кон задругарството, односно да не се форсираат СРЗ онаму каде што за тоа нема услови, им даде на селаните реална основа да бараат излегување од СРЗ заради пасивноста на нивното село. Меѓутоа, органите на теренот во Македонија, не покажале слух за ваквата неминовност и не согледале дека тоа е погоден момент да се ослободат од нерентабилните СРЗ. Карактеристично при тоа е што најнапред барале растурање оние СРЗ кои биле формирани во текот на 1949 и почетокот на 1950 година. Овој факт јасно зборува за начинот на нивното создавање зошто голем број од нив биле само формално формирани и воопшто не заработиле како такви. Според официјално мислење на Партијата во Македонија, во 1951 година, барањето на селанството да излезе од колективите, генерално, се оценува како последица на работата на непријателските елементи. Сепак веќе во текот на 1952 година интензивно се спроведува процесот на реорганизација на пасивните СРЗ иницирана со упатството на партијата. Оваа реорганизација добила нов импулс со Уредбата за имотните односи и реорганизација на СРЗ од март 1953 година, со која формирањето на задругите се врзува со стриктното почитување на принципот на доброволност. Најголемиот број на СРЗ во Македонија не поседувале ни минимум општествени и економски услови за да се развијат во модерни и крупни социјалистички стопанства. Со механичкото спојување на ситните индивидуални селани биле создадени задружни стопанства кои располагале со заостанати средства за производство и каде воглавно се работело на екстензивен начин. Заради тоа и економските резултати што ги остварувале СРЗ во најголем дел биле незадоволителни.

Идеолошката определба за интензивна колективизација не можела долго време да ги крие вистинските ефекти од задружното производство – неекономичноста, незаинтересираноста и нерентабилноста. Одделувањето на селанецот од неговиот приватен посед, во време кога тој воопшто не бил подготвен да се откаже од него, како и објективните услови во кои не можела практично да се докаже некаква предност и супериорност на колективната обработка на земјата, биле основните причини за неуспехот на колективизацијата во Македонија. Со мерките на аграрната политика по 1945 година во Македонија не беше направен оној пресуден еманципаторски чин на укинувањето на селанецот и негово претворање во модерен земјоделец. Замената на економската логика со административно - политичка принуда создаде услови за постојано заостанување на земјоделството во однос на другите стопански гранки. Земјоделството донекаде беше и свесно жртвувано на индустријализацијата на земјата, а селанецот беше претворен во објект на првобитната акумулација на државниот капитал.[227]

Планската индустријализација, од своја страна, го отвори процесот на наглата, стихијна и неусогласена урбанизација со индустријализација во НРМ, чија основна карактеристика беше поголем прилив на селска работна сила од потребите на индустријата. Односот кон индивидуалното земјоделство како подрачје на зафаќање на вишокот на трудот, предизвика брз егзодус на селанството. На другата страна, наместо да биде изложена врз нужноста да создава сопствен доход, индустријата се навикнувала на дотации од земјоделството. Неекономскиот однос помеѓу земјоделството и индустријата го забрза процесот на растење на македонските градови поради неусогласеност на индустријализацијата и урбанизација. Настана индустриска пренаселеност на жителите со маргинална продуктивност.[228]

### 5.6. Отпор кон СРЗ во Кичевско

Во Кичевската околија кон крајот на четириесетите и почетокот на педесетите години се бележи отпор кон формирањето на СРЗ. Отпор постоел и во селата населени со македонско и албанско население. Силен отпор за формирање на СРЗ дале кичевските

---

[227] Бранко Петрановић, *Историја Југославије*, 211-256.

[228] ДАРМ. Ф. Контролна комисија при Владата на НРМ, к-7, Извештај за работата на Сојузот на работните земјоделски задруги на НРМ во 1948 година; АМ, ф: Сојуз на трудови земјоделски задруги, к-1, Заклучение (материјал за развојот на СРЗ), 1949.

села, особено с. Зајас, каде што по сите стеги и убедувања, од ова село и од селото Жубрино избегале во планините голем број лица. Пред таквиот отпор, Околискиот комитет бил принуден да ги повлече екипите и да ја сопре акцијата за формирање на СРЗ и во другите албански села во Кичевската околија.[229] Трајан Љубески и Павле Станкоски од с.Велмевци - Кичевско (пасивно печалбарско село) се жалеле на Душан Мицковски, службеник од ДБК во Кичево кој им претел со зборовите: Ќе ти ги скршам забите ако не влезеш во задруга, Ќе ти изеди помрчина итн. Во анонимната жалба до Маршалот Тито, селани од с. Велмевци наведуваат дека и покрај тоа што во нивното село немало услови за работа на СРЗ, таа била присилно создадена, а биле тепани Тодор Тасевски, Трајан Павлевски и Илија Љубевски. - "Иститe другари ги биеше другарот Душан Мицковски, службеник во ДБК во Кичево". За применување на присилни мерки во селата Мидинци, Зајас и Осломеј се жалеле две анонимни лица кои навеле дека членот на одборот Бранко Велјановски го газел и му држел револвер во устата на лицето Милан Исајловски и така го принудил да влезе во задруга. Така бил измачуван и Трипун Велјановски, кој бил слеп уште од 1917 година, потоа Силјан Петровски, браќата Диловски од с.Зајас, како и стариот селанец од с.Зајас, Муарем Беќири, за кого се сомневало дека починал итн.[230] Така, во Кичевска околија, од 13 новоформирани СРЗ, 8 воопшто не почнале да функционираат, а во 4 веднаш се јавиле обиди за нивно растурање. Ист случај има и во други краеви во 1949/50.[231] .

### 5.7. Миграттивни процеси предизвикани од образовната политика

После ослободување на Македонија 1944 г. се појавиле извесни недоразбирања во областа на образованието, поради националната недооформеност и поради субјективни причини за историското потекло. Образованието како област бара внимателност и претпазливост, затоа што влијае во меѓунацоналните односи на одреден простор. Кај муслиманското население од Кичевско – Бродскиот регион се почувствувало појава за образование на албански или турски јазик. Според тогашните образовни прописи, наставата требало да се изведува само на јазикот на кој зборувале децата, нивните татковци и мајки. Одстапки од ваквите образовни прописи се забележале во Струга кога

[229] ДАРМ, ф: Вариа, 11/123, Извештај за новоформираните селски работни задруги во Кичевска околија

[230] ДАРМ, ф: Вариа, 11/123, Извештај за новоформираните селански работни задруги во Кичевска околија

[231] ДАРМ, ф: ЦК СКМ, Комисија за село, к-37, Информации, 06. 05. 1950

децата од турската националност наставата ја изучувале на албански наставен јазик, што било спротивно на прифатениот принцип дека „науката полесно се изучува на свој мајчин јазик, од колку на туѓ“. Ваквиот пример зборува за соодветен притисок врз Турците, нивните деца да учат на албански јазик, ваквиот пример бил сметан од страна на образовните и народните власти како остаток од предходната воспоставена власт во Западна Македонија. За ваквите појави спротивни на прифатениот образовен принцип се залагал и тогашниот висок функционер во владата на НР Македонија Неџат Аголи кој директно издал наредба децата на турците да учат на албански јазик со изговор дека во Струга нема турци и дека во Струга турците не мора да учат на турски[232]. Во Бродската околија муслиманско население било концентрирано и живеело во селата: Дебреште, Лажани, Пласница, Преглово, Јакреново, Борино и Саждево. Во с. Дебреште имало 338 куќи со 1.765 жители со вкупно 271 ученик, родителите во ова село барале наставата да се изведува на албански јазик, иако дел од населението знаеле: македонски, албански и турски јазик, во селото имало и одреден број на родители кој сакале своите деца да учат на турски наставен јазик што значи во с. Дебреште постоеле различни барања на родители за јазикот на кој ќе се изведува наставниот процес. Во с. Лажани имало 185 куќи, со 952 жители, со 96 ученици. Во с. Пласница и Преглово со вкупно 330 куќи со 2.079 жители, со вкупно 70 ученици, родителите на учениците од овие две села барале наставата во образованието да се изведува на турски наставен јазик, овие факти родителите ги поткрепувале со фактот што самите се чувствувале и се нарекувале долго во минатото за турци[233]. Иста ситуацијата била во Кичевската околија во селата: Бачишта, Лисичани, градот Кичево, Челопеци, Србјани, некој од овие села сакале да се образуваат на албански а некој на турски јазик, бидејќи во национална смисла се чувствувале за албанци или

---

[232]Демографски процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата балканска војна до осамостојувањето на Македонија: со посеберн осврт на исламизираните Македонци. Тодоровски, Глигор, Скопје, 2001, стр.331

[233] Демографски процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата балканска војна до осамостојувањето на Македонија: со посеберн осврт на исламизираните Македонци. Тодоровски, Глигор, Скопје, 2001, стр.356

турци. Желба на родителите од градот Кичево била децата да учат на албански јазик, ова било дозволено од страна на Окружниот НОО, со писмо број 7545 од 27.11.1945 г. Кој одобрил да се отвори училиште во Кичево на јазикот на кој сакале родителите на учениците, односно на албански јазик што било спротивно на прифатениот принцип, ова училиште на албански јазик било посетувано од 186 ученици.

## Демографските амплитуди на населението во Кичевско

| Кичево | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци |
|---|---|---|---|---|
| 1953 | 41.240 | 20.878 | 12.792 | 6.600 |
| 1961 | 39.883 | 21.194 | 14.316 | 3.468 |
| 1971 | 44.118 | 20.837 | 17.863 | 3.451 |
| 1981 | 51.035 | / | 23.338 | 3.342 |

*Табела бр.41 Податоците се земени од книгата: Демографски процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата Балканска војна до осамостојувањето на Македонија: со посеберн осврт на исламизираните Македонци, Тодоровски Глигор, Скопје, 2001, стр.386*

Несредените образовни односи во првите години на ослободувањето, предизвикале вознемирувачка и хаотична состојба, настаните, случувањата и примерот во Велешкото село Горно Врановци се доста интересни за нас, бидејќи сериозно влијае во формирање на колективната свест на населението од регионот на Кичевско, Пласничко и пошироко за предизвикување на миграцивни процеси, селото Горно Врановци е со население од 3.000 жители, во 1945 година, просветната власт во Македонија одлучила да отвори училишта во ова село и соседното село Мелница на турски наставен јазик, сметајќи ги за турци иако нивни мајчин јазик бил македонскиот. На ваквата појава се спротивставил месниот граѓанин на с. Горно Врановци, кој истовремено бил и потпредседател на Велешката околија Јусуф Чауш, кој во одстуство на председателот на околијата ја вршел неговата председателска функција, проблемот во селото стасал до највисоко ниво во партијата во ЦК КПМ - Скопје. Крајот на јануари или почеток на февруари 1945 г во ова село стасал Видое Смилески – Бато испратен функционер на ЦК КПМ со цел да ја испита и види состојбата. Од како ги собрал селаните од двете села: Горно Врановци и с. Мелница заедно им објаснил дека образовниот проблем на овие две села ќе се реши на начин што ќе се овозможи образованието на децата од овие две села да се изведува на турски наставен јазик поради фактот што на тој начин ќе се остварело правото за настава на мајчин јазик

како придобивка од НОВ во Македонија. Од кога сите се согласиле на договореното помеѓу селаните и претставникот од високата партиска власт на ЦК КПМ, Јусуф Чауш како околиски функционер и селанец од ова село се јавил за дискусија и во присуство на сите се изјаснил: Јас несум многу писмен човек, па може да се случи нешто и да згрешам. Ние од овие две села турци се викаме затоа што сме муслимани, ако појдеме во било која куќа ќе се увериме дека сите зборуваат на македонски јазик,тоа е нашиот мајчин јазик. Со оваа дискусија сите се подзамислиле дали се дава право на образование на мајчин јазик или се одзема право за образование на мајчин јазик, и на крај додал: *„Што таксират не најде сега да учиме на турски јазик*“! Ваквата дискусија кај Видое Смилески- Бато прдизвикала емоција и силен впечаток, долго разговарал со Јусуф Чауш и на крај се донесло одлука од страна на просветната власт дека во овие две училишта ќе се изведува наставата на македонски наставен јазик[234]. И ова е една од неколку те причини кој довеле до масовно иселување на населението кое во 1953 година според пописот ова село броело 3.000 жители се свело на десетина семејства. Ваквите појави имале рефлексија кај останатите населени места со иста етничка припадност, кој во понатамошниот период ќе има појава на миграгивни процеси, разочарување и иселување од просторите на Македонија.

### 5.8. Настаните со организацијата “ЈУЏЕЛ“

Случувањата поврзани со турската организација **Јуџел**, важно за материјата која е предмет на наше истражување е поради фактот што, настаните кој ја карактеризираат оваа организација се заокружени со крајно радикални мерки од страна на државата и предизвикале голема несигурност и страв кај турското и друго муслиманско население во Кичевско Бродскиот регион и пошироко, кое резултирало со појава на барање за отпуст од југословенско државјанство и иселување во Турција. Од целиот истражуван материјал врзан со оваа организација очигледно се забележува дали во постапките преовладал политичкиот или правниот момент. Направени штети врз државата и нејзините интереси од страна на лицата инволвирани во Јуџел не постојат, во целата постапка се гледа политичкиот момент од страна на државата и јасно е видлива политичката намера.

[234]Демографски процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата балканска војна до осамостојувањето на Македонија: со посебен осврт на исламизираните Македонци. Тодоровски, Глигор, Скопје, 2001, стр. 348

Преку постапките на власта можеме да забележиме пристрасен и селективен однос спрема Јуџел во однос на останатите организации со иста или слична содржина кој егзистирале во тој период како што биле: ВМРО, Савез Нације Југославије (СНЈ), Национал демократик шќиптаре, четничките движења ДМ, Милан Грол, Панта Јовановиќ, Недиќ и др. Без сомнеж констатираме дека постапката на власта спрема појавата на организација Јуџел има селективен пристап и висок степен на политичка активности, како и сурово однесување на власта како што немаме видено таков однос према ниедна друга слична или иста организација со слична содржина.

Во текот на летото 1945 г формирана е организација „Јуџел'' од група напредни граѓани од турска националност во соработка со турскиот конзуларен претставник во Македонија: Емин Вефа Герчек. Организацијата „Јуџел" била организирана и раководена од следните лица:

1. Шуаип Азиз – теолог, основна школа завршил во Скопје, потоа во Ата-оцина џамија учел 8- години, во 1932 г. замина за Каиро тамо учел 8-г. добил стипендија од Вакувската дирекција, се обидел да се вработи тамо но не успеал, осуден на смрт со стрелање, трајно губење на политичките и граѓанските права и конфискација на целиот имот.

2. Алија Абдурахман- печатар, прочелник во обласниот Народен одбор во Скопје, судска пресуда на смрт со стрелање, трајно губење на политичките и граѓанските права и конфискација на целиот имот.

3. Назми Умер Јакуб- бивш секретар во Окружен суд Скопје, судска пресуда на смрт со стрелање, трајно губење на политичките и граѓанските права и конфискација на целиот имот. Одлежувањето го започнал 11.08.1948 г- помилуван е на ден 09.08.1949 г. осуден за шпекула со злато.

4. Адем Али Адем- сарач, судска пресуда на смрт со стрелање, трајно губење на политичките и граѓанските права и конфискација на целиот имот.10.05.1948 г

5. Шерафедин Ферид- учител, добил судска пресуда лишување од слобода во траење од 20 г. губење на политички и граѓански права во траење од 5 години.

6. Рефик Шериф Мемед- службеник, добил судска пресуда лишување од слобода во траење од 20 г. губење на политички и граѓански права во траење од 5 години. Затворот го започнал 25.08.1947 г. помилуван е на ден 29.11,1953 (одлежал 7 г затвор)

7. Абдулкерим Ибраим- бивш судија, добил судска пресуда лишување од слобода во траење од 20 г. губење на политички и граѓански права во траење од 5 години.

8. Кемал Р. Расим- службеник, добил судска пресуда лишување од слобода во траење од 20 г. губење на политички и граѓански права во траење од 5 години.

9. Рефик Рушид Елмаз- сарач, добил судска пресуда лишување од слобода во траење од 20 г. губење на политички и граѓански права во траење од 5 години. 11.03.1948 помилуван и ослободен од власта е на ден 04.09.1960 г

10. Ахмед Халил Мустафа- учител, лишување од слобода со присилна работа во траење од 15 г. и губење на политички и граѓански права во траење од 3- г.

11. Фетах Салих Сулејманпашиќ- бивш професор, референт во Министерството за просвета, лишување од слобода со присилна работа во траење од 15 г. и губење на политички и граѓански права во траење од 4- г. 13.05.1948 помилуван и ослободен од страна на власта е на ден 13.07.1948 г.

12. Музафер Ахмед Сулејман- бивш професор, лишување од слобода со присилна работа во траење од 13 г. и губење на политички и граѓански права во траење од 4- г. 15.11.1947- помилуван и ослободен е на ден 29.11.1953 г.

13. Фазли Веби Шукрија -трговец, лишување од слобода со присилна работа во траење од 12 г. и губење на политички и граѓански права во траење од 3- г. 15.08.1947- помилуван и ослободен е на ден 31.08.1950 г

14. Мехмед Шериф Далип- бербер, лишување од слобода со присилна работа во траење од 12 г. и губење на политички и граѓански права во траење од 3- г. 20.09.1947 помилувалн и ослободен е на ден 20.09.1959 г.

15. Кемал Рифат Ферад- столар, лишување од слобода со присилна работа во траење од 12 г. и губење на политички и граѓански права во траење од 3- г.

16. Саид Биљаљ Халил- трговец, лишување од слобода со присилна работа во траење од 11 г. и губење на политички и граѓански права во траење од 2- г. конфискација на целиот имот и

17. Али Халим Мустафа- трговец, лишување од слобода со присилна работа во траење од 10 г. и губење на политички и граѓански права во траење од 3- г.

Според изворите на архивската граѓа[235], организаторите на организацијата „Јуџел" создале (претпоставено) терористичко- шпионска организација која во иднина имала цел да служи на странските кругови во Македонија како средство за вршење на шпионажа, терористички акции и организирање на немири (бунт) меѓу турското население во Народна Република Македонија, со цел уривање на уставниот поредок на НР Југославија, нејзината независност и надворешната безбедност. Со цел да располагат со повеќе информации, организацијата планирала преку своите членови да навлезе што повеќе во органите на власта, како би имала повеќе можности да дојде до важни информации а потоа да ги предаде во понатамошни планирани релации. Ваквите непријателски активности на организацијата Јуџел, во иднина можеле да бидат поврзани со организацијата ВМРО, Национал демократик шќиптаре, Милан Грол, Панта Јовановиќ и др. Судењето се одвивало во салата на Поштенскиот дом во Скопје на 19. Јануари 1948 година, во состав на судиите: председател - Панта Марина, судија - поротник Ремзи Исмаил, и судија - поротник Мемед Шаќир, обвинителниот акт беше изготвен од помошник-јавен обвинител Благој Попоски. Со читање на обвинителниот акт се пристапило кон изведување на судскиот процес за осомничените 17- мина лица припадници на турската етничка заедница, обвинети за несторени а планирани тешки кривични дела насочени против населението и земјата. Иако не постојат елементи за сторени кривични дела, сепак нивното планирање е земено како аргумент користен во судската постапка врз која е донесена судската пресуда со максимална висина на казни. Ваквите примери се еден од неколкуте причини кој подоцна ќе го поттикнат иселувањето на турското и останатото муслиманско население од просторите на Македонија и Југославија. После извршените пресуди во Скопје се одржало голем народен митинг на населението од Вторит реон против членовите на илегалната, шпионско – терористичка

[235] Нова Македонија, весник, 20 Јануари 1948 г, стр. 7-9.

организација „Јуџел“ кои одговарале во преходните денови, пред Окружниот народен суд во град Скопје, организиран по иницијатива на Народниот фронт од Втори реон. На митингот присуствувал народниот пратеник од Вториот реон Кемал Сејфула, председателот на Реонскиот одбор на власта Хамди Демир, председателот на Реонскиот одбор на Народниот фронт од Вториот реон Кемал Ибраим, секретарот на Народниот фронт на Вториот реон Седат Вели и членот на улема меџлисот Афус Али.[236] Попладне започнал да се собира народ, од многубројните тесни улици на скопската чаршија итоа: жени, деца, младинци и пионери- (македонци, албанци и турци) со цел да ја искажат својата омраза кон предавниците на својот народ кој се одржал на широкиот плоштат на „Бит пазар“ со бројка од 10.000 население од малцинството. Митингот го отворил Кемал Ибраим, потоа говорел народниот пратеник- Кемал Сејфула кој ја образложил политичката состојба во светот и во Македонија а се задржал на предавниците, диверзантите и шпионите опфатени со судскиот процес поврзан со организацијата „ Јуџел“ меѓу другото рекол: Овие изроди од турското малцинство во својата издајничка улога и заостанатост се излажа со своите сметки, турското малцинство не им укажа никаква поддршка, напротив тоа се бори за зацврстување на братството и единството на народите на Југославија и за успешно заокружување на петтогодишниот план на Југославија. Турците се решени да продолжат по патот за изградба на социјализмот и нема ништо со меѓународните шпиони од типот на Емин - бег Герчек и други големо-турци. Говорот на Кемал Сејфула бил проследен со големи аплаузи. Потоа митингот го поздравил Седат Вели, кој ја осудил подлата улога на Турскиот конзул во Скопје и предавничката улога на групата поврзана со Јуџел. Од митингот биле испратени поздравни телеграми до Лазар Колишевски со барање да им се изречат најстроги казни на предавниците. Помилувањето на голем дел од обвинетите зборува за сериозноста на делата за кои се осудени и стрелани, но набрго државата ја сватила сериозноста, за кое во наредниот период може да размислува за нивно рехабилитирање кога за тоа ќе се створат законски можности.

[236] Нова Македонија, 24. Јануари 1948 г. стр.2, реис улема во Народна Македонија Реис Ул Улема хаџи Бедри ефенди е високо почитуван и ценет поглавар на Исламската Заедница на Македонија, имал голем авторитет во власта, поради тоа што во текот на Втората Светска Војна, високиот политичар и државник Лазар Колишевски се криел во неговиот дом.

## 5.9. Миграτивни движења предизвикани од СНЈ

( Савез Нације Југославије)

Поради многуте појави, промени и процеси во тој повоен период на Југославија, народот се ставил во дилема, дали ваквиот социјалистички систем на управување ќе може да го продолжи својот век, или ќе се јави сериозна потреба и можности од враќање на кралот и неговата влада. Во 1949 година на просторот на Бродскиот регион се појавува организација по име (Савез Нације Југославија) СНЈ, кое имало за цел во даден момент, со помош на надворешни сили, пред се Англија, да ја превземе постоечката власт. Таквата организација има потекло од Белград, која преку наши лица појдени на привремена работа во тие српски краеви, се испратени во Бродскиот регион со цел да ја шират идеата за враќање на стариот систем. Порече како регион било познато во историското минато како подрачје блиско до српските елементи и погоден за ваква непријателска активност. Организацијата имала за цел, да ги ангажира учените и напредни лица од Поречието, кој имат авторитет во народот и се инволвирани во структурите на власта, членови на Комунистичката Партија биле ангажирани со цел да прибират повеќе информации за слабостите на системот со цел во погоден момент ја превземат власта. На овој простор ваквата нова појава ја воспоставил лице со иницијали „Е.Д“, од с. Ковач кој во тоа време работел во Војводина и лице со иницијали „А.В.“ родено во с. Дебреште а живеело во Ропотово кое ја донело шифрата (**Шумадија**) на организацијата СНЈ. Во понатамошните активности, врбувале лица и формирале јатаци на својата организација во повеќе села на Поречието и Долненско. Од ваквата појава има прилично добар број на лица кои се судени за своите одметнички активности, заплашувани и на крај иселувани во разни краеви на тогашната заедничка држава ФНР Југославија. Пропагандите во овие краеви имат долга традиција во својата историја, тука допират поголем број на пропаганди со разни влијание и од повеќе страни, таквите пропаганди никогаш не биле од интерес за Македонија.

Не - македонскиот и потчинет начин на размислување и однесување го осиромаши Бродско - Поречкиот регион и тоа е причина за постојан пад на своето демографско и етничко население. [237]

ЗБИРНА ТАБЕЛА ЗА ПОДАТОЦИ ЗА КИЧЕВСКО И БРОДСКО во период 1913-1961 г

[237] АИНИ, АК-458, ЛД-18140, стр.18-21

| Р.броj | Година | Кичевско- Бродски регион | Бродски регион |
|---|---|---|---|
| 1 | 1913 | 50.817 | 19.033 |
| 2 | 1916 | 46.001 | 15.291 |
| 3 | 1921 | 44.228 | 16.054 |
| 4 | 1931 | 50.841 | 18.740 |
| 5 | 1948 | 47.940 | 17.470 |
| 6 | 1953 | 51.898 | 18.678 |
| 7 | 1961 | 49.726 | 18.034 |

*Табела број 43* Популациони движења на населението од Кичевско и Бродско во период од 1913- 1961 г,

### 5.10. Зарот и фереџето

Муслиманското население продолжувајќи ги традициите долго во неговата историја, за многу значајно во верскиот живот го сметал носењето на зарот и фереџето, но на таквото обележје со незадоволство се гледало од страна на политиките во Југославија и Македонија. Веднаш по ослободување на Македонија и Југославија се пристапило кон реализација на еден голем проект, произлезен од определбите на АСНОМ, а за еманципација на жената од која произлезе и мерката за симнување на зарот и фереџето од верскиот живот на муслиманските популации во Македонија. Во ова предначела најповеќе партијата на чело со нејзиното раководство. ЦК КПМ за ова прашање има изготвено посебен план поконкретно за градовите: Кичево и Брод за време од 20.10. до 05.11.1947 година глава VI за симнување на фереџето, во кое дава насоки на пониските нивоа да работат теренски на планот за симнување на зарот и фереџето[238]:

*А. Да се одржи партиско советување со членови Албанци и Турци на кое да се претресе ова прашање и изнесе резолуцијата од Верската заедница.*

*Б. Да се посетат сите ќелии каде има Албанци и на состанок на истите да се разработи план како би се опфатиле што поголем број жени со кого би тие работеле за нивното одбулување.*

*В. Да се одржи састанак со оџите од околијата, односно градот на кој да присуствуват и авторитетни личности на кој би се зборувало по ова прашање. На овој состанок би зборувале делегатите кој беа на состанокот на верската заедница и да тие изнесат резолуцијата.*

[238] Државен Архив на Р.Македонија, сн, 2.427.3.37/214.216 стр.215

*Г. Да се ангажира масовните организации да на база на резолуцијата агитират и работат на ова прашање опфатувајќи што поголем број Албанци и Албанки. Од како ги направила сите подготовки партијата симнување на зарот и фереџето пристапила кон негова примена преку законот за симнување на зарот и фереџето во 12.02.1951. Пред да се донесе Законот за симнување на зарот и фереџето од Народното Собрание на Република Македонија,*

Комунистичката партија и нејзините органи и тела во својата вертикала имаа цел да го подготват населението за една појава која беше нова на овие простори а тоа е да се одбулат или да го симнат зарот и фереџето, жените муслиманки по вера која ги опфаќаше: Албанци, Турци и другите муслимани, Бошњаци, Роми и и др. главната цел на партијата во почетокот беше да се оди со укажување и убедување на населението. Од страна на ЦК КПМ и партиските комитети посериозно му пристапија на ова прашање. Сето ова разви агитационо-политичка работа и разјаснување на предстојниот Закон, процесот почна со масовно одбулување[239]. Од како се донесе законот се почна со негово спроведување за одбулувањето за жените- муслимански, во самиот процес се наиде и на голем отпор кај масите и кај членови на КП и членови на ОПО-и. Во прво време преовладуваше мислење во многу села дека Законот мора да се смени бидејќи не го сакаат Албанците и Турците. Во знак на реакција против Законот беа организирани делегации во Скопје за да се жалат и протестираат.

[239] Државен Архив на Р.Македонија, сн.1.427.29.98/443-454.стр 443



Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ" — Скопје, и не се враќаат.

СКОПЈЕ
Петок, 12 јануари 1951 год.
Бр. 1 Год. VII

Овој број чини 4 дин. Претплата за една година изнесува 250 дин. Чековна сметка бр. 801.901812

**1**

### ОДЛУКА
**ЗА ИЗБОР ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на чл. 72 од Уставот на Народна Република Македонија Народното собрание на Народна Република Македонија на втората седница од 1-то редовно заседание, одржана на 4 јануари 1951 година, ги избра во Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија следните народни пратеници:

Претседател Видое Смилевски,

Потпретседатели: Тоде Ношпал, Реис Шакири и Наџи Сулејман,

Секретар Филип Брајковски,

Членови: Лазар Колишевски, Цветко Узуновски, Страхил Гигов, Љупчо Арсов, Мара Нацева, Димитар Влахов, Киро Георгиевски, Лилјана Чалоска, Тихомир Милошевски, Борко Темелковски, Сандре Стрезовски, Лилјана Манева, Мито Теменугов и Мито Димитриевски.

Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

Бр. 6.

Скопје, 4 јануари 1951 година.

**Народно собрание на Народна Република Македонија**

Секретар, **Мито Хаџи Василев, с. р.**
Претседател, **Д. Стојанов-Мирче, с. р.**

**2**

### УКАЗ

Врз основа на чл. 73 т. 4 од Уставот на НРМ а во врска со чл. 5 т. 7 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ, Президиумот на Народното собрание на НРМ го прогласува Законот за забрана да се носи зар и фереџе, што го донесе Народното собрание на НРМ на седницата од 5 јануари 1951 година, а кој што гласи:

### ЗАКОН
**ЗА ЗАБРАНА ДА СЕ НОСИ ЗАР И ФЕРЕЏЕ**

Член 1

По сеопштото барање на широките народни маси да се отклони вековниот знак на потчиненоста и културната заостанатост на жената муслиманка и да и' се обезбеди полна рамноправност и широко учество во општествениот, културниот и стопанскиот живот на земјата, се забранува носењето на зар и фереџе и секое покривање на лицето на жените.

Член 2

Се забранува жените да бидат присилувани или наговарани да носат зар и фереџе или на друг начин да си го покриваат лицето, како и секое дејание што има за цел да се поддржува носењето на зар и фереџе или да се покрива лицето на жените.

Член 3

Со казна лишение од слобода до три месеца или со парична казна до 20.000 динари ќе се казнат за прекршок:

а) жените што носат зар или фереџе односно што си го покриваат лицето;

б) оној што од свој домашен бара да носи зар или фереџе односно да си го покрива лицето.

Член 4

Со казна лишение од слобода со поправителна работа до две години или со парична казна до 50.000 динари ќе се казни за кривично дело:

а) кој со сила, закана, уцена или на друг сличен начин ги принудува жените да носат зар или фереџе односно да си го покриваат лицето;

б) кој со злоупотреба на верските чувства, со покажување на предрасудите и заостанатоста или на било кој друг начин, врши пропаганда жените да носат зар или фереџе односно да си го покриваат лицето.

Член 5

Административно-казнена постапка по прекршоците од член 3 на овој Закон во прва степен води извршниот одбор на околискиот односно градскиот (реонскиот) народен одбор.

Член 6

За постапка по кривичните дела од член 4 на овој Закон е надлежен околискиот суд.

Член 7

Овој Закон влегува во сила триесеттиот ден од објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

У. Бр. 1,

Скопје, 6 јануари 1951 година

**Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија**

Секретар, **Филип Брајковски, с. р.**
Претседател, **Видое Смилевски, с. р.**

Закон за забрана да се носи зар и фереџе, Службен весник на РМ бр.1 од 12 јануари 1951 година

Поради недоволната будност на власта и комитетите, се овозможи на делегаците да се оганизират од неколку околии и заеднички да дојдат во Скопје на 15 Јануари итоа: од Титов- велешка околија, Прилепска, Кичевска, Крушевска, Ѓорче-петровска. Во нивното организирање учествуваа и членови на КП а пак некои беа придружени во нив, село Согле- Титов-велешка околија, Крушевска и др. Во Кичевска околија од две-три села и градот, поконкретно лица од селата: Челопеци и Другово се организирале околу

300-400 мажи и жени /100 були/ и протестирале во домот на ЈА во Кичево, а пак во Ѓорче-петровска околија, тивко и неприметно една делагација заминала дури за Белград. Како иницијатори на отпор против одбулувањето и разни други непријателски пројави воглавно биле оџите и други повлијателни, авторитетни и побогати луѓе, некои од нив засегнати со мерките за откуп или други мерки од народната власт. Противењето на симнување зарот и фереџето сегде е сватено дека задира во верата и дека се коси со верските прописи и чувства. Тоа се должи и на големата културна заостанатост и патријархалност на масите од овие национални малцинства. Со цел да се избегне одбулувањето се истапувало со разни пароли и изговори, како на прмер: „Законот нее потпишан од Лазо и Тито“, „Ако се одбулат ќе ни се расипи верата“, „Глава ќе дадеме – верата не ја расипуваме“ „ Овој закон е фашистички“, „Жените имат право на глас и сами нека си решат“ во тој процес на одбулување се јавувал и физички отпор на жителите со стапови и секири, во Прилеп избоден со нож е активист – турчин. Кога се отпочна со процесот на одбулување се најавуваше една поширока поддршка од сите активни членови на Општествено Политичките организации од сите националности, но не се постигна таа согласност имаше случаеви на отпор на видни активни членови и функционери на Партијата, па велеа „Што не ни кажавте уште пред прием во КП или во текот на борбата дека ќе не терате да ги одбулиме жените“ но и покрај отпорот на членови на КП албанци и турци, сепак тие почнале први да ги одбулат жените и жените на нивните фамилии. Во текот на оваа акција има неколку случаеви на казнување на членови на КП и исклучување од КП. Партиските комитети превзеле доста мерки во спроведување на оваа акција, преку држење, добро организирана агитација и пропаганда на состаноци на разни нивоа во самата партија, разговарано е со влијателни личности во разни средини со цел да се прифати ваквата активност. Разговарано е со оџите и укажувано им е дека ќе бидат одговорни до колку ќе има отпор во своите средини, но и покрај заканите и притисоците сепак од редовите на оџите и верските заедници има број на верски службеници кој застанале на страната на отпорот, поради што некој се и притворени, осудени во Св. Николско и Тетовско. Имало случаеви каде оџите допринесле во одбулувањето со тоа што го разјаснувале верскиот закон (Коранот) во него дека не стоело жените дека мора да носат зар и фереџе и дека, Законот не се коси со верата[240]. Законот е донесен на

[240] ДАРМ,.1.427.29.98/443-454.стр 445

организиран начин со испраќање на потписи од прогресивни елементи, кои преку своите потписи - испраќани до Собранието, бараа да се донесе „Закон за симнување на зарот и фереџето. Одбулувањето како процес не било добро објаснето пред членовите на партијата од муслиманските популации - (Албанци, Турци и други Муслимани со турска култура), во почетокот биле одбулени жените и фамилијата на членовите на партијата но тие со нивните постапки биле изолирани од средините во кои живееле, ваквиот слаб резултат во почетокот бил загрижувачки бидејќи ја губеле поддршката во сопствените средини, ова се должи на слабата информираност за законот но и на добар дел од членови на КП кој биле под влијание на оџите и верата. Во тој период имало забележано цели Основни партиски организации кој оделе во џамија на молитва и постеле Рамазан пр. с. Одри и с. Џепчиште-Тетовско, во вакви средини каде религиозниот фактор беше силен имаше по силен отпор за спроведување на законот на пример во: с. Еловци - Дебарско, с. Житоше- Крушевско, с. Ќоселари, с. Кишино, с. Горобинци- Св.Николско.

Со донесување на законот се превзедоа по силни мерки према оние кој правеа отпор, во ваквите мерки предначеле ОК.Штип и ОК Радовиш кој изработиле план за објаснување на законот, во овие средини многу поголем успех имал спроведување на законот и мал бил отпорот. Забележано било пред донесување на законот една група од 14- луѓе[241] од с. Житоше, Пешталево да појдат во Белград во Народното Собрание на Југославија кај Скендер Куленовиќ барале измена на овој закон, после ова група дојдени се во Скопје 800 луѓе со барање да се симне законот, на собраните јасно им е кажано дека нема повлекување на законот, во оваа група имало луѓе од: Прилепско, Бродско, Титов велешко и Битолско. Организацијата на ваквите незадоволни граѓани е подготвувана во џамиите каде се собирани и пари за патните трошкови на луѓето, во кој имало и членови на Партијата. Во Кичево имало организиран протест со над 700 луѓе пред штабот на дивизијата против законот и се барало негова измена. После овие појави на отпор на населението, Партијата ја превзема посериозно улогата со услов секој член треба да ја одбули неговата жена и фамилија и со конкретни рокови до кога тоа ќе го стори, тие кој не сакале да се согласат со ова биле исклучувани или казнувани. Партијата отишла малку подалеку и барала помош од верските заедници во случај на потреба да бидат подготвени

[241] ДАРМ,.1.427.29.98/443-454.стр 447

да објаснат дека законот нее во спротивност и пречка за верата. Од како се превзема сериозни мерки од страна на Партијата и власта поедини активисти кој давале отпор биле апсени и казнувани. Кога се отпочнало со широка офанзива од страна на функционери на Партијата да одат на терен да објаснат на жителите дека задолжителна е примена на законот наишле на отпор пр. с. Лажани, с.Никуштак, во с. Цепчиште кога е појдено да се објасни законот од страна на функционери на Партијата, населението на селото давало отпор со физичка примена на мерка, поради ова еден од активистите на ваквата појава е **убиен,** неколку луѓе **затворени** а двајца осудени на **смрт.**[242]Имаше и такви пароли кои го споредуваа овај закон со Германците кои ги гонеле Евреите, „после овој закон ќе не терате да јадиме свинско", „ дајте ни пат за Турција" дека е овој закон - фашистички и др. во с. Пласница- Бродско и с. Челопеци на конспиративен начин се догововарале да се дава отпор. Во подоцнежниот период во спроведување на овој закон превзема активност и ОНО и МНО во дирекни контакти со месното население, кое дирекно го задолжува за спроведување на овој закон. Како последица на отпорот на населението има доста исклучени од партијата, казнети и раз-кандидирани, смртни казни. Вкупниот број на казнети изнесува 65 лица:

1. Присилна работа до 6- месеци 48 души, 2. Казнети и судени до 1- година **5** души, 3. До 10-години **4** души, 4. судени до 20- години **6**- души, 5. Судени до смрт **2**- души.

По околии:

1. **Делчево:** судени 8, од кои: 6 лица- 6 месеци, 1-лица на 1- година и 1- лица на 18 месеци
2. **Кавадарци**: судени 5 лица до 6- месеци затвор со присилна работа;
3. **Кичевско**: судени 6 лица на 6- месеци затвор со присилна работа;
4. **Кочани**: судени 5 до 6- месеци присилна работа;
5. **Струга**: судени 2 лица до една година присилна работа и 1 лице до 3- години затвор присилна работа;
6. **Свети Николе**: осудени 5 лица до 6 месеци присилна работа;

[242] ДАРМ.1.427.29.98/443-454.стр 448

7. **Демир Хисар:** 1- (едно) лице до 6- месеци затвор присилна работа;

8. **Тетовско:** 20 лица казнти до 6- месеци присилна работа, 2-лица- до една година, 2-лица до 10 години, 6-лица до 20 години и 2- лица осудени на **смрт** од 1- од с. Џепчиште и **1**-од с. Одри. Меѓу осудените има 6- членови на Партија и 6- оџи[243]. После примената на законот и отпочнување на симнување на зарот и фереџето се пристапи со агитација и пропаганда према населението со цел да се свати дека со таквиот чин државата со ништо не ги повредиле верските чувства на граѓаните од муслиманската вероисповест. Се организирале разни културно и уметнички програми со цел да се интегрира тоа население во органите на власта и да го продолжи во нормала животот на еден цивилизиран и еманципиран начин со останатите заедници во Македонија[244].

**Преглед на одбулени жени до 09.11.1951 г.**

| Планирани одбулување | Одбулени | Не-одбулени |
|---|---|---|
| 105.742 | 88.698 | 17.044 |

***Табела број 44*** Преглед на одбулени жениво Македонија

До стапувањето на сила на Законот од 12.02.1951 г. се одбулени 98.211. остануваат за одбулување 3.355 итоа во градовите: Скопје- 375; Тетово- 2.600; Прилеп- 190 и во с. Танушевци (Ѓорче Петровска околија) 190 жени[245]. По донесување на законот во многу средини, се продолжило да се носат шамии, фереџе и други наметки но имало и средини каде што бил до крај почитуван законот. Од страна на органите на власта биле превземани активности со кој го вклучувале населението во работни и ударни акции за младинки, во култура, организирање на аналфабетски и други курсеви и сл.

[243] Државен Архив на Р.Македонија, сн.1.427.29.98/443-454.стр 450

[244] Од оралната историја дознаваме дека во Пласница поради носење на зар и фереџе, од како е донесен законот за забрана на зарот и фереџето, има затворени 2- жени во затворот во М.Брод.

[245] ДАРМ.1.427.29.107/487-489 ст.487

# VI ГЛАВА

## 6.1. Иселувањето на турското и муслиманското население во педесетите години на XX век

Во почетокот на педесетите години започнува еден мошне силен процес на иселување на турското и другото муслиманско население од Македонија, во Турција. Иселувањето својата кулминација ја достигнало во средината на педесетите години по што процесот спласнал, но не престанал. Иселувањето на турското население всушност преставувало продолжение на процесот започнат со распаѓањето на османлиската империја, односно продолжување на иселеничките бранови кои кај ова население започнале со Балканските војни.

По Балканските војни еден дел од турското население како и друго муслиманско население со турска култура, Албанците и Бошњаци кои живееле во Македонија започнале со миграциони движења кон Турција. Тешко е да се дадат точни податоци колкава била бројката на населението кое заминало во Турција, но најмасовните иселувања биле веднаш по завршувањето на балканските војни, па се до средината на дваесетите години, кога дошло до краткотрајно стивнување на иселувањето, за по 1928 година, овој процес повторно да добие во интензитет.[246] Во овај период на владеење на Кралството на СХС, карактеристичен е законот за државјанство на Кралството СХС, посебно во одредбата на членот 55 од законот за државјанство 1928 година, кога државата го стимулира и мотивира иселувањето на несловенското муслиманско население (Турци и

---

[246] Ваквата констатација се потврдува и преку истражувањата кои биле вршени во повеќе области во Македонија во текот на дваесетите и триесетите години на XX век. Примерите од населените места најдобро зборуваат за интензивноста на иселувањето од некои подрачја. Од Тиквешката област во периодот 1912/1914 година се иселиле околу 500 муслимански семејства. Најмногу биле од селата Долни Дисан 36 домакинства, Тимјаник 10 домакинства, Курија 22 домакинства, Возарци 10 домакинства, Кишарка 15 домакинства итн. (Воислав Радованови˚, Тиквеш и Рајец, Насеља и порекло становништва, књига, 17, 243-498); Иселувањата биле масовни и на просторот на Повардарието. Од големото турско село Иванковци во околината на Велес во периодот од 1912 до 1930 година, се иселило половината од турското население, а на нивно место на крајот од дваесетите години започнало да се доселува македонско население од Кривопаланечко и Кратовско. (Миљенко С. Филипови˚, Северна велешка села, Насеља и порекло становништва, књига, 17, 532-566) Турското население од споменатото Иванковци целосно ќе се исели во педесетите години.

Албанци) од Јужна Србија[247], бидејќи во тој период од поголем дел на влијателните лица во Кралската државата е сватена теоријата за држава на Јужните Словени, додека несловенското муслиманско население е сватено како „**нужно зло**"што се гледа од наведениот член 55 од законот за државјанство според кој „широко се отвара вратата за иселување на несловенските муслимани, поради воено - страгиските причини, што е спротивно на одредбата за еднаквост на граѓаните на Кралство СХС. Заслугата за иселување на муслиманскиот дел од Кралството Југославија лежи и на страната на Турската држава, поради нејзиниот многу важен и пресуден закон 2510 од 1934 година, кој ја либерализира имиграциската политика, според изјавите на министерот за внатрешни работи на Р. Турција, Шукри Каја кој се залага за држава која: ќе зборува еден јазик, мисли на исти начин и дели исти ставови[248]. Овој закон е на сила цели 20- век и иселениците од Југословенските простори се иселуваат по овој закон на Р.Турција, кој ги отворал вратите за лица од **турско потекло** и лица поврзани со **турска култура**, каде пресудно било познавањето на турскиот јазик, што е факт дека во долгото хетерогено живеење на Југословенскиот простор, повеќе етноси ги познавале меѓусебните јазици. За лицата муслимани од словенско потекло, (Бошњаци, Горанци, Торбеши, Помаци се сметало дека се поврзани за турска култура)[249] што резултирало со потпишување на ЈУГОСЛОВЕНСКО -ТУРСКА КОНВЕНЦИЈА 11.07.1938, која нее ратификувана во двете држави. Потоа се до 1941 година, процесот на иселување течел перманентно, но со намален интензитет. Иселувањето на муслиманското население во Турција од Кичевско - Бродскиот регион претставува една од демографските карактеристики на областа по балканските војни. Всушност, воените дејствија на Солунскиот фронт кога биле мобилизирани лица од

---

[247] AJ,370-9-42, 590, pov.br.9445/35, Beograd, 15.4.1935. Несловенско муслиманско население се однесува на Албанци и Турци. Според овај закон, односните лица кои ќе поднесат барање за отпуст од државјанство во рок од 5-години од стапување на сила на овај закон почнувајќи од 1928 година, можад да поднесат барање за иселувлање од Кралството СХС, за тие иселеници било предвидено олеснување во разни иселенички трошкови. Zakon o drzavjanstvo Kraljevine SHS, Slulzbene novine Kraljevine SHS, X, 254, Beograd, 1928, str.1294, додека овај закон е објаснуван од страна на министерот за Внатрешни работи Антон Корошец, жестоко му се спротивставиле опозиционите членови на парламентот: Светозар Прибичевиќ, Влатко Мачек, Стјепан Радиќ и Секула Дрљевиќ, за многу кратко време Стјепан Радиќ е убиен и заведена е познатата Шестојануарска диктатура од страна на Кралот Александар Караѓорѓевиќ со која е забранета секакава политичка активност на просторот на Кралството СХС,

[248] Pezo, Edvin, Komparativna analiza Jugoslovensko-Turske Konvencije iz 1938 i Dzentlamentski sporazum iz 1953, str. 115.

[249].Pezo, Edvin, Komparativna analiza Jugoslovensko-Turske Konvencije iz 1938 i Dzentlamentski sporazum iz 1953, str. 115. Erol Ulker, 13-16, Cagaptay, n. d. str.96-97,99,

Кичевско и Бродскиот регион го вознемирило населението и го предизвикало интересот за иселување.

Друг случај во периодот на Првата светска војна е битката на Гелиболу кај Чанак Кале[250], во овој период од Кичевско Бродскиот регион имаме забележано иселување на население од селата Пласница и Преглово околу 50 куќи после 1912 г. потоа од село Лисичани во периодот 1956-57 година иселени се 50- семејства[251]. Во подоцнежниот период за иселувањето на Турците од југословенските простори и предходеле договорите постигнати помеѓу Југословенската и Турската влада во периодот на 1938 година за тотално иселување на Турците со обесштетување.[252] Со овој договор на Турците би им се овозможило во замена за своите имоти во Југославија да добијат соодветни имоти во Турција. Ако се анализира политичката и економската положба на Турците во стара Југославија, ќе се констатира дека во тој период Турците добиваа одредени верски привилегии од тогашната југословенска власт со цел да ги придобијат како сигурна потпора на власта за своите политички шпекулации. Користејќи ја заостанатоста и компактноста на турското малцинство, преку нивните привилегирани врхушки, тогашните режими секогаш наоѓаа сигурна поткрепа, особено за време на изборите и во задушувањето на напредните и опозициски расположени стремежи против режимот на стара Југославија. На Турците во време на стара Југославија не им беа дадени никакви малцински права поради заостанатоста, непросветеноста и верскиот фанатизам, воопшто во тоа време и не се поставувааа такви барања. Напротив, за нивните тогашни разбирања беше доволно тоа што имаа слобода на вероисповед, верски училишта, сибјан - мектеби, медреси и мектеби кои постоеја речиси при секоја џамија и беа масовно посетувани од турските деца за сметка на редовните училишта. Реформите на Кемал Ататурк во Турција, по прашањето на верата и ферецето имаше посебно влијание во одлуките за иселување.

[250]Во битка на Чанак Кале зеле учество одреден број од населението во Кичевско - бродскиот регион, според кажувањата на постари лица од Пласница се спомнува: Махмуд Кикироски, Осман Мунчески и др.

[251] Тодоровски, Глигор. Демографски процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата балканска војна до осамостојувањето на Македонија, со посебен осврт на исламизираните Македонци. Скопје: ИНИ – ММ, 2001.стр.322

[252]

Голем удел во процесот на иселување имаше ставот на извесен број оци, кои поради тие реформи беа принудени да ја напуштат Турција и да се населат кај нас. Најпознат меѓу нив беше **Ата - оца,** кој во Турција беше осуден на смрт, но успева да побегне и доаѓа во Скопје, каде што отвара своја висока медреса. Ата-оца, поткрепуван од кралскиот режим, станува прилично познат и влијателен верски претставник за турското малцинство. Неговата политичка активност во тоа време беше вперена против иселувањето нарекувајќи ја Турција безбожна земја, земја каде што не постои морал и каде што не се почитуваат верските права и слободи. Примерот на Ата-оца не е единствен, во тоа време имаше повеќе влијателни личности од средината на оците што активно работеа против иселувањето во Турција, кои во последните години на стара Југославија го забавија процесот на иселувањето во Турција.[253]Амплитудите на интензитетот на ова иселување биле различни во различни временски периоди, во зависност од конкретната внатрешна или надворешна политичка и безбедносна состојба. Затоа и причините за зголемувањето на иселување од Македонија треба да се бараат во конкретните општествено-политички и безбедносни услови во земјата од една, но и во погледите сфаќањата на турските и останатите муслимански верници од друга страна. Иселувањето започнало веднаш по ослободувањето на овие краеви од Османската власт во 1912 г., продолжило во текот на Првата светска војна, во текот на периодот меѓу двете Светски војни, во текот на Втората светска војна и потоа во повоениот период на НР Македонија и создавањето на ФНР Југославија, иселувањето во почетокот на педесеттите години зема сè поголем замав. Така, може да се рече дека речиси не постоела населба каде што живееле националности од

---

[253] Во овој период реформите кои биле преземани во Турција од страна на раководството предводено од Кемал Ататурк од некои претставници на муслиманскиот клир на овие простори биле сватени како борба против муслиманската вера, тие делувале сред муслиманското населен
ие, повикувајќи го да не се сели во Турција, нарекувајќи ја Турција безбожничка земја, каде не постои морал и не се почитувале верските слободи и права. Во ваквата активност предничел Ата Оца кој заради своето делување морал да ја напушти Турција и се населил во тогашна Кралска Југославија при што станал прилично влијателен меѓу турското и останатото муслиманско население. (ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е.7; Глигор Тодоровски, Осврт за верскиот..., 116; Виолета Ачкоска, Братството и Единството 1944-1974 помеѓу хармонија и дисхармонија, Скопје,2003, 224).

муслиманска вероисповед (најмногу Турци и други муслимански популации) и каде што ова прашање не било секојдневно присутно и актуелно. Мошне видливо е иселувањето на Турците од Македонија и во периодот помеѓу двете Светски војни (1918-1941) со мерките на аграрната реформа и колонизацијата, Шестојануарската диктатура и престанувањето на партијата „Џемиет“, која била во коалиција со Радикалната партија на Југославија и клучен фактор за изгласување на Видовденскиот устав, повоените настани со турската организација „Јуџел” поради судење на 17 лица. Втората светска војна само временски го спречи иселувањето, но никако не ја уништи желбата за одење на ова население во Република Турција зашто веднаш по ослободувањето, како што стои во документите „кај приличен број од турското малцинство постоеше стремеж и намера да се сели во Турција”. [254]

Наспроти желбите и барањата за иселување на претставниците од одредени малцинства, државата ценела дека со политиката на национална рамноправност веќе е создаден нов амбиент кој ќе дејствува за нивното останување. Барајќи оправдување во фактот што такви преселби имало и порано, властите ја занемариле огромната улога на верата и Исламот, но и на „социјалистичките” услови на стопанисување во кои приватната сопственост се прогласувала за „Шпекулантска” или „Капиталистичка”.[255]

Набрзо станало јасно дека религиозноста, т.е. живеењето по исламските правила за Турците и останатите муслимани било далеку поважно отколку прокламираната политика за националната рамноправност. Имено, тие во Кралството Југославија немале малцински и национални права, но имале слобода на вероисповед, Тие, исто така, поседувале поголеми земјоделски поседи и имале развиена трговска и занаетчиска дејност по градовите која можеле слободно да ја вршат до капитулацијата на Кралството Југославија.

---

[254] ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-49,а.е.3, Анализа за иселувањето на турското население.

[255] Партиските анализи зборуваат за одредено пропагандно дејствување од страна на Турција, но и на како што се вели “антикомунистичка пропаганда”, која поаѓала од премисите дека со доаѓањето на новата власт ќе се забрани религијата, втемелените обичаи и др. (ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ , к-25,а.е.5. Информација за иселувањето на припадниците на турското национално малцинство од територијата на Народна Република Макадонија

За време на војната од 1941 до 1945 година, Турците како да биле заплашени од антикомунистичката пропаганда - „оти со доаѓањето на комунистите ќе бидат ликвидирани верата, нацијата, обичаите и др."Поради овие и други причини желбата за иселување беше зголемена, главно објаснувана „поради верското и национално чувство". Ставот на државата „да не се дава иселување никому" уште повеќе придонесол за ширење на пропагандата за иселување. Со оглед на тоа што властите ги попречувале редовните барања за иселување, забележани се бројни појави на дезертирање од Југословенската Народна Армија, полиција и останата државна администрација во Македонија со мерка на илегално пребегнување преку граница.

За поголемо разочарување на населението, недоверба во системот и поттикнување на иселувањето кај муслиманските популации во Македонија во периодот помеѓу двете светски војни значително придонесле и богатите муслимани, како и верските раководства кои биле луѓе приврзаници на големосрпската власт, првите затоа што соработувале со српската власт и успеале да си ги зачуваат своите големи имоти и привилегии, а вторите затоа што добивале обилни финансиска помош од државата. До Шестојануарската диктатура 1929 г. еден дел од верските лица- оџите дејствувале со статус на државни службеници, тука спаѓало и правото на некои оџи за водење на матична евиденција, за умрените лица, за новородените и венчаните. Тие биле правни акти кои што имале законска основа и обврска да го прават оние оџи што за тоа ќе добиеле соодветно решение од органите на власта[256]. Другиот дел на верските лица кои не биле опфатени со ваквиот статус од страна на тогашната големо- српска власт, станувале лојални на системот со цел да добијат привилегиран статус од страна на државата. Ваквото однесување на овие две значајни слоеви во општеството со органите на власта на Кралство СХС, придонесол за траумите и иселување на голем дел од муслимански популации од просторите на Југославија.

---

[256] Тодоровски, Глигор. Демографски процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата балканска војна до осамостојувањето на Македонија со посебен осврт на исламизираните Македонци,. Скопје: ИНИ – ММ, 2001. Стр. 130

Поради сите тие разни појави во општеството, се чувствувала напнатост која била зголемувана и со мошне интензивната пропаганда. Покрај пропагандата која се ширела во НРМ, иселениците развиле пропаганда и во Турција. Помеѓу другото, тие испраќале апели до Турската влада со барање да превземе мерки за олеснување на иселувањето, со што ќе овозможи и „спасување од комунизмот во Југославија”. Иако желбите за иселување биле големи, сепак постоел страв кај многу семејства официјално да го постават тоа барање.

Излегувањето на Резолуцијата на ИБ (1948) и новонастанатата ситуација во односите на Југославија со Исток и со Запад вродиле извесна надеж кај припадниците на турското национално малцинство дека ќе можат да бараат „отпуст од државјанство и иселување”. Кон тоа своевидна улога одиграле и поголемиот број деловни луѓе кои доаѓале од Турција во Македонија по подобрувањето на југословенско - турските односи. Партијата констатирала дека сè до воспоставувањето на добри и пријателски односи обезбедени со иницијативата за формирање на Јужно крило на НАТО со Анкарскиот договор (од 1953 година помеѓу Југославија, Грција и Турција), „прашањето за иселување во Турција се поставуваше во помал обем отколку денеска”. Луѓето што како гости доаѓале од Турција го фалеле „добриот живот во Турција”, дејствувале врз „националните чуства, а особено го искористуваа верскиот фанатизам”. Овие луѓе прикажувале идилична и примамлива слика за животот во Турција и за грижата на Турската влада околу дојденците, што дејствувало доста силно врз Турците во Македонија, погодени од низата економско - политички мерки на Југословенската држава. Во тие рамки, пред сè, би ја навеле аграрната политика во периодот 1945-1953, со мерките како: аграрната реформа (1945-1948), задолжителниот откуп (1945-1953), колективизацијата на селото (1949-1953), ограничувањето на земјишниот максимум на 10 ха (1953), Законот за забраната на фереџето, Законот за веронауката, последниот Закон за оџите, задолжителното школување на женските деца, Законот за селските работни задруги со кои особено биле погодени турските големопоседници. Од друга страна, национализацијата на приватната сопственост (1946, 1948) ги засегнала приватните сопственици, занаетчии и трговци по градовите, кои не можејќи толку лесно да се приспособат кон новите услови, започнуваат процес на напуштање на Македонија. Движењето за „враќање во Турција” станува поизразено во пролетта 1949 година. Тоа се

засилило со политичко - партиската акција за симнување на зарот и фереџето, која била сфатена како навреда на националната чест и достоинство на турската и на другите популации од муслиманска вероисповед.

Политичко - партиската кампања за симнување на зарот и фереџето била мошне интензивна во текот на 1950 година, а во јануари 1951 година се вклучува и политичко-правниот дел на државата со усвојување на посебен Закон. На спроведувањето на одредбите на овој закон особено силен отпор се почувствувал кај дервишите, кои започнале пропаганда тврдејќи дека „симнувањето на фереџето е првиот чекор за покаурчување". Дополнително кон ова, некои извори зборуваат и за постоење на извесни притисоци на учителите што ги вршеле врз Турците, не дозволувајќи отворање школи на турски јазик. Од сето читање на документацијата за овој проблем, барем за првите повоени години, се стекнува извесен впечаток дека државно-партиската политика за исти дела има поинаков однос кон Турците отколку кон други муслимански популации. Турското население „ни криво ни должно како да мора да го плати гревот на пет-вековното османлиско владеење во Македонија".[257] Во ригорозната идеолошко - политичка подвоеност на „социјалистички" и „капиталистички" табор, непосредно по Втората светска војна, Турците понекогаш биле квалификувани како „непријателско малцинство" бидејќи нивната матица била капиталистичка земја за разлика од Албанците, чија матица припаѓаше на групацијата социјалистички пријателски земји. Настојувањето на турското малцинство за преселување во Турција, Партијата (КПМ) го оценува како „непријателска активност против социјалистичката реконструкција на селото" спроведувана од „разбиената реакција и капиталистичките елементи на селото". Пласираната парола: „или во задруга, или во Турција" се сметала за обид да се внесе незадоволство помеѓу турските маси, да се компромитира власта, политиката на братството - единството и големиот проект за колективизацијата. Партиските активисти и припадниците на месните селски органи на власта биле задолжени да покажат поголема будност во спречувањето на „непријателските активности" и иницијативи за иселување.[258] Наоѓајќи се засегнати од економските мерки на државата, исплашени за положбата и

[257]M. Kemal Karahasan , *Turskata narodnost do`ivea egzodus,* "Puls", 13.02.1992.

[258]"Нова Македонија ", VI, 1353, 14.05.1949, *Повеќе будност во однос на активноста од непријателските елементи.*

слободата на својата вероисповед, чувствувајќи се загрозени во опстојувањето на нивниот затворен патријархален семеен живот со принудната еманципација на жената (одбулувањето), многу припадници на муслиманската вероисповед, а најмногу Турците барале излез во миграцијата. Притоа, оваа миграција станува побројна по промената на партискиот став околу тоа прашање во 1954 година, ист временски период кога и Тито ја посетува Република Турција.[259]

Затоа и официјалните оценки за иселувањето се движат во хронолошката рамка *пред* и *по* „говорот за иселување на Турците и на другите муслимански популации, на Лазо Колишевски". Додека дотогаш иселувањето се оценувало за „непријателска дејност", веќе во 1954 година Комисијата за национални малцинства при ЦК СКМ констатира дека иселувањето на Турците не е нова појава, а уште помалку појава создадена врз „некаква национална и верска нетрпеливост". Во новосоздадената политичка клима се смета дека иселувањето не е предизвикано од каква било непријателска дејност насочена „против изградбата на социјализмот" иако има и такви појави „тие не се битни за иселувањето". Покрај очигледно нагласеното „големо" значење на „изјавата на другарот Лазо" и промената на партискиот став околу иселувањето, наглото зголемување на бројот на лицата кои барале отпишување од државјанството на ФНРЈ заради преселување во Турција во текот на 1954 година било поврзано и со еден многу практичен проблем - дозволата за лицата кои се селат да може да ги продаваат своите имоти. Ова е поважно ако се проанализира економскиот и социјален статус на турското малцинство во Македонија така што може да се види дека повеќето биле иматели на приватна сопственост, т.е. припадници на т.н. „развластени слоеви" на населението, а многу незначителен бил процентот на пролетери - работници од турскиот етнички елемент. Така Турците кои, во голема мера, во претходниот период биле трговци во градовите, по ослободувањето влегле во категоријата „капиталистички остатоци" и нив им било оневозможено да се занимаваат со слободна трговија. Тие биле принудени да

---

[259]Ставот по тоа прашање „се до говорот на другарот Лазо Колишевски бил нејасен, дури постоеја и непишани прописи со кои скоро се оневозможуваше иселувањето во Турција ". Таквиот став предизвикал „прилично јака реакција" кај турското малцинства, реакција која на моменти прераснувала во „ непријателска дејност против ФНРЈ и нејзиниот систем, кој за разлика од поранешните режими не им овозможува иселување" (АМ, f: CK KPM/SKM, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е. 7, исто).

работат како продавачи во трговската мрежа или на други разновидни и потешки работи бидејќи немале нужно образование и други квалификации. Таков бил случајот и со занаетчиите кои на разни начини биле оневозможувани во својата приватна дејност, така што и тие гледале подобри можности за економски опстанок во Турција. Големопоседниците од турското малцинство, кои изгубиле голем дел од своите земјоделски имоти со аграрната реформа и со другите мерки на новата аграрна политика на државата (ограничување на земјишниот максимум), станале мошне несигурни во сопственоста на земјата и затоа гледале излез во иселувањето.

Од своја страна, колективизацијата на селото (1949-1953) уште повеќе дејствувала врз таа несигурност бидејќи со неа остатокот на приватната земја се претворал во задружна сопственост, така што несигурни станувале дури и поситните земјоделци и селани.[260] Во почетокот, во првите педесетти години, претежно се иселувале луѓе од еснафот и чаршијата.[261] Во истиот период, бројот на земјоделци и селани кои се иселувале бил доста помал, а позабележително овие почнуваат да се иселуваат некаде од 1954 година. „Турците од сите делови на земјата почнале во голем дел се селат". Следејќи го социјалниот состав на лицата кои мигрирале кон Турција, како што претходно наведовме, може да се види дека поголемиот дел од нив барале подобри можности за вршење на својата приватна стопанска дејност, надвор од ограничувањата на „социјалистичкиот сектор". Затоа, и покрај настојувањето да го прикажат иселувањето за природно и нормално, сепак властите во ФНРЈ-НРМ констатираат дека една од битните причини за

260

261 Дури кон средината на педесетите години за засилил процесот на иселување на селаните и тоа на почетокот во Источна Македонија и Повардарието, едноставно од страв дека ке останат сами бидејки од Штип, Велес и други градови Турците веќе масовно се селеле. (ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е.7 Според социјалниот состав, иселените во Турција до крајот на 1953 година биле: работници 232, занаетчии 215, земјоделци 202, службеници 84, студенти и ученици 24, и слободни професии 8 лица. Овде станува збор за професијата на главите на семејствата, бидејќи бројот на иселените лица во 1953 е доста поголем.)

иселувањето на Турците е брзата социјалистичка преобразба која, наводно, доаѓала во судир „со традициите и високиот степен на неписменост на турското малцинство".[262]

Карактеристично за иселувањето во Турција е тоа што ова движење ги опфати речиси сите „помачки села.[263] Во некои околии, во мнозинството од помачките македонски села „желбата за иселување била дури посилна отколку во некои чисто турски села". Во многу села со недооформена етничка свест, била присутна дилемата дали се Македонци или Турци. Поради силното влијание на муслиманската религија, често преовладувало расположението дека се Турци. Превирањата околу определбата на националноста - македонска или турска - во голема мера биле предизвикувани и од постојаната и перманентна пропаганда на одделни верски фанатици, додека партиските организации на теренот се држеле сосема незаинтересирано и пасивно оставајќи им на недооформените муслимански популации „сами да си определат своја националност". Во одредени моменти и членовите на Партијата согледале дека не сториле многу да им помогнат во националното осознавање на овие луѓе, препуштени на исламската пропаганда. Според партиските оценки „Помаците речиси сите се чуствувале како Турци" и манифестирале „најсилен" етнички и верски израз.[264] Ова се потврдувало и со постоењето силен отпор кај ова население при одбулувањето на жените, односно при симнувањето на зарот и фереџето.

---

262 Притоа, покрај Законот за забраната на зарот и фереџето, придонесол и последниот Закон за оџите, воведувањето на задолжително школување на женските деца, прашањето за задругите по селата и низа други работи.

263 Според некои проценки во проследуваниов период, најповеќе кон средината на педесетите од Македонија се иселиле помеѓу десет и осумнаесет илјади муслимани со говорен македонски јазик и со исламска вероисповед. (Нијази Лиманоски, Исламската религија и исламизираните Македонци. Скопје, 1985,99).

264 Во овој период се појавила и можноста за иселување во Турција, процес кој мошне силно влијаел врз добар дел од муслиманското население во неговото национално определување. Државните структури биле свесни дека заедно со Турците и извесен дел на Македонци со муслиманска вероисповед и Албанци заради наведените причини ќе покажат интерс за иселување во Турција. Се констатира дека "еден дел од нив покажува недвосмислена тенденција да се обезбеди за ова иселување со менување на својата национална припадност". За релативно кратко време биле дадени поголем број на молби за менување на националната припадност со што нивното решавање во судовите било отежнато, а целата процедура се одвивала прилично бавно. (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-72,а.е.1).

Вакви појави се забележани и во некои села во, **Бродско, Кичевско**. И тука кај одреден број од населението не биле искристализирани националните со верските чувства бидејќи „говорат македонски или албански, а се чувствуваат Турци". Овие припадници на малцинствата со муслиманска вероисповед, исто така, поставувале барања за иселување поради што се запишувале како Турци. Иселувањето на Турците и други малцинства во Турција, во различните делови од Македонија, имало свои специфичности. Во многу предели припадниците на националните малцинства биле оставени сами „наполно слободно да се определат како за својата националност", така и за одлуката за иселување. Ситуацијата во Западна Македонија била нешто поинаква поради притисокот што се вршел врз Турците.[265] Носители на оваа „пропаганда се интелектуалци, учители, занаетчии и побогати селани". Тие изјавата на Колишевски ја толкувале „како маневар на власта да ја разбие компактноста на населението." Во присутната пропаганда, оние што сакале да се иселат или кои ги менувале легитимациите биле нарекувани „предавници на својот народ", дека тие не се Турци итн.. По регулирањето на југословенско - турските односи, почнале да се остваруваат надежите дека ќе се дозволи иселување во Турција. Тоа особено дошло до израз во бројот на декларираните Турци во Македонија во Пописот од 1953 година. Така, процентот на Турците во Македонија со флуктуација на населението пораснал од 8,3% во 1948 година на 13,9% во 1953 година.[266] Истото продолжува и во текот на 1954 година, кога и официјално беше променет ставот на државата кон иселувањето, така што дел од декларираните Албанци и муслимани барале да се запишат како Турци, односно да ја променат националноста. И покрај постоењето на поголем број такви барања, сепак промена на легитимациите била дозволена само на „припадници на турското национално малцинство, граѓани кои зборуваат само турски". Така, дозволи за иселување („весики") од Турскиот конзулат во Скопје добивале само оние што во своите

---

[265]Особено карактеристично за Западна Македонија е тоа што многу Турци (некаде до 1949 г.) се декларирале како Албанци.Така на почетокот на 1952 година во Гостиварската околија од вкупно 51.880 жители, 37967 се албанци, меѓутоа во тој број се пресметани и Турците, а во градот Тетово спрема исказите на сите муслимани"Турците биле над 70% од евидентиранитее 48.647,албанци во Тетовска околија. Во Кичевска околија од вкупно 41.052 жители, албанците бројат 13.673, (ДАРМ, ф: ЦК КПМ, Прв конгрес на СКМ, к-27, Анализа за шиптарското малцинство во НРМ, 18.02.1952).

[266]Според Пописот од 1948 година, во Македонија имало 68,4% Македонци, 17,4% Албанци, 8,3% Турци и 6% останати. Во 193 година имаме 65,9% Македонци, 12,4% Албанци, 13,9% Турци и 5,9% останати.

легитимации биле запишани како Турци и кои го зборувале турскиот јазик. Затоа набргу кај Албанците опаднало и расположението за одење во Турција. Отпуст од државјанство се добивало врз основа член 1 од Закон за државјанството на ФНРЈ и на членовите 47 и 48 од Правиликот за извршување на Законот за државјанството на ФНРЈ. Молителите доставувале барање до органите за внатрешни работи на теренот за отпишување од југословенско државјанство приложувајќи ги и потребните документи[267], а целата процедура била поврзана со значителни финансиски издатоци кон државата и за намирување на адвокатскиот надоместок, селидбените и патните трошоци. Во почетокот се јавувале низа проблеми околу прибирањето и вадењето на документите за иселување. За да се заверат сите документи, била потребна речиси цела година, а нормално време било околу 6 до 8 месеци. При обезбедувањето на потребната документација, особени тешкотии имале селаните бидејќи биле неуки, невешти, но и поради тоа што било нужно сите полнолетни лица од едно семејство најмалку три пати да доаѓаат во околискиот центар и тоа: за поднесување молби за отпишување од државјанство, за давање оглас во печатот, потоа за примање на решението итн. Ваквото доаѓање во градскиот центар доста ги оптоварувало селаните, посебно од оние села кои се наоѓале подалеку од околискиот центар. Тешкотии се јавувале и при добивањето гарантни писма бидејќи некои селани немале роднини во Турција. Затоа била присутна појавата за колективно обраќање до турската влада со молби да им издаде гаранции, за кои, исто така, се чекало неколку месеци. Сите овие административни постапки, покрај високите такси, го отежнувале иселувањето. Нешто подоцна процедурата била упростена и забрзана, така што молбите обично се решавале во рок од 2 до 3 месеци вклучувајќи го тука и времето потребно за добивање согласност од Сојузниот државен секретаријат за внатрешни работи. Евиденцијата за иселените домаќинства - припадници на турското национално малцинство и положбата на нивната недвижност не била уредно водена до средината на 1957 година, таа е востановена попрецизно да се води дури од 01.07. 1957 година и ги опфаќала домаќинствата што се преселувале по овој датум. Судрени со бранот на доселници од другите делови на Федерацијата, властите во НРМ презеле извесни мерки за сопирање на стихијното населување. Покрај поделбата на НРМ на две зони - дозволена и

[267]Ова отпишување од државјанстов се правело врз основа на чен 19 од Законот за државјанство на ФНРЈ во врска со член 47 и 48 од Правилникот за извршување на Законот за државјанство на ФНРЈ.

забранета за иселување, државните органи во НРМ, преземале и други мерки[268], но и покрај нив доселувањето продолжувало и понатаму, а поголемиот дел засекогаш останале во Македонија.[269] Во почетокот повеќето доселеници од муслиманска вероисповед имале намера да се иселат во Турција, поради неможноста да добијат „весики" (бидејќи најголемиот број биле со не-турска етничка популација), тие останувале во Македонија и тука ја продолжувале својата егзистенција, најчесто на места на обезвреднети имоти на Турците што ја напуштале Македонија.[270] Најочигледен пример за тоа е што „голем дел од селата денес е со променет етнички состав.[271]Масовното иселување на Турците за Турција создава „извесна пасивност кај општествено-политичките организации и кај органите на народната власт во решавањето на низа проблеми од општествен и културен карактер, а од интерес на турското население". Така, на пример, не се обрнувало доволно внимание на решавањето на проблемите од сферата на образованието како: оспособување учителски и друг наставен кадар, одржување на постојните училишта со настава на турски јазик, борба против затворањето на одделни турски паралелки поради немање доволен број ученици итн. Со мотивација дека наскоро ќе се иселат, речиси престанало доделувањето стипендии на деца од турското национално малцинство. Истовремено, со истата мотивација се појавиле низа случаи „да се отпуштат од работа разни службеници и

[268] Така, на пример, властите ги одредувале зградите во кои имало доселени лица како непогодни за живеење, не им издавале право на живеалиште (туку само на престој) итн., а ако не можеле да пријават живеалиште, имале тешкотии во добивањето на државјанство на НРМ.

[269]Според некои нецелосни податоци, во 1959 година биле евидентирани 22.776 лица. Ова е бројка на лица кои официјално добиле државјанство на НРМ, а за оние диви, непријавени, никој не ја знае статистиката. Евидентираните доселеници во најголем број биле од НР Србија – 1.842 лица, од Косово 12.972 лица, од Санџак 2.965 лица, од НР Босна и Херцеговина 2.147 лица и од НР Црна Гора 2.850 лица (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к – 128, а.е. 5, исто, 24.08.1959).

[270]Со иселувањето на Турците се појавила голема понуда за продажба на недвижен имот, куќи, земја. Проблемот бил доста актуелен бидејќи на пазарот на недвижности наеднаш се јавила поголема понуда од побарувачка. Поради тоа и цената на земјата доста опаднала. Ова коинцидирало и со периодот кога селанството масовно го напуштало селото и се преселувало во градовите, така што запуштените имоти по растурањето на колективите останале необработени, а многу македонски села празни.

[271]Така, во 1959 година од вкупно евидентираните 22.776 ново населени припадници од муслиманските популации, 12.911 лица се наоѓаат во Скопската околија, 1.341 во Битолска околија, 1.888 во Кумановската, 9 во Охридската, 625 во Титовелешката и 1.999 во Штипската околија.

раководители на стопански организации од турска националност". Според некои индикации, тоа е резултат на фактот што дотогаш речиси се иселиле поимотните лица, т.е. оние што можеле да почнат некаква приватна дејност во Турција, а останале главно оние со послаба материјална положба. Дополнително на ова, причина биле и превисоките такси кои морало да се платат за „отпуст" од југословенско државјанство. Трето, припадниците на турското национално малцинство кои барале отпуст од југословенско државјанство не можеле да го користат ни „сиромашното право", т.е правото на имот, со оглед на тоа што речиси секое лице имало повеќе од 175 динари данок по член на семејство, така што не можело да добие уверение за „сиромашното право". Исклучок биле само две семејства кои го искористиле тоа право. Своевидно влијание врз сопирањето на преселувањето имал и новиот Закон за национализацијата на наемните згради и градежното земјиште[272] (25.11. 1958), со кој бројни сопственици не можеле веќе да ги продадат недвижните имоти што потпаѓале под одредбите на овој закон. Иста збрка настанала и со продажбата на куќите продадени пред 5.11. 1958 година, чие околно земјиште потпаднало под одредбите на национализацијата.[273] Покрај овие причини, врз намалувањето на силниот преселнички бран дејствувала и пропагандата која започнала да пристигнува од Турција за животот и работата на луѓето кои тргнале во таа неизвесна преселба. И покрај националното чувство, сепак, за нив Турција била непозната земја во која тие морале да работат „од зора до мрак" заради обезбедување егзистенција, немале детски додаток, не биле социјално осигурени, плаќале превисоки кирии и сл. Тамошниот живот и климатските услови биле сосема поинакви од оние во Македонија и многу од луѓето тешко се приспособувале кон новиот живот. Голем дел од нив им пишувале на своите блиски да си останат каде што се зашто животот во Турција е тежок и полн со борба за економски опстанок. Од друга страна, на

---

[272]Сл. лист на ФНРЈ, 52/58.

[273]Секретаријатот за финансии побарал од околиските служби известување за бројот на ваквите случаи и за финансикиот ефект од нив. Притоа, според известувањата на народните одбори, вакви карактеристични случаи биле забележани само ви Охридска (15 случаи) и во Кумановска околија (8 случаи). Разрешувањето на овие случаи било ставено во надлежност на народните одбори и регулирано со задолжителното толкување на чл. 39 од Законот за национализацијата, според кое бившиот сопственик може национализираното неизградено градежно земјиште да го даде на привремено користење на друг со или без надоместок, задржувајќи на него право на користење кое го има според законот, како и да може тоа право да го пренесе на друг – со или без надоместок (Сл. Лист на ФНРЈ, 24/59).

крајот на педесеттите години, и во Југославија беа на повидок порелаксирачки години на политиката и на економијата, со помалку државни стеги. Така и турското национално малцинство се вклопуваше во општествените текови, без страв дека ќе ја изгуби верата или нацијата, а можеше да си обезбеди и попристоен живот од економска гледна точка. Во Турција со долги години мачна работа, македонските преселници се вградија во општествениот и стопанскиот живот на оваа држава, негувајќи силно чувство на љубов и приврзаност кон земјата од каде што дошле, кон Македонија и нејзиното население. Во периодот од ослободување до 1950 година од принцип нее давано отпуст од нашето државјанство[274]. Според извештајот на надлежните органи одпустот се добива после долго чекање, ниту еден предмет нее решен побрго од 6-месеци, ова закаснување главно идеше поради отежнатото давање на мнение (мислење) од страна на органите на УДБ ( ДБК) бидејќи по државјанствата работеа цивилниот дел на МВР. Во текот на 1953 година по насоки на ДСВР на ФНРЈ и ИС на НРМ се олеснети постапките за отпуст како резултат на подобрените односи на ФНРЈ и Р.Турција. За 1953 г дозволен и одобрен е отпуст на 180 фамилии, Согласно законот за државјанство на ФНРЈ и Правилникот за извршување на ЗД на ФНРЈ, потребни се следните документи:

1. Молба од молителот
2. Извод од матичната книга на родените
3. Извод од матичната книга на родените за децата
4. **Пристанок од децата постари од 14- години ?**
5. Уверение за државјанство
6. Потврда од турскиот конзул дека ќе биде примен во нивното државјанство
7. Изјава за кое време ќе се исели од ФНРЈ
8. Уверение од војниот отсек дека во воен поглед нема пречка за отпуст
9. Увврение за измирен данок
10. **Увврение да не е осудуван ?**

[274] До 1951 година имало поднесено молби за отпуст од државјанство на ФНРЈ, околу 10- предмети, во 1951 година имало поднесено 15- молби за иселување на целосни фамилии за Турција, од овие 15- прифатена е само на една фамилија отпустот, другите се одбиени, во 1952 година разгледувани и одобрен е отпуст на 35- фамилии со вкупно 165 лица, одбиени се три фамилии од Кичево.

11. **Уверение да не е под истрага ?**

12. **Уверение да нема неисполнети јавни и друштвени одбврски ? (оглас во Нова Македонија)**

13. **Уверение за непокретен имот ?**

14. Извод од матична книга на венчани, умрени кога се работи за фамилија

15. Такса од 12.000 денари за секој полнолетен за решението по тар. Бр. 9 од законот за такси

16. **Добивање мислење (мнение) од УДБ-а ?**

Сите овие овие документи се обезбедуваат солгасно чл.1 од ЗД на ФНРЈ, чл.47 и 48 од Правилникот за извршување ЗД и чл. 3 од Законот за национализација. Во текот на постапката барателите на отпуст најмногу тешкотија имаа поради тоа што прво треба да се прибават сите документи а потоа покрај молбата да ги приложат и достават на решавање. Најотежнато се вадат документите по реден број 2,10,12. Документот под точка 12 молителот мора да го огласи во весникот „Нова Македонија" и чека 10 дена за евентуални приговори и тек после секретаријатите за внатрешни работи му издаваат уверение дека нема неисполнети јавни и друштвени обврски. Давање мислење од страна на УДБ-а предвидено е согласно законот и ставено е како последен услов во редица потребни документи на барателот за отпуст од државјанство, тоа значи дека овој документ се вади после извадени сите предходни документи, што значи дека молителот за отпуст или барателот на отпуст од државјанство на ФНРЈ, согласно законот се откажал од државјанство, го оттуѓил својот движен и недвижен имот, се откажал од работата, останал без никаков имот, нема куќа, нема имот, материјално исцрпен при вадење на документи, доведен во неизвесна состојба, ставен пред свршен чин пред органите на УДБ-а и нивната милост и совест требало да одлучува за административно- управно прашање кое нема никаква врска со ингеренциите за кои е овластен УДБ-а, (висок степен на организиран криминал, заштита на институциите и уставниот поредок на земјата, разознавачки и контраразознавачки активности и заштита на здравјето на луѓето). Кога би било ова мислење на прво место од страна на УДБ-а не би постоел никаков сомнеж за предпоставена злоупотреба[275]. Од страна на Извршниот совет на Н.Р.Македонија биле покрената иницијатива да се формира комисија која ќе ги обиколи сите села во Н.Р.Македонија со задача да ги утврди и прецизира причините кој довеле до силна

[275] ДАРМ, 1.427.34.74/601, стр,1-3

заинтересираност на граѓаните за барање отпуст од ФНРЈ, бидејќи само пред неколку години истите тие граѓани, рамо до рамо со останатие народи на ФНРЈ се бореле за ослободување од заедничкиот непријател, за да можат во новата држава да живеат пристојно како што доликува во сериозна и праведна држава со еднакви можности за сите. Напротив сите повоени реформски закони како да биле носени во интерес на иселувањето на турското и останато муслиманско население, комисијата според документот неја извршила потребната задача, дури еден од членовите не е појден на терен да ја реализира задачата поставена од страна на неговите предпоставени[276].



Nesloveni, koji su u smislu drugog stava ovog paragrafa postali državljani Kraljevine, prestaju to biti, ako u roku od pet godina od stupanja na snagu ovog zakona izjave kod nadležne prvostepene upravne vlasti, da istupaju iz državljanstva.

Prvostepene upravne vlasti dostavljaće rečene izjave vojnim i opštinskim vlastima, koje su dužne dotičnog odmah izbrisati iz vojnih i opštinskih spiskova.

Ova će lica biti dužna otseliti se iz Kraljevine u roku od jedne godine dana od dana učinjene izjave, pri čemu će moći slobodno od svake dažbine poneti sobom sva svoja pokretna dobra.

Ministarski Savet će na predlog Ministra Unutrašnjih Dela propisati olakšice ovim iseljenicima za iselenje i za prodaju njihove imovine.

K § 55.

Ovaj paragraf rješava pitanje državljanstva stanovnika nekadašnjih krajeva bivše turske carevine.

Закон за државјанство на Кралството СХС, Член 55 од 1928 година

## 6.2. Ставот на владата за иселувањето

На седница на СИВ (влада) одржана во Белград на ден 16.03.1955 г. во кабинетот на подпредседателот на СИВ (влада) Александар Ранковиќ, во врска со иселувањето на турците од Н.Р. Македонија, во присуство на: Крсте Црвенковски, С. Стефановиќ, М. Бартош, Л. Гершковиќ. В. Лукиќ, М. Вучковиќ и П. Ивичевиќ. На самата седница било прецизирано конкретно прашањето за иселувањето и поконкретно за која етничка популација се однесува „*Џентламенскиот договор*" за иселување постигнат помеѓу раководствата на Р.Турција и Ф.Н.Р. Југославија. Биле разгледувани повеќе аспекти врзани во врска со иселувањето, причините и последиците од иселувањето и начелно се

[276] ДАРМ, 1.427.60.7/93-129 стр.1-2

договорени сите поединости врзани со иселувањето на турското национално малцинство. Од седница на СИВ (влада) договорени се основните начела за иселувањето кое првенствено е потребно надлежните органи прво треба да ја утврдат националната припадност на лицето кое бара отпуст од државјанство, ако утврдат дека се работи за лице: Албанец или Муслиман од Македонска националност, нивните молби треба **да се одбијат**, друго важно на што треба да се внимава е прашањето со недвижниот имот на лицата кои се иселуваат, потребно е придржување до договорот со Турција, кој го регулира ова прашање, „со средствата од продадениот имот да им се овозможи да купат потребна и подвижна стока посебно од Југословенско производство, а остаток од парите да ги внеси во посебна блокирана сметка на Народна Банка, согласно девизната и царинската политика на земјата„. Народните одбори да можат да го откупат целиот недвижен имот од барателот на отпуст, биле разгледувања прашања врзани со административните такси, од седницата произлегува следниот заклучок :

1. Иселување во Турција **се одобрува исклучиво на лица припадници од турска националност**, во случај на спор за утврдување на националноста[277] на одредено лице треба да се земат во обзир следните елементи:

- Дали во семејството на односното лице се употребувал турскиот јазик како семеен јазик и дали барателот на отпуст зборува турски јазик.
- Како се изјаснил по националност, барателот на отпуст пред надлежните органи после 1944 година (упис во книгата на државјанство, изјава во постапка за вадење на лична карта и сл.) за лице од турска националност се смета оној барател кој ги стекнал овие два услова, посебно вториот услов подразбира лице кое постојано и непрекидно се декларирал за припадник од турска националност.
- Барателот на отпуст, треба да достави уверение издадено од МВР Народен Одбор (област, околија или град) дека е од турска националност.
- Сојузното Министерство за Внатрешни Работи ќе издаде упатство за постапка при утврдување на турската националност.

---

[277] Архив на Југославија, Фонд бр.837, Фасц. Бр.II-5-С-2/45 стр.3

1. На Албанците и Муслиманите од Македонска националност **не треба да се одобри иселување** во Турција, нивните молби можат да се одобрат со посебно одобрување од МВР, доколку постојат оправдани причини во интерес на останатото население.
2. Извршен Совет на Македонија ќе формира *посебна комисија* која ќе има задача да ги следи прашањата и проблемите врзани со иселувањето, со цел истите благовремено се решат.
3. Сојузното министерство за внатрешни работи ќе издаде *упатство* на Републичкото министерство за внатрешни работи, и ќе ги предупреди на можности од вршење кривични дела на иселениците кои, парите од продадениот имот купуваат злато или девизи и ги пренесуваат во земјата на иселување.
4. Да се зголеми листата на стока која ќе можат иселениците легално да ги изнесат од ФНРЈ.
5. Управата за приходи да бара изјава од лицата за парите од продадениот имот, бидејќи преостанатите пари треба да ги внесат на посебна блокирана сметка на Народна Банка.
6. Иселеник да достави потврда дека го понудил Народниот Одбор при откуп на неговиот имот, со предност на НО, во рок од 30 дена, НО треба да се изјасни за откупот на имотот.
7. Потврда од НО за необработеното земјиште може да го даде на друг заинтересиран без право на надомест на сопственикот.
8. Да се направат олеснувања во административните такси за сиромашни семејства и семејства кои имаат двојно државјанство, кои бараат отпуст од ФНРЈ[278].

**6.3. Потребни документи за иселување според ЦК СКЈ**

Отпуст од државјанство на ФНРЈ се добива по основ на член 1 од Законот на државјанство на ФНРЈ и членовите 47 и 48 од Правилникот за извршување Законот за државјанство на ФНРЈ. Лицата што бараат отпуст од нашето државјанство документите ги доставуваат преку секретаријатите за внатрешни работи на теренот до овој Секретаријат за решавање. Секој наш државјанин кој бара отпуст од државјанството треба да ги поднесе потребните документи предвидени по законот. По досегашната пракса молителите по

[278] Архив на Југославија, Фонд бр.837, Фасц. Бр.II-5-С-2/45, стр 2-6

народност Турци, при барање на отпуст од нашето државјанство ги поднесувале следните документи издавани од надлежните органи, како следува:

1. **Молба,** по член 47, став 1 од Правилникот за извршување на законот за државјанство на ФНРЈ. Прописно таксирана, ако поднесуват молба заеднички сопруг и сопруга плаќат такса дупло, покрај таква такса се плаќа и соодветна градска такса.

   Молбата се поднесува по обврска согласно член 19, точка 1 од ЗД на ФНРЈ и член 32 во врска со член 29 од Правилникот. Истата всушност ја изразува вољата за иселување на молителите од ФНРЈ чл. 49, ст.1 од Правилникот. Таксата за оваа молба се плаќа поради покренување државен орган во дејство.

2. **Изводи од матична книга на родените за молителите**. Истите ги издава државните матичари согласно чл. 47, точка 2. од Правилникот. Со изводите се докажува датумот на раѓање на молителот. Во тесна врска се докажува и идентитетот на молителот. По чл. 19, точка 2 од ЗД на ФНРЈ.

3. **Изводи од матична книга на родените за малолетните деца** кои ги издават државните матичари, а се барат согласно чл. 47, точка 2 од Правилникот согласно чл.2

4. **Пристанок од децата постари од 14 години** се бара согласно точка 3 член 47 од Правилникот. Бидејќи децата над 14 години се во сознание да сами одлучуваат дали да се селат или не, заедно со родителите, што покасно би имале случаи да се вратат во првото државјанство по чл. 23 од ЗД на ФНРЈ- повторно стекнување на државјанство на ФНРЈ.

5. **Уверение за државјанство.** Ова го издава СВР на теренот а се бара по член 47 точ. 2 од Правилникот. Отпуштање од југословенското државјанство имаме само ако се работи за државјани на ФНРЈ.

6. **Решение** од Генералниот турски конзулат во Скопје, за приемот односно гарантирање дека ќе бидат примени во новото државјанство, кое го бара чл. 19 точ.4 од ЗД на ФНРЈ и чл.47, точка 4. од Правилникот. Отпустот има практична примена само до колку се работи да се добие некое друго странско државјанство, а не да се остане без државјанство. Согласно чл.19, точка 4. ЗД на ФНРЈ.

7. **Изјава за напуштање на нашата земја,** истата се дава пред СВР на теренот бидејќи ја бара чл. 47, т.5 од Правилникот. Обично се дава срок од два до три месеци, време од

приемот на уверението за отпуст од нашето државјанство. Тоа во исто време оди во корист на молителите да го убрза нивното барање пред пасошката служба за вадење на патни исправи, во спротивно за молителите кои што: *после година дена не ја напуштале нашата земја ќе се донесе решение по чл. 51 од Правилникот со кое се става решението вон сила и молителите се враќа во своето првобитно државјанство.*

8. **Доказ од војниот отсек да нема пречки во воен поглед** по чл. 47, точка 6 од Правилникот. Овој документ се бара поради одслужување на воениот срок, за оние лица кои што се подлежни да го одслужат.

9. **Потврда за исплатен данок од Околискиот народен одбор,** согласно чл. 48, т.2 од Правилникот. Оваа потврда се бара чисто од финансиска гледна точка да неби молителот останал должен спрема државата.

10. **Потврда да не се наоѓа под кривична истрага од истражен судија или јавниот обвинител,** согласно чл.48 т.3 од Правилникот. Лицата против кои се води кривична истрага не добиваат отпуст од нашето државјанство се до окончување на истрагата како и евентуално не ја издржат одмерената казна.

11. **Потврда да нее осудуван од СВР,** на теренот согласно чл 48 т.4. од Правилникот. Практично со оваа потврда ништо не се постигнува и сметаме дека е непотребна, бидејќи 20-30 % лица, од машки пол, биле осудувани, а овој секретаријат по заземаниот став на општо основание ги отпушта од нашето државјанство.

12. **Потврда да нема неисполнети јавни или општествени обврски.** Оваа потврда се издава од СВР, на теренот истата се издава врз основ на даден оглас во весникот „Нова Македонија“, согласно чл. 48 т.5 од Правилникот. Всушност ЗД на ФНРЈ како и Правилникот **Не бара оглас во некое службено гласило**, но таа пракса е заседе овој Секретаријат, како би СВР на теренот имале база за издавање на таква потврда-уверение. Меѓутоа, од пракса се покажа дека тоа објавување во дневен печат е од корист како на Народната банка така и спрема државните стопански претпријатија па и граѓаните на ФНРЈ, за реализирање на нивните побарувања. Согласно чл. 19 т.3 ЗД на ФНРЈ.

13. **Такса во износ од 12.000** денари, за секој полнолетен молител, таксата се наплатува по тар. Бр. 9 од Законот за таксите.

14. **Мнение дали да се одобри добивање на отпустот од СВРН (УДБ) на теренот.** Мнението се дава од органите за внатрешни работи на теренот, а е сврзано согласно член 19 ст. 1 од ЗД на ФНРЈ кое што е *„дискреционо"* право на овој секретаријат[279].

15. **Уверение за непокретен имот од општинскиот народен одбор** по местото на раѓање и местото на живеењето, согласно чл 3. од Законот за Национализација. Овај документ би послужил на околиските народни одбори за евентуална национализација на имотите на молителите. Во исто време на овој секретаријат би послужило како база за давање на одговори, кога би сегашните молители а по иселување странски.-Турски државјани, барале обештетување на својот имот, какви случаи веќе имаме (макар да се до сега ретки).

16. **Извод од матичната книга на венчаните или умрените** или бракоразводна правоснажна пресуда, или да е слободен/ уверение да не е стапувал во брак. Докажување постоењето на бракот како и брачноста на децата, поради кое со сигурност ги отпуштаме нивните деца од нашето државјанство.

### 6.4. Постапка и давачки при отпуст

Лицата кои што бараат отпуст од државјанство на ФНРЈ со цел да се иселат за Турција, прво добиваат гаранција од своите роднини во Турција. Оваа гаранција (весика), нивните роднини ја испраќаат преку Турските власти до Генералниот турски конзулат во Скопје, откако ќе дојде гаранцијата при овој конзулат истиот ги повикува кај него за да им даде потврда. Со ова потврда турскиот генерален конзулат им дава гаранција дека наведените лица ќе бидат примени во Турција и турското државјанство штом пристинат во Турција. Добивањето на потврдата од Турскиот конзул зависи од доставување гаранција од нивните роднини во Турција. Оваа потврда ја добиваат после два- три месеца а некои лица

[279] УДБ-а е орган на МВР, води потекло од некогашната ОЗНА, која е формирана 1944 на Дрвар, неговите овластувања се неограничени, во 1946 г. влегува во рамките на МВР, формално правно неговата дејност е ставена и регулирана со законот за внатрешни работи, законот за полициско работење како и со посебен закон, но нивната практична дејност никогаш не се откажала од широките и неограничени овластувања, во целиот повоен период делувала полициско-политички, постојат стенограми седниците на ЦК СКМ во кој стои дека, седниците неможат да се одржат бидејќи нема присутен човек од УДБ-а, тоа е доказ дека нивната работа била тесно поврзана со партијата и ги слушала нејзините наредби за политичките деликти кој биле секојдневие во тој период. Широкото и неограничено овластување, нејзините службеници ги прави толку многу комотни што се случувало некогаш и да излезат од рамките на законот.

чекаат и до 6- месеци. Воглавно откако ја добиваат оваа потврда, лицата кои што сакаат да добијат отпуст од нашето државјанство почнуваат да вадат потребни документи предвидени со чл.19 од ЗД на ФНРЈ и членовите 47,48 од Правилникот за извршување, Законот за државјанство на ФНРЈ. Вадењето на овие документи трае околу два месеци. Од сите документи најголеми тешкоти молителите имат при вадењето на следните документи:

1. Извод од матичната книга на родените, венчаните или умрените
2. Уверение за државјанство
3. Уверение за непокретен имот
4. Уверение дека барателот нее под кривична истрага

Од како ги обезбедат сите документи, истите ги предаваат до СВР на теренот кој во рок од три дена ги препраќа на овој секретаријат за решавање. Решавањето при овој секретаријат трае 20 - 25 дена, кое се состои во следното: прегледување на документите, изготвување на предлог по чл. 20 од ЗД на ФНРЈ и испраќање на ДСВР на ФНРЈ- Белград, добивање согласност од ДСВР на ФНРЈ, изготвување на решение и изготвување и доставување на уверението за отпуст од државјанството на ФНРЈ согласно член 49 ст.2 од Правилникот. Штом стигнат уверенијата за одпуст од државјанството до СВР поедини лица кои што извршиле пренос на недвижнина во судот, одма ги земат истите. Исто така почнуваат со вадење документите за добивање на патна исправа. Оние пак лица кои што не извршиле пренос во судот за продадениот неподвижен имот, уверенијата не ги земат од СВР додека не извршат пренос во судот, бидејќи после добивањето на уверението за отпуст од државјанството на ФНРЈ од молителот се одземаат личната карта и другите наши документи согласно член 49 ст. 4 од Правилникот, без кои што не може да се појави како продавач пред судот. Во случај да го земе уверението за отпуст од нашето државјанство, а не го продал непокретниот имот, истото се национализира согласно член 3 од Законот за национализација, како имот од странски државјанин – односно лице без државјанство. Од како ги добијат уверенијата за отпуст од нашето државјанство молителите ги вадат потребните документи и ги доставуваат до пасошката служба од каде добиваат патни исправи. Патните исправи ги издаваат во Скопје во рок од 7- дена.

| Р б | Назив | Држ Такс | Гр. Такс |
|---|---|---|---|
| **1** | **За молбата** | | |
| | По Тар бр 1 од Законот за таксите | 30 | 20 |
| | По тар. Бр. 31 напомена 2 од ЗД | 50 | |
| | Кога се поднесува заедничка молба за сопруг и сопруга се плаќа - двојно | | |
| **2** | **Извод од матична книга на родени** | | |
| | За молбата по Т бр. 1 од ЗТ | 30 | 20 |
| | За изводот по Т бр 27 од ЗТ | 100 | 50 |
| | За бланкетот | 5 | |
| **3** | **Извод од Матична книга на родени за секое дете** | | |
| | За молбата по Т бр 1 од ЗТ | 30 | 20 |
| | За изводот по Т бр 27 од ЗТ | 100 | 50 |
| | За бланкетот | 5 | |
| **4** | **Пристанок од дете постаро од 14 г. за заверка по Т Бр. 31 напомена II** | 50 | |
| **5** | **Уверение за државјанство** | | |
| | За молбата по Т бр 1 од ЗТ | 30 | 20 |
| | За уверението по Т бр. 28 од ЗТ | 100 | 50 |
| | За образецот | 10 | |
| **6** | **Потврда од генералниот турски конзулаат, како прилог уз предметот:** | | |
| | По тар. Бр. 6 од ЗТ | 25 | |
| **7** | **Изјава за напуштање на нашата земја** | | |
| | По Тар бр 31 напомена II од ЗТ | 50 | |
| | Ако поднесува и сопругата оваа такса се плаќа двојно | | |
| **8** | **Уверение од војниот отсек** | | |
| | За молбата по Т бр 1 од ЗТ | 30 | |
| | За уверението по Т бр 27 од ЗТ | 100 | |
| **9** | **Уверение за данок** | | |
| | За молбата по Т Бр 1 од ЗТ | 30 | 20 |
| | ЗА Уверението, по Т Бр 27 од ЗТ | 100 | 50 |
| **10** | **Уверение да не се наоѓа под кривична истрага** | | |
| | За молбата по Т бр 1 од ЗТ | 30 | 20 |
| | За уверението по Т бр 27 од ЗТ | 100 | 50 |
| **11** | **Уверение да нее осудуван** | | |
| | За молбата по Т бр 1 од ЗТ | 30 | |
| | За уверението по Т бр 27 од ЗТ | 100 | |
| **12** | **Уверение да нема исполнети јавни или општествени обврски** | | |
| | За молбата по Т бр. 1 од ЗТ | 30 | 20 |
| | За уверението по Т бр 27 од ЗТ | 100 | 50 |
| **13** | **Такса за уверение за отпуст од државјанство по тар бр 9 од ЗТ** | 12 000 | |
| **14** | **Уверение за недвижен имот** | | |
| | За молбата по Т бр. 1 од ЗТ | 20 | 20 |
| | За уверението по т бр. 27 од ЗТ | 100 | 50 |
| **15** | **Извод од матична книга на венчани, умрени и венчаници** | | |
| | За молбата по Т бр. 1 од ЗТ | 30 | 20 |
| | За изводот-уверението по т. Бр. 27 од ЗТ | 100 | |
| | Ако се поднесува бракоразводна правосилна пресуда | | |
| **16** | **За оглас во „Нова Македонија“ спрема големината на фамилијата** | 3 500 | |
| **17** | **За евентуални пишувања и вадење на документи од страна на адвокатот** | 1 500 | |
| **18** | **За патна исправа** | | |
| | За молбата од 2- примерка по Т бр 1 од ЗТ | 30 | 20 |
| | За Решението по т бр 7 од ЗТ | 150 | 100 |
| | За издавање на патна исправа Т бр 11 точка 1 од ЗТ | 500 | |
| | За виза по т бр 10 точка 6 од ЗТ | 300 | |
| | За пасаван-образец:(пасаваните се издаваат надифца постари од 16-години) | 100 | |
| **19** | **За патен возен билет до Турска граница за член** | 3 000 | |
| | | **22 605** | **700** |
| | **Вкупно** | **23 305** | |

[280]*Табела број 45* Ценовник за давачките за такси при обебедување на документи за отпуст од Македонија.

## 6.5. Иницијатива на ЦК на СКМ за скратување на постапката при отпуст

Со цел да се убрза и скрати постапката околу издавање на отпуст од државјанство на ФНРЈ предложено е следното:

1. **Да не се доставуват поединечно сите предмети, ами да се достави список од 100-200 лица.**

[280] Државен Архив на Р.Македонија 1.427.60.7/93-129, стр.9

2. **Пристанок од деца од 14-18** г. предлог: да се дава на формулар од нивните родители односно на нивната молба.
3. **Изјава за рокот на напуштање на нашата земја**, предлог: ( според законот во рок од 1-година барателот не ја напушти нашата земја секретаријатот донесува решение со кое го повраќа во нашето државјанство).
4. **Доказ од војни отсек**. Предлог: Досега сите лица по народност турци кои барале отпуст од државјанство не сме ги задржале заради пречка во воен поглед. Дури и лица кои се на отслужување кадровски рок штом добијат отпуст од државјанство се *отпуштаат* од ЈНА, и си заминува за Турција. Ова е воведено во пракса бидејќи е ставот таков на партиското раководство.
5. **Потврда или уверението да го исплатил данокот**. Предлагаме: Истата да не се бара од нас, ами таква да се доставува само до пасошката служба кога дотичното лице бара патна исправа. Ова се предлага поради тоа што лицата кои добиваат отпуст од разни причини не си заминуваат одма продолжуваат со нивната работа и со тоа должни се да плаќаат данок за времето од добивањето на отпустот до нивното заминување.
6. **Потврда да не се осудувани**. Предлагаме оваа потврда да отпадне бидејќи сите лица по народност турци, кои биле осудувани до сега не сме ги задржале па макар да биле осудувани и како „Јуџеловци“

**Предлог на ЦК КПМ е да се бараат следните документи:**

1. Молба во која, покрај биографските податоци да изјави во кој рок ќе ја напушти нашата земја. Исто така на истата молба се потпишуваат и нивните малолетни деца од 14-18 години, за нивниот пристанок да добијат отпуст од државјанството на ФНРЈ со своите родители.
2. Извод од матична книга на родените за молителот.
3. Извод од матичната книга на венчаните или умрените или правосилна бракоразводна пресуда.
4. Извод од матичната книга на родените за нивните малолетни деца.
5. Уверение за државјанство

6. Уверение –потврда издадена од Турскиот конзулат

7. Уверение дека не се наjдува под кривична истрага

8. Уверение да нема неисполнети јавни и друштвени обавези.

9. Уверение за неподвижен имот.

10. Мислење на СВР и УДБ.

11. Такса од 12.000 динари за секоj полнолетен.

**Со цел да се скрати постапката за иселување предлагаме :**

1. Изводите од матична книга на родени, венчани и умрени досега се издаваат за 7-10 дена, сега да се скрати за 3- дена како хитни.

2. Уверение за државјанство досега се издаваат од 7-15 дена тоа да се скрати на 2-3 дена.

3. Уверение за недвижен имот до сега се издават за 10- дена, тоа да се скрати 3-4 дена, молбите од барателите за отпуст, да се земат како хитни.

4. Уверенија да не се под кривична истрага, ги издаваат јавните обвинителства за 7-10 дена, тие можат да се издаваат за 3- дена.

Со прифаќање на нашите предлог- мерки, постапката ќе се скрати за знатно време.

**6.6. Повреди во сопственички права при отпуст**

На седница на СИВ одржана во Белград на ден 16.03.1955 г. во кабинетот на потпредседателот на СИВ Александар Ранковиќ, во врска со иселувањето на турците од Н.Р.Македонија, во присуство на: Крсте Црвенковски и др. На самата седница било изготвен план како да постапат службениците во поглед на прашањата од обласна на сопственичките права, нивните имоти и средствата кој ќе произлезат од продадениот имот. За ова било напоменато дека треба во дадениот временски период, лицата вработени во надлежните служби врзани со потребната и барана документација на барателите на отпуст да се обучат за новата појава, да можат да излезат во пресрет на новата појава за масовно барање отпуст од наше државјанство, но од сето најавено и кажано во почетокот направени се многу повреди во повеќе делови од личните и колективните права на граѓаните- баратели на отпуст, така и во делот на економските или сопствнички права не заостанало прекршувањето поради фактот.

1. Тие во почетокот давале отпуст редум на секој припадник на муслиманска популација, покасно се одбивале лицата кој припаѓале на не-турска етничка популација.
2. Според договорот за иселување постигнат помеѓу раководствата на Р.Турција и Ф.Н.Р.Југославија биле опфатени повеќе прашања врзани за иселувањето, на самата седница на Извшен совет (влада ) на ФНРЈ, како највисок државен извршен орган било истакнато како важно прашањето на кое треба да се внимава со недвижниот имот на лицата кои се иселуваат, било акцентирано дека треба да се придржуваме на договорот со Турција, кој го регулира сопственичкото прашање.
3. Со средствата од продадениот имот да им се овозможи да купат потребна и подвижна стока посебно од Југословенско производство, а остаток од парите да ги внесат во посебна блокирана сметка на Народна Банка[281], согласно девизната и царинската политика на земјата.
4. Народните одбори да можат да го откупат целиот недвижен имот од барателот на отпуст[282],

| 1954 | Домаќ | Членови | Домаќ. | Членови | Домаќ. | Членови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | | **Решени** | | **Нерешени** | |
| Н.Р. Македонија | 1.534 | 8.487 | 386 | 1.891 | 1.145 | 6.574 |
| Кичевска Околија | 56 | 328 | 13 | 83 | 43 | 245 |
| 1955 | Домаќинства | | | Членови | | |
| НР МАКЕДОНИЈА | 4.672 | | | 20.404 | | |
| Кичевска Околија | 450 | | | 2.250 | | |

*Табела број 46* Вкупно иселени турци во 1955 г[283].

[281] Архив на Југославија, Фонд бр.837, Фасц. Бр.II-5-С-2/45, стр 2-6

Блокирана сметка во трезорот на Народна банка на Македонија никогаш и нее формирана, за да можат лицата со отпуст да ги стават своите средства, а да можат да ги повлечат средствата во земјата на прием, од една страна имотот го продавале, од друга страна средствата за носење надвор од границите на Југославија биле ограничени, дури и невозможни, со што се осиромашувало иселенето население, дел гопоклонувале без никаква надокнада со цел да успеат да земат документ со празно имотно решение дека нема имот на нивно име.

[282] Владата на ФНРЈ имала намера и план да ги задолжи Одборите да го откупат имот на барателите на отпуст, но такво нешто воопшто нее забележано дека некој Одбор купил имот на иселен граѓанин, тој граѓанин кој неуспеал во законски рок да гопродаде својот имот, морал да го поклони на некој од своите блиски или државата го национализирала со посебен закон.

[283] Државен Архив на Р.Македонија 1.427.60.7/93-129, стр. 14-15

Според извештаите од ЦК КПМ, се вели дека неподвижниот имот може да се продаде се до иселувањето, после тоа подлежи на национализација, што доволно зборува дека Народните одбори воопшто **не се вклучени во откупот на имотот**, како што стои во насоките на владата на Југославија, согласно седницата од 16.03.1955 г. раководена од Александар Ранковиќ и представникот на НР Македонија- Крсте Црвенкоски. Задржување на иселување забележано е во неколку региони поради непродаден имот бидеќи нема купувачи, а според извештаите на Народните одбори досега немаат превземено никакви мерки како би се овозможило на ваквите семејства да на некој начин побрзо ја продадат својата имовина[284]. За непродадениот имот НО смета да изврши национализација[285]. Најголеми иселувања се забележани во Кичевско, Гевгелиско, Кочанско, Овчеполско, Кумановско и Титов Велес. Според извештаите на ЦК КПМ, *Во Кичевска околија постојат барање за масовно иселувања во селата:* ***„Другово, Пласница, Лисичани и делимично Челопеци. За целосниот откуп на имотите од овие села потребно ќе биде околу 200 милиони динари. Во овие села би се населиле селата од Копачка и Поречје кои места се пасивни“***[286]. Како сериозно прашање во текот на иселувањето се појавило начинот на плаќање на откупената земја по Законот за земјишен фонд на лицата кои се иселуваат, имено овие лица веќе поседувале решение во кое стои колку државата треба да им плати. Но барателите на отпуст изразувале подготвеност да прифатат знатно помали сума само да им се плати веднаш да немат побарувања од земјата на иселување. Од овие извори дознаваме дека државата не била подготвена за правичен надоместок на продадениот имот и постоела тенденција што побрго и по масовно се исели турското но и другото муслиманско население од македонските простор.

---

[284] Државен Архив на Р.Македонија 1.427.60.7/93-129, стр. 16

[285] Државен Архив на Р.Македонија 1.427.60.7/93-129, стр. 17

[286] Државен Архив на Р.Македонија 1.427.60.7/93-129, стр. 18

# VII ГЛАВА

## ПОДАТОЦИ ЗА МИГРАЦИИТЕ И ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРИЛИИКИ ВО ДЕЛ ОДНАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВОКИЧЕВСКО- БРОДСКИОТ

### 7.1. Записи за Пласница



Слика бр. 3 Пласница

**Пласница** се протега во средишниот дел на Кичевско – Бродскиот регион и е поврзан со двата културни и административни центри: Кичево и Македонски Брод или од старо наречен во просторот на „**Кичевија**" што ја чини Кичевската котлина која се наоѓа во југозападниот дел на Македонија. Од стари записи дознаваме дека од географски аспект, оваа котлина ја карактеризираат во основа: издвоеност од другите соседни простори, осетно тешка пристапност како и ограниченост со високи планини. Тоа го има забележано од старо време познатиот патеписец Евлија Челебија. Во еден стар запис го среќаваме и следново географско ограничување на овај регион. Стрмол со висина од 1.760 м кон Крушево е планината Венец со надморска височина од 1.738 метри, кон Прилеп е планината Бушева со надморска височина 1.702 м кон пределот Порече е планината Песјак со надморска височина од 1.744 метри, планината Целоица со надморска височина од 1.896 метри како и планината Добра Вода со надморска височина од 2.082 метри. Кичевската котлина во многу старо време била исполнета со вода, односно претставувала големо езеро. Во ова езеро се влевале водите на сите околни, помали и поголеми

планински реки и рекички. Во записот се вели дека ова езеро истекло со создавање на долината на реката Треска во правец на реката Вардар. Како резултат на овие географски промени на територијата на кичевската котлина се разликуваат следниве тропски делови: високи планински површини, речни долини и дно на некогашно езеро со тераси создадени на страните. Создавањето на селските населби на територијата на оваа котлина е во тесна врска и зависност со спомнативе тропски делови на котлината. Тие имаат битна карактеристика и на географската поставеност на селската населба- Пласница која денес е општински центар со неколку селски населби: Пласница, Преглово, Дворци и Лисичани. Овие села заедно со други села од опкружувањето како што се: Ижиште, Ореовец, Русјаци, Челопеци, Миокази и други села од Долно Р'бетино се наоѓаат на езерски тераси, во долината на реката Треска во самата клисура која ја спојува кичевската котлина со Поречкиот базен се наоѓа селото Латово. Како високи планини што се наоѓаат на ова подрачје се: Баба Сач, Стрмол, Бел Камен, Камена Стрaга, Кула, Рамни Преслап, Бушева, Скала и Песјак која се наоѓа на надморска височина од 1.773 до 1.874 метри. Во селските населби Ижише и Дворци се наоѓаат големи изворишта на вода, планините со кои е засечена клисурата на реката Треска се составени од еруптивни и кристални стени. Падините на овие планини се под ситна горица, или пак на нив има шуми од бука, даб а понекаде има четинари. Највисоките делови на овие планини се добри пасишта особено за ситен добиток. Нивите главно се протегаат на езерските тераси, потоа на речните тераси како и на површини што се одземани од поранешните шуми по пат на нивно корнење. Климата е специфична, по дното и на страните на котлината климата е нешто поблага, додека на височините владее целосно алпска илима. Што е карактеристика на есен настануваат рано влажни денови па затоа дното на котлината секогаш до некое време на денот е под магла, има заклонести места на кои зимата е поблага. Има карактеристика во овој дел што на места кој достигаат и до 1.000 метри височина успевало питомо овошје и винова лоза. Селото се наоѓа на еден простор што го плавела реката Пласничка, под селото е езерската тераса на која се наоѓаат муслимански гробишта, над селото се наоѓа шкрилеста, гранитна и по врвовите шумовите месност наречена Скала. Камењето на Скала на многу места скоро да висат. Во време на големи дождови, овие камења се одронуваат и паѓаат со големи потреси и бучава и со излив на големи количини вода, во тие моменти народот мисли дека „избива вулкан". Тогаш во ова време рекичката носи огромни камења

и заедно со песокот руши се пред себе, често во вакви невремиња руши и куќи. Во атарот на ова село, според стариот османски катастар се наоѓале шуми и пасишта што ги носеле следниве имиња: Бегово Трло, Берково, Преслап, Мусица, Блато, Којчинец, Орешки лак, Пласнички лак, Палака, Мусоо и Ветерник. Околу селото има нивје кои според османскиот катастар како месности ги носат следниве имиња: Горица, Попов Камен, Коларница, Падина, Вршец, Задли, Меѓи и Широки Нивишта, што се однесува до водите ова село добивало води од Голема Река која тече низ самото село како и реката Длабочица. Селото има исто така свои чешми кои ги носат следниве имиња: Раовец, Османова, Мусица и Пив.

**Куќите** на оваа стара селска населба се групирани по маала, односно по селските родови. Всушност оваа селска населба е поделена на селски маала што ги дели пат. За селото Пласница се смета дека е многу стара селска населба и најголема во просторот помеѓу Кичево и Прилеп до 1913 потоа приматот како најголемо населено место е с. Дебреште. На месноста што го носи името Калејци се наоѓаат стари гробишта, за нив велат дека биле еврејски гробишта.

**Етничката структура** на населението во селото е со македонски говорен јазик но различна верска определба, итоа: во старо време ги среќаваме следните христијански и православни родови: Андревци како род биле две куќи и го славеле Свети Никола, Продановци како род биле две куќи го славеле Свети Никола, кај овај род имало домазет кој потекнувал од селото Русјаци, Крлевци како род биле две куќи и го славеле Петковден, од овој род се имаат иселено и во селото Дворци, Игларовци како род биле една куќа тие го славеле Петковден, од нив има иселено во селото Ижишта.[287]

Како доселеници во селото Пласница од православните родови се: Димовци: како род биле составени од една куќа го славеле Петковден овој род е доселен од селото Латово, Костевци како род биле составени од една куќа и го славеле Петковден по женска линија овој род потекнува од селото Козичино, Божиновци како род се составени од две куќи го славеле Петковден и доселени се од Сланско. Од муслиманското население селото го сочинуваат: Метовци 18 куќи, главни род во ова маало е Имеровци, од ова маало една гранка преминала кај Мемицоско маало и се викат Араповци, името го добиле по

[287] Смиљанић Тома, Кичевија, *Насеља и порекло становништва*, 114.

некој „*Арап Мети*“. Родот Беќировци бил од пет куќи, овај род има неколку куќи преку реката Треска, Мемицовци од три куќи, Усовци од две куќи а еден дел од овој род се преселил во Прилепско, Рамевци биле две куќи, Кикировци биле од две куќи, Абдовци биле една куќа и се иселиле во Прилепско, Изеировци биле три куќи, Карамишовци биле од три куќи, Мутевци биле од седум куќи, Џаферовци биле од шест куќи. Како доселени муслимански семејства се сметаат: Мустафовци кои биле од десет куќи, доселени од селото Ореовец, Пировци од четири куќи, потоа Чеменџевци од две куќи, Беговци од три куќи, Бачковци од три куќи и Дехаровци од три куќи сите се доселени од селото Преглово.[288]

Етничкото и националното потекло на населението во Пласница и Преглово според повеќе извори е различно, итоа: Муслиманското население во Пласница, Преглово и Лисичани поради верската идентификација со турците во турско време се чувствувале турци, во српска власт поради употребата на словенскиот говорен јазик, од страна на српската власт биле третирани, именувани и означени во пописни документи од 1913 како „турци“[289], Бугарската власт ова население го нарекувала и третирала како „ Булгари-мухамедани или Помаци“, Југословенската власт ова население го третирала за Исламизирани Македонци, во Современа Република Македонија забележани се два погледи во однос на етничкото и националното потекло на ова население, итоа: научен поглед на етничкото потекло на населението и политички поглед за етничкото потекло на населението, за жал двата погледи се различни и неусогласени во своите тврдења, чувството на населението од овој дел на регионот продолжува и понатамо во поголем дел да егзистира за турско, потребата за градење и формирање на етничката и националната свест на ова население е предизвикана од определбата на населението да влезе во една од веќе формираните и етаблирани етнички елементи во Македонија, првиот показател за таквата намера е започната со воспоставениот образовен процес на турски наставен јазик во основното училиште: Пласница и Лисичани во кои се изведува настава на турски наставен јазик и формирани паралелки на турски наставен јазик во средното образование во градот Кичево како поголем образовен центар во регионот. Кога станува збор за

---

[288] Јован Трифуноски, *Кичевска котлина*, 52.

[289] Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1914, 110-111

научните погледи по прашањето за етничката и националната припадност на населението постојат три изворни документи, кои се разликуваат еден од друг:

Според тврдењето на професор **Јаким Синадиноски**: Населението на Пласница, Преглово, Лисичани и Кичевскиот регион со говорен македонски јазик, поради долговековната припадност кон муслиманството, создал еден подруг однос кон потеклото, во својот научен труд по име: „Националното прашање и меѓунационалните односи кај нас", тој смета дека: „*Поради одредени историски, социолошки, верски и други причини, не представувале дел од македонскиот народ, туку поради нивното исповедување на муслиманската религија, која извршила силно влијание врз нив тие толку многу се оддалечиле од својата матица во народносна смисла, и според авторот представува* ***Посебна етничка група***"[290],

Според тврдењето на професор д-р Јован Трифуноски населението во Пласница е: Од „*Словенско, албанско и турско потекло*[iii]*, изразеното турско потекло кај поедини граѓани се гледа по нивните расни одлики*". Според Третиот научен поглед на научниот работник проф д-р Нијази Лиманоски тврди дека населението во овие населени места се од македонско потекло, со доаѓање на османската власт настанале етнички и верски промени во корист на исламот, но определбата на населението и натамо продолжува да егзистира за турско со поддршка на политички ставови и погледи. Ваквата определба на населението е изразена во: пописните документи, воведениот образовен наставен процес на турски јазик, кој е започнат 1946 а обновена 1998 г, воведената двојазичност на администрацијата во локалната самоуправа на Општина Пласница. Со овие определби населението е на пат да го формира турскиот етнички елемент и да излезе од неформирани етнички елементи, како што се: Торбешите, Горанците или Помаците. Во селото има легенда дека во крајот на XIX век во селото Пласница бил слуга македонец – Ѓорѓија од с. Дреново, тој примил ислам и се викал Рушит, се оженил од родот Бачковци, неговиот син се викал Раит а внукот Расим. Населението ова лоза ја паметат по добрина и храброст посебно за време на немилите настани вршени врз муслиманското население во времето на промена на власта во текот на Балканските војни, од како се повлекла османската власт и се воспоставила нова српска власт кога настанале нови и крупни општествено

---

[290] Јаким Синадиновски, *Националното прашање и меѓунационалните односи кај нас*", Скопје, 1988, 278.

политички, социјални, економски и безбедносни промени на просторот на регионот и во Македонија.[291] Според извештаите добиени од архивската документација при Англиското конзуларно одделение во Битола, во описот стои: Во с. **Пласница**, муслиманско село со 300 куќи, од кои многу беа уништени во ноември 1912, било посетено од српска патрола која по неуспешниот претрес во потрага по оружје, претепала шест лица, а седмиот го застрелале. Две недели после настаните во Соп, кои се случиле меѓу 17-20 септември, дошла банда од 40- вооружени селани, христијани, предводени од војвода по име **Арсо Јовев- Локвички** од с. Локвица- Македонски Брод, тие уапсиле педесетина мажи и момчиња од селото и соопштиле дека имаат наредба од под-префектот на Брод да ги однесат таму. Некое време за нив се немало слушнато, но околу два месеца по нивното исчезнување, нивните тела, избодени со бајонети, биле најдени од нивните пријатели, на еден мал рид во близина на местото наречено Латово (Тапанче), меѓу Пласница и Брод.[292]



**Арсо Јовев- Локвички** р. 1870 од с. Локвица - Македонски Брод. Помагач, организатор и извршител на злосторства во: Македонски Брод - „***Дервишка Нива***"- 1916, убиени 104 видни лица од Поречието, во Пласница и Преглово убиени 49 лица -„***Тапанче***"- 1913 година и **Дреново** убиени 18 лица- 1912 г,. Соработник на бугарските и српските четнички движења во Македонија. Од Бугарската власт е испратен во Македонија 1921 година да шири бугарска пропагандата, фатен е од властите во Скопје и убиен. Во 1923 година неговиот син е исто така испратен од бугарската власт со иста мисија,

Слика бр. 4

забележан е од службите и повторно вратен во Бугарија. Во 1941- 44 г. Неговиот син се ставил во служба на тајната полиција на МВР на тогашна Царска Бугарија, која дејствувала на територијата на Брод и неговиот регион.

---

[291] Кичевска котлина српска насеља и становништво. Д-р Јован Ф.Трифуноски Скопје 1968, стр.119

[292]https://bg.wikipedia.org/wiki/%D0%90%D1%80%D1%81%D0%BE_%D0%9B%D0%BE%D0%BA%D0%B2%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8

Ова се имињата на жртвите:

АХМЕД ИСМАИЛ и неговите два сина, 2. АЛИ ХАСАН и неговиот син,3. РАХМАН МУСТАФА и неговиот син (13- годишен ), 4. БАХТИЈАР „УМР“( на возраст од 80- г.), 5. ДАЛИБ МАХМУД, 6.ЗЕЈНЕЛ ДАИР,7. ХАМИД ХАСАН, 8. ЈУСУФ ХУСЕИН, 9. САИД АХМЕД,10. РЕЏЕП ХАЈРУЛА, 11. АБЕДИН РАХМАН,12. МЕЏИТ ТАХИР, 13. РАСИМ МОХАРАМ, 14. АБДУЛА ЈУСУФ(19-годишна возраст), 15. ФЕРАД ХАЈРЕДИН ( на 62-годишна возраст),16. МАЛИК ФЕРАТ, 17. АБДУЛА ОСМАН (на возраст од 90- години), 18. ИЉАЗ АБДУЛА, 19. РАКИБ МИФТАР, 20. АЛИ ХАСАН и неговите два сина, 21. РУШИД МУСТАФА и неговиот син ЌАМИЛ ( на возраст од 15- години ),2. ФЕТА „УМР“ и неговиот син РАКИБ ( на 14-години),23. БАЈРАМ СЕФЕР, 24. МЕФАИЛ РИСТЕМ, 25. ЗЕЈНЕЛ ТАИФ, 26. САЛИХ МУСТАФА, 27. РАМАДАН и неговиот син ХУРЕДИН,28. БЕЛУЛ ХАЈРУЛА, 29. МЕХМЕД РАХМАН, 30. ХАСАН РАХМАН, 31. ЕСАД РАМАДАН, 32. РАСИМ, 33. ЗУЛФИКАР НАСУФ, 34. АБАС БЕЌИР, 35. МИФТАР ( на 27- години),36. БЕЈЕБ ИЉАЗ (на 60- години), 37. АБАС САДИК, 38. САЛИХ ДАЛИБ, 39. МЕХМЕД АХМЕД, 40. ЏАФЕР ХАЛИМ, 41. ШЕФКИ ДАУТ ( на 18- години).



Група революционери. Войводата Илия Дигаловъ (седналиятъ влѣво), родомъ отъ с. Въмбелъ, Костурско, и другаритѣ му (отлѣво къмъ дѣсно): Али Ибраимовъ, по народность арнаутинъ, родомъ отъ с. Пласница, Кичевско. Стоянъ Георгиевъ отъ с. Стения, Прѣспанско, и Кръстьо Велешанчето отъ Велешко. Илия Дигаловъ падна убитъ на 8. ноемврий (Димитровденъ) 1922 година въ с. Глъмбочани, Прѣспанско.

Слика бр. 5 Учество на лица од Пласница во

По ова уште неколкумина други муслимани од истата околија биле свикани во Брод, и на мистериозен начин исчезнале[293]. Според народната историја, постои тврдење од селаните дека на истото место на грозоморен начин убиен е Назиф Алија.

| Години | ПОПИСНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПЛАСНИЦА | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1913 | 1.220 | | | |
| 1916 | 994 | Населението е намалено поради Балканските војни | | |
| 1921 | 1360 | | | |
| 1931 | 1439 | | | |
| 1948 | 1603 | | | |
| 1953 | 1739 | | | |
| 1961 | 1584 | Населението е намалено поради иселување во Турција | | |

*Табела бр. 3*

## 7.2. Записи за Ижиште

Селото **Ижиште** е изградено во горната ивица на една тераса, над селото има шуми. Под селото и околу селото се наоѓаат ниви. Во атарот на ова село според стариот катастар има шуми и утрини кои се наоѓаат на месности што ги носат следниве имиња: К'лк, Слачец, Кале (каде што постојат урнатини од стар град), Кофилов камен, Влашки Камен, Плоча, Ветрушка, Ижишка Шума, Јасичина и Крив Дол. Според овој стар документ нивите се наоѓаат на следниве месности: Неделкова Нива, Букиноа Нива, Маркоа Нива, Турчинов Камен, Јачмишта, Ижишки Убојец, Горни Марис, Граишта, Пирои Ливаѓе, Ширгоици, Ветерник, Рајков Дол, Црквишта, Лесковец, Улишта, Две Забици, Оливерци, Расадиште, Пирои Ограѓе, Малки Дол, Црквено Речиште. Селото пие вода од длабоки бунари, тие се длабоки и до 14 метри, во близина на селото е извориштето наречено Оливерци. Некогаш ова село имало 32 куќи било поделено на маала во нив живее само православно население. Ова село некогаш се наоѓало на месноста по име Избишта, тоа е источно од селото. Куќите им биле со изби за стока и затоа го добило името Избишта. Подоцна името е сменето и настанало денешното име-Ижиште. Траги од населби во атарот на селото има во месностите по име Калето, Црквишта и Ветерник, некогаш во ова село имало дел на месноста Пирои Ограѓе. Овој дел од селото подоцна се преселил во селото Пласница. Според едно сочувано предание во ова село некогаш завладеала чума, од неа многу изумреле а останал само родот по име Тарунџиевци. За староседелци на ова село се сметаат следниве родови: Тарунџиевци биле

[293] Дестани. Бејтула и Елси. Роберт *Балканските војни*, 311.

пет куќи и го славеле свети Арангел, Чопеловци биле четири куќи и го славеле Арангел, Трпевци била една куќа и го славела Арангел, Мијајлевци биле една куќа и го славеле Арангел, Војневци биле три куќи а го славеле Арангел, Пејчиновци биле две куќи и го славеле Арангел, Богатиновци биле една куќа и го славеле Арангел, Како родови кои подоцна се имаат доселено во ова село се сметаат следниве родови: Пољанковци како род го славеле Свети Алимпија, овој род се има доселено од с. Цер, најстариот кај нив се вика Спасе, тој бил пољак во селото и притоа станал зет во родот Пејчиновци. Новачевци како род биле составени од шест куќи, нивната слава била Свети Арангел, овој род се доселил како домазет од с. Дворци, Ковачевци нивната слава е Свети Арангел, доселени се од с. Пуста Река, Коруновци како род постоел, но му се губи трагот и изумрел[294]

| Ижиште | 1913 | 1948 | 1953 | 1961 |
|---|---|---|---|---|
| Население | 194 | 415 | 254 | 197 |

*Табела бр. 4*

### 7.4. Преглово

Селото е поставено во долина на реката Пregловска, десна притока на р. Треска, во близина на с. Пласница, кога се гледа на овие две села од подалеку, изгледот им е како да е едно село, познати места од Планинскиот атар се: Гробишта, Агини огради, Леништа, Попов камен, Бегоо трло, Беркоа река, Преслап, Ѓупско кладенче, Шемшиноец, Дулески трла, Стрмоштица. Познати места во внатрешни делови од атарот се: Петкашинец (тука има извор), Црквина, Јасика, Врата, Сарџиноец, Гумниште, Старо Латово, Опаљено, Оџино трло, Камилица, Киши гроб, Голема Присојница, Саботна вода. Познати места во атарот на полето се: Шарен камен, Лениште, Виткојца, Жежница, Орлојца, Бегоо трло, Рамниште, Јусуфоа нива, Татароски ниви (дали има некоја врска со племето татари нее познато ниту некој спомнал). Селото е од збиен тип и има пет махала кои носат називи по родовите: Јусуфоско, Мифтароско, Пировско, Бетовско и Зејнеловско. Вкупно во 1963 г има 96 домаќинства[295]. с. Преглово е стара населба во Кичевската котлина, со истото име се спомнува во XV век, во 1850 г. Преглово имало 14- куќи а Пласница имало 50- куќи. Родот **Зејновци** е доселен од Дебар, по предпоставка дека е од Албанско потекло, еден дел од овој род се има преселено во Пласница, во с. Преглово се мисли дека има и

[294] Фадил Решат Монографија за Пласница и Ижишта како составен дел на Кичевија.– Истанбул 1995.

[295]Јован Ф.Трифуноски Кичевска котлина српска насеља и становништво..117

циганска ковачка породица, од Преглово има иселено во Турција во 1918 г. 1- семејство, додека 17- домаќинства се има преселено во 1954 - 1957 г. родови Алимовци 2- куќи и Велиовци 1- куќа преселени се во Битолско село Будаково и тамо зборуват турски[296]. Преглово во текот на повлекувањето на османската власт ја дели тешката и грозоморна судбина заедно со останатите муслимански села, изложено е на масовен колеж, тортура и притисок од комитските и четничките банди на **Арсо Јовев**- Локвички и други формации.

| **Преглово** | 1913 | 1916 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 383 | 314 | - | - | 511 | 573 | 601 |

*Табела бр.5*

### 7.4. Дреново

Селото се наоѓа на надморска висина од 933 м. Во близина на селото се наоѓа населените места: Сланско, Белушино, Јакреново и Саждево. Во селото има селски чешми: Селска чешма, Петров кладенец, Трајаноа чешма, Илиоа чешма, Бушова чешма, Трпкова чешма, Кисела вода и др. Познати места во атарот на селото се: Равче, Вршник, Петрои крсти, Мала река, Буков дробњак, Голема ливада, Стар камен, Стара црква, Стара леска, Лопатар, Чука, Бач, Штоќе, Забел., Присок, Клепотец, Зогески ливади. Селото е старо населено место со христијанско население до XV век кога почнало да се доселувало муслиманско- Албанско население и тогаш почнало христијанско- македонско население да се иселува. Во 1873 село Дреново е посочено како село со 22 домаќинства со 86 жители- муслимани, во 1900 година во Дреново живееле 220 жители арнаути муслимани. Во 1912/13 г. ова село ја дели судбината со многу муслимански населби поради убиствата од страна на Арсо Јовев - Локвички, Јован Дошлак и други слични како нив, населението се иселува во 1918, 1931 и 1956 г. има по едно семејство што се населило во с. Јакреново, с. Саждево и с. Дебреште. Останатите се иселени во Турција. Во с. Дреново имало џамија, срушена во 1949 г. со изградба на патот од Македонски Брод- с. Сланско - с. Дреново- с. Саждево. Новото христијанско и македонско население во с. Дреново е дојдено во 1913 г. од соседното село с. Сланско и с. Латово. Како дојдени родови од с. Сланско се:

[296] Исто. Стр. 118

Лешковци (Генадија Лешко- „Бродски", учесник на АСНОМ 1944 г.)[297], Мишковци, Василевци (Никола Василески - Ничо, пратеник во собрание на Македонија и председател на општина Македонски Брод), Петревци, Шундевци, Аџијевци, Докузовци, Ѓорѓиовци, Ѓермановци, Палистрага, Марковци. Од с. Латово доселени родови се **Шејтановци** во старо време биле доселени во Латово од Велес.

| **Дреново** | **1913** | **1948** | **1953** | **1961** |
|---|---|---|---|---|
| Население | 364 | 214 | 240 | 187 |

Табела бр. 6

**7.5. Лисичани**

Куќите на ова селото Лисичани лежат распоредени на десната и левата страна од коритото на реката Треска, јужно од Лисичани е шумовита падина од планината Баба, а на северниот дел од селото се наоѓа плодна равнина што народот го вика „Злато Поле", околни села на Лисичани се: Атишта, Дворци, Миокази и Челопеци, вода за пиење добиват од бунари и регионален водовод „Студенчица". Над селото има извори: Горник и Извор, има и планински падини по име: Пепелкојца, Маркојца, Иван гроб, Имерово трло, Ружа, Сач, Лединки, Задкамен, Горно ѓубриште, Голем сач или Врвот, Пештера, Мал врв. Полето е сочинето од следните места: Бука, Клисура, Челопечка бара, Злато поле, Црн лаг, Гола Мара, Брегој, Краста, Манастирски ниви, Глог, Даутица, Пашина ливада, Карапашица, Ќошој, Малец, Калдрма, Начоа круша, Стара нива, Аџи Мемедица, Јасики, Ченгелица, Воденичишта и Селско. Селото Лисичани има збиен тип, составено од три маала: Горна, Средна и Долна. Селото е составено од следните фамилии: Шајковци, Салифовци (доселени од Пласница -родот Бејзаровци), Мифтаровци, Абдиовци, Акиовци, Лутвиовци и др. Лисичани е старо село во Кичевската Котлина во историските извори се спомнува во втората половина на XV-век. Од првите муслимански родови во селото се:

---

[297] Презимето **Лешко** води потекло на некој Илија од Сланско, учесник во војните 1921/22 г. помеѓу Грција и Османската власт, се борел на страната на Грција, после војните се населил во с. Лешко- Пиринска Македонија, тамо се оженил со девојка од тоа село, по некое време заедно со неговата жена дошол да живеет во с. Сланско и тоа како настан бил многу карактеристичен за народот во тој крај, поради тоа сите од фамилијата ги завикале Лешковци, од овој род потекнува и легендарната личност Генадија Илија Лешко, учесник на Првото заседание на АСНОМ, и носител на високи функции. После ослободувањето, поради блискоста со М.А.Ченто бил суден и одведен на *„Голи Оток"* на издржување казна превоспитување во траење од 2- години заедно со својот син Раде кој издржувал казна од 1.6 месеци.

Лутвиовци, Мифтаровци, Веселовци, Аџиовци, Абдиовци, Парталовци, Елезовци и др. Доселени албански родови се: Шајковци, Шерифовци, Демировци, Сопјани овие семејства го знаеле албанскиот јазик, но покасно го изгубиле. На јужната страна од селото постоело мала христијанска населба со Манастир кој бил посветен св. Атанасиј. Деловите од Пашина ливада и Кара- пашиница припаѓале на чуениот Амди-паша, бил доселен од Мала Азија како „турски џандар“ тој се оженил во Кичево и основал породица, поради тоа од неговиот роден крај довел роднини нив ги населил во неколку муслимански села помеѓу Кичево и Македонски Брод, Амди паша на атарот во Лисичани и во соседното село Челопеци имал 70- хектари земја, таа земја покасно ја купил влавот Мијалче од Крушево, а селаните од Лисичани ја добиле земјата од Мијалчета со откуп и поклон.

Во Лисичани постои џамија изградена 1785 г. ја изградил Абди Бајрактар. После ослободување од втората Светска војна со многуте реформски мерки и активности бил зафатен и овој простор, голем данок ова население има платено со мерката на аграрната реформа кога од ова село е одземен голем имот и доделен на државното претпријатие „Крушино“ околу 50-ха. Според старите турски записи ова село го сочинувале следните староседелски родови:

Лутвиовци 13 куќи, Веселовци 13 куќи, Мифтаровци 11 куќи, Абдиовци 10 куќи преселени во с. Лажани, Зеновци 4 куќи, Елезовци 4 куќи, Зираповци 3 куќи, Парталовци 3 куќи, Рамчевци 2 куќи, Врангеловци 1 куќа (од овај род има преселено во Горно Стругомишта. Во XVIII век во северниот дел на Кичевската котлина се појавиле доста кражби од Северна Албанија, за одбрана од арамиите се населил човек од овој род по име Врангел, за него се зборува „Бил силен како паша“ уште се зборува дека во Румунија има ровови познати како „Врангалови“ имал дружина и се борел на турска страна. Даутовци 1 куќа (преселени во Лажани), Акитовци преселени во с. Староец, имале тамо воденица[298].

Доселени родови се: Салифовци 13 куќи доселени од Пласница, Каплановци или Дебрани 4 куќи дојдни од Косоврасти покрај реката Радика, основачот на овој род дојден како оџа, овај род е иселен во Турција, Абазовци дојдени од с. Бачиште- Кичевско, Беговци 1 куќа и Дурмишовци 2 куќи доселени од Кичево, Старовчани 1 куќа дојдени од с. Староец 1913 г. Куртишовци 3 куќи Доселени родови од албанско потекло: Шајковци 13

[298] Јован Ф.Трифуноски Кичевска котлина српска насеља и становништво..109.

куќи, Мемедовци 3 куќи, Алимовци 1 куќа, дојдени во различни временски периоди од с. Зајас, предходно нивно потекло е од Мат- Северна Албанија. Сопјани 3 куќи, Демировци (Цуковци) еден род е преселен во Лажани потоа во Р. Турција од овој род имало градоначалник во општина Ејуп- Истанбул по име (Ејуп Учак) 4 куќи Шерифовци 4 куќи дојдени 1913 г. од село Соп- Демирхисарско, Кочиштани 2 куќи дојдени 1913 од с. Кочишта Демирхисарско. Христијански дојдени родови се: Србаковци 3 куќи од Титово Ужице во XIX век ги довеле некој муслимани како деца со мајки, прво биле во Челопеци потоа преминале во Лисичани, Поречковци 3 куќи, дојдени во турско време од с. Крапа, Лазески 1 куќа дојдени пред пропаѓање на османската власт од Демирхисарско, Терзиовци дојдени во крајот на XIX од с. Кладник- Кичевско, Косовци 4 куќи дојдени во 1956 г. дојдени од околина Урошевац с. Јовановиќ, бил водник во Кичево се оженил со девојка од родот Србаковци ги повикал неговите браќа да се населат во с. Лисичани, Латевци 1 куќа дојдени во 1958 г од с. Латово. Во близина на с. Лисичани имало стара населба по име Крастина се предпоставува дека населението од ова населба се има иселено во Косово[299]. Во минатиот период ова население егзистенцијата ја обезбедувало од плодната земја и поволните пасишта за одгледување на стока, производите ги пласирало ширум поголемите градски трговски центри, арамиите кој ги запоседнувале врвиците и засеците ги препознавале овие трговци по темите врзани за продажбата, поради ова често биле изложени на немилост. Во период меѓу двете светски војни, род од ова село по име Салифовци преселен во Кичево- (Шабан С Бајрамовиќ), во 1936 станал председател на младината и член на општинското раководство на Радикалната Партија на Милан Стојадиновиќ за срез Кичевски, како истакнат младински функционер успеал да се кандидира на парламентарните избори 1938 на листа за заменик- пратеник во Сојузниот дводомен парламент во Белград, во текот на војната завзема страна со балистите: Џемо, Мефаил, Шазо и Ахмед, во 1943 година станува председател на општината Кичево. После војнатата како соработник на Германската војска изложен е на притисок од страна на новата власт и успева да пребега заедно со Назиф Чешеноски од Пласница, прво во Грција потоа во Турција. Во новата Социјалистичко Комунистичка власт, на политичка сцена од селото Лисичани се издигнува Младен Николоски и Рифат Зејноски. Историските документи посветени за втората светска војна во Кичевско - Бродскиот регион,

[299] Исто, 113-115

потврдуваат теза дека во с. Лисичани, с.Преглово и с. Пласница во текот на Втората светска војна важат за населени места во кои борците од НОБ ја добивале секогаш потребната логистичка, материјална и безбедносна помош и поддршка од страна на населението. После ослободување со носење на несреќните закони во Југославија како што се: законот за оџите, законот за ѕарот и ферецето и законот за имотите, Аграрната Реформа, СРЗ и други закони, ова население е жестоко изложено на силни миграбивни процеси и масовно се иселува во Р. Турција. По смирување на овај бран после една деценија почнува нов бран на заминување во западно европските земји Австрија, Германија, Швајцарија и Италија и др. на привремена работа од кои за жал голем процент остануваат за трајно живеење во тие западно европски земји. Денес с. Лисичани се карактеризира како турска населба, со воведен турски јазик во образованието и училиштето и важи за многу изразено печалбарско населено места во Македонија. Населението од с. Лисичани доста изразито ја следат: Амди- беговата лоза и Врангаловото јунаштво и за разлика од жителите на околните населени места, се забележува поголем интерес за печалење и силно изразен верски, материјален и образовен просперитет. Од извештаите добиени од Англиска конзуларна документација во Битола, стои:

Во с. **Лисичани** муслиманско село со 50 куќи принудено да плати 330 лири на една српска банда, под закана дека ќе биде истребено како што стои во поранешен запис од 14. Октомври, српска банда предходно изнудила пари од ова село во висина од 260 лири[300]. Според српските пописни документи од 1913 г. ова населено место припаѓало во општината Орланци, Кичевски Срез и Битолски округ во владеење на стара Србија.

| **Лисичан*и*** | **1889** | **1900** | **1912** | **1913** | **1948** | **1953** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Население | 214 | 610 | 519 | 591 | 851 | 901 |

*Табела број.7 [301] Статистички податоци на населението по години и пописи*

[300] Дестани. Бејтула и Елси. Роберт, *Балканските војни,* 213.

[301]Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптрското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр35

**7.6. Староец**

Селото е поставено на 650 метри надморска висина, богато со падини и плодна земја во близина на реката Треска, за економски опстанок е доста поволно, некогаш тука врвеле главните патишта за Демир Хисар, Битола и Крушево. Верскиот елемент на населението бил причина за масовни и темелни етнички промени и миграции од најсуров тип предизвикани со насилни средства и методи во текот на Балканските војни и Охридското востание во текот на Септември 1913 г. Населението го сочинувале следните родови во минатото: Мустафовци, Исмаиловци, Мечовци, Иметовци, Веселовци, Акитовци- доселени од Лисичани, Јашаровци, Бејзатовци и Алитовци- доселени од с.Туин. Етничкото потекло на ова население е од македонско и албанско потекло, но чувството на ова население поради верската идентификација со турците се претпоставува дека било турско. Во текот на Охридското востание 12- полк на српската војска со помош на четничките бригади од Порече предводени од Михјало Јосифовиќ, Јован Долгач, Крсте Ѓорѓиоски и други четници го нападнале селото, сите куќи ги запалиле и најголем дел од населението го убиле. Се спасиле по некоја жена со деца, тие мигрирале во соседните населби Кичево и Лисичани. Од 1913 до 1921 г. с. Староец како село не постоело, во 1921 од избеганите жители од Кичево се вратени 5- домаќинства, во период од 1921- 1928 во ова село се населиле и 6- македонски семејства. Во текот на војната ова село има 7- муслимански и христијански домаќинства. После војната продолжил процес на имиграција на македнско- православно население во с. Староец од соседните населени места с. Карбуница 26- куќи, с. Добреноец 13- куќи, с. Јаорец, с. Малкоец, с. Душегубица, с. Вранештица, с. Бигор Доленци, с. Лазаровци, с. Осломеј. с. Дворци и с. Кладник, с. Инче, - М. Брод, с. Прострње- Демир Хисарско и с. Кошино- Прилепско. Во 1913 г. во с. Староец имало и џамија, на нејзино место се населил Јордан Цветковски, во ова село до 1912 г имало и хан во сопственост на Бејзат од с. Староец,.

Доселени родови од с. **Карбуница** се: Лоловци 5 куќи, Трпевци 3- куќи, Крагујевци 3- куќи, Доклевци 2- куќи, Настевци 2- куќи, Џекеровци 2- куќи, Поповци 2- куќи, Чупчевци 1- куќа, Дамчевци 1- куќа, Волчевци 1 куќа. Старокрајовци 1- куќа, Јанковци 1- куќа, Милевци 1- куќа и Јокалевци 1- куќа.

Доселени родови од с. **Добреноец** доселени се: Чапевци 10 куќи, Тодоровци 1 куќа, Костадиновци 1- куќа, Јовановци 1- куќа.

## 7.7. Србица

Селото има два издвоени краја: 1. Аџи-спахи Маало и Џами Маало, во близина на ова село имало манастир по име *Маркулија*, селото е населено уште од средниот век во Кичевската Котлина и во него настанале крупни етнички промени кон крајот на XVII и почетокот на XVIII век. Албанското население во овие краеви се населило од северните делови на Албанија и Мат. Во долг историски период ова село опстојувало како мешовито со Македонци, Торбеши и Албанци, а јазичната комуникација била на македонски и на албански јазик. Муслиманските популации се мешале со склопување бракови поради припадноста кон иста вера, со тоа надвладеал албанскиот елемент додека македонскиот елемент постепено се губел. Потеклото на името Србица највероіатно е како и на останатите села: Србјани и Србиново, со развојот на рударското стопанство во средновековниот период, со доселувањето на население за потребите на рударството од старите краеви на Србија.[302] Во повоена Југославија низ ова село поминувала железничка линија во правец Кичево- Гостивар, во селото има три чешми и повеќе бунари, од северозападната страна на селото се оди за с. Арангел. Селото Србица во Кичевската Котлина е познато по високиот број образовани луѓе во Кичево и пошироко, Белград, Турција и Франција (учители и железнички работници), една од поистакнатите фамилии во ова село се: Калеши, Елези, Балажи - сите дојдени од Мат, според преданијата, дошле тројца браќа преку Бистра и се населиле: еден во Ново Село, другиот во с. Црвевци, а третиот во Србица. Од дојдените родови во селото се Али Спаија дојдени од Мат, Северна Албанија, Касе, Епеџе, од првите доселени во ова село се родот Зилоски, од овој род се имаат преселено во Арангел и нивната фамилија носи презиме Бајрами. Има иселен род по име Зенгоски во с. Ериновци и род Губероски во с. Жубрино. Последни православни родови од ова село се иселени во 1900 г. по име: Сандро, Пандил, Ќипро, Јован, Илија овие родови се иселени во Кичево, со исклучок на Илија, кој е иселен во с. Девич – М. Брод. Селото во времето на српската власт се викало Србица, во текот на Првата светска војна, кога на овој простор се воспоставила бугарска власт, името на селото било **Маркулија**, во кралска Југославија повторно се враќа името Србица, со доаѓањето на новата италијанско – албанска власт во текот на втората светска војна, името на селото се викало **Кастриотери**. Етничките и религиозните промени во ова село се релативно

[302] Трифуновски, Ф, Јован. Наша насеља, Антропогеографска проучавања, Скопје, 1971 г. 18

активни во подолг историски период, демографските промени се исто така изразени, со тоа што ова село на првиот демографски попис има население од 753, на првиот попис целото население во Македонија е запишувано во една графа, во вториот попис од 1916 изработен од бугарската власт демографската бројка на ова село изнесува 1053, што е доказ дека населението во ова село за неполни 3 години пораснало за цели 353 жители, што е логично и очекувано поради природниот прираст на населението. 1889 г. - 109 куќи муслимани, 1900 г.- 850 муслимани, 1912 г- 842 муслимани, 1926 г. -185 куќи од кои 4- куќи дојден од Јагодина и 23- куќи од ромско потекло, остнатите науката ги смета дека се со примен ислам од Брсјачки род[303].

**7.8. Србјани**

Селото Србјани е рамничарско село, со плодно поле во близина на река Треска, во селото постојат три маала, и тоа: Горно, Долно и Чифлиг. Најстари се првите две, во Чифлиг се наоѓа муслиманско население, додека првите две се населени со христијанско македонско население. Поимот Србјани потекнува од српските краеви. Во средновековниот период поради развојот на рударското стопанство, доселено е население кое имало за цел да се занимава со рударство и заедно со останатите села Србица, Србиново, и Србјани го добива ова име.[304] Во почетокот ова население било населено со христијанско население, но етничката слика се менува во корист на исламот со доаѓање на Османлиите и така станува верски и етнички мешано. Селото е оформено од Амди-бег од Дебар, кому му припаѓал и градот Кичево, претходното име на ова село било Барово. Пред крајот на распадот на османската власт, постоел некој чифлиг на Риза- бег од Ѓаковица, со површина од 40 ха земја, шума јужно од село кај Кадриов Пат. Риза-бег имал седум чифлизи во разни делови на областа.[305] По заминувањето на османлиите во времето на српскиот период, чифлизите на Риза-бег се одземени со аграрната реформа и поделени на христијани Македонци[306]. За време на османската власт, во Србјани имале имот родовите по име Селмановци, Чулевци и др. Риза-бег го формирал Чифлиг Маало со доведување

---

[303] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптрското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр30

[304] Трифуновски, Ф, Јован. Наша насеља, Антропогеографска проучавања, 18

[305] Исто, . 105

[306] Исто, 106

население за потребите на чифлигот, во бугарскиот период ова село се викало Такево. Во селото постојат два верски објекти: џамија и црква, џамијата е изградена во османскиот период, додека црквата е градена во периодот помеѓу двете светски војни, по Првата светска војна, што значи е од понов датум. Поради плодната земја на чифлигот на Риза-бег, многу семејства се дојдени да работат од соседните села и останати се тука да живеат, но после заминувањето на османлиите значаен дел од муслиманскиот дел се иселува во Турција. Во 1913 година поради близината на Охридското востание, иселено е значаен дел македонско христијанско население во Бугарија. Во српскиот период, како последица на случувањата од востанието, таквата судбина ја почувствувале многу муслимански села во кичевскиот регион како што се: Староец, Соп, Крушица, Миокази и други места.

**7.9. Јагол**

Селото се наоѓа на крајот од Кичевското Поле, во северниот дел. Во минатиот период ова село било со мешан етнички состав: христијанско и муслиманско, но во подоцнежниот период во ова село се населува значаен дел албанско население. Формирањето на селото се претпоставува дека почнало со доаѓањето на население од кај Дрим, а потоа од кај Блаца кај Дебар. Во селото имало христијански родови и тоа: Ѓоревци, Јовевци, Поповци, Мартиновци, Митановци, Ќиревци, доселени христијански родови се: Јанковци од Закамен и Велјановци. Од муслиманските родови се Матовци, Хаџовци, дојдени од Мат и Блатовци. Од Јагол потекнува четник **Дедо Симо**, кој во 1879 г. четникувал во Порече и е заробен кај Здуње, ја променил верата и добил име Осман, неговата жена не сакала да премине во ислам и тој се покајал, повторно се вратил во четништво и умрел во Романија.[307] Од ова село има значаен дел иселено население во Кичево, Тетово, Скопје, Белград, Видин (Бугарија). Од демографски аспект, ова село доживеало благ пад на населението што е последица на војните, болестите и други тешкотии што ги доживеал народот во тој регион. Така, во 1913 година ова село има 313 жители, додека во 1916 г. има 301 жител, што значи доживува демографски пад на населението, кое е намалено за 12 жители. Дополнително на ова, ако се додаде и природниот прираст на населението, ќе се добие поголема бројка. Во 1889 год селото има 23 куќи со 160 жители христијани, и 30 муслимани, 1900 г. 160 мак. Христијани и 110

[307] Тома Смиљанић, Кичевија, *Насеља и порекло становништва*.46-47

албанци муслимани, вкупно 270 жители. 1926 г. селото има 45 куќи, од нив 25 куќи се македонци христијани и 20 куќи се доселени албанци и со примен ислам, зборувањето им е на албански и македонски. Во 1953 г. 165 македонци, 221 албанци, 2- турци, 6- неопределени, вкупо 394 жители[308].

### 7.10. Јагол - Доленци

Ова село има важна географска поставеност, поради неговата важност го викале *„Скеле"* бидејќи во многу села се одело преку ова село. Во минатото ова село било присвоено од некој Кичевски ага Исен Јарички (Торбеш), кој паднал подоцна во крв со некои муслимани од околината на Прилеп, за сејмени или чувари ги викнал некои Албанци од Северна Албанија, кои се населиле постојано во с. Бериково. Неговиот имот подоцна го купиле некои Македонци од Јагол. Во ова село е отворено училиште во 1906 г., а за учител е поставен Љуба Репиќ. Иселувањето од ова село е релативно активно во повоениот период и тоа во Кичево, Скопје, Белград и други места.

### 7.11. Трапчин дол

Ова село е сместено на патот помеѓу Кичево и Гостивар. Во минатото ова село се сретнува со името Трминчев Дол, со христијанско словенско население, потоа дел од тоа население се иселило во с. Раштани. Еден од првите доселеници е родот Кадалари, потоа следувале други родови. Овој род води потекло од некој Нуредин Каду, богат и влијателен сопственик во Кичево, по потекло од Мат, Северна Албанија. Од ова село има преселено во с. Колари, доселени родови има од Зајас, родот Ашиковци водат потекло од кичевски Турчин или Торбеш- Асан Ашика. Демографската слика за ова село ја гледаме од пописните документи изработени во 1913 г., кога српската власт дошла на овие простори по заминувањето на османската власт во 1912 г. Од тој попис може да видиме дека ова село имало демографска состојба со население од 287 жители, но во наредниот попис изработен од бугарската власт, во 1916 година, бројката на населението е намалена за 73 жители и изнесува 214 жители. Претпоставуваме дека ова население доживеало тешки премрежиња од Балканските војни, како и од Охридско- Дебарското востание во 1913

---

[308]Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Ивановски, Орде Скопје. 1965. Стр36

година, кога голем број албански и други муслимански средини настрадале поради етничката и верската идентичност со албанскиот елемент. Дополнително на овие воени премрежиња се и новонастанатите болести, осиромашувањето од појавата на Солунскиот македонски фронт во текот на Првата светска војна помеѓу Централните сили и Антантата што се одвивал на македонска територија во релативна блискост до регионот. Во 1900 г. 105 албанци- муслимани, 1926 г. 41 куќи албанци муслимани, зборувањето им е на македонски и албански, 1953 г.-373 албанци, 3- турци, 5- роми, вкупно 381 жители[309].

### 7.12. Бериково

Ова село се наоѓа на јужната падина на планината Буковиќ и низ него некогаш врвела железничка пруга. Во ова село има три маала и тоа: Имероско, Адилоско и Долно. Ова село некогаш било христијанско и муслиманско. Од ова село се има иселено род по име Барутовци во село Требовље, во ова село во минатото се населиле два брата: Демир и Имер на покана на кичевскиот ага Исен Јарички како сејмени. Со населувањето на албанското население, се иселувало христијанското население, последниот македонски род е иселен во 1890 г. Во ова село има доселено од албанските краеви и од околните блиски места, иселено население има во Кичево, Турција (Калеши) и други места. Демографската слика во ова село е со благ пад на населението во перодот од 1913 до 1916 година, со тоа што во 1913 година ова село има 199 жители, додека во 1916 година демографската состојба е 191 жител, има пад за 8 жители, а ваквиот благ пад најверојатно е последица на војните, болестите и други трауми што ги доживеало ова население во текот на Балканските војни и на Првата светска војна.[310]**1889** г. селото има 147 жители, **1900** г. 155 албанци, **1926** г. 30 куќи во **1953** г селото брои 272 албанци[311].

### 7.13. Поповјани

Стара населба под ова име се спомнува уште во втората половина XV век (1476/1477 г. ). Во овој крај владеал некој Зенула-бег, по потекло од Дебар, имал четири сина: Етем, Осман, Емин и Џеладин, а Во 1912 г. сите синови му се преселиле во Кичево.

---

[309] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони двиежења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр34

[310] Тома Смиљанић, Кичевија, *Насеља и порекло становништва*.48

[311] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони двиежења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.32

Владеел и Шаќир-бег од Дебар, кој имал голем имот и доселувал население за потребите на земјата. По нивната преселба, дојдени се албански родови Усеиноски од с. Србиново - Гостиварско, Веселовци од Туин и Поиловци од Папрадиште. Џамијата во Поповјани е без минаре и е изградена во периодот меѓу двете светски војни. Од христијанските и македонски родови во овој крај се Пејовци, Крстески дојдени се од Охридско, Костевци доселени се од Дебарско, а има иселено и во Бугарија. Од албанските родови во ова село се Усеиноски дојдени од Србиново, Веселоски, Османоски и Калешовци дојдени од Туин. Има доселено повеќе родови од соседните села Бериково, Буковиќ, Јагол и Србица. Иселени родови има во Кичево, Скопје, Белград, Бугарија, Романија и Турција[312]. Миграциските движења во ова село се доста активни, има доста доселување на население од поблиските и подалечни краеви од внатрешноста, но за разлика од останатите населени места, демографската слика е во пораст што е доказ дека немилите настани што се одвивале во овој регион најверојатно го заобиколиле ова село, што е добар пример. во **1889** г. 193 жители, **1900** г. 280 жители, **1926** г. 36 куќи и 22 куќи, **1953** г. 285 жители[313].

### 7.14. Аранѓел

Селото го добило името најверојатно по некој манастир „Св. Арангел", неговиот етнички состав е мешан од: христијанско и од муслиманско население, поголемиот дел од земјата во ова село било во сопственост на Сефедин- бег, брат на Шаќир-бег од Дебар и го претворил во чифлиг. Ова село му припаѓало и на Абди-бег, кој бил власник на Кичево. Родовите од ова село по име Суловци, Леновци се доселени од Мат, Албанија и Адиловци, дојдени од соседното село Србица. Во близина на ова село поминувала железничка пруга, културниот аспект во Арангел е релативно богат во минатиот историски период, се карактеризира со тврдината *Маркулија* или Маркови Кули, која по својот лик е со тркалезни ѕидови. Традицијата наведува дека името на ова село е доста старо и се споменува во втората половина на XV век. Во текот на последниот XX век се јавуваат етнички и верски разлики, со тоа што муслиманскиот албански елемент е во постојан раст за разлика од христијанскиот- македонски елемент, кој постепено се преселува во други делови на земјата. Последните македонски домаќинства заминати се во 1900 г. во с.

---

[312]Трифуновски, Ф, Јован. *Кичевска Котлина,*. 48

[313] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Ианоски, Орде Скопје. 1965. Стр.39

Ропотово и во Кичево. Има род во с. Девич по име *Јакимовци* што се иселени од Арангел, во с. Слатина по име *Арангелци*. Балканските војни секако имат влијание врз демографската и етничката слика во ова село поради тоа што во 1913 година ова село има 294 жители, додека во 1916 година има 274 жители, што е знак дека доживеало демографски пад на населението за временската разлика помеѓу двата пописни периода, со намалување од 20 жители, а ако се додаде на ова и природниот прираст на населението, ќе дојдеме до една поголема демографска и етничка бројка.[314]**1889** година ова село има 46 куќа. **1900** г имало 225 жители.1921 г имало 54 домаќинства со 281 жители, **1926** г. имало 49 куќи,. До пред 100-150 г еден дел од населението под некаков притисок мигрирало. Во **1953** г. вкупно има 357 жители [315].

**7.15. Бачишта**

Селото е сместено во горниот дел на р. Бачишка, населено е во збиен тип и составено е од три маала: Алиовско, Незироско и Ибраимовско. Во XV век оваа населба имала 37 куќи, во почетокот оваа населба била етнички и верски мешана, во поновиот период таа мешаност се изменува и добива нов лик. Потеклото на населението е од локален и од доселенички терен. Иселувањето во ова село, како и во другите краеви на регионот, било активно во минатиот период, така што има иселено население во Дебреште, Саждево и Житоше. Има иселено и во поблиските села од регионот како што е во с. Речане (Зајас), Лисичани и Кичево. Промените во текот на Балканските војни и во Првата светска војна го зафатиле ова населено место, демографската слика е негативна во предходниот попис од периодот во 1913 година, кога ова населено место има 450 жители, а во вториот попис од 1916 година организиран од бугарската власт ова населено место има 420 жители, што е за 30 жители помалку во рок од три години, дополнително на тоа, ако се додаде и природниот прираст на населението, ќе добиеме поголема етничка и демографска бројка од наведенава. Злосторства од поголеми размери не се забележани во овој простор.[316] Во 1889 г. ова село има 508 куќи, во 1900 г има 2.150 албанци муслимани, 1926 г има 316 куќи албанци, етничката, верската и религиозната промена во ова село се

---

[314]Трифуновски, Ф, Јован. *Кичевска Котлина*,.39-40

[315] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.32

[316]Трифуновиќ, Ф, Јован. Кичевска Котлина, Скопје 1968, стр 67

предпоставува дека е извршена во 1740 година, албанците во ова село се дојдени од Дебар и Мат,1953 г. вкупно 2.109 жители[317].

### 7.16. Букојчани

Ова населено место се наоѓа во падините на планината Буковиќ, опколено со повеќе села со албанско население, но доста позитивен пример е тоа што не постои некакво недоразбирање со нивните комшии. Во ова село во османско време бил спахија некој Торбеш од с. Челопеци, во тоа време постои легенда, дека некој Албанец од Зајас се обидел да украде кошница за пчели, тогаш спахијата го убил, а за одмазда жителите од Зајас го зазеле атарот на Букојчани по име Забел. Во текот на Втората светска војна, селаните на с. Букојчани плаќале некој стражар – Албанец од с. Зајас, благодарение на тој стражар за целиот период на Втората светска војна не се случил ниту еден немил настан. Жителите на Букојчани припаѓаат на шопската етничка група со особени карактеристики и специфики. Брачните врски ги одржуваат со с. Мидинци, Тајмиште, Железна Река, Ѓоновица, Сретково и Церово, својот говор го нарекувале *мијачки*. Иселувањето од ова село е забележано во периодот на Балканските војни и тоа со намалување од 17 жители во периодот од 1913 до 1916 г. не земајќи го предвид природниот прираст на населението, иселувањето главно е насочено кон градовите Кичево, Гостивар, Смедерево и во Видин – Бугарија[318].

### 7.17. Колари

Селото лежи во рамнина на Тајмишка Река, неговиот изглед е од разбиен тип, во минатото ова село до 1820 г. било чисто христијанско, населувањето настапува во периодот од 1820 до 1880 на значаен дел албанско население, по 1880 г. ова село е чисто албанско. Од старите родови по име Колароски иселени се во Челопеци, има иселено во с. Мидинци, с.Вруток, некој староседелец жител на Колари преминал во ислам од родот Първановци. Џамијата во с. Колари е изградена во 1931 г., дотогаш жителите муслимани од ова село ја посетувале џамијата во с. Зајас. Доселеното албанско население во ова село потекнува од Мат, Северна Албанија, првите доселеници во ова село носат име Садикови и Азизови, има доселеници од соседните и блиски села од Зајас, од родовите ги среќаваме:

---

[317]Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони двиежења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Ианоски, Орде Скопје. 1965. Стр.37

[318] Трифуновиќ, Ф, Јован. Кичевска Котлина, Скопје, 1968, стр. 58-59

Браовци, Јаоски, Кепа, Ланоски и др. Иселувањето од Колари најмногу е во Кичево и по некоја фамилија има во Турција. Етничките и демографските движења за ова село се незабележителни во перодот од првиот попис во 1913 година, а до 1916 година ова село за период од 3 години пораснало за само 2 жители. Нема големи докази дека ова село доживеало страшни човечки загуби во текот на Балканските војни и во Првата светска војна[319]. Во **1889** г. 50 куќи население. Во **1900** г селото има вкупно 180 жители, во **1926** г, селото има 41 куќа, сите зборуваат на албански. Во 1953 г селото брои вкупно 487 жители[320].

### 7.18. Миокази

Миокази е младо село, потекнува од почетокот на XIX век и во почетокот било чифлиг на Садик- паша и на Осман - бег од Кичево, подоцна Садик-паша го подарил својот имот на манастирот „Пресвета Богородица“ (манастир Пречиста). Освен манастирскиот имот, во ова село имале имот и следните сопственици: браќата Салиф и Решит - ага и браќата Вели-ага и Мемет - ага (Торбеши од Кичево). Манастирскиот имот се задржал до 1947 година, сѐ до аграрната реформа, останатиот имот останува на месното население од с. Миокази и од с. Орланци. До 1930 година во ова село покрај македонско христијанско население, живеело и муслиманско население по име Куртишовци и Меметовци. Овие родови се иселиле прво во Кичево а потоа во Турција. Доселеното христијанско и македонско население потекнува од Железнец, Демир Хисар, Св. Врач, с. Атиште, од Охридско, од с. Слушица, Порече, с. Сливово, Охридско, од с. Требино, – Порече. Во атарот на с. Миокази имал чифлиг и познатиот Абди-бег. За ова село има легенда која кај народот се пренесувала за познатиот ***мијак*** што служел кај Абди-бег. Кога мијакот побарал награда за својот труд со површина колку што може да зафати земја една говедска кожа, бегот се согласил со тоа, мијакот ја исекол кожата на мали тенки делови и го заградил целиот имот кој го посакувал од бегот, бегот се согласил со тоа, имотот влегол во сопственот на Мијалчета, се претпоставува дека името на селото е добиено по тој Мијалче, а се претпоставува дека тука е и неговиот гроб. Од етнички и демографски аспект, ова село доживеало извесен пад на населението во периодот помеѓу пописот во

[319] Трифуновски, Ф, Јован. *Кичевска Котлина,*. 63-64

[320]Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.32

1913 г., кога ова население има 176 жители и пописот од 1916 г., кога ова населено место има 160 жители, падот е за 16 жители во временски период од три години, но ако се земе предвид и природниот прираст на населението, ќе се дојде до податок дека падот на населението од демографски аспект е нешто поголем имајќи го предвид времето поминато во Балканските војни и во Првата светска војна, така што може да се дојде до заклучок дека е разбирлива таквата состојбаза тие тешки времиња на војни и болести[321]. Источно од селото Миокази има извишено ***кале,*** со висина од 1022 м, се зборува дека на калето има значајна тврдина, од неа е штитен собраќајот на патот: Дебар - Кичево - Прилеп. Јужно од Миокази е извишено Градиште високо 642 м, каде што има остатоци од зидови градени од камен, вар и песок, на Градиште има ископувано и најдени се остатоци од цреп со должина од 70 см, ширина од 40 см и дебелина околу три прста.[322]

### 7.19. Челопеци

Селото е со поволна географска положба, се наоѓа во близина на река Треска и има плодна земја, шума, пасишта, има квалитетна вода за пиење од природни извори: ***Бела Вода и Долец***. Населбата е од збиен тип и поделена е на: Горно, Долно и Средно Маало. Над денешното село Челопеци има стара населба по име Прелоиште, околу 500 м над денешното село, тука има остатоци од куќи. Етничкиот и религиозниот состав на селото е мешан, прво се населени христијаните Македонци, а потоа се дојдени муслимански родови. Во селото имало чифлиг од некој Мијалче - Цинцар од Крушево, во 1880 година него го убиле во Бигор Доленци. По смртта на Мијалчета, неговиот имот преминал во сопственост на муслиманските родови од Кичево по име Канзовци, Дервиш Ибраимовци и Дервиш Мамутовци[323]. Овие сопственици ја поседувале земјата до Првата светска војна, кога преоѓа во сопственост на челопечки родови, освен Канзовци, кои имаат 6 ха земја и денес. Од етнички и демографски аспект, ова село нема забележано пад на населението во периодот на Балканските војни, етничката и демографската слика ја гледаме од пописните документи од 1913 година, кога ова село има 419 жители, додека во пописот од 1916 година Челопеци има 471 жител, што е знак на демографски раст на

[321] Смиљанић Тома, Кичевија, *Насеља и порекло становништва,* 472.

[322] Трифуновски, Ф, Јован. Кичевска Котлина, Скопје 1968, стр. 12-13

[323] Трифуновски, Ф, Јован. *Кичевска Котлина*, 24

населението во време на војни, болести и други тешки времиња[324]. Во селото има доселено христијанско население од с. Кладник, Колари, Јаорец и Црско. Муслиманските родови се доселени од Мат, Албанија, Јаовци се дојдени од с. Зајас од родот Челиковци, Абдуловци, Малевци и Ибевци од Мат, Албанија. Со заминувањето на османската власт, поречките муслимански села се празнат и населението се населува каде што ќе најде со цел да биде на безбедно место за живеење, така од с. Модриште – М. Брод има доселени родови по име Аковци и Зеновци. Иселувањето е исто така активно од христијанските родови, иселено има во Белград, Земун и Суботица во периодот помеѓу двете светски војни од економски причини. Има иселено и во Кичево и Скопје. Во период од 1959 и 1960 година 25 муслимански домаќинства од Челопеци се иселени во Турција, Луле - Бургас, Едрене, Ад а- пазар и Истанбул. Селото билочифлиг на Абди - бег од Дебар. Во 1889 г селото брои 64 куќи, во 1900 г селото има вкупно 390 жители. Во 1912 г селото брои 415 жители, 1926 г има 62 куќи. Во 1953 г, селото има, вкупно 620 жители[325].

### 7.20. Горно Строгомиште

Селото е од збиен тип и е сместено на плодната долина на реката Строгомишка, лева притока на Зајашка Река. Во почетокот на XV век ова село било со мнозинско христијанско население. Со зголемување на албанскиот елемент во с. Зајас, ова село почнало да добива сè повеќе доселеници Албанци. На крајот од XVIII век во селото се појавиле арамии од Северна Албанија. За да се одбранат од арамиите, селаните го повикале за стражар некој муслиман од с. Лисичани по име Врангел, за него се зборувало дека бил „*силен како паша*“, кој се борел на османската страна во Романија близу Дунав, имало и ровови викани *Врангалови* по негово име. Во селото прва џамија изградил Осман Анчо од Лачовци, денешната џамија е изградена во 1936 г., муслиманските родови во с. Строгомиште важат за големи печалбари, на времето оделе во Романија и Бугарија, биле чувари кај газдите, потоа млекари, бозаџии и слаткари. По 1918 година оделе во Србија како мајстори дрводелци.

Населението потекнува од локалниот простор, но има и доселени од околните села на с. Г. Строгомишта. Од ова население има иселено во с. Црвевци и во Кичево.

---

[324] Исто. 25

[325] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.36

Карактеристично за ова село е тоа што брачните врски не ги формираат во истото село, туку тоа го прават со некое од соседните или од блиските села во регионот. Иселено население има во Турција во 1955 г.[326] Етничката и демографската слика за ова село ја гледаме од пописните документи изработени во 1913 г., ова село има 413 жители и во 1916 г., ова село има 388 жители, што е знак на благо опаѓање на демографската слика за 25 жители поради Балканските војни, болестите и другите притисоци што ги трпело населението, во услови на тотален хаос, безвластие и неконтролирана одмазда од наслагите на османската долговековна власт. Во 1889 г. ова село заедно со долно има 156 куќи, , во 1900 г ова село има 400 жители, во 1912 г ова село има 381 куќи, 1926 г. селото има 72 куќи, а многумина знаеле и албански,. Во 1953 г ова село има 531 албанци, 1-турчин, 4- роми и 1- неопределен[327].

**7.21. Црвевци**

Ова село, сместено во рамница, некогаш било од чифлигарски збиен тип, со сокаци и заградени дворишта, а населението е староседелско и доселено. Дојденото население е претежно од Зајас, Строгомишта и Дебар. Иселеното население живее во Кичево, Лазаровци и Раштани,[328] поделено е на маала итоа: Челиковци, Балажовци, Спаиовци и Врангаловци. За ова село има историски податок од пред 1350 г. и се споменува со името ***Чрвчиштам,*** се мисли на ова село Црвевци. Според историчарот М. Пурковиќ, еден дел од дојденото население: Балажовци, Челиковци и Спаијовци се дојдени од Мат. Православното население од ова село е иселено во 1870 г. Од овие родови со исто име сретнуваме во Гарани, Зајас, Србица, Лисичани (Врангалоски) и Ново Село[329]. Демографската слика на ова село ја гледаме од пописните документи од 1913 г., организирани од српската власт, ова село има 640 жители, во споредба со пописните документи од 1916 г., има 613 жители, што е демографски пад на населението во бројка од 27 жители не земајќи го предвид природниот прираст на населението. Овој демографски пад на населението е резултат на Балканските војни, на сиромаштијата, иселувањето и на

---

326 Трифуновски, Ф, Јован. *Кичевска Котлина*, 56

327 Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони двиежења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.33

328 Смиљанић Тома, Кичевија, *Насеља и порекло становништва* 431.

329 Трифуновски, Ф, Јован. Кичевска Котлина, 53

појавата на сериозните болести што го зафатиле овој регион. За жал, ова население ја делело судбината со останатите населби во регионот на Кичевијата во текот на овој период. Во 1900 г. Ова село има 425 жител, во 1926 г има 112 куќи, и доселени албанци од Зајас и Дебар околу 84 куќи, во 1953 г ова село има 753 жители албанци и 1- неопределен, вкупно има 754 жиели[330].

### 7.22. Гарани

Селото е од збиен тип и неговото име потекнува од поимот ***гара*** што е добиен од производство на ќумур и барут, има и друга претпоставка што потсетува на ***угар или угарење*** или на ***гора, с. Гари -*** Дебарско. Од селото Гарани бил познатиот **Ислам Гарана[331]**, кој бил прочуен во регионот на Битола, Кичево и Крушево[332]. Населувањето на албанскиот елемент доаѓа од Мат, Северна Албанија, прво е дојден еден албански сточар, потоа се дојдени и други жители на Гарани. Населението на ова село повеќето вообичаено формирал брачни врски со Пласница и Србица. Иселено население од Гарани има во: Стрелци, Премка, Жубрино. Етничката и демографската карта на населението од с. Гарани ја гледаме од пописните документи изработени во 1913 година од српската власт, така што ова население има 443 жители во однос на вториот пописен документ изработен по ослободувањето од османската власт во 1916 година и организиран од бугарската власт во

---

[330] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движењa на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.34

[331] Според кажувањата на **Максут Салифоски** жител на с. Преглово, качакот Ислам Гарана боравел по Пласничките Планини во времето на Османската власт, во еден момент на своето дејствување имал непријатна средба со некој си влав од Крушево од родот Буклески, после долгата непријатна расправија дошло до физичка расправија која завршила со пресекување на ушето на Буклески, дедото на Максут по име Незир Салифоски бил слуга кај Буклески, во тој момент многу го молел Ислам да се откаже од физичкиот напад врз Буклески, расврската завршила со мали последици, во знак на благодарност од страна на Буклески врз Незир Салифоски, му понудил преку своите пријатели да го прати за Америка, тоа и се случило Незир заминал за Америка, седел три години, се вратил во 1912 година, прво стасал во Белград кај своите пријатели, кои го молеле да не оди во Пласница бидејќи сега е војна, тој неможел да се воздржи поради децата дошол во Преглово во време кога веќе се правела група за убиства, налетал директно во право време и бил одведен во пештерите на Дворци заедно со 71 жител од селата Пласница и Преглово и бил убиен.

[332] Смиљанић Тома, Кичевија, *Насеља и порекло становништва*. 425

текот на Првата светска војна така што ова население има 413 жители. Ова село, за жал, доживува значаен пад на населението во бројка од 30 жители, што е резултат на силните напади на четничките банди, а поради близината со Поречието ова село како да морало да ги трпи последиците од разни зулуми што се правеле по разни краеви за време на османската власт. Друга причина за демографскиот пад е иселувањето на населението, нередите во текот на Балканските војни, сиромаштијата, појавата на болести во регионот. Ова село во 1889 г. има 80 куќи албанци муслимани, во 1900 г има 400 албанци муслимани, во 1926 г ова село има 60 куќи муслимани, зборуваат албански но знат и македонски[333].

### 7.23. Еринвци (Махмудовци)

Ова село некогаш било во состав со Лазаровци, се претпоставува дека за градот Кичево од ова село била носена вода со водовод. Ериновци е жртвувано од Дели Митре за да го спаси Лазаровци. На местото Чука има пештера за влез на ***неплодници*** за да имаат деца. Населението на Ериновци е доселено од Црвевци од некој Махмуд по кого го добило името Махмудовци. Махмуд дошол од Црвевци како сиромав човек, говедар, на повик од некој Македонец од Лазаровци, за да го штити неговиот имот од зулумџии од соседните села. Во текот на 1912 г. најверојатно ова село застанало на страната на османската војска и давало поддршка поради што било запалено од српската војска и многу машки глави биле стрелани. Во текот на Втората светска војна, кога овој дел од Кичевијата потпаѓа под албанско - италијанска окупација во периодот 1941- 44 година, почнало да се запишува во официјалната администрација како Махмудовци. До 1967 година ова село немало џамија и основно училиште, за верските и образовните потреби ова население одело во Кичево. Демографската слика за ова село ја гледаме од пописните документи работени во 1913 г., кога е изработен попис од српската власт и ова население има 93 жители, во следниот попис извршен во 1916 г. од бугарската власт ова население има 77 жители, при што е забележан демографски пад на населението во бројка од 16 жители, веројатно резултат на Балканските војни, сиромаштијата, болестите и на Првата светска војна, дотогаш невидена

---

[333] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони двиежења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.31

во историјата на светот[334]. Ова село во 1926 г има 10 куќи албанци муслимани и тоа еден род Махмудовци, во 1953 г има 127 албанци, 31 турци, вкупно 158 ж[335].

### 7.24. Лешница

Селото се наоѓа во долината на реката *Лешнича,* неговото име се претпоставува дека потекнува по тоа што во селото има многу *леска.* Старото село се викало Кољоо Село, него го уништиле дојденци од Мат и од Тирана, селото Лешница е од збиен тип и има Горно, Средно и Долно Маало. Во средина на селото има стара ***турска чешма,*** во селото постои нива на манастирот ***Трескавец*** од Прилеп, во селото се забележува македонска носија од гостиварскиот крај. Во постариот период ова село имал поголем атар, но подоцна им е одземен дел од атарот од Зајас и Грешница, а поради тоа во српскиот период во 1912 година настанал судски спор за атарот помеѓу овие села. Атарот на Лешница допирал до познатата ***Арап Кула*** висока 1748 м. Тука поминувал *арамиски пат* преку Бистра, Маврово, Корабска Врата и за Северна Албанија. Поради ваквите појави во овој дел, за време на турската власт постоела **турска кула** до 1912 г., а потоа и српска. Во турско време во Лешница имало доста арамии, краделе стока, а понекогаш и машко население со цел да дојдат до пари. Во 1962 година во ова село имало училиште и учител Албанец. Етнички, ова село е мешано, има албанско и македонско население, населението е доселено од Северна Албанија, Бачишта, во ова село имало појава на склопување на бракови помеѓу албански и македонски семејства врз доброволна основа, со различни верски припадности. Од ова село иселено население има во Тетово, Ново Село, Гостивар, Кичево, Белград, Панчево, Грешница и др. места. Кактеристично за ова село е тоа што неговата демографска слика е нешто поразлична во однос со околните села од овој кичевски регион бидејќи во првиот пописен документ од 1913 година изработен од српската власт во текот на Балканските војни ова населено место има 97 жители, а во вториот нареден попис изработен од бугарската власт ова населено место има 197 жители, при што се забележува покачување на населението за бројка од 100. Изненадува ваквата бројка бидејќи во поголем број населени места имаме намалување на демографската вредност, што не е случај во ова село. Случувањата во Балканските војни, болестите и

---

[334] Трифуновиќ, Ф, Јован. Кичевска Котлина, Скопје 1968, стр. 28

[335] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движежења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.36

Првата светска војна не влијаеле врз ова населено место – Лешница.[336] Ова село во 1889 г има 55 куќи, во 1900 г. им вкупно 245 жители, во 1912 г ова село има 179 жители, во 1926 г ова село има 40 куќи македонци христијани, и 24 куќи муслимански. Старото село било христијанско, уништено од дојденци од Мат и Тирана. Во 1953 г ова село има вкупно 290 жители[337].

### 7.25. Премка

Селото е од збиен тип и се наоѓа на стариот пат за ***Р'бетино,*** некогаш било голема населба, ова село е од мешан етнички состав, но се одвоени едни од други. Селото неколкупати го менувало своето место. Ова село е со добри резерви на железо, графит, олово, сребро, јаглен и сумпор. Ова село било чифлиг на некој бег од Дебар од кого селаните ја откупиле земјата и станале сопственици. Во ова село има доселено и отселено хритијанско и муслиманско население. Има доселено од с. Иванчишта, Берат, Албанија, Дрим, Дебар и Зајас, родот Пустивраговци името го добиле кога се доселиле дошле ***„голи како пусти врагови“*** еден од тој род (Пустивраговци) во текот на ***Илинденското востание*** во Крушево 1903 г. изработувал ***црешови топчиња*** за потребите на Македонската револуционерна организација. Има и отселено население во Белград, Кичево и на други места.[338] Во текот на османскиот период притисокот и нападите врз населението биле силни од албанската муслиманска страна врз христијанското население, по доаѓањето на српската власт односите се изменети и притисокот бил силен од христијанската четничка страна. Во 1927 година во ова село е изградено школо и се поставени два учители. Поради географската положба на ова село, седиштето на општината е тука до 1941 година. Во текот на Втората светска војна ова село потпаѓа под албанско-италијанска власт и има настрадано неколкупати што ќе биде причина за изразено иселување на населението од ова село. Населението на ова село е доселено од: Иванчиште, Пуста Река - Демирхисарско, Мат - Албанија, Шутово, Арангел, Бер - Албанија, Лазарополе, Билеќе - Херцеговина (дошол како џандар), Гарани, Зајас, иселени

---

[336] Трифуновски, Ф, Јован. *Кичевска Котлина*, 70

[337]Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.39

[338] Смиљанић Тома, Кичевија, *Насеља и порекло становништва* 423.

родови од Премка има во Белград, Кичево и Скопје.[339] Населението доживува демографски пад, кој се гледа од пописните документи од 1913 година организирани од српската власт, така што ова село има 319 жители во однос на пописот организиран од бугарската власт во текот на Првата светска војна во 1916 година, кога ова население имало 300 жители, што е реален пад на населението за 19 жители, а е резултат на последиците од Балканските војни, сиромаштијата, иселувањето, болестите и Првата светска војна. Ова население во 1889 г, има 44 куќи, во 1900 г ова село вкупно 365 жители, во 1912/13 г ова село има 47 муслимани, во 1926 г ова село има 51 куќи, во 1953 г селото има вкупно 342 жители[340].

**7.26. Стрелци**

Ова населено место е од разбиен тип. Името *Стрелци* го добило по истакнати лица од селото во стрелање со стрела *орли во лет*. Во ова село имало чифлиг на Ејуповци, Емина и Мехмед-ага од Кичево, родовите во ова село се дојдени од Гарани и од Северна Албанија, а првата џамија во селото е изградена во маалото на Имеровци во 1928 г. Иселени родови од ова село има во Кичево и во Турција. Од пописните документи изработени во 1913 година од српската власт, ова село има 341 жител, но според наредниот попис изработен во 1916 година од бугарската власт ова село има 318 жители, што е знак дека доживува демографски пад на населението за 23 жители, а тоа е резултат на Балканските војни, сиромаштијата, иселуањето и појавата на болести во тој период.[341] Ова населено место во 1889 г имало 156 куќи, во 1900 г ова село има 95 албанци муслимани, во 1926 г ова село има 55 куќи, зборувањето им е на албански и македонски. Во 1953 г ова село вкупно 665 жители.[342]

**7.27. Шутово**

Селото Шутово е во близина на с. Премка, па се мисли дека некогаш во минатото било едно село. Селото е од средно збиен тип, се претпоставува дека овде живеел некој

---

[339] Трифуновиќ, Ф, Јован. Кичевска Котлина, Скопје, 1968, стр. 35

[340] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.30

[341] Трифуновски, Ф, Јован. *Кичевска Котлина,* 30

[342] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.31

*шутрак, шут, налудничав* човек, па од тоа се извлекува потеклото на името на селото. Ова село води потекло најмногу од Гарани, а некогашното име на ова село било *Шутов Дол*. Некогаш ова село било етнички и верски измешано, но денес е со чисто албанско население. За време на турска власт во ова село има запалено црква, а по доаѓањето на српската власт во 1913 г., запалена е и џамијата. Од ова население иселено има во с. Вир - Порече, Белград и Кичево, Турција и Романија.[343] Етничката и демографската слика за ова село ја гледаме од пописните документи изработени во 1913 година од страна на српската власт кога ова село има 554 жители и пописните документи за ова село изработени во 1916 година ова село има 593 жители, во услови двете Балкански војни, глад, сиромаштија, притисок, иселувња и убиства, сепак демографскиот тренд е зголемен. Првата светска војна и формираниот Солунски фронт биле многу значајни за популалцијата во тој регион, бидејќи човечкиот и материјалниот потенцијал за потребите на фронтот и позадината се користеле од селата. Ова село во 1899 г има 53- куќи, во 1900 г ова село има 6- македонци христијани, и 340 албанци муслимани, 1926 г има 100 куќи од кои само една православна (Цветановци). Во 1953 г ова село има 1- македонец, 666 албанец, и 1- турчин, 3- неопределени, вкупно 671 жител[344].

**7.28. Грешница**

Ова село лежи на долина на река Бачишка, која е десна притока на Зајашка Река, во минатото се споменува како Градешница што потсетува на град. Населението на ова село е дојдено од повеќе краеви на регионот и пошироко од: Зајас, Лешница, Мат - Северна Албанија. Ова население за време на првиот попис на населението изработен во 1913 година од српската власт имало 458 жители, во текот на вториот попис изработен од бугарската власт има 504 жители, што значи дека демографската слика на ова село е изменета со позитивен раст на населението за 46 жители. Настаните во текот на Балканските војни, Охридско- Дебарското востание и Првата светска војна негативно влијаеле врз демографската слика на населението. Во овој период народот бил доста вознемирен и во многу населени места населението се иселувало со цел да го спаси својот

---

[343] Трифуновиќ, Ф, Јован. *Кичевска Котлина*, стр. 33

[344]Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони двиежења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.31

живот.[345] Ова село во 1889 г има 18 куќи македонци христијани, со 166 жители, во 1900 г има 350 албанци муслимани, во 1926 г има 75 куќи албанци доселеници од Зајас , во 1953 г има 696 албанци, 3- турци, 1- неопределен, вкупно 700 жители[346]

### 7.29. Длапкин дол

Ова село е од разбиен тип и се наоѓа на патот Кичево - Гостивар. Во почетокот ова село било населено со христијанско население, подоцна, со навлегувањето на албанскиот елемент, ова село добива етничка и религиозна промена во корист на албанскиот муслимански елемент. Доселувањето во ова село е од блиското село Зајас и од други места во регионот и пошироко. Од ова село потекнува народниот пратеник во кралска Југославија Ставре Трпковиќ. Демографската слика за ова село ја добиваме како и за останатите населени места од кичевскиот регион преку пописните документи изработени во 1913 година од српските власти, кога ова село има 235 жители, за разлика од вториот попис изработен во 1916 година бугарската власт, кога ова село има 265 жители. Настаните во текот на Балканските војни, Охридско - Дебарското востание и Првата светска војна негативно влијаеле врз демографската слика на населението, но во ова село е забележан пораст од 30 жители. За ова населено место може слободно да се каже дека нема пад на населението, што е позитивно.[347] Во 1889 г ова село има 31 куќи, во 1900 г ова село има 210 албанци, во 1926 г ова село има 45 куќи муслимани, сите зборуваат македонски и албански, пред 150 г. дојдени се албанци од Зајас, извршиле влијание за етничка, јазична и религиозна промена врз старото население, во 1953 г има 373 албанци, 3- турци, 5- цигани, вкупно 381 жители[348].

### 7.30. Речани (Зајашко)

Село Речани е мало село, но релативно старо населено место. Населението води потекло од Зајас, Бачишта и од други места. Во минатото населението на ова село трпело доста зулуми од зулумџии од околните села, во 1895 година арамиите киднапирале две

---

[345] Трифуновски, Ф, Јован. Кичевска Котлина, 73

[346]Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.33

[347] Трифуновиќ, Ф, Јован. Кичевска Котлина, Скопје, 1968, стр. 74

[348]Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони движења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.34

деца на мала возраст, децата се држани два месеца во шумата, а за да ги ослободат децата, арамиите барале 300 златни лири или во замена имот. Благодарение на турските војници, децата се ослободени без ниту една златна пара. Поради ваквиот пораз, арамиите повторно дошле во селото и запалиле куќи. До 1945 година во с. Речани немало муслимански гробишта, умрените од ова село ги погребувале во соседното село Бачишта или во Зајас, а во ова село до 1967 година немало џамија, така што жителите муслимани за верските потреби ги користеле џамиите од соседните села Зајас или Бачишта. Децата во ова село до 1967 година посетувале настава во с. Лешница. Иселено население има во Кичево и во други краеви. Демографската слика за ова село ја добиваме од пописните документи изработени во српскиот период, чија власт дошла на оваа територија од по заминувањето на турската власт во 1913 година, така што според овие пописни документи ова село има 42 жители, а на следниот попис изработен во 1916 година, за време на Првата светска војна од бугарската воена власт ова население има 36 жители, што е за 6 жители помалку во однос на претходниот попис.[349] Ова село во 1889 г има 19 куќи македонци христијани, со 146 жители, во 1900 г има 45 македонци христијани, во 1926 гима 8- куќи од кои 6- муслимански и 2- христијански, во 1953 г има 69 албанци, 9- македонци, вкупно 78 жители[350].

### 7.31. Жубрино

Жубрино се наоѓа на економски поволна положба, ова село било чифлиг на Канла - ага од Кичево, по потекло бил од Северна Албанија, кој имал изградено кула и амбар. До 1880 г. во селото имало и Македонци - христијани чивчии, кои живееле на имот на Алил - ага, син на Канла - ага. По извесно време сопственикот на чифлигот Алил- ага почнал да го продава имотот на некои Албанци од Ќафа, а следело и населување од околните места во Жубрино. Последниот чифлиг - сајбија го продал имотот во 1912 г., амбарот бил сместен во местото викано Чифлиг, тука денес живее Зија Салијоски. Во селото има џамија изградена во 1934 година, пред тоа муслиманите посетувале џамија во Србица. Во селото има доселено население од околните села, како на пример: Гарани, Црвевци, Ќафа, Србица, Туин и од Северна Албанија. По Втората светска војна има иселено население од

[349] Трифуновиќ, Ф, Јован. Кичевска Котлина, Скопје, 1968, стр. 69

[350] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони двиежења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.36

ова село во Кичево и во Турција[351]. Има население дојдено како мухаџири од Видин. Етничката и демографската слика на ова село во текот на Балканските војни ја гледаме од пописните документи спроведени во 1913 година, кога ова население има 209 жители и во 1916 година, кога ова население според пописот изработен од бугарската власт има 221 жител, што е благ пораст на населението имајќи ги предвид сите тешкотити на населението во време на војни, болести, масовни иселувања и депоратации. Сепак, ова население успеало да ја зачува етничката и демографската состојба на задоволително ниво. Ова село во 1889 г има 2- куќи македонци христијани, со 23 жители и 50 куќи на муслимани, во 1900 г ова село има 260 албанци муслимани, во 1926 г ова село има 32 куќи албанци муслимани, една од овие куќи се дојдени од Видин, во 1953 г ова село има 253 албанци, 1- турчин вкупно има 294 жители[352].

Мигративните движења во Кичевско – Бродскиот регион се активни во периодот пред промена на власта, во текот на промена на власта со немирите од Балканските војни и појавата на Првата светска војна. Во поттикнување на колективната свест за мигративни појави не се само причини настаните во блиското опкружување, знатно влијание има и настаните во поширокиот просторот на Македонија, тоа е причина за создавање на колективна свест и појава како бран во сите региони во Македонија. Информациите за масовни ликвидации, грбежи, силувања и други нечовечки однесувања стигнувале од сите краеви и сето тоа влијаело за поттикнување на појавата и процесот на иселување. Од табелите ќе ја видиме демографската слика на населението, како се движело населението од еден попис до друг.

[351] Трифуновиќ, Ф, Јован. Кичевска Котлина, Скопје, 1968, стр. 50

[352] Фонд, Спомени, АИНИ, Сл. IV.248, Миграциони двиежења на Шиптарското малцинство во Македонија, Тодороски Глигор, Стојаноски. Александар, Иваноски, Орде Скопје. 1965. Стр.35

# ЗАКЛУЧОК

Социо - политичката и економската историја на Балканот и Македонија во текот на XIX и XX век, во голема мера е продукт на миграциите на населението и преселбите (доброволни и присилни). Миграциите се познат феномен на народите и во човековата историја претставуваат секое движење на населението од едно место на живеење во друго место на живеење, народите отсекогаш имале особено динамична улога во трансформацијата на човековото општество. Миграциите се една од најзначајните, најраспространети и најтрајни феномени во современиот свет. Преселбите се неизбежен детал од европската историја и заземаат значајно место во историографските проучувања.

Одредени делови на Балканот со процесот на мигративните движења добиле речиси целосен турски етнички карактер по османлиското освојување на областа. Властите во минатото ја користеле колонизацијата како процес на доселување на муслиманско население од Мала Азија, како и исламизацијата на локалното христијанско население за зацврстување на својата власт, со тоа формирале лојално население на кое можела да се потпре власта во тој период. Османската власт во текот на своето владеење била најцврста онаму каде во мнозинство живеело турско или муслиманско население.

И покрај обидите на османските власти да колонизираат муслиманско и турско население во Македонија тие не успеале коренито да го променат верскиот или етничкиот состав на населението се до појавата на балканските војни со заминувањето на османлиите од Македонија и поширокиот балкански простор. Мора да се истакне дека кај османлиите не постоела онаа силна тенденција да создаат етнички чиста држава, каква што била идеологијата на повеќето млади балкански монархии како на пример: Грција, Србија, Бугарија или Црна Гора. Османлиската империја речиси до нејзиниот крај почивала на средновековниот религиозен принцип, за верска, а не национална идентификација на населението.

Повеќевековното османско владеење имало значајно влијние врз формирањето на верската и етничката структура на населението во Кичевската област и Поречието. На почетокот на XX век спомenатите области административно припаѓале на Кичевската каза. По балканските војни и воспоставувањето на српската власт дотогашната каза била поделена во две административни околии поради фактот што административната и територијалната поделба се правела за етнички, политички и државни интереси, надвор од

законот на науката со силно влијание на политиката. Ваквата поделба со мали промени ќе опстојува во меѓувоениот период од 1918 година до 1941 година, како и по 1944 година.

Како и во повеќето македонски области и во Кичевско и Поречието во периодот на Балканските и Првата светска војна се бележи намалување на вкупниот број на жители, во 1913 година, во Кичевскиот регион населението брои 31.784 жители додека во Бродскиот регион населението брои 19.034 жители или вкупно население во Кичевско и Бродскиот регионо изнесува 50.817 жители. додека за истото население во следниот пописен документ изработен од страна на Бугарската власт изнесува: за Кичевскиот регион 30.610 жители што е бројка помала за 1.174 жители во однос на предходниот пописен период од 1913 г., додека за Бродскиот регион изнесува 15.291 што е помалку за 3.742 жители во однос на пописот од 1913 година или на ниво на Кичевско и Бродски регион имаме 45.901 жител што е помалку за 4.916 жители помалку во однос на пописот од 1913 г. следниот пописен документ од 1921 за изнесува Кичевскииот регион изнесува 28.228 жители што е помалку за 2.382 жители помалку во однос на пописот од 1916 г, додека за Бродскиот регион изнесува 16.054 жители каде се бележи млад порас на населението за 763 жители. На ниво на Кичевско- Бродски регион изнесува 44.282 жители што е помалку за 1.619 жители помалку во однос на пописот од 1921 г. Според пописот од 1931 г во Кичевскиот регион имаме 32.101 жители, додека во Бродскиот регион имаме 18.740 жители во Кичевско Бродскиот регион имаме 50.841 жители што е зголемување на населението за 6.559 жители. Популационото движење на населението во однос на 1913 г. со тенденција на намалување се бележи и кај православното и кај муслиманското население изразено во проценти во Кичевската околија, каде во општините населени исклучиво со православно македонско население демографскиот пад во периодот 1913 - 1921 година изнесува 11.7%. Стабилизирањето во приликите во дваесетите години допринело да се зголеми бројот на православното македонско население во Кичевската околија. Во 1931 година во околијата живееле 15.957 православни жители *Срби или Хрвати по мајчин јазик,* речиси без исклучок православното македонско население, кое во однос на 1921 година се зголемило за 10%. Македонското православно и албанското население во Кичевската околија во периодот 1921 – 1931 година имаат речиси идентичен процентуален пораст. Кај албанското население порастот е 9.35%.

Поголем пораст од просечниот кај македонското православно население во Кичевската околија се бележи во поoделни селски општини. На пример во општината Кленоец во периодот 1921 - 1931 македонското православно население се зголемило за 14.2%. Има и спротивни примери, како што е селото Цер, кое било засебна општина, каде од 1913 до 1931 година се бележи постојан пад во бројот на жителите. Бројот на жителите во Кичевската околија продолжил да расте и во следниот период вклучувајќи го и бројот на Македонците.

Намалување на бројот на македонското православно население за време на балканските и Прават свтска војна и демографски раст во меѓувоениот период се бележи и во Поречката околија. До балканските војни обласга Порече административно била дел од Кичевската каза. Со административната поделба од 1913 година кон Поречката околија биле придодадени и неколку села од северозападните делови на Прилепско поле. Во 1913 година во околијата која била дел од Тетовскиот округ биле евидентирани 19.033 жители. До балканските војни поголемиот дел од православното македонско население во Порече било просрпски ориентирано, под јурисдикација на Цариградската патријаршија. Според одредени проценки во 1908 година околу 7.500 православни жители во 35 села во Порече биле приврзаници на српското влијание.

Во 1921 година во Поречката околија биле евидентирани 11.548 православни жители (71.9%), речиси без исклучок православно македонско население. Во околијата имало 16.054 жители, односно 15.6% помалку во однос на 1913 година. Во меѓупописниот период 1913 - 1921 година дошло до намалување на населението и во православните и во муслиманските села.

За разлика од нестабилните години на балканските и Првата светска војна, во текот на дваесетите години доѓа до стабилизација на состојбите и до пораст на бројот на жителите. Во 1931 година во Поречката околија живееле 18.740 жители безмалку бројот на жители го достигнал нивото од 1913 година. Официјалната статистика во 1931 година во Поречката околија евидентирала 13.603 православни жители *Срби или Хрвати* по мајчин јазик. Всушност македонското православно население во 1931 година во околијата претставувало 72.6% од вкупниот број на жители, а во однос на 1921 година бележи демографски раст од 17.8%.

Во текот на дваесетите и триесетите години неколку десетини македонски домаќинства од поречките села се преселиле во Дебреште и Лажани во Поречката околија и во Десово и Браилово во Прилепската околија од каде се иселувало муслиманско, турско и албанско население. Во 1931 година просечно едно македонско православно семејство имало пет до седум членови. Бројот на македонското население во Поречката околија продолжил да расте и во текот на триесетите и четириесетите години. Во 1948 година во тогашната Бродска околија биле евидентирани 17.377 Македонци. За разлика од меѓувоениот период кога се бележи постојан демографски раст, во периодот по Втората светска војна областа Порече е опфатена од силен процес на депопулација.

Муслиманското население се покажало како исклучително мигрантно во периодот после балканските војни и особено во меѓувоениот период. Ова население живеело во компактни заедници во Скопско, Реканскиот крај, Жупа, Дримкол, Тиквеш, Пијанец, во неколку села во Пелагонија и во шарпланинските села Јеловјане и Урвич. Во градовите Кичево и Кавадарци, до балканските војни мнозинство било токму муслиманското население.

Во Поречката околија во 1921 година муслиманите биле сконцентрирани во општините: Долно Рабетино и Дебреште. Во 1921 во двете општини живееле речиси 3.000 муслимани. Како и во другите околии еден дел од ова население (во Дебреште) се евидентирани како Турци по мајчин јазик. Во 1931 година во Поречката околија живееле 3.403 *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со муслиманска вероисповед.

Иселување на муслиманското население имало и од Кичевската област. Тоа започнало во 1913 година, а помасовно продолжило во периодот 1924 - 1927 година. Според проценката на Ј. Трифуноски во наведениот период од областа во Турција се иселиле околу 200 домаќинства со 1.200 жители.

Значајно присуство на албанско население во 1921 година се бележи во Кичевската околија, каде се евидентирани 9.203 *Арнаути* по мајчин јазик, односно 32.6% од вкупното население во околијата. Во 1921 година 8.3% од албанското население во Вардарска Македонија живеело во Кичевската околија. Оваа околија „предничи“ во однос на останатите административни единици во Вардарска Македонија по застапеноста на албанското население во селските средини. Дури 99.6% од Албанците во околијата живееле надвор од административниот центар на Кичево. Во градот во 1921 година само

35 жители се евидентирани како *Арнаути.* Според пописот од 1921 година во градот живееле 4.792 жители, од кои 3.547, (74.0%) биле со муслиманска вероисповед и 1.245, (25.9%) биле православни.

Една од спецификите на Кичево е дека муслиманските жители во најголем број по мајчин македонски јазик се евидентирани како *Срби или Хрвати.* Всушност во градот најбројно било муслиманското население чии мајчин јазик бил македонскиот. Меѓу градското муслиманско население имало и примеси на албанско и во помал број турско население кое во новата средина релативно брзо се асимилирало во мнозинското муслиманско население, прифаќајќи го македонскиот јазик. Албанското население било мнозинско во општините во северниот дел на околијата, Доленци, Мидинци, Осломеј, Премка и Раштани. Споредувајќи ги статистичките податоци од 1921 година со пописот од 1913 забележливо е опаѓање на бројот на албанското население. Најголемото село во околијата, и едно од најголемите села во Вардарска Македонија, Зајас населено со албанско население во 1913 година имало 2.157 жители, во 1916 година бугарските власти во селото регистрирале 1.992 жители, додека во 1925 година во селото имало 297 домаќинства со 1.847 жители.

Намалувањето на бројот на албанското население се должи на настаните од септември 1913 година кога албанското население од Кичевската околија активно се вклучило во „Албанската буна". Селата: Бериково, Ериновци, Гарани, Грешница, Поповјани, Премка, Србица, Шутово, С`лп, Староец, Црвивци, Туин, Трапчин дол и Зајас биле целосно или делумно запалени, од страна на српската војска. Имало и неколку стотини човечки жртви, голема материјална и друга загуба. Најголем број на човечки загуби имало во селото Зајас, каде во текот на 1913 година околу 240 жители биле убиени. Во споменатите настани особено настрадало селото С`лп, кое било запалено, преживеаните жители се раселиле, селото повеќе не било обновено, потоа селото Староец, Пласница, Дреново, Лажани, и други села од регионот..

Во текот на третата деценија на XX век доаѓа до стабилизирање и пораст на бројот на албанското население во Кичевската околија. Пописот од 1931 година покажува дека во Кичевската околија живееле 10.062 Албанци, односно 31.3% од вкупното население во околијата. Во 1931 година 7.8% од албанското население во Вардарска Македонија живеело во Кичевската околија. За разлика од неалбанското муслиманско население кое

помасовно се иселувало од Кичевската околија мигрирајќи во Турција, иселувањето на албанското население било поумерено, заради што и се бележи негов пораст помеѓу двата пописи. Зголемување на населението има во сите општини каде живеело албанско население, Мидинци, Осломеј, Раштани, Премка и Доленци. Зголемувањето на бројот на албанското население ќе продолжи и во следните години за што сведочат и податоците од првиот попис на населението одржан по Втората светска војна во 1948 година, кога во Кичевската околија живееле 12.402 Албанци (33%).

За време на Втората светска војна поголемиот дел од Кичевската област бил под италијанско - албанска власт, додека Поречието се наоѓало под бугарска власт. Од италијанско - албанската окупациона зона во периодот 1941 – 1944 година имало иселување на македонското православно и христијанско население под притисок на окупационите власти и други неформални формации.

По 1944 година областа влегува во еден сосема нов период од својата историја. Етничката шареноликост, карактеристична без исклучок за сите балкански земји се огледа и во составот на населението на Македонија по конституирањето на македонската држава во рамките на тогашна Авнојска Југославија во 1944 година.

Почнувајки од 1948 година, редовно се одржувале пописи на населението преку кои можеме да ги следиме и етничките движења и промени кои настанале во македонското општество предизвикани од повеќе фактори. Значајно е да се истакне дека Македонците како посебен народ официјално се појавуваат во една државна статистика дури во споменатиот попис од 1948 година. По Втората светска војна, Македонија се развива како засебна република во една национално доста хетерогена држава, при што таа хетерогеност имала и влијание врз етничката структура на населението во Македонија, најповеќе преку доселување на население од другите југословенски републики, пред се од Србија, Косово и во помал број од Црна Гора, а помалку преку иселување на население од Македонија, најчесто од економски причини, или како колонисти во Војводина веднаш по 1945 година. Во исто време врз етничката структура влијаело и иселувањето на еден дел од турското и друго муслиманско население од Македонија, особено во педесетите години.

Една од главните карактеристики на етничките придвижувања после Втората светска војна е иселувањето на дел од турското и друго муслиманско население

почнувајки од средината на педесетите години. Ова всушност било само продолжение на еден подолг историски процес кој започнал веднаш по појавата на балканските војни во Македонија, а на балканските простори многу порано. Се проценува дека за неколку децении околу 200.000 лица се иселиле во Турција, што се разбира претставува едно масовно миграционо движење. Причните биле помалку политички, а повеќе економски, социјални и психолошки. Почнувајки од 1953 година, започнува континуираното намалување на бројот на турското население, иако до крајот на проследуваниов период, дел од населението со муслиманска вероисповед се декларирало за турско. Ова пред сé се однесува на населението со муслиманска вероиисповед, како и на дел од албанското население кои заради верата се идентификувале со турскиот народ, заради што и дел од нив се иселиле во Турција во текот на педесетите години.

Наведените процеси влијаеле и врз демографските карактеристики на Кичевско-Бродскиот регион. Карактеристично е различното декларирање на националната припадност на муслиманските популации на пописите по Втората светска војна, појава која во голема мера била обусловена од миграцијата кон Турција. Ова е особено карактеристично за муслиманите со македонски говорен јазик. Во 1948 година најголениот дел од муслиманите се декларирале за Македонци. Почнувајќи од селата во скопска торбешија, селата Урвич и Јеловјане во Тетовско, Горно Врановци и Мелница во Велешко, Пласница, Челопеци и Лисичани, Кичевско еден дел од селата во реканскиот крај како Жировница, Ростуше, Могорче, како и во Лабуништа, Подгорци, Октиси и Боровец во Дримкол, како и во други помали места. Во 1953 година и на следните пописи најголемиот дел од жителите на именуваните места се декларирале за Турци.

Ќе го посочиме примерот на селата Пласница и Преглово населени со муслимани, кои вкупно во 1948 година. имале 2.114 жители од кои 2.110 се декларирале за Македонци, а немало ниту еден Турчин, но веќе во 1953 година, најголемиот дел од муслиманското население на овие две села се изјаснило за турско, односно на пописот во 1953 година, 1.934 жители се декларирале за Турци по националност. Од споменати села како и од соседните Лисичани, Челопеци и повеќе други села во текот на педесетите години миграцијата кон Турција ќе има значајно влијание врз демографските прилики.

Како пример ќе го наведеме и градот Кичево, во кој во 1948 година, Македонците сочинувале 61.8% од населението. Во градот мнозинското население било со муслиманска

вероисповед но со мајчин македонски јазик. Ова го потврдуваат и податоците од 1921 година, кога незначителен дел од муслиманското население во градот се изјаснило за турскиот или албанскиот како мајчин јазик. Кичево е карактеристично по тоа што најголемиот дел од населението без разлика на верата како мајчин јазик го имале македонскиот. Според истражувачите оваа муслиманска супгрупа во Кичево која го имала македонскиот јазик како мајчин, всушност настанала со мешање на локалното македонско население кое го прифатило исламот, албанското население кое најчесто се доселувало од околината на Дебар или од селата на север од градот и од мал број на Турци кои во градот останале да живеат како службеници или отслужени војници. Меѓу ова население заради истата вера доаѓало до брзо претопување, но заради доминантноста на македонското население, македонскиот јазик останал да биде главно обележје на ова население и покрај тоа што најголемиот дел од него преку религијата се идентификувало со турскиот народ. Со помасовното населување на албанско население од околните села по Втората светска војна во Кичево, започнал да се одвива еден обратен процес. Заради истата вера, семејни врски и др. еден дел од муслиманското население во градот започнало да го прифаќа албанскиот јазик и се разбира да влегува во таа културна свера.

Врз демографските поместувања влијание имала и политиката на социјалистичката систем и неговата политика кон селото, пред се колективизацијата. Во овој случај демографските поместувања, односно брзото напуштање на некогаш големите и бројни селата пред се од страна на Македонците и нивното заминување во поголемите градски и индустриски центри, допринело да дојде и до етнички поместување во споменатите области, кое започнало по завршувањето на неуспешната колективизација на селата, во која учествувале пред се селаните Македонци, додека во албанските села во овие области и во други места речиси и да не дошло до колективизацијата заради организираниот и силен отпор на населението кон овој државен експеримент. Споменатата колективизација ќе допринесе во период од нецели две децении голем дел од македонските села да опустат, со што дошло до корените менување на демографската структура на македонското општество.

Почнувајќи од средината на педесетите години како резултат на споменатите социјалистички експерименти во селата, но и заради аграрната пренаселеност многи села

од Поречието и Кичевско ќе започнат забрзано да се празнат, миграционен процес кој ќе предизвика значајна депопулација на Поречието и јужните делови на Кичевската котлина.

# ПРИЛОЗИ

## ПОДАТОЦИ ЗА НАСЕЛЕНИЕ КИЧЕВСКО - БРОДСКИОТ РЕГИОН ЗА ПЕРИОДОТ 1913 - 1961 КИЧЕВСКИ РЕГИОН

| | | 1913 | 1916 | мусл | христ | 1921 | Мусл | Хрис | 1931 | мусл | хрис | 1948 | 1953 | 1961 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ОПШТИНА/Село | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | **БЕЛИЧКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Белица | 717 | | | | | | | | | | 873 | 878 | 702 |
| | Козица | 367 | | | | | | | | | | 395 | 394 | 306 |
| | | **1.084** | | | | **923** | | 923 | | | | **1.268** | **1.272** | **1.008** |
| 2 | **БРЖДАНСКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Брждани | 549 | | | | | | | | | | 366 | 347 | 328 |
| | Видрани | 90 | | | | | | | | | | 132 | 134 | 101 |
| | Дрогово | 375 | 396 | 396 | | | | | | | | 537 | 615 | 606 |
| | Јудово | 200 | | | | | | | | | | 254 | 299 | 239 |
| | Подвис | 208 | | | | | | | | | | 217 | 198 | 188 |
| | Пополжани | 117 | | | | | | | | | | 142 | 166 | 164 |
| | Свињишта | 284 | | | | | | | | | | 228 | 243 | 237 |
| | С.Доленци | 201 | | | | | | | | | | 337 | 317 | 250 |
| | | **2.024** | | | | **1.746** | 374 | 1.372 | **2.321** | 489 | 1.832 | **2.213** | **2.319** | **2.113** |
| 3 | **ДОЛЕНЕЧКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Доленци | 163 | | | | | | | | | | | | |
| | Аранѓел | 294 | | 270 | | | | | | | | | | |
| | Бериково | 199 | | 191 | | | | | | | | | | |
| | Јагол | 313 | | 173 | 128 | | | | | | | | | |
| | Папрадиште | 280 | | | | | | | | | | | | |
| | Поповјани | 117 | | 134 | 84 | | | | | | | | | |
| | Туин | 925 | 948 | 792 | 150 | | | | | | | | | |
| | | **2.091** | | | | **2.194** | 1.691 | 503 | **2.435** | 1.852 | 583 | | | |
| 4 | **КАРАБУНИЧКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Атишта | 74 | | | | | | | | | | 101 | 100 | 109 |
| | Вранештица | 641 | | | | | | | | | | 792 | 797 | 745 |
| | Карабуница | 479 | | | | | | | | | | 312 | 285 | 240 |
| | Кладник | 462 | | | | | | | | | | 411 | 379 | 273 |
| | Србјани | 373 | 366 | 104 | 262 | | | | | | | 526 | 565 | 473 |
| | Староец | 185 | | 82 | | | | | | | | 258 | 303 | 325 |
| | | **2.214** | | | | **1.847** | 147 | 1.700 | **1.986** | 234 | 1.752 | **2.400** | **2.429** | **2.165** |
| 5 | **КИЧЕВО-град** | | | | | | | | | | | | | |
| | | **5.430** | **4.939** | 3.809 | 1.130 | **4.792** | 3.547 | 1.245 | **6.382** | 4.396 | 1.854 | **7.260** | **9.567** | **10.324** |
| | **МАЛОЦРСКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | М.Црско | 415 | | | | | | | | | | 292 | 234 | 122 |
| | Г.Црско | 343 | | | | | | | | | | 223 | 215 | 97 |
| | Прострње | 533 | | | | | | | | | | 509 | 468 | 295 |
| | Велмевци | 725 | | | | | | | | | | 619 | 511 | 227 |
| | | **2.016** | | | | **1.767** | | 1.767 | **2.447** | | 2.441 | **1.643** | **1.428** | **741** |
| 6 | **МИДИНИЧКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Мидинци | 102 | | | | | | | | | | 156 | 166 | 259 |
| | Бачишта | 450 | | 420 | | | | | | | | 475 | 501 | 527 |
| | Букојчани | 190 | **173** | 18 | 155 | | | | | | | 162 | 185 | 213 |
| | Вајас | 2.157 | | 1992 | | | | | | | | 1.869 | 2.109 | 2.343 |
| | Колари | 243 | | 245 | | | | | | | | 430 | 487 | 582 |
| | | **3.142** | | | | **2.725** | 2.500 | 225 | **3.106** | 2.832 | 252 | **3.092** | **3.448** | **3.924** |
| 7 | **ОРЛАНЕЧКЛА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Б.Доленци | 280 | | | | | | | | | | 234 | 243 | 210 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Лисичани | 591 | **562** | 495 | 67 | | | | | | | 851 | 999 | 901 |
| | Миокази | 176 | | | | | | | | | | 215 | 202 | 277 |
| | Орланци | 566 | | | | | | | | | | 514 | 474 | 392 |
| | Челопеци | 415 | **441** | 220 | 201 | | | | | | | 576 | 620 | 421 |
| | | **2.032** | | | | **1.819** | 721 | 1.098 | **2.044** | 847 | 1.197 | **2.390** | **2.538** | **2.201** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **8** | **ОСЛОМЕЈСКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Г.Стругомишта | 413 | | 338 | | | | | | | | 506 | 537 | 596 |
| | Д.Стругомишта | 201 | | | | | | | | | | 278 | 301 | 340 |
| | Жубрино | 209 | | 221 | | | | | | | | | | |
| | Осломеј | 148 | | | | | | | | | | | | |
| | Црвевци | 640 | | 613 | | | | | | | | | | |
| | | **1.611** | | | | **1.468** | 1.332 | 136 | **1.557** | 1.420 | 137 | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **9** | **ПРЕМЉАНСКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Гарани | 443 | | 413 | | | | | | | | | | |
| | Јериновци | 93 | | 77 | | | | | | | | | | |
| | Лазаровци | 118 | | | | | | | | | | | | |
| | Новосело | 254 | **269** | 205 | 64 | | | | | | | | | |
| | Премка | 319 | **300** | 50 | 250 | | | | | | | | | |
| | Србица | 753 | | 1.050 | | | | | | | | | | |
| | Стрелци | 341 | | 318 | | | | | | | | | | |
| | Шутово | 554 | | 593 | | | | | | | | | | |
| | | **2.875** | | | | **2.717** | 1.332 | 383 | **2.847** | 2.406 | 441 | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **10** | **РАШТАНСКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Грешница | 458 | | 504 | | | | | | | | 666 | 700 | 813 |
| | Длапкин дол | 287 | | 265 | | | | | | | | 576 | 620 | 421 |
| | Зајас-речани | 42 | **36** | 32 | 4 | | | | | | | 75 | 78 | 88 |
| | Јаворац | 153 | | | | | | | | | | 172 | 193 | 139 |
| | Кнежино | 249 | | | | | | | | | | 214 | 191 | 157 |
| | Лешница | 97 | **197** | 113 | 84 | | | | | | | 264 | 290 | 302 |
| | Трапчин дол | 235 | | 214 | | | | | | | | 381 | 404 | 459 |
| | Осој | 177 | | | | | | | | | | 234 | 270 | 194 |
| | Раштани | 252 | | | | | | | | | | 365 | 409 | 355 |
| | | **1.950** | | | | **1.914** | 1.117 | 797 | **2.250** | 1.305 | 945 | **2.947** | **3.155** | **2.928** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **11** | **СВЕТОВРАЧА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Дупјани | 242 | | | | | | | | | | 208 | 195 | 142 |
| | Козичино | 273 | | | | | | | | | | 254 | 226 | 188 |
| | Крушица | 113 | | | | | | | | | | 138 | 127 | 103 |
| | Патеец | 84 | | | | | | | | | | 234 | 270 | 194 |
| | Рбетино | 104 | | | | | | | | | | 90 | 82 | 72 |
| | Речани | 95 | | | | | | | | | | 142 | 156 | 133 |
| | Световрача | 168 | | | | | | | | | | 152 | 145 | 106 |
| | | **1.079** | | | | **888** | 11 | 877 | **987** | 38 | 949 | **1.218** | **1.201** | **938** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **12** | **ЦЕРСКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Соп | 213 | | 244 | | | | | | | | | | |
| | Цер | 1.169 | | | | | | | | | | 1.072 | 1.163 | 945 |
| | | **1.382** | | | | **953** | | 953 | **888** | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **13** | **КЛЕНОВАЧКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Кленоец | 205 | | | | | | | | | | 220 | 210 | 199 |
| | Добреноец | 446 | | | | | | | | | | 206 | 202 | 120 |
| | Душагубица | 352 | | | | | | | | | | 374 | 457 | 336 |
| | Ехловец | 438 | | | | | | | | | | 458 | 478 | 431 |
| | Иванчишта | 381 | | | | | | | | | | 434 | 430 | 388 |
| | Лавчани | 411 | | | | | | | | | | 494 | 513 | 449 |
| | Малкоец | 220 | | | | | | | | | | 258 | 282 | 290 |
| | Попоец | 306 | | | | | | | | | | 397 | 395 | 375 |
| | | **2.654** | | | | **2.475** | | 2.475 | **2.851** | 23 | 2.826 | **2.841** | **.967** | **.588** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **КИЧЕВСКИ РЕГИОН** | | **31.784** | | | | **28.228** | 13.774 | 14.454 | **32.101** | 15.853 | 16.096 | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| 913 | **1.784** | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1916 | **0.610** | | | | | | | | | | | | | |
| 1921 | **8.228** | | | | | | | | | | | | | |
| 1931 | **2.101** | | | | | | | | | | | | | |
| 1948 | | | | | | | | | | | | | | |
| 1953 | | | | | | | | | | | | | | |
| 1961 | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | **БРОДСКИ РЕГИОН** | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **1** | **БРЕСТОВАЧКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Брезница | 361 | | | | | | | | | | 295 | 319 | 332 |
| | Брест | 247 | | | | | | | | | | 378 | 439 | 405 |
| | Косово | 220 | | | | | | | | | | 315 | 344 | 332 |
| | Тажево | 231 | | | | | | | | | | 233 | 250 | 248 |
| | | **1.059** | | | | | | | | | | **1.221** | **1.352** | **1.317** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **2** | **БРОДСКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Брод | 277 | | | | | | | | | | 567 | 620 | 948 |
| | Девич | 117 | | | | | | | | | | 223 | 259 | 264 |
| | Дреново | 364 | | 241 | | | | | | | | 214 | 240 | 187 |
| | Сланско | 552 | | | | | | | | | | 599 | 612 | 579 |
| | Суводол | 22 | | | | | | | | | | 113 | 106 | 123 |
| | Требино | 132 | | 55 | | | | | | | | 160 | 147 | 211 |
| | | **1.464** | | | | **1.544** | 317 | 1.227 | **1.550** | 51 | 1.492 | **1.876** | **1.984** | **2.312** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **3** | **ДЕБРЕШКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Барбарас | 32 | | | | | | | | | | | | |
| | Белушино | 251 | | 203 | | | | | | | | | | |
| | Борино | 341 | | 326 | | | | | | | | | | |
| | Дебреште | 980 | | 1.210 | | | | | | | | | | |
| | Жабјани | 92 | | | | | | | | | | | | |
| | Житоше | 898 | | 793 | | | | | | | | | | |
| | Чакреново | 135 | | 140 | | | | | | | | | | |
| | Кошино | 225 | | | | | | | | | | | | |
| | Крапа | 673 | | | | | | | | | | | | |
| | Лажани | 732 | | 427 | | | | | | | | | | |
| | Ропотово | 256 | | | | | | | | | | | | |
| | Саждево | 173 | | 162 | | | | | | | | | | |
| | | **4.788** | | | | **3.875** | 2.815 | 1.060 | **5.188** | 3.582 | 1.604 | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **4** | **Д. Р`БЕТИНСКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Дворци | 136 | | | | | | | | | | 112 | 122 | 134 |
| | Ижиште | 194 | | | | | | | | | | 410 | 254 | 197 |
| | Латово | 264 | | | | | | | | | | 325 | 341 | 318 |
| | Ореоец | 123 | | | | | | | | | | 175 | 193 | 153 |
| | Пласница | 1.220 | | 994 | | | | | | | | 1.603 | 1.739 | 1.584 |
| | Преглово | 383 | | 314 | | | | | | | | 511 | 573 | 601 |
| | Русјаци | 283 | | | | | | | | | | 352 | 365 | 328 |
| | | **2603** | | | | **2.419** | 1.360 | 1.059 | **2.046** | 1.439 | 1.006 | **3.488** | **3.587** | **3.315** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **5** | **ЛОКВИЧКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Белица | 311 | | | | | | | | | | 368 | 415 | 376 |
| | Вир | 271 | | | | | | | | | | 265 | 296 | 245 |
| | Локвица | 751 | | | | | | | | | | 781 | 868 | 870 |
| | Модришта | 106 | | | | | | | | | | 233 | 265 | 260 |
| | Црешнево | 406 | | | | | | | | | | 522 | 604 | 579 |
| | | **1845** | | | | **1.994** | 3 | 1.991 | **2.393** | 25 | 2.368 | **2.169** | **2.448** | **2.330** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **6** | **МАНАСТИРЕЧКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Драгов дол | 64 | | | | | | | | | | 115 | 130 | 141 |
| | Инче | 126 | | | | | | | | | | 162 | 157 | 158 |
| | Калуѓерец | 182 | | | | | | | | | | 175 | 181 | 162 |
| | Манастирец | 542 | | | | | | | | | | 320 | 329 | 309 |
| | Могилец | 289 | | | | | | | | | | 237 | 242 | 194 |
| | Томино село | 299 | | | | | | | | | | 222 | 237 | 212 |
| | Тополница | 248 | | | | | | | | | | 303 | 315 | 253 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1750** | | | | **2.196** | 6 | 2.196 | **2.397** | 5 | 2.392 | **1.534** | **1.591** | **1.429** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **7** | **РАСТЕШКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Битово | 232 | | | | | | | | | | 288 | 316 | 314 |
| | Ботушје | 551 | | | | | | | | | | 244 | 275 | 289 |
| | Волче | 160 | | | | | | | | | | 102 | 115 | 117 |
| | Заград | 88 | | | | | | | | | | 58 | 101 | 114 |
| | Близанско | 22 | | | | | | | | | | | | |
| | Здуње | 295 | | | | | | | | | | 474 | 522 | 533 |
| | Корито | 383 | | 128 | | | | | | | | | | |
| | Растеш | 347 | | | | | | | | | | 394 | 461 | 492 |
| | Требовље | 140 | | | | | | | | | | 187 | 170 | 164 |
| | | **2.218** | | | | **1.689** | | | **2.046** | | | **1.747** | **1.960** | **2.023** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **8** | **САМОКОВСКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Бенче | 349 | | | | | | | | | | 451 | 500 | 437 |
| | Звечан | 341 | | | | | | | | | | 301 | 307 | 294 |
| | Зркле | 167 | | | | | | | | | | 240 | 188 | 276 |
| | Ковач | 34 | | | | | | | | | | | 238 | 201 |
| | Ковче | 296 | | | | | | | | | | 74 | 200 | 85 |
| | Пупште | 424 | | | | | | | | | | 460 | 396 | 327 |
| | Рамне | 314 | | | | | | | | | | 352 | 378 | 380 |
| | Сушица | 245 | | | | | | | | | | 252 | 241 | 167 |
| | | **2170** | | | | **2.337** | 5 | 2.332 | **2.720** | 14 | 2.706 | **2.130** | **2.448** | **2.167** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **9** | **СЛАТИНСКА** | | | | | | | | | | | | | |
| | Г.Крушје | 318 | | | | | | | | | | 417 | 419 | 382 |
| | Грешница | 323 | | | | | | | | | | 298 | 312 | 229 |
| | Д.Крушје | 149 | | | | | | | | | | 138 | 143 | 137 |
| | Слатино | 349 | | | | | | | | | | 266 | 271 | 265 |
| | | **1.139** | | | | | | | | | | **1.119** | **1.145** | **1.013** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **БРОДСКИ РЕГИОН** | | **19.033** | | | | **16.054** | 4.506 | 11.548 | **18.740** | 5.119 | 13.610 | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **КИЧ- БРОДСКИ РЕГ.** | | **50.817** | **45.901** | | | **44.228** | 18.280 | 26.002 | **50.841** | 20.972 | 29.706 | | | |
| **1913** | | | | | | | | | | | | | | |
| **БРОДСКИ РЕГИОН** | | | | | | | | | | | | | | |
| 1913 | **19.033** | | | | | | | | | | | | | |
| 1916 | **15.291** | | | | | | | | | | | | | |
| 1921 | **16.054** | | | | | | | | | | | | | |
| 1931 | **18.740** | | | | | | | | | | | | | |
| 1948 | | | | | | | | | | | | | | |
| 1953 | | | | | | | | | | | | | | |
| 1961 | | | | | | | | | | | | | | |

*Табела 2.1*

Попис на население од 1913-1961 Кичево- Бродски регион како прилог на Табела бр. 2 од трудот, извор на податоци се користени од: Речник на *Вујичиќ А Милан*, 1913, Научна експедиција во Македонија и Поморавјето 1916 од Петар, Хр Петров, Попис становништва 1921 Сарајево 1932 г. попис Вардарске Бановине 1931 г, пописни документи од попис 1948, 1953 и 1961 г.

# БИТОЛСКИ ОКРУГ

## 2.3.1. Кичевска околија :

| Село | | Бугари (Македонци) | Турци (Помаци) | Албанци | Роми |
|---|---|---|---|---|---|
| **Попис** | **1913** | **1916 г.** | | | |
| **Кичево-град** | 5.420 | **1.130** | **3.400** | | **409** |
| Ганево (Србјани) | 373 | 262 | 104 | | |
| Староец | 185 | | | 80 | |
| Јагол | 313 | 128 | | 173 | |
| Бериково | 199 | | 191 | | |
| Гуин | 925 | 150 | | 792 | |
| Поповјани | 117 | 84 | | 134 | |
| Арангел | 294 | | | 270 | |
| Другово | 375 | | | 396 | |
| Бачишта | 450 | | 420 | | |
| Букојчани | 190 | 155 | | 18 | |
| Зајас | 2.157 | | | 1992 | |
| Колари | 243 | | | 245 | |
| Лисичани | 591 | 67 | 495 | | |
| Миокази | 176 | 145 | 15 | | |
| Челопеци | 419 | 201 | 220 | | 50 |
| Г. Стругомишта | 413 | | 388 | | |
| Кубрино | 209 | | | 221 | |
| Црвевци | 640 | | | 613 | |
| Гарани | 443 | | | 413 | |
| Ериновци | 93 | | | 77 | |
| Маркулија-Србица- | 753 | | | 750 | 300 |
| Премка | 319 | 250 | | 50 | |
| Стрелци | 341 | | | 318 | |
| Шутово | 554 | | | 593 | |
| Ново Село | 254 | 64 | | 205 | |
| Грешница | 458 | | | 504 | |
| Длапкин Дол | 235 | | | 265 | |
| Зајашко Речани | 42 | 4 | | 32 | |
| Лешница | 97 | 84 | | 113 | |
| Трапчин Дол | 287 | | | 214 | |
| Соп | 213 | | | 244 | |
| | | **2724** | **5233** | **8712** | **769** |
| 1913 г. | **18.408** | **Вкупно** | | | **17.438** |

*Табела број 12-1* извори на податоци се користени од: Речник на Вујичиќ А Милан, 1913, Научна експедиција во Македонија и Поморавјето 1916 од Петар, Хр Петров,

## Бродска околија

| | Помаци | Албанци | Македонци |
|---|---|---|---|
| **Попис 1913** | **Попис 1916** | | |
| ***Требино*** 132 | 55 | | |
| ***Дреново*** 364 | 241 | | |
| Житоше 898 | 793 | | |
| *Лажани* 732 | 427 | | |
| Дебреште 980 | 1.210 | | |
| Јакреново 135 | 140 | | |
| Борино 341 | | 326 | |
| Белушино 251 | 203 | | |
| ***Пласница*** 1.220 | 994 | | |
| ***Преглово*** 383 | 314 | | |
| Рашчане 128 | 128 | | 346 |
| Корито 383 | | 128 | |
| Саждево 173 | 162 | | |
| | **4505** | **454** | **346** |
| **6102** | **Вкупно** | | **5305** |

*Табела број 35-1*, извори на податоци се користени од: Речник на Вујичиќ А Милан, 1913, Научна експедиција во Македонија и Поморавјето 1916 од Петар, Хр Петров,

## Преглед на одбулени жени до 09.11.1951 г.

| **Р.б.** | **Комитет** | **Вкупно за одбулување** | **Одбулени** | **Останува** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Скопје | 6942 | 5597 | 1345 | |
| 2 | Охрид | 1200 | 1200 | | |
| 3 | Прилеп | 620 | 400 | 220 | |
| 4 | Тетово | 3200 | 600 | 2600 | |
| 5 | Титов Велес | 120 | 120 | | |
| 6 | Битола | 1370 | 1370 | | |
| 7 | Струмица | 28 | 28 | | |
| 8 | Куманово | 1300 | 1100 | 200 | |
| *9* | *Штип* | *250* | *250* | | |
| | **Околии** | | | | |
| 10 | Битола | 2200 | 2200 | | |
| 11 | Струмица | 1720 | 1720 | | |
| 12 | Берово | 190 | 190 | | |
| 13 | Гостивар | 12500 | 12500 | | |
| 14 | Гевгелија | 1570 | 1570 | | |
| 15 | Ѓорче Петров | 4400 | 4210 | 190 | |
| 16 | Дебар | 5404 | 5404 | | |
| 17 | Делчево | 1513 | 1513 | | |
| 18 | Кавадарци | 1370 | 1370 | | |
| 19 | Кичево | 6130 | 4500 | 1630 | |
| 20 | Кочани | 1920 | 1920 | | |
| 21 | Кратово | 20 | 20 | | |
| 22 | Крива Паланка | 15 | 15 | | |
| 23 | Крушево | 970 | 227 | 743 | |
| 24 | Радовиш | 3080 | 3080 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 25 | Ресен | 1860 | 1860 | | |
| 26 | Свети Николе | 1540 | 1540 | | |
| 27 | Скопје | 7560 | 5170 | 2390 | |
| 28 | Демир Хисар | 280 | 280 | | |
| 29 | Струга | 4500 | 4500 | | |
| 30 | Тетово | 13400 | 12400 | 1000 | |
| 31 | Куманово | 8700 | 3000 | 5700 | |
| 32 | Титов Велес | 4790 | 4790 | | |
| 33 | Прилеп | 1900 | 874 | 1026 | |
| 34 | М.Брод | 1406 | 1406 | | |
| 35 | Штип | 1730 | 1730 | | |
| 36 | Охрид | 44 | 44 | | |
| 37 | **Вкупно** | **105.742** | **88.698** | **17.044** | |

*Табела број 44-1* извори на податоци се користени од: Државен Архив на Македонија, сн. 1.427.29.98/443-454. Стр 452

